УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД 1945-1990 ГОДИНА

(докторска дисертација)

кандидат:
м-р Елези Сефадин

ментор:
д-р Виолета Ачкоска

Скопје 2000

# ВОВЕД

Во рамките на развојот на образованиeто и воспитувањето во Република Македонија, во периодот 1944-1990 година, особено место зазема предметот историја.

И покрај фактот што во текот на периодот што го истражуваме, историјата како наука и историјата како наставен предмет почесто биле во функција на градењето општествена свест според идеолошките критериуми на партијата на власт (КПЈ/СКЈ), сепак евидентно се чуствува напредокот и на едниот и на другиот план. Од скромните кадровски и материјални можности во деновите кога АСНОМ ги поставуваше основите на современата македонска држава во рамките на југословенската авнојска федерација, до нејзиното распаѓање (1991), во Македонија беа создадени кадри - историчари наставници и научници, беа создадени институции (научни и образовни), беше создаден систем на образование во кој историјата заземаше важно место.

Свесни за тоа дека македонската историографија на планот на проучувањето на најновата историја сеуште ги поставува основите и се наоѓа во фазата на поодделни фундаментални истражувања, се одлучивме да пристапиме кон истражување на еден сегмент - развојот на наставата по историја во основното образование. Хронолошки, нашето истражување е лоцирано во периодот 1944-1990, или поточно од 2. август 1944 г., денот на формирањето на ДФМ, до 8. септември 1991, денот на прогласувањето на сувереноста на Република Македонија. Гледано од аспект на периодизација на историјата, ова претставува една етапа во развојот на македонската историја во XX век.

Природата на темата што ја истражувавме, нужно бараше кусо навраќање на претходниот историски период. Така, преку анализа на просветните прилики во вардарскиот дел од Македонија, во периодот меѓу двете светски војни 1918-1941, во рамките на Кралството СХС односно Кралство Југославија (по 1929), и на просветната политика на окупаторските власти во периодот на Втората светска војна 1941-1944, сакавме да ја потенцираме разликата и да направиме компарација со она што се случуваше на тој план во новата држава прогласена на Првото заседание на АСНОМ.

Во текот на истражувањето го применивме историографскиот и компартивниот метод, при што користевме бројни извори на информации, неопходни за историографската реконструкција на истражуваната тема. Тргнувајќи од постојната законска регулатива (прописи, упатства, уредби, закони) со која ги одредивме основните правци на развој и промени во сферата на основното образование, ние понатаму ги користевме документите од соодветните институции и органи задолжени за организирање и реализирање на наставата по историја во основното образование (извештаи, писма, програми, планови, записници, реферати итн.). Истовремено беа консултирани научни и стручни трудови од областа на педагогијата, методиката, историографијата - монографии, статии, прилози, прикази итн., кои ги наведуваме на крајот на дисератацијата во списокот на консултирана литература и извори.

Со оглед на тоа што историјата не може да се пишува без факти, бевме принудени одредени прашања за истражување да ги скусиме или преформулираме заради недостаток на релевантни податоци и материјали. Од другата страна, наоѓавме "вишок на факти" за одделни сегменти од темата, така што, во текот на работата на темата, моравме да вршиме одредени промени на претходно зацртаниот концепт на истражувањето.

Документацијата со која располагавме потекнува во периодот на еднопартиската власт, и содржи, во многу нешта, нагласена политизација и

идеолошка обоеност. Заради тоа, бевме принудени не само на селекција на важни и неважни документи, туку и на вршење на внатрешна анализа на секој документ и негово читање во духот на времето во кое настанал.

При концепирањето на темата непроценлива ни беше помошта од покојниот професор д-р Војислав Кушевски, кому во оваа прилика му изразувам искрена благодарност. Благодарност, исто така, изразувам на д-р Даринка Петреска и д-р Авзи Мустафа, како и на мојот ментор д-р Виолета Ачкоска за укажаната стручна помош и соработка во текот на истражувањето и пишувањето на дисерацијата.

## прва глава

# 1. ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА 1918-1944

## 1.1. Просветната политика на Кралството СХС - Кралство Југославија во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941

Историскиот развој на нашето општество, на нашата земја, особено на планот на образованието и просветата, покажува дека со векови бил вршен притисок врз населението кое живеело на овие простори. Просветната политика на владеачките режими претставуваше составен дел од нејзината општа политика и едно од главните орудија за асимилација на поробениот народ.

По повеќегодишното османлиско влдеење со Македонија и нејзината поделба помеѓу соседните балкански држави за време на Балканските војни (1913), вардарскиот дел од Македонија во 1918 година влезе во составот на новоформираната држава - Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно Југославија по1929. Во составот на оваа држава, оптоварена со бројни нерешени внатрешни противречности: национални, социјални и други, Македонија беше нарекувана Јужна Србија (односно Врадрска бановина по 1929), а Македонците Јужносрбијанци. Не водејќи сметка за хетерогениот национален состав на државата, владеачката големосрпска буржоазија ја наметнала својата доктрина за "постоењето на три племиња од ист род"[1]. Со тоа во практиката се негирало постоењето на македонската, црногорската нација и на различните националности во Кралството.

[1] Nikola Potkonjak, Od statističke ka samoupravnoj socijalističkoj osnovnoj školi, Beograd, 1977, 19.

Политиката на режимот на полето на воспитувањето и образованието кон населението во Македонија се одвивала врз принципот: колку помалку писмено население толку полесно владеење. Училиштата, пак, според намерите на големосрпската власт, требало да претставуваат моќно средство за "национално воспитување" на македонските деца, "духовни лаборатории" за ефикасна асимилација и денационализација. Тие, во најмала рака, требало да претставуваат "фабрики за производство на добри Срби".[2]

Меѓутоа, големосрпската власт не успеала да ја постигне поставената цел на полето на образованието во Вардарска Македонија. Таа не успеала и покрај силните притисоци, прогони и затворања на учителите од домашно, македонско, потекло кои биле задоени со прогресивни идеи и кои се занимавале со политичка активност спротивна од онаа на власта.

Македонија, во годините непосредно пред Втората светска војна била едно од најнеразвиените подрачја во Кралството. Три четвртини од вкупното население живеело од земјоделие (во 1931 год. Македонија била населена со 949.958 жители). Неразвиеноста на стопанството се одразила и на писменоста на населението. Според податоците од пописот во 1931 година, во Вардарска Македонија неписменоста на населението изнесува 67,5% од вкупното население од над десетгодишна возраст.[3]

Овие податоци сами за себе зборуваат дека од страна на режимските власти во Кралството, не биле вложувани напори за описменување и школување на возрасните, особено во оние подрачја во коишто неписменоста била релативно голема, во кои спаѓала и Вардарска Македонија.

Помеѓу другото, во ова време, и албанската националност претставувала економски, културен, духовен и просветен проблем, посебно ако се има предвид крајно неповолната положба, неписменост и заостанатост

---

[2] Нада Јурукова, Основното воспитување и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990, 14.

[3] А.М. Фонд: Министерство за просвета, кут. 45, несигнирана архивска документација.

на албанската жена. Притоа, големосрпската буржуазија ѝ нудела на оваа националност повеќе верско (религиозно) отколку општо образование Според некои сознанија албанската националност била опфатена во српските училишта со само 25%.[4]

Неколку години по донесувањето на законот во 1929 год. српската буржоазија предвидувала отворање на осумгодишни училишта со нови наставни планови и програми. Според овие планови, значајно место заземала веронауката, со цел воспитување да биде во "духот на Југославизмот", лојалноста на кралската куќа и црква односно на религијата.[5]

Неповолната ситуација во Македонија во стопанскиот, социјалниот и политичкиот живот неминовно негативно се одразила и врз културно-просветните прилики, респективно и во школството. Во Вардарска Македонија во учебната 1939/40 год. работеле 839 основни училишта, во кои биле опфатени 99.137 ученици, а наставата ја изведувале 1.500 наставници.[6] Во сите споменати училишта во Вардарска Македонија, со мали исклучоци, наставата се изведувала на српскохрватски јазик. Мал бил бројот на училиштата во кои наставата се изведувала на турски и еврејски јазик, покрај српскиот. Политиката на големосрпската владеачка буржоазија настојувала целосно да бидат укинати сите училишта со друг јазик.

Муслиманското население во Вардарска Македонија барало отворање на турски вероисповедни училишта и целосна автономија. По многубројните ургенции, во 1924 год. дошло до отворање средно верско училиште, Големата Медреса, за потоа и Медресата на Гази Исак Вед, и двете во Скопје. Освен овие биле отворени и нижи училишта покрај џамиите, Сибијан Мејктеми и др.[7] Во однос на Турците, големосрпската буржоазија водела политика на неутрализација, а не асимилација и србизација, иако не била

---

4 Avzi Mustafa, Zhvillimi i shkollës fillore në R. e Maqedonis, 1945-75, Shkup, 1978, 22.

5 Avzi Mustafa, Zhvillimi i shkollës..., 22.

6 А. М., Ф. Министерство за просвета на НРМ, к. 73.

7 Avzi Mustafa, Zhvillimi i shkollës..., 22.; Глигор Тодоровски, Осврт за верскиот..., 105.

водена доволна грижа за нивното културно издигнување. За разлика од нив, на Албанците не им било дозволено да го учат својот мајчин јазик. Со тоа, намерно бил попречуван развојот на нивната национална свест. Дозволувањето на Албанците, во забавиштата да учат турски јазик, значело само привидна слобода во наставата.[8]

Училишната мрежа во Вардарска Македонија била недостапна за многу деца, бидејќи за тоа прашање повеќе одлучувале интересите на режимот, а не вистинските потреби. Како резултат на таквата политика, во поголем број населби во Македонија не биле отворени училишта, па така поголем број деца немале можност да се школуваат. Неопфатеноста на учениците не била изразена само во Вардарска Македонија туку во цела Југославија. Така, во 1938 год. околу 550.000 деца на возраст од 7 до 11 год. не биле опфатени во системот на образование.[9] Бројната состојба на училиштата во учебната 1940/41 год. во Вардарска Македонија била следна: 850 основни, од кои 847 биле државни, а 3 приватни. Од нив во Скопје имало 2 приватни француски и 1 на руски јазик, а во Битола само 1 на француски јазик. Во овие училишта биле опфатени 102.684 ученици, додека наставата ја изведувале 1.578 наставници.[10] Иако основното осумгодишно образование било прогласено за задолжително со Закон, тоа не било реализирано бидејќи за сето време тоа останало на ниво на четиригодишно. Ова го потврдуваат и наставните планови и програми кои биле донесувани само за првите четири одделенија. Зградите во кои била изведувана наставата, не одговарале на барањата што ги пропишувале педагошките и хигиенските услови. Квадратурата на училниците не била ни близу до пропишаните стандарди. Во тесни и нехигиенски простории се работело со комбинирани паралелки со по 70-80 ученици.

---

8 Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје,1983, 294.

9 Нада Јурукова, Осовното воспитание и..., 17.

10 Исто, 18.

Во однос на ангажирањето на наставен кадар, од страна на големосрпската буржоазија била водена посебна грижа. Така, покрај поседувањето на учителски квалификации и неприфаќањето на комунистичкото движење, наставниот кадар во Вардарска Македонија морал да биде составен од "проверени борци" на национален план.[11] . Бидејќи имале недостиг на наставен кадар, српските власти биле приморани да ангажираат егзархистички учителски кадар. Во почетокот, било замислено да биде ангажиран надвор од Македонија, меѓутоа, поради големиот недостиг биле ангажирани и во училиштата во Македонија. Егзархистичките учители пред да бидат назначени во учителка служба биле принудени да поминат низ неколку курсеви во Белград на кои го изучувале српскиот јазик, српската историјата, националната географија и историја на српската црква.[12] Инаку, во времетраењето на старата Југославија, меѓу двете светски војни, властите гледале со недоверба на егзархиските учители и секогаш го користеле најмалиот повод, односно можност, истите да ги преместат со служба надвор од Македонија. Така во текот на 1933, 1934 и 1935 год. според потребата на службата од Вардарска Македонија биле преместени 620 учители.[13] Исто така, преместувања биле вршени и по "казна" поради индивидуални прогресивни идеи. Со преместувањата наставниците биле оддалечувани од служба, парично казнувани, им се намалувале платите и др. Така, во 1935 год. во Југославија биле отпуштени од работа 78 учители, додека од Македонија 48 односно 61,5% од вкупниот број на отпуштени учители.

Економската положба на просветните работници била многу лоша. Поголемиот дел од нив живееле во училишни станови кои биле стари, дотраени и без соодветни хигиенски услови. Нивните примања биле далеку пониски од другите службеници на државата.

---

11 Светозар Наумоски, Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), Скопје, 1992, 15.

12 Исто, 16.

13 Нада Јурукова, Основното воспитание и..., 21.

Покрај основното образование и воспитување, во периодот пред војната постоело и неразвиено средно образование, а најраспространета средношколска институција била гимназијата. Во учебната 1926/27 год. работеле 15 гимназии, од кои 9 полни и тоа: во Скопје 2, во Битола, Штип, Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Тетово. Имало и 6 нижи и тоа во Ресен, Гевгелија, Кавадарци, Струмица, Дебар и Кичево.[14] Бројната состојба на гимназиите варирала односно биле укинати неколку од нив во зависност од политиката на власта. Така, учебната 1929/30 год. дошло до укинување на 4 нижи гимназии (во Кичево, Ресен, Струмица и Кавадарци), а полните гимназии биле претворани во нижи. Непосредно пред војната работеле 6 полни гимназии со вкупно 1.994 ученици во вишите класови.

Средното стручно образование може да се рече дека многу малку било развиено. Непосредно пред војната во Вардарска Македонија работеле 4 вакви училишта и тоа: 2 трговски академии, по една во Скопје и Битола, едно медицинско и едно учителско во Скопје, а меѓу двете светски војни работела и една учителска школа во Прилеп, во период од шест години.[15]

Во овој период постоеле и нижи стручни училишта чиј број, според некои податоци, во учебната 1938/39 година, изнесувал 22 со 2180 ученици. Најзастапени биле нижите училишта од занаетчиската дејност, а во овој период работеле и три нижи земјоделски училишта во Битола, Скопје и Тетово.[16]

Од институциите од високото образование во периодот меѓу двете светски војни, во Македонија постоел само Филозофскиот факултет, кој бил формиран со Кралска уредба од 2 февруари 1920 год. и тоа како огранок на Филозофскиот факултет на Белградскиот Универзитет. Во состав на овој факултет биле предвидени 11 одделенија, но работеле само 5 и тоа: книжев-

---

[14] Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики..., 214-215.

[15] Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики..., 230; Киро Камберски, Од буквар до Универзитет, Скопје, 1994, 21.

[16] Киро Камберски, Од буквар.., 21.

ност, лингвистика, историја, филозофија и педагогија. Запишани биле 33 студенти, а наставата ја изведувале 9 наставници.[17] Задачата на оваа високо-школска институција била да подготвува наставници за средните училишта.

Формирањето на оваа институција била од национален и државен интерес (за тогашната големосрпска буржоазија) и требало да придонесе за будење и развивање на национално свесните краишта, наставниот кадар кој би се подготвувал да влијае врз однародувањето на македонскиот народ. Меѓутоа, треба да се укаже дека со отворањето на овој факултет, како прва високошколска установа, биле создадени услови и можности за македонската младина за здобивање со високо образование. Овој факултет бил интелектуално средиште од каде почнале да се шират идеите на работничкото движење.

Покрај училиштата од основното и средното образование, високошколска институција, во Вардарска Македонија во учебната 1939/40 год. постоеле и 25 забавишта со 31 група, во кои биле офатени 1611 дете, а работеле 25 воспитувачи. Исто така, образовната дејност на возрасните се реализирала преку Народниот Универзитет во Скопје (основан 1925) и во Битола (1930).[18]

На крајот, може да се рече дека целокупната воспитно-образовна дејност во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, почнувајќи од предучилишното воспитување, основното, средното и високото образование сé до образованието на возрасни, служела исклучиво на денационализа-торските, асимилаторските и експлоататорските интереси на големосрпската буржоазија.

---

[17] Исто.

[18] Исто, 24.

## 1.2. Образованието и просветата во текот на Втората светска војна

По нападот на фашистичките сили од 6 април 1941 год. и капитулацијата на Кралството Југославија, дотогашната Вардарска Бановина (Вардарска Македонија) доживува нова трагедија. Поголемиот дел од неа потпадна под бугарска окупациска власт, додека територијата на западниот дел на Македонија била окупирана од страна на Италија. Бугарската профашистичка власт го правела истото со македонскиот јазик што го правела и дотогашната големосрпска власт. Бугарските освојувачи не го признавале правото на македонскиот народ и употребата на неговиот мајчин јазик и работеле на неговото однародување. За таа цел секаде во Македонија бил воведен бугарскиот јазик. Фашистичка Бугарија, познавајќи ги просветните прилики во предвоениот период во Македонија, не пропушташе преку својата пропаганда да го истакне "бугарскиот" карактер на Македонија. За да се постигне ова, власта ангажирала наставен кадар за просветителска работа донесен од Бугарија. Учителите пак, Македонци, пред да почнат со работа требало да посетуваат курс во Софија, каде предавањата најмногу се однесувале на бугарскиот јазик и бугарската историја. Сите учители имале задача да работат за остварување на идеалите за "голема Бугарија" и да докажуваат дека Бугарија е "ослободител" на народот во Македонија од "српската доминација".

Наставните програми, учебниците и другите училишни помагала биле во бугарски национален дух. Со окупирањето од страна на Бугарија, во овој дел на Македонија било проширено бугарското законодавство, а со тоа и оној дел од законодавството што го регулирал прашањето на образованието и просветата. Во училиштата биле воведени програми со содржини преку

кои требало да се засилува националната омраза, особено кон српскиот народ и другите народности кои живееле во Македонија. Министерството за просвета, многу често се огласувало до пониските просветни органи преку упатства, заповеди и други акти со задачите кои требало да ги извршуваат во училиштата.

Од ова произлегува дека окупираните територии во Македонија од страната на бугафската држава биле сметани за интегрален дел на бугарската држава. Уште во првите месеци на учебната 1941/42 год. се пристапило кон отворање на училишта во кои наставата се изведувала на бугарски наставен јазик. Иако бугарскиот окупатор, преку училшната мрежа сакал да ја шири својата пропаганда за "ослободител" и однародување на македонскиот народ, во тоа не успеал. Училишната мрежа не била развиена. Наставата во дел од училиштата не била редовна, а голем број училишта практично и не работеле. Дел од македонскиот народ не сакал да ги праќа своите деца да се воспитуваат во училишта со бугарска националистичка идеологија, а во деловите каде посилно се развило НОД немало услови за безбедно одвивање на наставата. Исто така, поголем дел од просветните работници Македонци, и покрај репресалиите што им ги вршел окупаторот, се бореле достоинствено за нациналио и социјално ослободување на македонскиот народ.

Западниот дел на Македонија беше окупиран од фашистичка Италија. Истата се трудеше на секој начин Албанците поцврсто да ги врзе во фашистичкиот систем, и во најголем можен степен да ги италијанизира преку просветната, културната и политичката пропаганда. Една ваква политика од страната на италијанската окупациска власт се одвиваше преку организирање на говори, написи и дискусии публикувани на италијански и албански јазик. Во овие написи, на прво место, се пишувало за општествено-политичката положба на Албанците во периодот пред Втората светска војна за да се искористи нивното големо незадоволство од великосрпската

хегемонија. Притоа била присутна пропагандата дека словенскиот елемент бил повластуван од српската власт. Меѓутоа тука не се правела разлика во однос на подредената положба на Македонците во Кралството Југославија. Во италијанската пропаганда им се ветувало на Албанците дека по "ослободувањето" ги очекува "среќна иднина".[19]

Просветната политика требало да им служи на италијанските окупаторски власти како основно средство за фашизација и италијанизација како на Албанците, така и на Македонците и на другото население кое живеело на овие простори. За да биде постигната оваа цел, уште во ноември 1941 год., во Дебар, Струга, Кичево, Гостивар, Тетово и во еден дел на Преспа, биле отворени првите училишта на албански наставен јазик, а италијанскиот јазик бил воведен како посебен предмет. Во овие училишта работеле учители донесени од Албанија. Наставните предмети: италијански јазик и италијанска култура, кои се практикувале, како и специјалните курсеви за возрасните, имале за цел италијанизација на албанското, македонското и другото население од тие простори.

Меѓутоа, голем дел од наставниот кадар кој бил дојден од Албанија во Македонија (преку 200 наставници) бил антифашистички расположен. Тоа го докажува и тоа што окупаторот тогашните училишта ги нарекува "комунистички гнезда". Наставните планови за албанските училишта биле исти со оние од Италија кои се одликувале со националистички дух.

Во 1941 год. со барање од бугарската влада, на учениците Македонци од Дебарската префектура им било дозволено да се школуваат на делот на Македонија под бугарска окупација, како што се Охрид, Битола, Скопје, Брод и др. Во 1942 год. Италијанците се откажаа од ова сé со цел учениците Македонци да се школуваат на албански односно на италијански јазик.[20]

---

[19] Gazeta "Tomorri, Tiranë, 23. IV 1941.

[20] Архив на Р. Албанија, Ф. Министерски совет, Извештај на просветниот инспектор од Тетово доставен до Општиот инспекторат на албанската Влада, јануари, 1942 год.

Иако овие училишта биле отворени за време на окупацијата од страна на фашистичка Италија и биле опфатени со фашистичка идеологија, овие училишта биле првите училишта со настава на албански јазик, не навлегувајќи во скриените цели на политиката на фашистичките држави. Затоа, Албанците од овие места ги прифатија овие училишта бидејќи под поранешните режими не им се дозволуваше да се школуваат на својот мајчин јазик. Поголемиот дел од наставниците од овие училишта работел и по ослободувањето во училиштата кои биле отворени на албански наставен јазик.

втора глава

## 2. ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА ВО АСНОМСКИТЕ ДОКУМЕНТИ, И ВО ДРУГИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ДО ПРВАТА РЕФОРМА

Во текот на Втората светска војна, окупаторот нанел огромни штети на целокупната инфраструктура на Македонија, при што го оставил и школството во хаотична положба. Затоа, меѓу првите мерки на органите на народната власт во ДФМ, кога на север од Југославија сеуште се водеа борби со последните окупаторски сили, беше преземањето на брза интервенција најпрво за обновувањето на постојните, а потоа и изградба и отворање на нови објекти и изнаоѓање на нови форми за описменување и образование на населението. Ограничениот број на училишни згради биле делумно или во целост демолирани[21], а малубројниот учителски и професорски кадар се наоѓал во редовите на НОВ и сѐуште не бил демобилизиран. Покрај ова, просветните органи на новата власт веднаш се судриле со огромниот процент неписмено население. До декември 1944 година, процентот на неписменоста во Македонија на популацијата над десетгодишна возраст изнесувал 67,5% или 297.000 лица од вкупното население.[22]

Така, околностите во кои се најде Македонија непосредно по победата на НОВ, меѓу другото, и на планот на образованието и просветата, диктираа да се преземат мерки за забрзано дополнување на историската заостанатост и подигање на народот од "темнината на неписменоста" до степенот на просветена нација. Ова е периодот во кој сите сили биле мобилизирани да се создаде широка материјална, кадровска и институционална рамка за посеопфатно образование на народот.

---

[21] Според некои податоци, во Македонија биле целосно уништени 18% од зградите во основните училишта, а делумно биле оштетени останатите 82% од училишните згради (АМ, ф: Претседателство на Владата на НРМ, к-3, Извештај на земската комисија за направените штети во Македонија за време на окупацијата, 1945).

[22] Н. Јурукова, Основно воспитание и образование ..., стр. 73.

Всушност, воспитно-образовната дејност во ДФМ беше доведена во состојба да го започне својот историски пат, речиси, од почеток. Во многу тешки економски, кадровски, просторни и други неповолни услови, наследени од минатото, таа мораше да ги разрешува, како проблемите на современоста и иднината, така и проблемите на минатото, да се соочува и да ги создава, како елементарните и првичните, така и посложените и посуптилни компоненти во градењето и реализирањето на системот на воспитанието и образованието.

Во овие општи настојувања, особено место и значење добива издигањето и ширењето на општообразовното и културно ниво на населението. Во таа смисла и функција, се согледуваат и поттикнуваат активности на конципирање и реализирање на основното воспитание и образование и неговото побрзо прераснување од четиригодишно на седумгодишно и осумгодишно задолжително образование и воспитание за целата генерација од 7-15-годишна возраст, ликвидирање на основата на неписменоста и непросветеноста, ширење на мрежата на основните училишта и зголемување на опфатот на генерациите во основното воспитание и образование[23]. Тоа беше напорен пат на совладување на заостанатоста и издигнување на општокултурното ниво на населението, заедно, се разбира, со менувањето и на неговата социо-економска структура и создавање широка образовна основа за натамошно образование и за подготвување на генерациите да се вклучат во поинтензивниот стопански и друг подем на земјата. Во тие рамки, непосредно по ослободувањето забрзано се основаа поголем број средни училишта, а подоцна се пријде и кон формирање на највисоки образовни институции во тој период - факултетите.

Уште на Првото заседание на АСНОМ, одржано на 2 август 1944 година во манастирот Прохор Пчински, не само што се сумираа резултатите

[23] Анатоли Дамјановски, Образованието, науката и културата во СР Македонија, "Социјалистичка Република Македонија денес", Скопје 1981, с. 88.

на Народноослободителната војна, туку се трасираа и наредните задачи во организирањето на целиот општествен живот во Македонија. Оттука е значаен и придонесот на ова заседание, подоцна на неговиот Президиум, во организирањето на просветата и на училишниот образовен систем во Македонија.

Какво значење му придаваше АСНОМ на овој проблем се гледа и од рефератот "Народната демократска власт во Македонија", поднесен од Емануел Чучков, каде, меѓу другото, се вели: "Проблемот за просвета е тешка задача за себе. Изработката на основни учебници за нашите училишта во кои ќе се учи на македонски јазик, курсеви за неписмени и др. не исправааат пред еден посебен проблем за изработка на граматика, речник и др. за да може на нашиот јазик да се пишува и учи и да стане официјален јазик на нашата администрација. Затоа, избирањето на една комисија за уточнување на нашиот јазик е една неопходност".[24]

Поради тоа, Првото заседание на АСНОМ, на првата своја седница, го донесе Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во Македонија не негирајќи ги јазиците на националностите.[25] Ова Решение има големо политичко, државно-правно и уставно-правно значење за положбата на македонскиот народ во југословенската федеративна заедница. Во него беа изразени вековните стремежи на македонскиот народ да зборува, пишува и учи на свој јазик, а со тоа се отворил патот за непречен развој на македонското школство, образование, просвета и култура.

Во правец на спроведувањето на оваа одлука на Првото заседание на АСНОМ, Президиумот, именува комисија од најдобрите познавачи на македонскиот јазик, која интензивно работеше на дооформување на македонската азбука. За оваа цел, беше побарана и помош од познатите стручњаци и филолози.[26]

---

24 АСНОМ, документи, том I, книга 1, Скопје, 1984, стр. 151-152.

25 Д-р Киро Камберски, Од Буквар до Универзитет, "Просветно дело", Скопје, 1994 год. стр. 29.

26 Новица Велјановски, АСНОМ за образованието и воспитанието во Македонија - 1944 год., Воспитанието и образованието во Макед. "Просветно дело", Скопје, 1985, стр. 51.

Од особено значење за воспитно-образованиот систем во Македонија е и Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Федеративна Македонија.[27] Декларацијата гарантира еднаквост, рамноправност пред законот за граѓаните не гледајќи ја нивната народност, пол, раса и вероисповедност. Во точка 11 од Декларацијата стои: "Народната власт се грижи да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура и да осигури бесплатно школство".[28] Изедначувањето на правата на жените и мажите, исто така, е мошне важен чин во новата држава, бидејќи во историското наследство 9/10 од женската популација биле неписмени.

За да се организира новиот просветен училишен живот во Македонија АСНОМ, на 6 август 1944 год., покрај другите Поверенства, го формира и Поверенството за просвета со задача да ја организира и раководи образованието во Македонија. Како прв повереник на ова Повереништво бил избран Епаминонда Поп Андонов.[29]

За определување на насоките на развојот на воспитно-образовната работа Президиумот на АСНОМ, на својата седница одржана од 2 до 5 септември 1944 година ги донесе и првите упатства од областа на просвета во кои се содржани првите наставни планови за основните училишта, отворање учителска и други средни училишта, организирање учителски курсеви на народни универзитети, времетраењето на школувањето, ширењето на училишната мрежа, отворањето училишта на јазиците на другите народи и на националностите што живеат во Македонија, оспособувањето на училишните згради за настава и подигање на нови училишни згради, опремување на училиштата со наставни и други неопходни помагала, оспособување на учителски кадар, описменување и општото и стручно оразование и други прашања и проблеми. На оваа седница било расправано и за некои прашања од општата просветна политика. Притоа биле донесени

---

[27] АСНОМ, документи, т.1, к.1, Скопје, 1984, стр.157-158.

[28] Пак таму, стр.1 57-158.

[29] АСНОМ, Докуметни, Том I, кн. 1, Скопје, 1984, стр. 213.

некои решенија, како на пример, за тоа предметот веронаука да остане само како факултативен предмет сé до оној момент додека НКОЈ (Националниот комитет на ослободувањето на Југославија) не донесе друго решение.[30]

Во однос на времетраењето на задолжителното основно образование Президиумот на АСНОМ реши тоа да изнесува седум години, додека учениците можат да се запишуваат со наполнети седум, но и со шест години, ако до крајот на соодветната календарска година ученикот наполни седум години.[31] Уште тогаш било утврдено основното образование во траење од седум години да биде задолжително за сите деца на возраст од 7 до 15 години и бесплатно за секој граѓанин без разлика на верската и националната припадност.

Во септември 1944 година Повереништвото за просвета го поттикна процесот на отворање на нови основни училишта на слободните територии, истовремено преземајќи мерки за надминување на големата наследена неписменост која беше оценета како задача од приоритетно значење.

Мислејќи да го интензивира отворањето на основните училишта како услов за проширување на просветата, АСНОМ односно неговото Повереништво, бараше од НОО од Скопската, Битолската и Штипската област да ги преземат сите мерки за остварување на истите. Така, во учебната 1944/45 година, во Македонија почнале со работа 927 основни народни четиригодишни училишта во кои биле опфатени 83.077 ученици, а наставата ја изведувале 1.856 учители.[32]

Во однос на наставниот јазик, состојбата на четиригодишните училишта во учебната 1944/45 година била следната:

---

30 Нада Јурукова: Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990, стр. 59.

31 АСНОМ, Документи, Т.I, к. 1, Скопје, 1984, стр. 238.

32 АМ, Скопје, Фонд: Министерство за просвета на НРМ, к. 554, годишен извештај на Министерството за просвета за 1944/45 год..

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик: | училишта - 828, | ученици 75.602, | наставници 1.701 |
| Албански јазик: | " 60 | " 3.975 | " 104 |
| Турски јазик: | " 37 | " 3.334 | " 49 |
| Српски јазик: | " 2 | " 186 | " 2[33] |

Покрај основните четиригодишни училишта, во учебната 1944/45 год. се појавиле и седумгодишните училишта како нов тип основни училишта. Овие училишта беа отворени наспроти состојбата со недостиг од наставен кадар, скудните материјалните и другите можности.

Појавата на седумгодишните училишта ја најавуваше посебната политика на народната власт за издигнување на образовното ниво на населението. Ова нешто уште повеќе стана значајно по донесувањето на Законот за задолжителното осумгодишно образование (октомври 1945 год.). Осумгодишните училишта, во некои места, биле отворени како продолжни виши основни училишта.

Според јазикот на кој се изведувала наставата во седумгодишните основни училишта, во учебната 1944/45 год. биле отворени 73 училишта со 9989 ученици на македонски јазик и 5 училишта со 117 ученици на албански јазик.[34]

Како составен дел на стремежите и политиката на народната власт за издигнување нивото на основното образование на широките народни маси спаѓа и организирањето на аналфабетските курсеви во Македонија после војната. За остварување на оваа задача, Президумот на АСНОМ, на седницата од 2 до 5 септември 1944 година покрај другите акти, донесе Решение за организирање на овие курсеви.[35] Така, во октомври 1944 год. Повереништвото за просвета при президиумот на АСНОМ, до сите НОО по области доставува Упатство во кое детално им се дадени задачи на одборите

---

33 Н. Јурукова: Основно воспитание и образование ..., Скопје, 1990, стр. 90.

34 Исто, стр. 94.

35 Решение за организирање аналфабетски курсеви. АСНОМ; Документи, Т.I, к. 1, Скопје, 1984, стр. 237.

во врска со потребата, отворањето и работата на овие курсеви. Во истото, покрај другото е речено кој може да ги посетува курсевите (лица од 12-45 год. а по желба и постари), а се препорачува како да се работи и кои содржини да се обработуваат. Исто така, било истакнато дека времетраењето на работата на секој курс треба да изнесува 90 работни часа.[36]

Колку власта била заинтересирана за успешната работа на овие курсеви, зборува и фактот што неписменоста е прогласена како "големо народно зло" па затоа од страна на Минитерството за просвета, на подрачјата каде што биле организирани овие курсеви биле доставувани повеќе неопходни материјали за непречена работа. Во тие рамки, Министерството за просвета дури наградило околу 54 учители за успешна работа, со парична награда од по 2.000 денари.

Политиката за народно просветување, посебно за описменувањето на возрасното население, се однесувала за целокупното население во Македонија, вклучувајќи ги и националностите. Меѓутоа, поради недостигот на наставен кадар како и патријахалните традиции, наследената неписменост, посебно кај жените, биле причина што посетувањето било поставено на доброволна основа. Во недостаток на такви лица, и покрај постојните желби и стремежи, не биле постигнати саканите резултати.

Од септември 1945 до мај 1946 година, во Македонија биле организирани 974 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 32.307 лица, а описменети биле 12.967 лица. И покрај ваквиот број на описменети преку организираните аналфабетски курсеви, акцијата за елиминирање на оваа појава не престанала, туку и понатаму продолжувала на поорганизиран начин.

Покрај аналфабетските курсеви, во повоениот период биле организирани и општообразовните курсеви во кои учествувале лица кои сакале да

---

36 АСНОМ, Документи, Т.І, к.1, Скопје, 1984, стр. 307-308.

го дозавршат основното четиригодишно образование, како и оние кои завршиле аналфабетски курс. Овие крусеви работеле при училиштата, претпријатијата, фабриките и други места, со траење од 5 до 6 месеци.

Освен организирањето на аналфабетските курсеви, отворањето на основните училишта од страна на АСНОМ, односно Президиумот интензивно се вршеа подготовки и за отварање на средни училишта. Така, до крајот на 1944 година беа отворени 9 гимназии и тоа во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид. Во Скопје, беше отворена и музичката академија како и учителска и уметничка школа.[37]

Паралелно со развојот на мрежата на основните училишта на македонски јазик се отвориле и училишта на јазиците на националностите кои што живееле во Македонија. Министерството за просвета со отворањето на средните училишта на македонски јазик, во 1947 година донесува Одлука за отворање на редовна паралелка (I клас) на албански јазик при учителската школа во Скопје.[38] Од учебната 1952/53 год. се трансферира во Скопје, како центар кој овозможува многу подобри услови за формирањето на идните учители. При учителската школа во Скопје, работеле и паралелки на турски јазик во кои се образувале учители за основните училишта на овој наставен јазик.

Во однос на високото образование во Република Македонија по ослободувањето, првите чекори се направени во почетокот на 1945 год. кога на 16 април бил донесен Законот со кој се овластува Президиумот на народното собрание на Македонија да подготви посебен закон за универзитетот во Скопје.[39]

---

37 Воспитание и образование во Македонија, Просвето дело, Скопје, 1990, стр. 53.

38 Киро Камберски, Од буквар до Универзитет, Просвето дело, Скопје, 1994, стр. 79.

39 АМ, Скопје, ф. АСНОМ, к. 18.

Откако биле извршени соодветни подготовки, на 29 номеври 1946 год. се отворил Филозофскиот факутлет[40], а со работа почнува на 16 декември истата година. Првата учебна година биле отворени 7 студиски групи на историско-филолошкиот оддел и 5 студиски групи на природно-математичкиот оддел.

Нецела година по основањето на Филозофскиот факултет, односно во 1947 година беа отворени Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет.

Врз основа на Законот за Универзитетот донесен од Народното собрание на НРМ, на 26.01.1947 година од дотогашните самостојни факултети во Скопје беше формиран Универзитетот "Кирил и Методиј". Конституирањето на Универзитетот било на 24 април 1949 година кога е одржано првото универзитетско собрание на кое е избрана првата раководна структура.

По оснивањето на Универзитетот, во наредните десет години се формираат и други факултети како што се: Економскиот, Техничкиот (1950), Правно-економскиот (1951), а исто така за овој период и после тоа се формираат нови оддели по факултетите или се делат истите на посебни.

Исто така, во овој период покрај факултетите се отвораат и неколку виши школи како установи за подготвување стручњаци со вишо образование.

Првата Виша педагошка школа во Скопје е основана со уредба на Владата на НРМ од 17. IX 1947 год. како установа на Министерството за просвета. До 1957 год. оваа виша школа била единствена, а потоа се отвараат и други како на пример: управна, стопанска, педагошка во Штип.

Така, во однос на мрежата од високото образование може да се констатира дека овој период (за пет години после ослободување) тоа бележи

---

40 Првиот македонски факултет Филозофскиот, кој пред војната бил одделение на Филозофскиот факултет во Белград е основан во 1946 година со 427 редовни и 120 вонредни студенти и 21 наставник и соработник. Во 1949 година е основан Универзитетот "Кирил и Методиј", а во 1979 г. и Универзитетот во Битола.

значајни резултати. Отворени се 6 високошколски установи (5 високи и 1 виша).[41]

## 2.1. Организацијата на просветните органи на власт

Президиумот на АСНОМ, на својата прва седница, одржана на 6 август 1944 год. во селото Рамно, Кумановско, покрај осумте поверенства (Оддели) формира и Поверенството за просвета, за задача да го организира и раководи системот на образование и образовна дејност во Македонија. Како прв повереник на ова поверенство бил избран Епаминонда Поп Андонов.[42]

На истата седница, Президиумот извршил и избор на референти за повереништвата. За прв референт на Поверенството за просвета бил избран проф. Димче Стојанов - Мире кој подоцна (јануари 1945 год.) е наименуван за повереник на ова Поверенство.

Во организационата поставеност, Поверенството за просвета се состоело од едно книгоиздателство и четири одделенијата, и тоа: 1. општо одделение со архива; 2. одделение за школство (основно и средно); 3. одделение за народно просветување, култура и искуство (поделено на три оддели); и 4. одделение за виша настава, народни институции и културни врски со другите народи.[43]

Просветниот оддел функционирал и на локално ниво преку НОО кои од страна на Президиумот добиле Упатство за делокругот на работата на овој Оддел како на пример: да се раководи работата на основните и средните училишта, курсевите (аналфабетски и општообразовни) како и работата на другите просветни институции на нивните подрачја.

Обласните, окружните и околиските НОО - просветни оддели се состоеле од повеќе служби, како: служба на основно и средно образование и

---

41 Киро Камберски, од Буквар до Универзитет, "Просветно дело", Скопје, 1994, стр. 109-114.

42 АСНОМ, документи, Том I, к. 1, 213.

43 Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990, стр. 69.

воспитание (едно лице: референт); служба за аналфабетски курсеви, општообразовни курсеви, разни просветни и стручни курсеви, народни универзитети, библиотеки, народни читалишта и друго; контролна-педагошка служба, раководена од училишниот референт; и служба за персонални прашања и статистика.

Одговорни лица на просветните органи биле прочелниците и училишните инспектори за обласните односно окружните и околиските НОО.

Во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ, од 14-16 април 1945 год., наместо Повереинството за просвета било формирано Министерство за просвета. Во периодот од 1945 - 1950 година, како министри на Министерството за просвета биле именувани: Никола Минчев, Киро Хаџивасилев и Димче Стојанов-Мире.[44]

Со формирањето на овој орган на државната управа сите права околу организационата поставеност на оваа област биле под негови ингеренции. Така, сега, Министерството отварало училишта, назначувало наставници, распоредувало и вршело контрола над буџетските средства за оваа област, донесувало наставни планови и програми, акти, правилници, наредби, упатства и др.

Овој систем на управување во оваа област како и во другите области од општествениот живот бил обусловен од политичката надградба на системот, па се забележувале слабости во административниот систем на управувањето како што се: пониските органи не биле самостојни во решавањето на одделни прашања и проблеми, најдобрите кадри од пониските просветни органи оделе на работа во повисоките органи на власта и др.

За понатамошниот тек на развојот на компетенциите на овој државен орган од голема важност е ставот на Третиот пленум на ЦК на СКЈ (одржан кон крајот на 1949 год.) на кој се барале измени во начинот на раководење со

---

44 Исто, стр. 70.

училиштата и училишните установи заради зајакнување на нивната поголема иницијативност и оневозможување бирократизам во нивната работа.[45] Меѓу другото, се јавиле и критики за сметка на тенденцијата за оптоварување на републичкиот и покраинските органи за просвета во големи бирократски установи. Притоа, бил усвоен ставот "нивниот апарат и метод на раководење да се прилагодува така што да можат да даваат вистинска помош во решавањето на крупни принципиелни прашања, а не да раководат по административен пат".[46]

Преминот кон самоуправување во следната етапа на развојот на југословенското општество изврши промени и во просветната политика. Со донесувањето на основниот Закон за управување со државните стопански претпријатија и повисоките стопански здруженија од страна на работните колективи (26. јули 1950 год.) започнува вториот период од развојот на државната управа. Со реорганизацијата на државната управа во април 1951 год. како органи на Владата на НРМ, останаа само три Министерства, а беа формирани девет совети. Така Министерството за просвета е преименувано во Совет за просвета, наука и култура на НРМ.[47]

---

[45] Исто, стр. 71.

[46] Пак таму, стр. 71.

[47] Исто, стр. 73.

# 3. МЕСТОТО И УЛОГАТА НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1. Историја како наука и како наставен предмет

Историјата е општествена наука. Таа ги изучува промените кои настанале во човештвото од постанокот до денес. Тие промени, од првобитната заедница до денешно време поминувале во повеќе фази кои се посебен предмет за изучување од страна на историската наука. Во рамките на тоа изучување влегуваат економски, политички, општествени и културни фактори.[48] При изучувањето на овие фактори, задачата на историската наука е да објаснува како во одредени услови се развиле општествените системи, а во врска со тоа, каков е развитокот на културниот живот на луѓето, какви им се сфаќањата и односите во општествената заедница итн[49] .

Изучувањето на настаните и општествените појави, историската наука го базира врз историските факти. Притоа, многу е значајно како тие факти се употребуваат од страна на историчарот. Во врска со ова, англискиот историчар Едвард Халет, меѓу другото запишал: ”Историчарот и историските факти се во однос на заемна неопходност. Историчарот без факти е без корен и без цел; фактите без историчарот се мртви и бесмислени. Затоа, мојот прв одговор на прашањето: Што е историјата? Е дека таа е континуиран процес на интеракција меѓу историчарот и фактите со кои тој располага, еден бесконечен дијалог меѓу сегашноста и минатото”.[50]

---

48 Josip Demirin,Nastava povijesti u osnovnoj školi (Specijalna didaktika, Zagreb, 1961, str.7.

49 Златибор Поповиќ, Методика наставе историје,Београд, 1972, стр. 3.

50 Едвард Халет Кар: „Што е историјата”, Скопје, 1990, стр. 35.

Историјата како општествена наука има разновидни научни и општествени задачи. Нејзина основна научна задача е изучувањето на историскиот процес, како во етнополитичките заедници (*национална историја*), така и на општеството во целина (*општа историја*). Историскиот процес се изучува врз основа на историски остатоци - извори. Важна задача на историската наука е ширењето и популаризацијата на историските знаења - формирањето на историската свест и историското мислење. Со остварувањето на оваа задача на историската наука се остварува и нејзината основна социјална функција. Всушност сé додека историската наука не најде начин своите достигнувања да ги пренесе на другите, а особено на младите, таа ќе постои како наука заради наука и постојано ќе се жали дека го губи местото во училиштето и во општеството воопшто. Но, тука лежи и една стапица, зашто во заинтересираноста на општеството за начинот на остварување на социјалната функција на историската наука истовремено се крие и потенцијална опасност од прагматично сфаќање и насочување на историската наука, со користење и на нејзините големи воспитни можности - историјата како наука има првостепена улога во патриотското, хуманистичко и работно, културно и естетско воспитување на младината и формирање на нејзиното филозофско и општествено определување. Позитивни ефекти од воспитната улога на историјата може да се добијат само тогаш кога во неа е вградена критичност, лишена од прагматизам кој секогаш се прикрива со високи општествени цели.

Иако воспитната суштина на историјата е иманентна на самата наука, таа во целост се открива во *историјата како наставен предмет* (или т.н. "училишна историја"). Додека научната историографија е свртена, главно кон непознат, имагинарен читател, конзументот на "училишната историја" секогаш е познат однапред (ученици на определен степен на психофизички развој). Историјата како наставен предмет содржи одбрани количини на историско знаење зацртани во наставната програма и разработени низ соодветниот учебник по историја[51].

---

[51] Види: R. Šerbo, *Istorijska nauka i "školska istorija"*, Zbornik *Desetti kongres istoričara Jugoslavije*, Zavod za uxbenike i nastavna sredstva, Beograd 1998, 559-572.

Историјата како наука ги проучува историските факти и појавите во меѓусебната поврзаност, објаснувајќи ги причините на нивниот настанок, а со тоа ги открива историските закони на општествениот развиток. Историја е "субјективен одраз на објективниот развиток во нашата свест", т.е. слика на минатото на човештвото, неговото потекло и развиток, наука која го изучува минатото на општеството од раните времиња до денес во целосна конкретност, хронолошки ред, кон некои држави"[52].

За разлика од историската наука, историјата како наставен предмет им ги дава на учениците само резултатите од *неспорните научни достигања* - утврдените научно-историски факти и општо прифатените научни заклучоци и оценки. Покрај ова, понекогаш на учениците треба да им се изнесуваат и контроверзите во науката околу некој историски проблем, бидејќи така се негува алтернативното историско мислење. Посебно е важно наставникот по историја, во текот на наставниот процес, секогаш да укажува на некои одделни, во науката надминати тврдења кои се наоѓаат во учебниците по историја и во другата училишна историска литература. Се разбира дека ваквиот пристап во наставата по историја е својствен на современата настава, додека во одделни историски периоди, во традиционалната настава, посебно во социјалистичките земји, наставата беше во функција на одредената идеологија, а во тие рамки, не беше препорачливо да се изнесуваат конроверзите во историската наука.

Историската наука и наставата по историја, нудат емпириски сознанија за минатото, содржат вистинска ризница на знаења и им овозможуваат на луѓето да се соочат со минатото онакво какво што било, и на тој начин силно делуваат врз формирањето на историска, а потоа и на вкупна општествена свест и придонесуваат кон остварување на хуманистичката визија на светот[53]. Затоа е пожелно и потребно нејзино поголемо присуство во животот на

---

52 Златибор Поповиќ, Методика настава историје,..., стр. 4.

53 М. Васиќ, Историја, настава историје, улога и значај Зборник Десетти конгрес историчара Југославије, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд 1998, 527.

современиот човек, посебно во фазите на формирањето на личноста на децата.

Разликата помеѓу историјата како наука и историјата како училишен предмет се состои во *обемот и длабочината на интерпретацијата* на историските содржини. Историјата како наука го изучува минатото на сите народи на светот и сите значајни настани, појави и процеси во развитокот на општеството. Во историјата како наставен предмет, пак, се изучува, пред сé, минатото на оние народи кои во соодветна временска етапа имале нај-значајна улога во светскиот историски развиток.

### 3.2. Историјата како наставен предмет во основното образование

За да се објасни ова прашање прво треба да се навратиме на односот меѓу историјата како наука и историјата како наставен предмет. Ако добро се проучува ова прашање ќе видиме дека наставата по историја е врзана за историската наука. Таа, ги зема утврдените резултати на науката и нив ги употребува во одредени граници па според тоа, историјата и како предмет е зависна од историската наука. Историската наука, ги открива законите на општествениот развиток, доаѓајќи до нови знаења и вистини додека историјата како училишен предмет на учениците им овозможува преку наставниот процес да стекнат и да ги проценат историоиските факти и настани.

Поради ова, историјата како предмет се разликува од историската наука и по обемот на материјалот. Науката ја проучува историчар како научен работник, применувајќи ги научните методи додека во наставата по историја се применуваат наставни методи. Исто така, овде треба да се истакнува и воспитниот момент.

Историчарот– научен работник не мора да внимава толку на овој момент додека, наставникот е должен тоа да го постигнува со своите ученици. Но секако, наставникот треба кај учениците да развива интерес за

наставниот материјал, тие активно и самостојно да “влегуваат” во историските настани и критики ги толкуваат фактите и историските настани. За таа цел, добро би било да се организираат научните историски екскурзии (историски музеи, историски архиви, историските објекти на терен и др.)[54]
Наставата по историја е научно организирана, систематска, планска, институционална заедничка воспитно-образовна работа на воспитувачот и воспитаникот на активното дејствие на ученикот во врска со неговото запознавање со минатото на човештвото.[55] Притоа, водејќи сметка за сите останати методичко-дидактички принципи, најнапред би ги навеле основните критериуми според кои се избираат наставните содржини, и тоа:

- се изучува историјата на оние настани, појави и процеси кои најдобро ја илустрираат *општата тенденција на светско-историскиот развиток* во дадената етапа и на кои може да се согледа сукцесивноста на тој развиток;
- се даваат систематски знаења од националната историја и историјата на оние народи кои извршиле влијание на односниот народ, и
- посебно внимание се посветува на изборот на оние научни содржини со кои успешно се остварува општественото, патриотското, моралното, работното и естетското воспитување на учениците.

Во светот имало големи луѓе кои ја негирале важноста на историјата во воспитно-образовен поглед. На пр. големиот германски писател Гете (Goethe) за историјата тврди дека од неа не може ништо да се научи бидејќи таа содржи само “множество на човечки глупости и несреќи". Филозофот Шопенхауер (Sschopenhauer) вели дека "историјата зборува единствено за борбите и за европските битки, кои немаат никакви воспитни знаења”.[56]

Овие тврдења се научно неточни бидејќи, доколку правилно се изведува, предметот историја кај учениците развива таквите продуктивни елементи кои му овозможуват да расудува за историските настани, да ги објаснува нивните последици и од нив донесува потребни заклучоци.[57]

---

[54] Nastava povijesti u osnovnoj školi, Zagreb, 1961, str. 8-9.

[55] Методика наставе историје, Београд, 1983, стр. 23.

[56] Исто, стр. 11.

[57] Исто, стр. 11.

Наставата по историја има големо значење за образованието и воспитувањето на младата генерација. Познавањето на историските факти и појавите им овозможуваат на учениците подобро расудување за минатото и сегашноста како и јасно гледање на иднината.[58]

Предметот историја е широко и богато подрачје. Националната историја има посебна важност во воспитно-образовната цел бидејќи народите во Југославија, во минатото биле угнетувани па така биле во борба за својот национален опстанок против освојувачите и експлоататорите. Особено борбата која имала одбранбен карактер, а не освојувачки и неправеден придонесува за развивање на моралното и идејно политичко воспитание. Притоа, во текот на развојот од 1944 до 1990 година, историјата имала нагласена идеолошка компонента во идејната индоктринација на младите генерации, кое многу подетално ќе го согледаме кога ќе ги разгледуваме конкретните наставни програми и учебници по историја во основното образование за периодот што го истражуваме. Затоа и институциите и поединците кои биле одговорни за оваа општествена дејност, тргнувале, пред сè, од мислата дека "со наставата по историја, кај ученикот се буди свест од заедничкото народно минато, сегашноста и иднината".[59] Всушност, тоа била првата и основна задача во сферата на воспитувањето преку содржините по историја. Уште во првата средба со историјата како наставен предмет, учениците се воспитувале во духот на братството и единството и заедништвото во авнојската федерација.

Латинската сентенција, дека историјата е учителка на животот, доволно ја означува важноста на овој предмет. Нагласената идеолошка компонента присутна во наставата по историја до 1990 година, не го намалува фактот за извонредната образовна и воспитна улога на овој предмет во основното образование.

---

[58] J. Demarin, Nastava povijesti u osnovnoj školi, Zagreb,1961, str. 11.

[59] Metodika, knj. druga, Zagreb, 1955, str. 50.

Полезно и потребно е да се учи историјата бидејќи без познавањето на минатото ќе бидеме оскудни од големото искуство на минатите генерации со што не би можеле да ја разбереме сегашноста, како и да ја предвидуваме иднината.[60]

Една од основните задачи на наставата по историја беше таа да ги запознае учениците со историските настани, во обем планиран со наставната програма за одредената возраст на ученици. За да може ученикот да навлезе во тајните на историјата, потребно е да се запознае со основните поими, историски факти и појави. Притоа, ништо во развојот на човештвото не се случува надвор од времето и просторот. Така, постепено, преку изучување на предметот историја, кај учениците од основното образование почнува да се создава претстава за историското време и простор, вклучувајќи ги и географските услови во кои се случувале настаните. Наставата по историја не треба да се задоволи со тоа учениците механички да ги научат историските факти, туку тие треба нив и мисловно да ги сфатат.

Покрај познавањето на одредени историски настани кај учениците се развиваат сите психички функции, се изградува кај нив историско мислење и научен поглед кон светот, па со тоа се допринесува за добивање на морално идејно-политичко воспитување кај учениците. Се стекнуваат навики, умења и вештини (на пр. оспособување за писмено и усмено изразување), естетско воспитување итн, кои се потребни на секој поединец, без оглед во какви политички и општествени околности живее, а сите тие се вградувале во младата личност кај нас уште од основното образование.

Преку оваа настава се зајакнуваат моралните судови и карактерните особини кај учениците што особено се реализирало преку примери за дејствувањето на историските личности. Учениците од помладата возраст, особено добро ги примаат историските личности кои во борба против угнетувачите ги воделе широките маси. Тие сакаат да читаат, гледаат,

---

60 Исто, стр. 50.

слушаат за нив, за нивната истрајност во борбата, како се жртвуваат за слободата или за друга одредена морална идеја итн.[61]

Во рамките на моралното воспитување, кај учениците се развива и чувство на одговорност во вршење на должноста кон заедницата, а во периодот што го обработуваме, тоа се однесувало на Социјалистичлка Федеративна Република Југославија и вредностите што во неа се негувале: југословенски социјалистички патриотизам, марксистички поглед на свет и братството и единството, лојалноста кон Комунистичката партија и Тито.

[61] Metodika,Zagreb, 1955, str. 53.

четврта глава

# 4. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Наставните планови и програми по предметот историја, во текот на периодот 1945-1990 година, неколкукратно се менувале во зависност од целокупниот образовен систем во поранешната СФРЈ, при што доаѓало и до извесна модификација на содржините, додека целите и задачите се менувале повеќе во однос на вокабуларот, отколку во однос на нивните трајни барања - изградба на марксистички поглед на свет.

Пред да преминеме на хронолошкото проследување на програмите по историја кои што биле донесувани во НРМ/СРМ, би сакале, со неколку нужни објаснувања да ги одредиме улогата, местото и значењето на овие основни документи во организацијата на воспитно-образовниот процес.

## 4.1. Општо дефинирање на наставниот план и наставната програма

Поимите наставен план и наставна програма биле дефинирани и определени од бројни педагози и методичари на поранешната СФРЈ, од кои ние тука ќе наведеме неколку.

Така, на пример, повеќе педагози се определиле за тоа дека "Наставната програма е службен документ кој го пропишуваат просветните власти и кој ја определува содржината на работата во секој наставен предмет, т.е. обемот на материјалот (знаење, вештини и навики) што учениците треба да ги усвојат во одделните одделенија ... како и редоследот ... и длабочината на материјалот".[62] Нешто покуса дефиниција дал В. Пољак кој вели: "Наставната програма е училишен документ, со кој се пропишува обемот, длабочината и редоследот на наставните содржини".[63] Слични се дефинициите на Филиповиќ и Поткоњак, при што, за првиот, "наставната

---

[62] Franković i dr.(1963) Enciklopediski rječnik pedagogije, Matica Hrvatska, Zagreb, 530.

[63] V. Poljak, Didaktika, Zagreb, 1970, 28.

програма е документ од трајна вредност, со кој се одредува, се конкретизира содржинската рамка на наставните предмети застапени во наставниот план и се даваат основни дидактичко-методски упатства за нивна обработка"[64], а за вториот "наставната програма е училишен документ со кој се пропишува обемот, длабочината и редоследот на наставните содржини во одделен наставен предмет. Затоа, наставната програма е конкретизација на наставниот план...".[65]

Покрај овие покуси дефиниции, некои автори даваат многу пошироки дефиници, како на пример, Продановиќ и Ничковиќ, кои велат: "Наставната програма е училишен документ во кој се конкретизирани дидактичките (општите) и методските (посебните) елементи на наставниот план. Во наставната програма се расветлува фукцијата и организацијата на наставата во определен вид училиште, се дефинира целта на секој наставен предмет (област), се утврдуваат неговите основни задачи, дидактички и методски се расчленуваат наставните содржини, се систематизираат наставните активности и, по правило, се даваат основни дидактички и методички упатства за организација на наставната работа. Во неа, ако е добро компонирана, се даваат прецизни инструкции за тоа каква функција има одделен наставен предмет, како треба да се организира наставната работа и со примена на каква наставна технологија може да се постигне оптимален успех во наставната работа со целата паралелка, со одделни групи, со деференцирани парови и со поединци". Според Боковљев, "наставниот план се конкретизира со наставните програми, со кои се пропишува што ќе се изучува по предметите предвидени со планот, т.е. кои знаења, умеења и навики треба да ги стекнат учениците во секое одделение (клас), квалитетната наставна програма започнува со набројување и образложување на образовните и воспитните задачи на соодветниот наставен предмет, а

[64] Filipović S.N. 1988, 109.

[65] Potkonjak, N. 1989, 101.

завршува со изложување на основните методски упатства за работа на реализирање на програмираните наставни содржини".

Филип Јелаиќ прави разлика меѓу наставната програма како документ и изведбата на програмата па вели: "Програмата се разработува по предмети и одделенија. Таа кажува што се учи: подрачје, целина, теми, единици на содржини". Но, понатаму, тој дава интересни доплнувања со тоа што смета дека програмата не можеме да ја сведеме на "гола" содржина, бидејќи на ниво на изведба, наставата, учењето, програмата значи многу повеќе: социјални интеракции, форми на работа, стратегија, постапки, извори на знаења, организација, технички уреди, севкупност на сите случувања насочени на поставените цели на наставата.[66]

Кон овие дефиниции ја приклучуваме и определбата за наставната програма дадена во упатството,[67] подготвено од РЗУОВ за изработка на програмите во 1979 година, во кое на комисиите им се препорачува да "ги разработуваат следниве компоненти на програмата за одделен предмет или подрачје: цели, задачи, воспитно образовни содржини, нормативи и глобално методско упатство".

Од прегледот на повеќето дефиниции за наставниот план и посебно за наставната програма, ние видовме дека, според наведените автори поимот наставна програма опфаќа повеќе елементи: цел, задачи, содржина, дидактичко-методички упатства за организација на наставата и наставна технологија.

Според некои автори наставната програма има потесно и пошироко значење. Јоже Ширец смета дека наставна програма во потесно значење се користи за да се означат само целите на наставата, а во пошироко значење се сфаќа како целосна дидактика (општа и посебни дидактики) при што се

---

66 Jelović, F. Didaktički osnovi nastave, "Naklada slap", Zagreb, 1995, str. 25.

67 Упатство за изработување на планови и програми за воспитно-образовната работа во предучилишното, основното и заедничките основи на насоченото средно образование, РЗУОВ, Скопје, 1979 год.

опфатени покрај целите, уште и содржините и процесот, односно текот на реализацијата на програмата.[68]

Програмата може да биде рамковна, општа или отворена и детализирана, строго определена, затворена или изведбена програма. Во првата дадени се општите цели и глобални содржини. Ваквата програма обезбедува висок степен на автономност на наставникот.

Втората, ги има утврдено и строго пропишано сите елементи на програмата: целите, содржината, времето на обработка, средствата, наставната технологија и начинот на проверувањето и вреднување на резултатите. Ваквата програма не ги почитува конкретните околности и услови на практиката, а наставникот нема право да менува било што во програмата, независно од е условеноста од различните објективни услови (простор, опрема, материјални услови).

Понатаму постојат официјални и реални програми. Разликата помеѓу овие две програми е во тоа што официјална е онаа што е пропишана, додека реална е онаа што е реализирана која што е условена со различни услови за работа.

Покрај овие програми, постои поделба на формални, неформални и скриени програми. Формалните програми се оние кои се реализираат на определено време, на настава, а неформалните на вонаставните активности, простор и др.

Изразот скриена програма прв го употребил Филип Џексон во 1968 година со намера да укаже дека општествените барања за учење во училиштето, иако често се прикриени, исклучително се важни. Скриениот курикулум претставува учење на ставови, норми, верувања, вредости и претпоставки што често е изразено во вид на правила, ритуали и прописи. Поточно речено, скриениот курикулум (програма) претставува "отстапување на воспитно-образовниот процес од службената, однапред планирана програма", односно тоа е разликата меѓу официјалната и реалната програма.

---

[68] Širec, J. Kaj je kurikulum?, Sodobna pedagogika, 7-8, Ljubljana, 1983, 320.

Наставните програми воопшто, малку поинаку се дефинираат со Законот за основно образование во РМ од 1995 година.[69] Во него се вели: "Со наставните програми се утврдуваат целите, задачите содржините на наставните предмети, како и профилот на кадарот што ја реализира програмата".

Според овие одредби, покрај содржините, како елемент на програмите се ставени и целите и задачите.

Меѓутоа, иако речиси сите дефиниции кои ги наведовме погоре не се во духот на современите сфаќања за програмирањето на образованието, сепак тие во основа даваат одговор на тоа што значат наставниот план и програма за наставата, без оглед на изборот на содржините и начинот на реализација на наставата по историја, која до 1990 година се движела речиси исклучиво во рамките на традиционалната настава.

На крајот тука би сумирале дека и во современата настава, *планот и програмата на образовно-воспитната работа* (наставен план и наставна програма) се основни училишни документи. Покрај педагошкиот, методско-дидактичкиот и психолошкиот, тие имаат и научно-историски аспект. Со планот и програмата се пропишуваат содржината и облиците на образовно-воспитната работа на сите предмети и на образовно-воспитните области на определениот степен и профил на училиште.

Со наставниот план се утврдува кои предмети (односно образовно-воспитни области) ќе се изучуваат во училиштето; по кој ред ќе се изучуваат тие предмети; во кое одделение започнуваат и кога ќе завршуваат, со колкав број на часови неделно и вкупно годишно ќе се изучуваат во одделните одделенија. Значи, со наставниот план се определува предметот и времето, потребно за нивно изучување во определениот степен и профил на

[69] "Службен весник на РМ" бр. 44/95.

училиште. Со наставниот план се пропишува вкупната временска ангажираност на ученикот (неделно и годишно) за редовната настава и за другите ученички активности (додатна и дополнителна работа и слободни активности), за да се ангажираат учениците во сообразност со своите психофизички можности.

Наставниот план воопшто се изработува во вид на табела (преглед) во кој се дадени наставните предмети, подрачјата и другите видови воспитно-образовни активности, кои се застапени во одреден вид и степен на образование и тоа по одделенија (класови) и со неделниот, годишниот фонд на часови. Според планот се определува кои предмети (задолжително, задолжително-изборни и факултативни) и други активности, по кој редослед, во кој обем и колку долго ќе се изучуваат во одреден вид училиште, а се́ друго детално се разработува со програмите.[70]

Наставната програма е документ со кој се утврдуваат целите (и задачите) содржините, образовната технологија и вреднувањето на постигањата.[71] А сите нејзини елементи се менувале, зависно од потребите на општеството и државата кои пред историчарите и пред наставата по историја често поставувале мошне прагматични цели.

## 4.2. Времен план за настава

Развитокот на системот на образование и воспитание во НРМ/СРМ се одвивал паралелно со развитокот на младата македонска држава. Со конституирањето на Македонија како федерална единица во состав на ДФЈ, АСНОМ, како највисоко политичко и законодавно тело на македонската држава, меѓу другото, донесе и Одлука македонскиот јазик да се воведе како службен јазик во македонската држава, не занемарувајќи ги јазиците на

---

[70] М-р К. Попоски, Програмирање на воспитно-образовниот процес Скопје, 1999 година, стр. 3.

[71] Исто, 6.

националностите. Така, паралелно со ослободувањето на земјата, беа отворени основни училишта на македонски јазик и на јазиците на националностите. Отворањето на првите македонски училишта претставуваше оживотворување на прокламираната политика на новата народна власт и затоа тие играат повеќекратна, како просветна така и политичко-мобилизаторска улога.[72]

Во овие први училишта, сéуште не се применувале официјални наставни планови и програми, ниту постоела литература (учебници и други учебни помагала) на македонски јазик. Може да се каже дека во нив се работело според снаоѓањето и умеењето на тогашните учители, кои биле борци од партизанските единици како и партиски активисти од теренот.

Сепак, отсуството на програмски документи, не значеше дека застапеноста на наставни предмети беше одредена без критериуми и барања. Како основни критериуми, од кои се поаѓаше, при определбата на наставните предмети и содржини можат да се истакнат следните:

1. Целта на НОВ и Револуцијата;
2. Составот и бројот на учениците;
3. Бројот и квалификуваноста на наставниот кадар и др.[73]

Во однос на тоа, кои предмети и содржини да се изучуваат беше договорено:

- кои букви да ги содржи македонската азбука;
- да се изучува читање, пишување и сметање;
- да се изучуваат револуцинерни песни;
- географија;
- природознание и др.

Во однос на предметот историја беа планирани наставните содржини од: историјата на македонскиот народ, посебно Илинденското востание,

---

72 Развитокот и реформата на воспитанието и образованието во СРМ, Скопје, 1979, 28-29.

73 Воспитание и образование во Македонија (1943-1983), Скопје, 1985, стр. 81.

историјата на другите југословенски народи. Притоа, беше барано посебно да се објаснува целта и карактерот на НОВ и револуцијата како и борбата на Советскиот Сојуз против фашизмот.[74]

Ваквите барања се разбирливи, во "партизанската атмосфера" што владееле во тоа време. Тогаш се водеа борбите за конечно ослободување на Македонија од окупаторските сили, а потоа започнаа завршните операции за ослободувањето на Југославија, кога и македонските војски се насочуваа да учествуваат во тие борби (Сремски фронт). Посебна задача на целокупниот агитационен апарат на Комунистичката Партија и на општествено-политичките организации, кое се пренесе и на планот на наставата по историја беше негувањето на љубовта кон Советскиот сојуз и братската Црвена Армија.

Паралелно со ослободувањето на земјата, под тешки материјални, кадровски и други услови, есента, на 30.09.1944 година Президиумот на АСНОМ, меѓу другото, донесува Одлука со која се определува основното училиште да трае 7 години.[75]

Содржината на работата на основните училишта се определува со ВРЕМЕН ПЛАН ЗА НАСТАВА (ОБУКА) во основните училишта кој претставува прв државен документ за образованието во нашата Република. Наставни програми не биле донесени, а во Времениот план се вели: "Основното образование е задолжително и трае 7 години. Целта на основното образование е: да го оспособи ученикот да се служи со перо и книга не само додека е ученик, туку и потоа; да го запознае со нашата стварност и со онаа на нашите братски народи; да го подигне неговото национално сознание и го направи член на еден колектив во кој нема место за егоистички и индивидуалистички стремежи; да го инспирира со духот на нашата борба која не е одделена, туку поврзана со борбата на другите

---

74 Исто, 81.

75 Развитокот и реформата на воспитанието и образованието во СРМ, Скопје, 1979, 29.

братски народи на Демократска Федеративна Југославија и како резултат на таа борба, се јавува нашата македонска федерална држава...".[76]

Според времениот план за настава, предметот историја е застапен од III-VII одделение во седумгодишните училишта. Министерството за народна просвета на Федерална Република Македонија, донесува Привремен наставен план и програма за народни основни училишта во Македонија, според кој предметот Историја е застапен во III одделение со 2 часа неделни и во IV одделение со 3 часа неделно.[77]

Овој наставен план се базирал врз неколку принципи, како што се: научност, колективност, перманентност, заедништво и братство и единство и революционерност.

Наставата по историја и нејзините содржини, дадени како и содржините за сите други наставни предмети, глобално и комплексно, правеле еден целосен процес на изучување на објективната стварост, на човековата и на општествената средина.

По донесувањето на Привремениот наставен план и програма за народни основни училишта во Македонија до 1950 година, беа донесени и други програмски документи за содржината на наставата во основното училиште во НР Македонија кои значајно не се разликуваат во нивната структура. Такви програмски документи беа донесени во 1948, 1949 год.[78]

## 4.3. Наставен план и програма по предметот историја за основните училишта од 1948 година

Со програмата од 1948 година се бара афирмација на придобивките од НОБ (братство и единство и улогата на КПЈ); негување љубов кон Црвената армија (СКП(б) и СССР; посебна величина се дава на улогата на Ленин и

---

[76] Исто, 84.

[77] Развитокот и реформата на воспитанието ..., 83- 85.

[78] Воспитание и образование во Македонија (1943-1983), Скопје, 1985, 87-88.

Сталин, борба за пролетерски интернационализам, будење на патриотските чувства, љубов кон Југославија и Тито итн.

### 4.3.1. Наставната програма по историја во III и IV одделение

Наставниот план и програма по историја во 1948 година за III и IV одделение во основното образование, по содржината е детален, бидејќи наставните содржини се поделени на наставни теми: со точно утврден фонд на часови за секоја тема и за секоја наставна единица.

Според распоредот на програмските содржини оваа наставна програма спаѓа во линеарен распоред, бидејќи содржините кои се предвидени за обработка во III одделение, не се повторуваат во IV одделение туку тие продолжуваат, така што целото градиво е дадено во една низа и личи на една непрекината линија.

Наставните содржини, со најважните сознанија и историските факти од нашата историја, се дадени по хронолошки ред.[79]

Според оваа наставна програма, главната задача на наставата по историја е: 1. да ги запознае учениците со најважните собития од минатото на нашите народи и нашата татковина Југославија и низ тоа запознавање да ги доближи учениците до правилното разбирање на современоста; 2. да развие љубов кон татковината и кон народите и да ги воспитува учениците да станат активни борци за слободата и независноста на татковината; 3. да го зајакне и да го развива братството и единството на народите и придобивките на Народноослободителната борба.

Содржините во наставната програма по историја во III одделение повеќе ја опфаќале политичката и културната историја на стариот, средниот и новиот век. Во редоследот на наставните содржини, на почетокот се наоѓа темата "Животот на човекот во најстаро време". Во оваа наставна тема се опфатени наставните содржини: луѓето како собирачи на плодови, ловци,

---

[79] Наставен план и програма за основните училишта, Скопје, 1948, 29.

риболовци, изнаоѓање на огнот, правење алатки и оружје, припитомување животни, обработување на земјата, станови и населби, покуќнина и облекло, првите заедници, род и племе и др.

Во следната наставна тема била опфатена историјата на Старите Словени: нивното преселување, животот, верата, обичаите и причините за преселување. Посебно значење се давало на темата "Животот на Словените во новата татковина". Тука се обработувале новите јужнословенски држави како: Македонија во времето на Самуил, востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех, условите во кои е формирана македонската држава, Климент и Наум, како народни просветители и богомилството во Македонија; Зета и Рашка, Немањиќи и формирањето на првата српска држава, Хрватска во времето на Томислав и борбите за обединување на двете Хрватски (Посавинска и Далматинска), Босна во времето на Бан Кулин и во времето на Твртко.

Посебна тема е предвидена за „Турската власт на Јужнословенските земји", во која се опфатени борбите на Јужнословенските народи против Турците како што се Маричката битка, Косовската и други форми на отпор (ајдуци, ускоци). Во продолжение следат наставните содржини за селските востанија во Хрватска (Матија Губец) и Словенија како и на рударите во Македонија во 1689 година (Карпош).

Од општата историја се предвидени следните теми: Откривањето на Америка, првата печатница.

Според оваа наставна програма, за предавање на нов материјал по предметот историја во III одд. биле предвидени 20 часови.[80]

Наставната програма во IV одделение била поделена на 14 наставни теми поделени на наставни содржини по хронолошки ред, и тоа:

---

[80] Наставен план и програма за основните училишта, Скопје, 1948, 23,28, а секоја наставна тема е поделена на наставни содржини.

1. Јужните Словоени под туѓата власт во почетокот на XIX век;[81] 2. Србија во период од првото до второто српско востание; 3. Црна Гора и нејзините борби против Наполеон; 4. Културните услови во половина на XIX век;[82] 5. Работничкото движење од 1848 година - Маркс и Енгелс како учители на работничката класа; 6. Работничкото движење во Србија - Светозар Марковиќ, Васа Пелагиќ; 7. Востанието во Босна и Херцеговина (1875-1878) и животот под окупацијата; 8. Формирањето на револуционерната организација на Македонија -1893 година;[83] 9.Прва и Втора балканска војни, каде посебна наставна содржина е Македонија во овие војни; 10. Првата светска војна, причини, држави учеснички и карактерот, југословенските народи во Првата светска војна и завршетокот на војната; 11. Октомвриската социјалистичка револуција во Русија, улогата на Ленин и Сталин во револуцијата; 12. Нашите народи од 1918-1941 година; 13. НОБ во Југославија, народните востанија на југословенските народи, КПЈ под водство на Маршал Тито како организатори инструктор на НОВ, Второто заседание на АВНОЈ и Првото заседание на АСНОМ, ослободување на земјата и улогата на Црвената армија; и 14. Федеративната Народна Република на Југославија[84].

Бидејќи во период од 1944 до 1950 година во формирање беа четиригодишните училишта, покрај нормалните наставни планови беа носени и скратени наставни планови и програми. Така, на пример, скратен

---

[81] Во оваа тема се опфатени наставните содржини: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина под туѓинска власт и Хрватска и Словенија под австриската власт и првите денови на ослободувањето во Црна Гора.

[82] Во оваа тема се предвидени за обработка следните наставни содржини: "Вук Караџиќ", Илирско движење, Његош и Франц Прешерн како преставици на јужнословенските народи.

[83] Тука се обработува: Гоце Делчев како организатор и идеолог на движењето, борбата на централистите против надворешните агенти на врховистичката Бугарија, Илинденскотото востание и Крушевската Република и востанието на Јане Сандански.

[84] Во оваа тема се предвидени следните наставни содржини: Националните права и федеративната поставеност, братството и единството на нашите народи, народната власт, народниот фронт, народната армија, обнова на земјата, аграрната реформа, национализација на претпријатијата и петгодишниот план.

наставен план и програма постоеше и за овој од 1948 за кој претходно зборувавме.[85]

Според скратениот наставен план и програма, некои наставни теми се предвидени да се обработуваат со помалку часови отколку што се предвидени со нормалниот наставен план и програма.[86] [87]

Наставната програма е поделена по целини, теми и наставни содржини.

Според овој наставен план за основните училишта, предметот историја е застапен во III и IV одделение со по 2 часа неделно.[88]

Оваа, наставна програма содржи и посебен дел "Објасненија на програмата од Историја" за материјалот од III и IV одделение. Во објасненијата се вели дека учениците ќе се запознаваат систематски со историјата и се објаснува на каков начин треба да биде претставен историскиот материјал. Како помош на наставниците во реализацијата на наставната програма, се даваат и кратки упатсва за користењето на монолошкиот, текст и демонстративниот метод во наставата по историја. Притоа се нагласува дека "историскиот материјал треба да биде претставен конкретно и сликовито, живо и интересно". Ова значи дека предност се дава на живиот збор на наставникот, односно на монолошкиот метод преку кој наставникот "треба да ги воодушеви учениците и да разбуди кај нив чувство за соодветниот настан"[89].

---

85 Наставен план и програма, Скопје,1948 год. стр. 3, 4,

86 На пр., во III одд. ќе се обработи за 1 час и темата: "Југословенските држави" наместо 6 часа ќе се обработи за 4 часа. Во IV одд. темата: "Илирија и борбите на Црногорците против Наполеон", наместо за 3 часа, колку што било предвидено, ќе се обработи за 1 час. Наставната тема: "Работничките движења во 1848 година ќе се обработат за 3 часа; Блаканските војни за 1 час; Првата светска војна за 1 час и материјата од НОБ ќе се обработи за 8 часа.

87 Наставен план и програма за основните училишта, Скопје, 1948 год. стр. 23-28.

88 Исто, стр. 3.

89 Исто, стр. 23.

Покрај монолошкиот метод кој се смета за најважен во традиционалната настава, се препорачува и примената на текст-методот, така што при користењето на историските текстови да се води сметка за психофизичката можност на учениците[90], а историскиот материјал да биде избран така што ќе делувана емоциите на учениците.

Во продолжение се даваат упатства и за демонстративните методи и нагледните средства кои треба да се применуваат за реализација на оваа наставна програма. "За создавање конкретни историски претстави учителот треба да ги исползува при обработката следните средства: интересно и живо раскажување, литературно уметнички творби, слики, карти, илустрации, кино, театар и др."[91]

Како важни барања на наставната програма по историја, се поставува и тоа ученикот да се оспособи да ги открие причинско-последичните односи, врските меѓу настаните, во различното време и во различни земји, меѓусебните односи на економските, политичките и културните појави, а потоа да дадат правилна оценка на истиот, односно да воопштуваат, да прават синтеза и да генерализираат. Имено, наставникот треба да биде добар методичар за да ги насочи учениците до решението на проблемот да дојдат самостојно и да умеат да го поврзуваат старото со новото и познатото со непознатото.

## 4.4. Наставниот план и програма по предметот историја во одделенската настава, за III-IV одд од 1950 година

По судирот на КПЈ со СКП(б) во 1948 година и раскинувањето на односите помеѓу ФНРЈ и останатите социјалистички земји (членки на

---

[90] На пр. во објаснението на програмата се вели дека при обработката на темата: "Животот на старите Словени во старата постојбина" треба да се користи од читанката статијата: "Животот на старите Словени".

[91] Исто, стр. 23.

Информационото биро), југословенската теоретска мисла нагласено започнува да се дистанцира од советското искуство на социјализмот и револуцијата. Од историчарите (како и од другите научници од сферата на општествените науки) се бара поголемо нагласување на историјата на југословенските народи, се бараат заедничките корени и се стекнува впечаток дека историјата на народите во ФНРЈ како да започнува некаде со доаѓањето на Словените на Балканот. Притоа, не се занемарува ни основната цел која е перманентна во целиот период на постоењето на АВНОЈ-ската федерација – братството и единството на југословенските народи и народности и изградбата на научен марксистички поглед на свет. Меѓутоа, она што се случуваше на планот на изградбата на научниот поглед на свет одеше на патот да се бараат поизворни толкувања на некои идеи на Маркс и Енгелс, барем теоретски и со тие толкувања се заменуваше дотогаш присутната советска и сталинова верзија на "марксизмот- ленинизмот". Всушност и новата наставна програма, донесена во 1950 година, ги одразува и новите состојби во политичкиот живот на Југославија кои нашле многу нагласен приоритет како во поставувањето и на целите и задачите на наставата по историја, така и во изборот на содржините.

Според овој наставен план, преку наставните содржини од предметот историја, меѓу другото, требало да се постигнат следните задачи:[92]

- да ги запознае учениците со најважните настани од минатото на југословенските народи и на татковината Југославија и низ тоа запознавање да ги доближи учениците до правилното разбирање на нивната современост;
- да развие љубов и преданост кон татовината и кон народите во неа;
- со запознавањето со борбите на југословенските народи во текот на историјата против освојувачите и угнетувачите да се воспитуваат учениците

---

[92] Наставен план и програма за основните училишта (нормален и скратен) Скопје, 1950 год. стр. 3-4. Скратени наставни планови и програми (1948,1949 г.) за училиштата со мал број на ученици и со поинаква организација (т.н. амбулантни односно периодични училишта (Воспитание и образованието во Македонија 1943-1983, Просветно дело, Скопје, 1985, 88).

да станат активни борци за слобода и независноста на татковината;
- да го зајакне и понатаму да го развива братството и единството и другите придобивки од Народноослободителната борба;
- да развие чувство на гордост со својата татковина, со нејзиното славно минато и со успесите во "денешницата", против сите тие што работат против придобивките од Народноослободителната борба.

Овие задачи требало да се реализираат преку соодветните содржини или материјал кои биле дадени во еден логички состем. Така материјалот на овој предмет во III одделение, почнува со наставната тема: "Зошто ја изучуваме Историјата на нашата татковина" и завршува со темата: "Јужните Славјани под турската власт - отпорот"[93] .

Дадената наставна материја по оваа програма била повеќе усогласена кон остварувањето на задачите кои однапред ги кажавме и кои имале нагласено идејно-воспитна компонента, и не може да се рече дека таа сосема одговарала на возраста на учениците кога се знае дека тие во претходните одделенија (I и II одделение) не изучиле некој предмет од општествените области.

Според начинот на изработката оваа наставна програма може да се смета како детална бидејќи наставните содржини се прецизно формулирани, поделени на наставни теми, со точно утврден фонд на часови за секоја тема и наставна содржина. Со овој наставен план и програма, предметот историја е застапен во III и IV одделение со по 2 часа седмично. Притоа, содржината на наставната програма во III одделение опфаќа 8 теми[94] , а во IV одделение 10 наставни теми[95]

---

[93] Наставен план и програма..., Скопје, 1950, 19-20.

[94] Тоа се следните теми: 1. Зошто ја изучуваме историјата на нашата татовина - 1 час; 2. Животот на луѓето во најстаро време - 3 часа; 3. Старите Славјани и нивното преселување - 2 часа; 4. Животот на Славјаните во новатата тковина - 3 часа; 5. Кирил и Методиј - 2 часа; 6. Услови во кои е формирана македонската држава - 4 часа; 7. Турските завојувачи на Балканот - 2 часа; 8. Јужните Славјани под турската власт - отпорот - 3 часа.

[95] Тоа се следните теми: 1. Јужните Славјани под туѓинска власт од крајот на XV до почетокот на XIX век - 1 час; 2. Првото и второто српско востание - 2 часа; 3.

Покрај обемот и фондот на часови за реализација на наставните содржини, во програмата од 1950 година за III и IV одделение, исто така, во посебен дел, е содржано и стручно методско-дидактичко упатство за реализација на наставните содржини[96]. Ова упатство тргнува од поставката дека учениците преку наставата по историја ќе се запознаат систематски со историјата. Во текот на обработката на материјалот наставникот треба кај учениците да создава поими за развитокот на општеството и односите меѓу класите, за развитокот на државата, историјата на Народноослободителното движење, за историските личности, културниот развиток итн. При изложувањето на материјалот се бара умешност од наставникот материјалот да биде претставен конкретно и сликовито, живо и интересно, да дава јасни и изразителни слики.

Исто така, се бара историскиот материјал да биде така изложен и избран што тој ќе делува емоционално на учениците. Покрај предавањето на наставникот како основно (монолошкиот метод) се препорачува и користење на нагледност заради создавање конкретни историски претстави кај учениците (користење нагледни средства - слики, карти, илустрации, кино, театар, текстови од литературни и уметнички творби, и др).

Особено внимание треба да му се посветува на тоа, учениците не само да запомнат одделни факти и делови на настани, туку да се оспособат да го разберат значењето на тој историски настан и да знаат да даваат правилна оценка на истиот, да ги пронајдат причините што го предизвикале тој настан и условите во кои што се одиграл. Понатаму, нужно е учениците да разберат дека историските настани не се дело и замисла или борба на поодделни личности, ами дека ти се јавуваат како резултат на класните судрувања во различните епохи.

---

Културните услови во првата половина на XIX век - 4 часа; 4. Работничкото движење - 4 часа; 5. Илинденско востание - 4 часа; 6. Балканската војна - 2 часа; 7. Октомвриската револуција - 3 часа; 8. Нашите народи од 1918 година - 4 часа; 9. Народноослободителната војна -1 час; 10. ФНРЈ - економска и политичка основа.

[96] Исто, стр. 21-22.

Со оглед на идеолошката одреденост - комунистичка провиниенција на државата, особено важна задача во целиот период беше прашањето за класните борби во историјата чие разрешување се гледаше во остварената "социјалистичка" револуција и изградбата на безкалсното општество во неа, се разбира идентификувано со југословенскиот "пат" на социјалистички развој.

Затоа и се нагласува дека со изучувањето на таквите борби (класни) во историјата ќе им се помогне на учениците во формирањето на историското мислење, во развивањето и вдлабочувањето во историјата на својата ттатковина.[97]

Во структурата на оваа наставна програма, недостасува дополнителната, додатната работа како и слободните ученички активности по предметот историја кои понатамошниот развој на воспитно-образовната дејност се повеќе плански ќе се развиваат во училиштата заради постигнување на позадоволителни резултати во наставата, и задоволување на ученичкото интересирање за минатото и сегашноста.

Од распоредот на наставните содржини на наставата по историја во III и IV одделение се гледа дека е применет линеарниот распоред бидејќи содржините се обработуваат еднаш во текот на целото школување постапно, по логичен ред, дел по дел, како што бара природата на материјата што се учи. Целиот материјал е даден во една низа и личи на една непрекината линија. Бидејќи материјалот се нижи сукцесивно по одреден редослед и без навраќање, ваквиот распоред е линиски, сукцесивен.[98]

Овој начин на распоредување на содржините бара интензивно учење заради трајно задржување на наученото, што е негова слаба страна. Друг недостаток е тоа што по овој распоред на содржините при обработката на истите, длабочината или интензитетот и обемот не можат да бидат, бидејќи

97 Пак таму, стр. 23.

98 Radovan Teodosić, Pedagogjia e pergjithshtne, Prishtinë, 1954, str. 33.

возраста не е иста. Исто така, учениците кои не завршуваат по високите одделенија не изучуваат дел од материјалот и тоа од поновите историски периоди.

### 4.4.1.Принципи врз кои е изработена наставната програма по предметот историја за III-IV одделение од 1950 година

Официјалните просветни органи, настојувале при изработката на наставните програми да се имаат предвид одредени принципи и начела. Така, наставното градиво изложено во наставната програма по секој предмет се бара да биде: научно веродостојно (односот на науката и наставното градиво), да има одредена воспитно образовната вредност на наставната содржина, одмереност на материјалот според возраста на учениците, врска помеѓу теоријата и практиката, корелација со другите предмети итн.[99]

Од прегледот на оваа наставна програма, по предметот историја, се гледа дека првиот принцип е запазен бидејќи содржините ја даваат основата на науката по овој предмет според тогаш достигнатото ниво на самата историографија. Преку дадените содржини учениците можеле да се запознаваат со најважните елементарни поставки кои се достапни за сфаќањето на учениците (тоа нешто може да се види и од целите и задачите на овој предмет) без вулгаризирање на науката односно од такво толкување на поимите, законите и теориите, што би можеле ученикот да го одведат на ненаучно третирање, на искривување на науката. Наставните содржини се дадени според научниот логичен систем, во почетокот се почнува од најстарото време и се завршува со содржини од новата историја.[100]

Вториот принцип кон кој се придржува оваа наставна програма по овој предмет е воспитно образовната вредност на наставните содржини. Од прегледот на истата се гледа дека овој принцип е почитуван, а тоа може да се

---

[99] Пак таму, 33.

[100] Наставен план и програма ... 1950, стр. 19-22.

види и од објаснувањата на програмата каде покрај другото стои дека: „Во наставата по историја треба да се оди на тоа, учениците не само да започнат со одделни факти и делови од настани, туку треба да се оспособат да го разберат значењето на тој историски настан и да знаат да дадат правилна оценка на истиот, да ги пронајдат причините што го предизвикале тој настан и условите во кои што се тој одиграл". Од тука се гледа дека на наставникот му е поставено барање, преку планираните наставните содржини, да обезбеди основа за научно изнесување на наставниот материјал.

Преку неколку наставни содржини, учениците имале можност да се запознаат со тоа дека историските настани не се дело и замисла или борба на поодделни личности, туку дека тие се јавуваат како резултат на класните судрувања, кое спаѓа во доменот на марксистичкото толкување на историјата присутно во овој период.

Посебен акцент се давал на тоа да се развива чувството на гордост со својата татковина, со нејзиното славно минато, да се зајакне братство и единство, учениците да можат да прават разлика помеѓу освојувачите и угнетувачите, да се воспитуваат да станат активни борци за слободата и независноста на татковината.

Третиот принцип кој секогаш треба да се имал предвид при составување на наставните програми е принципот на одмереноста на материјалот според возраста на учениците. Меѓутоа, во конкретниот случај, не би можеле да кажеме дека е почитуван во целост овој принцип бидејќи учениците во претходните одделенија не изучувале некој предмет од општествените области освен мајчиниот мајзик. Иако во објасненијата на програмата од историја, стои дека; "Првите историски претстави учениците ќе ги добијат уште во II одделение запознавајќи се со историски настани и личности преку членци, раскази, стихотворби од читанката"[101], сепак, од наставните содржини се гледа дека оваа програма, по обем и длабочина, сосема не одговара на возраста на 9-10 години.

---

[101] Наставен план и програма ... , Скопје, 1950, стр. 23.

Што се однесува до мошне важниот принцип - врската помеѓу теоријата и праксата, односно во програмата да се предвиди не само теориско запознавање на учениците со основата на историската наука, со системот на поимите, законите, теориите, туку и со низа практични вежби од областа од историјата тоа децидно не е направено. Меѓутоа, според поставените цели и задачи на оваа програма, таа во најголем степен е во функција на идеолошките потреби на партијата на власт (КПЈ-КПМ), со што врската помеѓу теоријата и практиката лежи во постониот степен на индоктринација - да се воспитуваат добри "градители" на југословенската братска федерација извојувана во НОВ. Ова посебно ќе дојде до израз во програмата што следи во 1952 година, но и во наредните наставни програми по историја.

## 4.5. Наставен план и програма за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта од 1952 год.

Во 1952 год. новите патишта во развојот на Југословенската општество внесува и нови задачи и цели во програмата за историја. Помеѓу нив, посебно место зазема нагласувањето на одлучното "НЕ" на Јосип Броз Тито против нападите на ИБ и "Светско-историското" значење на воведувањето на самоуправувањето во Југословенската практика.

Ова е период на одржувањето на VI конгрес на КПЈ, кога партијата го добила името Сојуз на комунистите на Југославија - СКЈ. Притоа, дотогашната "народна" терминологија се заменува со "социјалистичка", па наместо народна револуција сега се именува како социјалистичка револуција, наместо народна имаме социјалистичка држава итн. Така и во содржините во наставата по историја, на голема врата влегува епитетот *социјалистички*- социјалистичка револуција, социјалистичка држава, социјалистички патриотизам итн.[102].

---

[102] Види:Виолета Ачкоска, Судирот со Информбирото и некои текови во македонското општество 1948-1998, "Историја", XXXIV/XXXV, број 1-4, Скопје 1998/1999, 81-95.

Само две години по издадениот наставен план и програма од 1950 година од страна на тогашното Министерството за просвета, во 1952 година Советот за просвета, наука и култура на НРМ издаде наставен план и програма за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта како и Наставна програма по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни учиулишта и за гимназиите.

Иако дошло до промена на терминологијата од народна во социјалистичка, доколку се врши споредба помеѓу новиот Наставен план и програма со онаа од 1950 година, може да се забележи дека во однос на задачата и целите на наставата по историја нема измени.

Во однос на фондот на часовите по овој предмет во одделенска настава битно е изменета состојбата. Имено, додека во Наставниот план и програма од 1950 г. овој предмет се изучува во III и IV одделение и тоа со по 2 часа седмично, сега со Наставниот план и програма од 1952 г. предметот историја се учи само во IV одделение со застапеност од 3 часа седмично.[103]

Од содржината на наставното градиво изложено во IV одделение, се гледа дека тука е собран материјалот што се изучувал претходно во III и IV оддление, предвидено со наставниот план и програма од 1950 година. Притоа, биле отфрлени некои наставни теми од општата историја, како на пример: "Работничкото движење - 4 часа"; "Октомвриската револуција"; "Положбата на светот спроти Првата светска војна и причините за војна".[104]

Содржината на наставното во IV одделение, почнува со темата: "Зошто ја изучуваме историјата", а потоа продолжува со "животот на луѓето во најстаро време".

Програмата предвидува неколку наставни содржини воопштено за Старите  Словени, нивниот живот, занимање, вера, обичаи и поредок,

---

[103] Наставен план и програма за основните училишта, Скопје, 1950 год. и Наставен план и програм за основните четиригодишните училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, Скопје, 1952 год.

[104] Наставен план и програм... Скопје, 1950, стр. 21, и Наставен план и програма Скопје, 1952, стр. 18-19.

причини за преселување, но истовремено планира изучување на темата, "Нашата земја пред доаѓањето на Словените".

Потоа се продолжува со историјата на Јужните Словени[105] пред и после доаѓањето на Турците на Балканот, не заобиколувајќи ги, Маричка битка, Крали Марко, Косовска битка и др. Во овој дел, од доаѓањето на Турците на Балканот па до Балканските војни, дадени се неколку наставни содржини од историјата на македонскиот народ и на другите јужнословенски народи.[106]

Во продолжение по наставните содржини "Јакнење на градовите", разбудување и просветуваење; отвораље на училиштата, печатница во Солун, појава на првите книги на македонскиот јазик е предвидена наставна тема за создавањето на ВМРО, Илинденското востание и Крушевската Република, па сé до Балканските војни и разпарчувањето на македонскиот народ. Овој дел завршува со Првата светска војна и воените дејствија на територијата на Македонија.[107]

Наставните содржини за јужнословенските народи почнуваат со темата "Нашите народи од 1918-1941 година", во која се предвидени следните наставни содржини: Создавање на СХС; Уредување; Аграрното и националното прашање во неа, Положбата на селаните и работниците; Создавање на КПЈ; Обзнана. Оваа тема завршува со Монархофашистичката диктатура и Избувнувањето на Втората светска војна.

Последна наставна тема, според оваа програма, е "Почеток на Втората светска војна во Југославија", каде се предвидени следните наставни содржии: "Пристапување на Југославија кон Тројниот пакт", "Одговор на народот на 27

---

[105] Дел од програмата опфаќа содржини од историјата на македонскиот народ, како што се: "Првите македонски кнезови Хацон и Пребонд", "Формирање на првата македонска држава", "Цар Самоил, Востанието на Делјан и Војтех, Хрс и Срез - самостојни господари на Просек".

[106] На пример, по темата "Востанието на Карпош" додадени се "Селските востанија во Словенија и Хрватска" - "Матија Губец", потоа првото и второ српско востание.

[107] Исто, стр. 19.

март", "Воcтанија на народите на Југославија, 11 октомври". Потоа, следат содржините за улогата на КПЈ на чело со другарот Тито и Народноослободителната борба против окупаторите и домашните издајници, I и II заседание на АВНОЈ, Развиток на НОБ во Македонија, I заседание на АСНОМ, Ослободување на Југославија од окупаторите, Прогласување на Југославија за Република, ФНРЈ, Економска и политичка основа, обнова и изградба на земјата.

Покрај делот во кој се наведени наставните содржини кои треба да се изучуваат, во Наставната програма од 1952 година, се наоѓа и посебен дел "Општи напатствија", каде се дадени стручно методско-дидактички упатства за реализација на наставните содржини. Тука, меѓу другото, се вели: "Предвидениот материјал по програмата треба да ги запознае учениците со првите претстави за минатото на татковината, да го разбуди интересот за минатото на нашиот народ, да развие љубов и стремеж за да бидат полезни на својата татковина".[108] Притоа, повеќе е нагласена целта која треба да се постигне со изучувањето на планираните содржини по историја. Сепак, од дидактичката страна и тука се бара материјалот да биде претставен конкретно и сликовито, на лесен, интересен и емотивен начин, а прикажувањето на учителот да биде проследено и поткрепено со разни помошни средства заради поголема нагледност на наставата[109].

Исто како и претходно, најголемо значење се дава на монолошкиот метод, односно се препорачува наставникот да употребува директен говор, со образложение дека на тој начин го оживува историскиот материјал им го приближува на учениците.

---

[108] Исто, стр. 20.

[109] На пример при изучувањето на животот на првобитните луѓе се бара да биде конкретизиран со тоа што учителот ќе го дополни излагањето со читање текст од книгата на Илин "Како човекот станал див", или ако покаже цртеж од лов на мамут (еден човек сам бега од мамут, едни жени успешно го гонат); Обработувањето на селските буни ќе го олесни расказот од Шеноа "Сељачка буна" итн.

Исто така, се бара да наставникот систематски да ги објаснува историските термини: кмет, феудалец, кнез, држава, десетина, кулук, арач и др. Тргнувајќи од советската историографска школа на Покровски, се настојува да се даде посебно место на улогата на широките народни маси, на класните борби и особено на економскиот детерминизам во историјата. Така, се поставува како нужна задача, учениците "да разберат" дека историските настани не се дело и замисла или борба на поодделни личности, ами дека тие се јавуваат како резултат на економскиот развиток и на класните борби во различни општествени периоди.[110]

### 4.5.1 Наставна програма по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите од 1952 год.

Според оваа наставна програма, предметот историја во вишите осумгодишни училишта се изучувал во V, VI. VII и VIII одделение со следниот неделен фонд на часови: во V одд. - 2 часа; VI одд. - 3 часа; VII одд. -2 часа и VIII одд. - 3 часа.

Исто така, според оваа програма, содржините предвидени во V одделение одговараат за I клас на гимназиите, во VI одделение за II клас, VII одделение за III клас и во VIII одделение за IV клас гимназија.[111]

Тука се поставени и неколку основни цели на наставата по историја, и тоа:

- да го покаже нивото на општеството во неговиот развиток, да ги открие неговите противречности и да го истакне развитокот на класите и класните борби;

- да развие кај учениците способност да ги откриват економските и класни причини за појавата на разните општествени и политички настани;

---

[110] Наставен план и програм......Скопје, 1952, стр. 21-22.

[111] Наставен програм по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Скопје, 1952, стр. 5-22).

- да формира кај учениците марксистичко гледање на светот и да ги оспособи да можат дијалектичкиот материјализам правилно да го применуваат;

- да ги оспособи учениците правилно да ја проценуваат прогресивната улога на борбата на угнетените маси и да развива симпатии спрема нивната борба, како и чувство на омраза кон сите угнетители и народни непријатели;

- да развива кај учениците посебен интерес кон историјата на југословенските народи, настојувајќи нивните прогресивни борби во минатото да станат трајна придобивка на учениците, така што истите да формираат историска традиција кај нив;

- да покаже дека работничката класа е наследник на исти прогресивни борби во минатото на нашите народи и најдоследен борец за нивното обединување, и дека вистинското братство и единство на нашите народи е исковано низ тешките борби на работничката класа и трудбениците од Југославија против сопствената буржоазија и странските завојувачи;

- да ја истакне раководната улога на КПЈ како авангарда и организатор на трудбениците од Југославија и особено нејзината улога и херојство во времето на НОБ, како организатор на обновата и на социјалистичкиот поредок кај нас;

- да го истакне решителниот став на КПЈ со борбата против Информбирото за зачувување независноста на земјата и светско-историското значење на применувањето на новите форми во управувањето со стопанството;

- да развие кај учениците социјалистички патриотизам и гордост за нивната припадност кон својот народ, кој раководен од својата комунистичка партија и другарот Тито, твори нов поредок за свое добро и за пример на другите народи;

- да развие кај учениците љубов кон самопрегорна работа за победата на социјализмот кај нас и решеност да ја бранат својата социјалистичка татковина.[112]

---

[112] Наставен програм.... Скопје, 1952, стр.3-4.

Наставниот материјал распореден по одделенија е изложен систематски по периоди. Така, во V одделение е дадена материјата од стариот век, и тоа од првобитното општество до пропаѓањето на Римската империја. Материјалот во V одделение е распореден по наставни теми, а потоа на наставни содржини со одредени часови за обработка.[113] Според тој распоред може да се констатира дека за предавање на материјата од првобитното општество биле предвидени 5 часа, додека за робовладетелското општество 42 часа и тоа за: источните народи 8 часа; Стара Грција - 13 часа, Македонија - 4 часа, најстарите жители во нашата земја - 1 час, а за историјата на Римската држава се предвидени 16 часа. Вкупно часови во V одделение се предвидени 48 часа за предавање на нов материјал.

Од изложениот материјал во оваа програма, ако се споредува со тоа што учениците учеле во IV одделение се гледа дека само воведот е ист, по содржина донекаде и првобитното општество, но тој значајно се разликува во однос на обемот и длабочината на материјалот кој е предвиден за обработка.

Во VI одделение материјалот е предвиден да се обработи со 3 часа неделно и тоа распоредени на следните теми: Вовед - 1 час; Раниот среден век (планирани вкупно 22часа) [114] ; Периодот на расцутениот феудализам XI -

[113] Наставните теми во V одделение кои се предвидени се: Вовед: историјата како наука, периодизација на пет економско општествени формации. Хронологија, улога на масите и личности во историјата, историските извори -1 час; Првобитно општество - 5 часа; робовладетелско општество - источни народи, Египет, природни услови - 2 часа; Месопотамија - 1 час; Палестина - 1 час; Феникија - 1 час; Персија - 1 час; Индија - 1 час; Кина - 1 час; Стара Грција - 2 часа; Постанок на државата (полис) - 3 часа; Спарта - 2 часа; Атина - 2 часа, грчко персиски војни - 1 час; Атина во времето на расцутот - 1 час; Пелопонеската војна - 1 час; Грчка култура - 1 час; Македонија - 4 часа; најстарите жители во нашата земја и влијанието на грчката култура - 1 час; Историјата на Римската држава - 2 часа; Освојување на Македонија и Грција - 2 часа; Развиток на робовскиот труд и положбата на робовите - 2 часа; Пропаѓањето на републиката, Диктатурата на Цезар и др. - 3 часа; Царство: Принципатот, Октавијан Август, востанието на Илирите под Батон, Нерон, пораст на социјалното незадоволство - 2 часа; Времето на пропаѓањето - 2 часа; Нашата земја под Римската власт - 2 часа; Навлегувањето на разните варварски племиња, Хуни, Готи, и др. пропаѓањето на Западно-римската империја - 1 час; (Исто, стр. 27-29).

[114] Тука биле планирани следните содржини: Пропаст на западно-римската империја - 1 час; Варвари - 2 часа; источно-римската империја од IV-XI век - 3 часа; Бугарија - 1 час;

XV век(19 часа) [115]; Доцниот среден век (14 часа)[116]; Почеток на новото време (20часа).[117] Вкупно за реализација на наставните содржини биле планирани 75 часа[118].

Понатаму, според оваа наставна програма, наставните содржини од предметот историја во VII одделение, било предвидено да се обработуваат со неделен фонд од по 2 часа. Притоа биле предвидени следните наставни теми:

1. Револуцинерните движења во Европа 1848-1849 година[119];

2. Европските земји и САД во 50-те и 60-те години[120]; 3. Големите светски сили од 1870-1914 година[121];

---

формирање на првите југодлов. држави - 2 часа; Арапскиот халифат - 2 часа; Франска држава - 2 часа; Нормани - 1 час, Западни Словени - 2 часа, Киевска Русија - 1 час, Царство и Папство - 2 часа; култура во раниот Среден век - 2 часа.

115 Тука спаѓаат содржините: Постанок и развиток на градовите - 1 час; крстоносни војни - 2 часа; Франција и Англија од XI-XV век - 2 часа; Испанија од XI-XV век - 1 час; формирањето на руската држава - 1 час; Германија од XII-XV век - 1 час; Скандинавските земји од XI-XV век - 1 час; Чешка од XI-XV век - 1 час; Полска од X-XV век - 1 час; Италија од XIII-XV век - 1 час; Византија од XIII, XIV и XV век - 1 час; Бугарија од XII-XV век - 1 час; Немањиќка држава - 1 час; Турција до XV век - 1 час; Унгарија до XV век - 1 час; културата на Европа од XII-XV век - 2 часа.

116 Во Доцниот среден век се изучувало: Големите географски откритија - 2 часа, Реформацијата и селските војни во Германија - 2 часа, Апсолутна монархија, Франција од XVI до средината на XVII век - 1 час, Англија во XVI век и почетокот на XVII век, Нидерландската револуција - 2 часа, Русија и Полска во XVI и во првата половна на XVII век - 2 часа, Триесетгодишната војна - 1 час, Турција во XVI век и првата половина на XVII век - 1 час, Техника, наука и уметност во XVI и првата половина на XVIII век - 2 часа.

117 Тука следеле: Англиската Револуција - 2 часа, Германија во XVII-XVIII век - 1 час, Русија и Полска во XVII и XVIII век - 2 часа, Франција во втора половина на XVII и XVIII век - 1 час, Војна за независност и создавање на САД - 1 час, Француската револуција - 4 часа, Франција во времето на директориумот, конзулството и царството - 2 часа, Виенскиот конгрес и Светата Алијанса - 1 час, Франција од 1815-1848 година - 2 часа, утопистички социјализам - 1 час, Англија од 1815-1848 година 1 час, Германскиот сојуз од 1815-1848 година - 1 час, Русија од 1815-1848 година.

118 Исто, стр. 30-39.

119 Во оваа наставна тема се планирани следните наставните содржини: Карл Маркс и Фридрих Енгелс, Февруарската револуција во Франција (2), Револуција во Германија, Австрија и Италија - 3 часа.

120 Тука влегувале: Источно прашање и кримската војна - 1 час, Англија - 1 час, Соединетите Американски Држави - 1 час, II царство во Франција - 1 час, Обединување на Италија - 1 час, Обединување на Германија - 1 час, Првата интернационала- 2 часа, Русија - 1 час.

121 Во ова тема се планирани: Француско-пруската војна и Париската комуна - 2 часа, Германска империја - 1 час, Англија - 2 часа, Франција - 1 час, Австро-Унгарија - 2 часа,

4. Првата светска војна и Големата Октомвриска револуција[122];

Наставни содржини по историја за VIII одделение, распоредени како и во претходните одделенија по наставни теми и наставни содржини (единици) според оваа наставна програма, се планирало да се реализираат со по 3 часа неделно. Тука се планирани 9 наставни теми во кои се обработува историјата на јужнословенските народи почнувајќи од наставната тема: "Старите Словени" и завршува со Народноослободителната борба и Народната револуција на југословенските народи и создавање на ФНРЈ.

Вкупно за реализација на оваа наставна програма се предвидени 74 наставни часа за обработка, а предвидените наставни теми се следните: 1. Старите Словени и нивното преселување на Балканскиот Полуостров - 3 часа;

2. Првите држави на јужнословенските народи (раниот феудализам) - 10 часа;

3. Развиениот феудализам во јужнословенските држави (XII -XIV век) - 7 часа;

4. Слабеење на јужнословенските држави и нивното паѓање под турската власт - 6 часа;

5. Животот на нашите народи под туѓинска власт - 9 часа;

6. Борбата на српскиот народ за национално ослободување - 1804-1830 година - 3 часа;

7. Србија и Црна Гора во борба за извојување на државна независност и изградба на државата. Народна преродба на Македонците, Хрватите и

Италија - 1 час, Русија - 3 часа, Бугарија и 1 час, САД - 1 час, Јапонија - 1 час, Втората Интернационала - 2 часа, Меѓународните односи на големите сили - 1871-1914 година - 2 часа, Империјализмот - 3 часа.

122 Тука спаѓале: Првата светска војна - 2 часа, Големата октомвриска револуција - 3 часа, Капиталистичките земји и Советскиот Сојуз 1919-1939 година - 2 часа, Капиталистичките земји по Првата светска војна - 2 часа, Втора светска војна - 2 часа, Меѓународните односи по Втората светска војна - 1 час. Од прегледот на фондот на часовите се констатира дека за обработка се предвидени 46 часа.

Словенците револуцинерната 1848 година - 8 часа.

8. Борби за уставни права и граѓанска демократија, положбата на Хрватите, Словенците и Србите во Австро-унгарската монархија. Револуционерно-национално-ослободителното движење на македонскиот народ. Ширење на социјалистички идеи и развиток на работничко движење. Версајска Југославија - 16 часа.

9. Народноослободителната борба и Народната револуција на југословенските народи и создавање на ФНРЈ - 10 часа.[123]

На крајот од оваа наставна програма, дадени се методски упатства за изведување на наставата по историја. Особено значење му се придава на наставникот "Нему треба да му е јасна целта на историската настава ... треба длабоко да се проникне од материјалистичкото сфаќање на историјата, како и да биде во состојба правилно да се применува дијалектичкиот метод во изложувањето на историскиот материјал".[124]

## 4.6. Наставна програма по историја од 1957 година

Наставниот план и програма по предметот историја од 1957 година во однос на предходниот (од 1952 година) се разликува, особено во осумгодишните народни училишта и тоа од V-VIII одделение.

При изработката на овој наставен план, констатирано е дека, претходниот, од 1952 година имал низа недостатоци. Во воведот на наставниот план и програма од 1957 година за ова прашање е изнесено: "Ова најмногу (се мисли на недостатоците, б.н.) било поради тоа што програмите за горните одделенија всушност беа програми за нижите гимназии, односно за нижите класови од полните гимназии, а освен тоа се пренатоварени и со некои непотребни и тешки материјали, што немаат голема вредност за нашата социјалистичка практика и што не одговараат на психофизичките

---

[123] Исто, стр. 46-58.

[124] Наставен програм по историја, Скопје, 1952, стр. 59.

можности на просечен ученик што треба, во крајна линија, да ја заврши осумгодишната елементарна школа".[125]

Од тука се гледа дека програмата е растоварена во поглед на бројноста на содржините, со тенденција во извесна смисла да се доближи до реформираното осумгодишно училиште. Меѓутоа, бидејќи сѐуште во овој период во Република Македонија имаше голем број четиригодишни основни училишта, и голем број ученици кои по завршувањето на четвртото одделение не продолжуваат со школувањето било нужно, во таквите училишта, на учениците од завршните одделенија наставниот материјал да им се предаде во извесна завршна форма, сообразно со нивните потреби во практичниот живот.

Според оваа наставна програма, предметот историја е застапен од IV до VIII одделение и тоа: IV-одделение - 3 часа седмично, V одделение-2 часа, VI-одделение 2 часа; VII-одделение - 2 часа и VIII-одделение, 3 часа.[126]

Задачите на наставата по историја според оваа програма за IV-то одделение не се разликуваат од оние во програмата од 1952 година.[127] Меѓутоа, во програмата за горните одделенија (од V-VIII) наместо задачи како структурна компонента, е изнесена целта на оваа настава. Во поставената цел се бара преку реализацијата на програмата ученикот: да може да го покаже нивото на општеството во неговиот развиток, да ги открие неговите противречности и да го истакне развитокот на класите и класните борби; да се развие способност кај учениците за откривање на причините за појава на разните општествени и политички појави; да формира кај учениците марксистичко гледање на светот; правилно да се проценува прогресивната улога на борбата на угнетените маси и развивање

[125] Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Просветно дело, Скпје, 1957, стр. 7.

[126] Види табела бр. 1)

[127] Наставниот план , програма за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, Скопје, 1952 година, стр. 18; наставни планови и програми за основни осумгодишни училишта, Скопје, 1957 год. стр. 53.

на симпатии кон нивната борба како и чувство на омраза кон сите угнетители и народни непријатели; развивање кај учениците интерес кон борбата за југословенските народи; дека работничката класа е наследник на сите прогресивни борби во минатото на нашите народи и дека братството и единството на нашите народи е исковано низ тешките борби на работничката класа и трудбениците на Југославија против сопствената буржуазија и странските завојувачи; да ја истакне раководната улога на КПЈ како авангарда и организатор на трудбениците од Југославија и особено нејзиното херојство во време на НОБ; решителниот став на КПЈ со борба против Информбирото за зачувување независност на земјата и светското историско значење на применувањето на новите форми во управувањето со стопанството; развивање кај учениците социјалистички патриотизам и гордост за нивната припадност кон својот народ, раководен од КП и другарот Тито; да развие кај учениците љубов кон самопрегорна работа за победата на социјализмот кај нас и решеност да ја бранат својата социјалистичка татковина.

### 4.6.1. Наставни содржини во програмата до 1957

Содржините во оваа наставна програма следат веднаш по општите задачи. Тие се дадени по одделенија, а во рамките на одделението се систематизирани по теми или наставни подрачја. Во оваа наставна програма не е предвиден бројот на часови за нов материјал, туку е оставено самите наставници да вршат распределување.

При правењето споредба на наставните содржини, веднаш паѓа во очи скратениот обем на содржините за IV - одделение во однос на програмата од 1952 година. Така на пример, првата наставна тема: "Како живееле луѓето во најстаро време" е предвидена во една наставна содржина додека во она од 1952 година во неколку, а темата "Јужните Словени под туѓинска власт" во наставната програма од 1957 година воопшто не е спомната. Исто така, комплетно е изоставена темата: "Нашите народи од 1918-1941 година", а е

предвидена само темата: "1941 година и востанија на народите на Југославија" и тоа само една наставна содржина. Притоа, од општата светска историја по одредени историски периоди нема предвидено ниту една наставна содржина.

Редуцирањето на содржините во наставната програма по предметот историја во IV одделение е направено со цел да се добие извесен редослед и континуираност помеѓу материјалот што се учи во горните и долните одделенија. Бидејќи во ова време има и повеќе четиригодишни училишта, а имало ученици кои не го продолжувале школувањето, материјалот се изложувал во завршна фаза.[128]

Ако ги погледнеме наставните содржини од V одделение, ќе забележиме, на пример дека во наставната програма од 1952 година, за наставната тема "Првобитното општество" беа планирани 9 часа, додека пак во програмата од 1957 г. се планирани многу помалку часови и тоа во обопштена форма. Тука содржините почнуваат од темата: "Како живеле луѓето во најстаро време" и завршуваат со темата: "Навлегување на Варварите - пропаст на робовладетелското општество". Во темата најстарите источни држави се предвидени наставните содржини "Живеењето во Египет", Феничаните, но не и Месопотанија и Индија, како што може да се види во програмата од 1952 година.

Старите држави во Грција не се предвидени како посебни наставни содржини туку општо, животот на грчките државички, колонизацијата, трговијата, општествените прилики, вера, култура и др. Дури ни Атина и Спарта не се предвидуваат како посебни наставни содржини, туку нивните особености се изучуваат преку Пелопонеската војна и меѓусебната борба за превласт.

Македонија е предвидена со една наставна содржина и тоа за времето на Филип и Александар, додека во програмата од 1952 година, истата беше предвидена со 5 часа во многу поширок обем.

---

[128] Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Скопје, 1957 година, стр. 8. Наставните содржини во V одделение, исто така се предвидени во редуцирана форма.

Римската робовладетелска држава е предвидена, исто така, во многу редуцирана форма. Изучувањето на римската држава почнува со наставната содржина: "Римјаните, освојувачи на светот" за да продолжи со содржините за борбата помеѓу патрициите и плебејците и нејзиниот исход, како Римјаните постанале господари на Средоземно Море, работата на робовите и пропаѓањето на селаните, востанието на Спартак, промени во управувањето на римската држава - цареви, пропаѓање на Републиката и настанувањето на империјата, христијанството - религија на робовоите, навлегување на варварите - пропаст на робовладетелското општество.[129]

И наставната програма за VI одделение е доста редуцирана во однос на содржините. Истата, почнува со Старите Словени, нивното доаѓање на Балканскиот Полуостров и продолжува со македонските Словени и Византија по нивното доселување и односот кон староседелците, формирањето на племенски сојузи во Македонија, опсадата на Солун, првите македонски кнезови, потпаѓање на македонските Словени под византиската и бугарската власт и Кирил и Методиј и нивните ученици.

Настанувањето на феудалното општество и живеењето на селаните и феудалците во Западна Европа во раниот феудализам (IX-XII) е предвидено во една наставна содржина како и основањето на јужнословенските држави што не е случај во програмата од 1952 година каде се предвидени 5 часа за предавање.

За Македонија за овој период се предвидени следните наставни содржини: "Создавање на првата држава на македонските Словени", "Појавата на ширењето на богомилството", "Цар Самоил", "Потпаѓање на Македонија под византиската власт", и "Востанието на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех".

За периодот на развиениот феудализам (XII-XIV) се предвидени најзначајните моменти во ова време кај Јужните Словени и тоа: Рашка,

[129] Наставен план и програма...1957 година, стр. 54; Наставен програм по историја за вишите одделенија на основните одделенија и гимназија, 1952, стр. 5-8.

Босна и Хрватска. Како пример на приморските држави земен е Дубровник.

Слабеењето на јужнословенските држави и нивното паѓање под турска власт почнува со темата: "Потпаѓање на Македонија под турска власт, со Маричката битка и Крали Марко". Понатаму оваа наставна тема продолжува со наставните содржини за паѓањето на Српското деспотството под турска власт, а во тие рамки требало да се спомнува и за Босна и Херцеговина. Исто така, предвидени се за обработка. Зета и Хрватска под турска власт како и Словенците под власта на Хабзбурзите.[130]

Содржините во наставната програма по историја за VII одделение, како и за другите претходни одделенија се редуцирани во споредба со програмата од 1952 година.

Во програмата од 1957 година и редоследот на наставите содржини не одговара на оној дел од програмата од 1952 година за VII одделение туку одговара на она каде се предвидени за III клас гимназија и VII одделение.[131]

Содржините за ова одделение почнуваат со "Нови технички изуми и откривање на нови земји" додека во она од 1952 година истата не се спомнува.[132] Обратно, одредени наставни теми предвидени во програмата од 1952 година, во оваа програма не се спомнуваат[133]. Така, револуционерната 1848 година во Европа, во наставната програма од 1957 год. е предвидена само во врска со народите на територијата на Југославија.[134]

Поголем дел од наставните содржини опфаќа темата: "Нашите народи под туѓа власт" каде се предвидени наставните содржини за Македонија и тоа

---

[130] Исто, стр. 5; и стр. 9-14.

[131] Наставна програма ... 1957 год, стр. 55-56; Наставна програма ... 1952 год. стр. 15-19, 39-45.

[132] Исто: стр. 55; 39.

[133] Такви теми се: "Револуционерните движења во Европа 1848-1849 год; "Европските земји и САД во 50-те и 60-те години"; "Големите светски сили од 1870-1914 год.; "Првата Светска војна и Големата Октомвриска револуција", "Капиталистичките земји и Советскиот сојуз - 1919-1939 год. (Наставен програм по Историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Скопје, 19542, стр. 39-45).

[134] Исто, стр. 56.

ајдутството и востанијата против турската власт, борбата на црногорскиот народ за опстанок, Прво и Второ српско востание, Востанието на Матија Губец. Понатаму за Македонија се предвидени и содржините: народната преродба кај Македонците; Јакнењето на градовите; Развитокот на занаетчиството и трговијата; Востанијата во Његуш и Воденско; Употребата на народниот јазик во црковната книжевност од Јоаким Крчовски и К. Пејчиновиќ; Првата печатница во Солун; Отворање на општински училишта во Македонија и воведување на народен јазик во наставата.

Од општата историја се предвидени: Хуманизам и ренесанса, Реформацијата, Француската буржуаска Револуција, но сите овие содржини се предвидени да се учат во врска со влијанието кај народите на Југославија.[135]

Наставните содржини за VIII одделение, се земени, исто така, во редуцирана форма, од наставната програма од 1952 година, во оној дел каде се предвидени за IV клас гимназија и VIII одделение.[136]

Содржините за VIII почнуваат со наставната содржина "Париска комуна" за потоа да продолжат со содржините за јакнењето на работничката класа и нејзиното здружување. Тука се изучуваат и наставните содржини: "Босанско-Херцеговското, Априлското и Разловачкото востание и ослободителните војни од 1876-78 година со Сан-Стефанскиот мир и Берлинскиот Конгрес.[137]

Во оваа наставна програма, дел од наставните содржини се повторуваат односно се предвидени во претходните одделенија. Така на пр. Илинденското востание, Балканските војни, Првата светска војна како и "Почеток на НОБ против окупаторот и домашните издајници".[138]

---

[135] Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Просветно дело, Скопје, 1957 год. стр. 55-56.

[136] Наставен програм по историја за вишите одделенија на основните осумгодишни училишта и за гимназиите, Скопје, 1957 година, стр. 22-26 и Наставни планови и програми за основни осумгодишни училишта, Скопје, 1957, стр. 56-59.

[137] Исто, стр. 56.

[138] Овие наставни содржини се предвидени во IV одделение, види: Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Скопје, 1957, стр. 543-54; 56-57.

Поголемиот дел од наставните содржини се за Југославија меѓу двете светски војни при што се опфатени содржините од постанокот на "стара" (кралска) Југославија па сè до пристапувањето кон Тројниот пакт на 27 март 1941 година.[139]

Втората светска војна е предвидена со краток приказ со настаните кои претходеле на оваа војна, односно инвазиите на Абисинија, Албанија, Австрија и Чехословачка.

Втората светска војна во југословенските простори е дадена да се изучува низ неколку наставни содржини и тоа: "Напад на фашистите на Југославија", "Почеток на НОБ против окупаторот и домашните издајници"; "Војничко и политичко јакнење на НОБ и удирање темели на идната заедница".

Од повоениот период се предвидени следните наставни содржини: "Како работниот народ собран во Народниот фронт учествуваше во обновата на земјата" и "Развој на комуналниот систем и општественото управување во земјата".

И во оваа програма, не ѝ недостасува стручното и дидактичко-методското упатство за наставниците, како нејзин составен дел кој бил во функција за целосно и успешно совладување на наставната програма. Упатствата се дадени на крајот, во вид на забелешки, каде, меѓу другото, стои дека наставниот материјал е даден хронолошки во скратена форма од претходните програми. "Наставниот материјал по историја од V-VIII одделение е распореден хронолошки, како и досега ... историските настани не се дадени така опширно како што е тоа во старата програма.[140] Заради преоптовареноста на програмата од 1952, во оваа од 1957 се избрани поважните содржини од наставниот материјал за учениците преку клучните настани да се запознаат со одреден историски период. На тој начин се

[139] Исто, стр. 57.

[140] Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Просветно дело, Скопје, 1957, стр. 57.

мислело учениците да бидат ослободени од механичкото и вербалното помнење на големиот број настани, имиња, историски дати и сл.[141]

Итересно е тоа што во оваа програма, одредени наставни содржини се дадени во вид на прашања. Така, на наставниците им се укажува на патот и методот на обработката на наставниот материјал. На пример, наместо "Робовладетелско општество", "Феудално општество" и сл. поставено е прашањето: "Како живееле луѓето во најстаро време". Ова е направено со цел материјалот на учениците да не им биде тежок и неинтересен. Вака дадениот материјал предизвикувал интелектуална љубопитност кај учениците, ги мотивирал на учење и ги ставал пред проблемска ситуација.

Од изнесеното во овој дел од програмата, се гледа дека наставникот се упатува и кон методите што треба да ги употребува на пр. монолошка, диолошката, текст метода, демонстративна и сл. како и наставни средства - "... системски да се користат историски слики, историски четива, народни песни и сл.".[142]

## 4.7. Наставни планови и програми во одделенската и предметната настава во основното образование од 1959 година

Врз основа на начелните одредби на Општиот закон за школство, како и посебните услови и прилики на школството во НР Македонија, Народното собрание во 1959 година усвои Закон за основното училиште. Овој Закон заедно со концепцијата за реформираното основно училиште, изложена во елаборатот "Основна школа", послужи како појдовна основа за изработување на нови наставни планови и програми за основните училишта во НР Македонија.[143]

---

[141] Исто, стр. 57.

[142] Исто, стр. 58.

[143] Завод за унапредување на школството на СР Македонија, Билтен бр. 2-3, Скопје, 1964, стр. 2.

Раководејќи се од принципот дека наставната програма треба да има ориентационен и рамковен карактер, Заводот за унапредување на школството на НР Македонија во 1959 година состави нацрт наставен план и програма за основните училишта во НРМ.

Изработката на наставните програми се изврши во две етапи и тоа: за првата етапа беше изработена наставна програма за основните училишта од I-V одделение, а во втората од VI-VIII одделение додека наставниот план беше изработен наеднаш.

Овие настави планови и програми се усвоени и одобрени од Советот за просвета на НРМ на седницата од 29. IV 1959 година за првата етапа за основните училишта од I-V одделение,[144] додека на 21. III 1960 година усвоени се наставните програми од VI - VIII одделение.[145]

### 4.7.1.Наставата по историја преку предметите ЗПО и ЗО во одделенската настава - 1959 год.

Предметот *Запознавање на природата и општеството* кој се јавува во првата фаза на школувањето не е изолиран, туку е тесно поврзан со изучувањето на другите предмети кои се јавуваат во текот на школувањето или паралелно со нив.

Овој предмет се јавува во првата фаза на школувањето и се учи од I-III одделение, како посебна наставна област. Запознавањето на природата и општеството хоризонтално тесно е поврзано со другите наставни предмети, а вертикално на оваа наставна област се потпираат Запознавањето на природата од IV-V одделение и Запознавањето на општествот во IV и V одделение, додека втората фаза (VI-VIII одделение) се јавуваат како посебни

---

[144] Наставни планови и програми за основните училишта во НРМ за I-V одделение, Просветно дело, Скопје, 1959.

[145] Наставни планови и програми за основните училишта во НР Македонија, Просветно дело, Скопје, 1960.

предмети, Биологија, односно Историја (која како посебен предмет е застапена со по 2 часа неделно.).

Наставата по Запознавање на природата и општеството во првата фаза (I-III одделение) по овој наставен план и програм предвидено е да се изучува со по 4 часа седмично.[146]

Оваа програма, по обем и содржина е значително постеснета од поранешната, таа е ослободена од прекубројни факти, а на наставникот му е овозможено со одредениот фонд часови успешно да ја реализира.

Во почетните одделенија, низ наставата по предметот Запознавање на природата и општеството, учениците постапно се воведуваат во наставата по историја, а од VI одделение се воведува елементарна настава т.е. почеток на систематско изучување на Историјата. Историјата не може успешно да се предава без тој период на воведување на наставата во текот на кој детето ќе се оспособи да го сфаќа реално минатото, како и сите промени кои времето ги донело, а нему му се блиски и познати.

При воведувањето на учениците во историското минато, треба да се оди постапно од "блиското кон подалечното", од "познатото кон непознатото" и од "полесното кон потешкото". А она што на детето му е блиското во прв ред, е семејството кое го окружува и неговото место.

За учениците од I-III одделение, наставната материја со поизразен историски карактер се земала во предвид, главно, од III одделение. Содржината на текстовите се базира на историски материјал кој го дава блиската околија каде живеат. Текстовите се прикажуваат сликовито, кусо по содржина во вид на приказни така што кај учениците од оваа возраст побудуваат интерес за минатото.

Главната цел на овој период од воведувањето во историјата се состои во тоа детето да се привикне на таа мисла дека некогашните луѓе живееле поинаку од денес и дека денес луѓето во разни подрачја на светот живеат

---

[146] Наставни планови и програми за основните училишта, Просветно дело, Скопје, 1959 (I-III одд.)

многу поразличен живот од нашиот, а таква разлика се забележува и во минатото. Овде има обилен материјал, мошне интересен за првите часови по историја, кој зборува за развитокот на елементите на општествениот живот кој се збивал во минатото.[147]

Темите кои овозможуваат децата да се воведат во историјата се неисцрпни, а наставникот во текот на годината треба сам за себе многу совесно да состави листа на содржини и теми кои ги смета за полесни.

Во овој период наставникот се упатува да се држи за избрана хронологија при што се земаат само годините на најважните историски настани. Користењето на хронолошките табели не се препорачува бидејќи со нив би се оптеретувале учениците со датуми. Покрај датумите, исто така, се смета за потребно да се внимава на соопштувањето на останатата фактографија - имиња, термини итн. Се бара да се соопштуваат само поважните имиња, да се испишуваат на табла и да се обрне најголемо внимание на изговорот на имињата.

Иако главна цел на секое воведување на наставата е предизвикување на интерес, сепак наставникот не треба да води само сметка за желбите кои децата ги покажуваат за приказните со необични доживувања. Кај учениците треба да се побуди почит за напорите и искушенијата низ кои минале луѓето но и да се развива омраза спрема војните и сите несреќи кои ги носат, да се настојува учениците да сфатат дека напредокот на човечкото општество е дело на безброј генерации кои потекнуваат од разни делови на светот итн.[148]

---

[147] Има безброј интересни теми кои побудуваат интерес кај децата, на пример, прехрана, облека, живеалиштe и други згради, грнчарство, орудија, патувања и сообраќајни средства, постанок и развиток на писмото, за огнот и неговата употреба и др. (Преглед на теми, "Историски преглед", бр. 3, 1957, стр. 188 и 189).

[148] Како илустрација би навел некои теми, како на пример: "Семејството и родното место". Оваа тема дава можност децата сами да преземаат едноставни активни истражувања за своето непосредно минато. "Најдалечното минато - првобитното општество", претставува извонредна материја за воведување на учениците во Историјата. Биографиите и епизодите од животот на големите луѓе претставуваат интерес за децата, особено ако се раскажува на различни личности кои живееле во разни времиња и извршиле значајни дела.

Во текот на воведувањето во Историјата, наставникот, пред се, треба постојано да внимава да биде едноставен, јасен. Меѓутоа, во наставата со деца од оваа возраст е дозволено извесно ппоедноставување на термините како што се: држава, уметност, политика, наука, работничко движење и др.

Детето помеѓу 11 и 12 години нагло се развива, станува поживо и повеќе се интересира, неговите креативни способноси се побогати и полесно се изразува. Преминот кон систематско изучување на историјата, не смее да биде твдо, наставникот треба секогаш и пред сé да ја прилагодува својата настава на потребите и возраста на учениците. Накусо речено, изборот од содржини и самиот дух на настава треба да овозможат детето да сфати дека, цивилизацијата на која и припаѓа е резултат на заеднички напори на разни народи во различни периоди и дека историјата на која и да е нација има смисла само тогаш ако ние знаеме во неа да видиме сé што таа должи со прилози на други народи. Ако не се нагласат големите културни долгови, децата се изложуваат на опасност да пораснат со уверение дека нивната земја немала со другите земји никакви допири освен во војните.

Основен принцип при излагањето на историјата е вистинско и објективно прикажување на настаните. Секаква хипотетичност може да го поколеба детското уверување за вистината треба да се отфрли. Вистината мора да хармонира со критичко искажување. Постапките и делата на историските личности треба да се прикажуваат објективно, да не се преценуваат, ниту потценуваат, на секоја личност да се даде она место кое по заслуга и припаѓа.

Наставникот во овој период треба да ползува обилно во наставата нагледни средства, илустрации, карти, бројни историски предмети. Не треба да се генерализира кога се работи за методи. Секој наставник е слободен во изборот на наставната метода и треба да врши обиди за кои смета дека се добри и да употребува што повеќе и што поразлични наставни методи.

На децата од оваа возраст потполно одговара да собираат написи од дневниот печат, различни цртежи и др.

Се препорачува на наставниците за унапредување на наставата во што поголема можна мера да ги ползуваат материјалите кои ги даваат локалните музеи, архиви и библиотеки.

### 4.7.2. Застапеноста на предметот историја преку предметот ЗПО во IV и V одделение во наставната програма од 1959 год.

Запознавањето на општеството како посебна наставна област според наставниот план и програма од 1959 година во основното образование во НРМ се изучувал во IV и V одделение со по 3 часа седмично.[149]

Задачите на наставата по овој предмет биле следните:

- на учениците да им се дадат основни знаења за татковината, за животот и работата на нејзините луѓе и народите на ФНРЈ;

- да ги запознае со основните моменти од борбата што ја воделе југословенските народи за својата независност, за остварувањето на братството и единството и за изградбата на социјалистичката татковина;

- преку карактеристични примери да ги запознае учениците со тоа како луѓето некогаш живееле и каков пат минале до современото општество;

- да ги воведе учениците во разбирање на зависноста меѓу природната средина и луѓето што живеат во неа;

- на учениците да им даде први основи за развивање на свеста за развитокот и напредокот на човештвото, да можат подоцна подлабоко да ја сфатат незадржливоста на прогресивното движење на општеството и да изградат вера во човекот и сознание за неговата постојана борба за подобар и поубав живот;

- да ги упатува учениците да сфатат како народите и земјите живеат поврзано и како достигнувањата на цивилизацијата се заеднички плод на сите народи и сите земји и

---

[149] Наставни планови и програми за основните училишта во НР Македонија, Просветно Дело, 1959 год. стр. 12-13.

- да ги упатува да ги учат вредностите на природните богатства и потребата за нивното правилно искористување во подигањето на стопанскиот и општествениот живот воопшто.[150]

Во единствената линија на општествената група предмети во основното образование по оваа наставна програма, оваа наставна област тесно е поврзана со почетната фаза на школувањето (I-III одд.), каде се изучува запознавање на природата и општеството и со последната фаза на школувањето (VI-VIII одд.) каде ова подрачје се разгранува на посебни наставни предмети: историја, географија и основи на социјалистичкиот морал.

Програмата по овој предмет за IV и V одделение чини една целина. Содржината ја чинат елементи од општественото, историското, географското и стопанското подрачје, а дадена е во 12 теми кои претставуваат логичен ред на причински поврзани делови во секоја тема. Сите тие заедно чинат една целост која дава можност за запознавање на учениците со основите на нашиот современ општествен живот.

Во процесот на изведувањето на наставата од оваа област се појавиле проблеми кои главно произлегувале од неподготвеноста на наставниот кадар по овој предмет. Така, во еден извештај од 1964 година се вели: "Во изминатиот период наставничкиот кадар доста бавно се ослободува од влијанието на старите наставни програми".[151] Во првата фаза наставниците тешко се ослободуваа од стварната настава по историја во IV и V одделение какви што биле дадени во старата програма.[152]

Во реализацијата на програмата по овој предмет се појавува и еден друг проблем, имено ако наставникот е географичар тој повеќе на наставните содржини им дава акцент на географијата, додека ако е

150 Исто, стр. 97.

151 Билтен бр. 2-3, Скопје, 1964, стр. 89, Завод за унапредување на школство.

152 Наставен план за основните осумгодишни училишта, Просветно Дело, Скопје, 1957. По оваа програма предметот историја беше застапен со по 3 за IV одделение и 2 часа за V одделение седмично.

историчар тој дава акцент на историја, детално задржувајќи се на историските елементи, запоставувајќи ги географските елементи.

Во IV одделение каде предаваат учители, се избегнува едностраното толкување, но тука се избегнува симултаната обработка на наставната материја. Наместо да се обработуваат карактеристиките на местото, наставниците ги оптоваруват учениците со голем број имиња на планини и др.

Друг проблем, кој се појавува при применување на наставните содржини е неповрзаноста на епизодите со другите содржини и со основната идеја на темата кои не служеле доволно за разбирање на современите односи во општеството.

Определувањето и обемот на длабочината на наставниот материјал по овој предмет претставува, исто така, проблем во применувањето на програмата. Оваа појава е карактеристична за некои наставници со вишо и високо образование. На сметка на историските, тука е присутно површно изучување на географските подрачја со извесни елементи за стопанството во даденото подрачје.

Почетните години во примената на програмата по овој предмет се карактеристични со тоа што наставата се изведуваше без учебници. Така, дел од наставниците постојано инсистираа на изготвување потребни учебници, нагласувајќи дека со решавањето проблемот на учебниците ќе се реши и проблемот за обемот и длабочината на наставните содржини и дека учебниците ќе придонесуват наставниците полесно да ја разберат и усвојат концепцијата на програмата, наставната програма при реализирањето на програмата и на некои слабости. Забелешките од страна на наставниците произлегуваа, во прв ред, од недоволно сфатената концепција на програмата, а некои заслужуваат внимание.

Поголемиот дел од наставниците сметале дека:

- формулациите во одделни теми се преопшти и во таа смисла барале програмата да се конкретизира;

- постои преоптоварување на учениците особено со програмата за IV одделение.
- се појавува непотребното повторување на некои наставни содржини со запознавањето на природата и општеството и запознавање на општеството како што се: "Наводнување и одводнување", "Развитокот на средствата за обработка на земјата" и др.

Покрај овие забелешки од страна на наставниците, имало и предлози во IV одделение да се иземат историските елементи и тие хронолошки да се учат во V одделение[153].

Анализирајќи ја програмата на предметот запознавање на општеството се доаѓа до заклучок дека овој предмет содржи многу силни идејни компоненти кои придонесуваат да се формира личноста на ученикот, неговиот поглед на свет, неговите етички квалитети. Наставникот треба секогаш да настојува по природен пат да изградува и воспитува етички вредна млада личност на нашето социјалистичко општество.[154]

### 4.8. Наставата по историја во VI, VII, VIII одделение во наставната програма од 1960 година

Наставата по Историја за VI, VII и VIII одделение се реализирала според наставните планови и програми за основните училишта во НР Македонија, изработени врз база на рамките на наставната програма донесена од Просветниот совет на Југославија.[155]

Програмата од 1960 година, по обем и содржина е значително покуса од поранешната. Таа е ослободена од многу факти и детали кои ја оптоваруваде наставата, а предметот е застапен со по 2 часа неделно.

---

[153] Така, на пример, се предлага иземање на темата "Качувањето на Монт Блан" и "Монт Еверест", а во темата "Сообраќајот во служба на човекот" да се внесе повеќе материјал од областа на сообраќајното воспитување и др.

[154] Наставни планови, Просветно Дело, Скопје, 1959, стр. 108.

[155] Билтен бр. 1, 1960, стр. 8.

Програмата за VI одделение ги опфаќа следните содржини: првобитно општество; робовладетелско општество - стар исток, Грција и Рим; постанок на феудалното општество на примерот на Франачка; првите држави кај Јужните Словени (ран феудализам); за "нашите" средновековни држави и нивното потпаѓање под туѓинска власт. Содржините на програмата биле така избрани и презентирани, што овозможувале учениците да го сфатат развитокот на производните сили и промените кои станале во општеството со тој развиток. Во првобитното општество учениците требало да ја сфатат улогата на трудот во развитокот на човекот. Во развитокот на робовладетелското општество дадени се најважни содржини од Историјата на Стариот Исток, Грција и Рим. Наставникот треба да го објасни прогресот на антиката во споредба со првобитното општество, масовната примена на робовите во производството, положбата на робовите и нивните востанија, појавата на државата како израз на класна присила. Всушност, во наставата по Историја во VI одделение, учениците требало да ги сфатат промите кои настанувале во споменатите општествено-економски формации и битните причини за тие промени.

Со програмата во VII одделение се изучувале содржините: Развиток на градовите и мануфактурата; Техничките и географски откритија; Хуманизмот и ренесансата; селското востание во XV - XVI век; Животот на нашите народи, под туѓинската власт; Форми на отпор; Француска буржуаска револуција; Борбите на српскиот народ за своите ослободувања; Национално и културно будење кај "нашите" народи; Револуцијата 1848 во Европа и во југословенските земји; Развиток на работничкото движење - Маркс-Енгелс и нивната дејност; Борбите на "нашите народи" за своето ослободување во 19 век; Балкански војни.

За разбирање на феудализмот и неговото прогресивно значење во однос на робовладетелското општество, дадени се најважни содржини од општата и националната историја. При обработката на оваа епоха се настојувало учениците да ги сфатат неизбежните судрувања помеѓу

феудалците и кметовите во првата фаза од развитокот на ова општество, а во втората фаза се придружува и антагонизмот помеѓу феудалците и градовите како причина за зголемената експлоатација, а во врска со развитокот на стоково-паричните односи. Особено внимание се посветувало на обработката на положбата на селаните и селските востанија.

Основните карактеристики на новото време биле дадени преку изучување на содржините од општата историја, поради тоа што во тоа време во развитокот на југословенските народи кои подпаднале под власта на туѓинците се јавувало извесно заостанување.

Од историјата на југословенските народи, по оваа програма предвидени се борбите на српскиот народ за слобода, Црна Гора и народните преродби во Словенија, Хрватска и Македонија, како клучни партии за разбирање на историјата од овие народи во првата половина на XIX век.

Програмата во VIII одделение ги содржи наставните теми: Работничкото движење во втората половина на XIX век; Колонијална политика на големите сили и нивните спротивности; Прва светска војна; Создавање на СХС; Југославија од 1918-1941 година; Втората светска војна; "Борбата на нашите народи под водството на КПЈ за свое ослободување"; Повоен развиток на Социјалистичка Југославија.

При обработка на втората половина од XIX век и почетокот на XX век главно тежиште во излагањето се става на 1848 година; востанието во Босна и Херцеговина и на војните од 1876-1878 година; На појавата на работничката класа и создавањето на социјалдемократските организации.

При обработката на поновата историја на Југославија особено се истакнуваат моментите од заедничката борба и соработката на југословенските народи. Понатаму, според оваа програма особен акцент ѝ се дава на НОБ и изградбата на социјализмот. Се бара да се истакнува улогата на Тито и партијата во текот на НОБ. Оваа материја, покрај образовната цел, придонесува да се постигне и воспитната цел, а таа е љубов кон паднатите борци и омраза кон фашистичките окупатори и силна желба да се зачува нашата слобода и единството на народите во тогашна Југославија.

За второто полугодие предвидена е обработка на тогаш актуелни современи теми. Тоа е период во кој веќе се оформува Движењето на неврзаните во кое Јосип Броз Тито претендираше на едно од водечките места на ФНРЈ. Затоа воопшто не е зачудувачки фактот што се барало изучување на темите како: Денешната карта на светот; За колонијализмот и борбата на колонијалните народи за слобода; Постанок на новите држави во Азија и Африка; Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции; Меѓународна соработка и проблемите на коегзистенција; Борбата за мир во светот и улогата на ФНРЈ; Развиток на социјализмот по Втората светска војна; Нашите работнички совети и општествени органи на унапредување и тн.

Како што се гледа од досега изнесеното, програмата овозможувала, во основни црти, да се сфати развитокот на историјата и факторите што влијаеле врз тој развиток. Во програмата е посветено нужно внимание и на културната историја со цел учениците да ја сфатат културата како надградба на едно општество.

Во јуни 1960 година, Советот за просвета на НРМ ја усвои дополнителната наставна програма по Историја за малцинствата. Оваа програма е дополнета со извесни поважни моменти од националната историја на албанското, односно турското малцинство, со посебен осврт на оние настани што малцинствата ги сврзуваат со историјата на македонскиот народ.

Така на пример, кога се зборува за историјата на Рим и "нашите земји во римско време се додаваат содржините за "Старите жители на Балканскиот Полуостров (Илири и Трачани)". Понатаму, по востанијата во Македонија во XI век, се додава дел за албанско-словенските односи до XI век, додека пак по содржината која следи зад паѓањето на Цариград и јужнословенските држави под турска власт, се додава и за потпаѓање на Албанија под турската власт. Во поднасловот "Нашите народи под власта на туѓинците", по наставната материја за ајдуците и ускоците се додаваат содржини за отпорот на

Албанците против Турците и соработката со југословенските народи. По материјалот за босанско-херцеговско востание и Санстефанскиот мир, се додава изучувањето на Призренската лига и "Културно-просветен развиток на Албанците во втората половина на XIX век", а по Илинденското востание се додава и за учеството на малцинствата од Македонија во Илинденското востание. Онаму, пак, каде што е застапено изучувањето на развитокот на НОБ во Македонија, се внесува посебен пасос "Учеството на малцинствата од Македонија во НОБ и нивниот придонес во заедничката борба на народите на Југославија".

Заради следење на ефектите од примената на наставната програма по предметот Историја донесена во 1960 година, во учебната 1960/61 година е направена анкета во 35 основни училишта во однос на оваа наставната програма.[156] Во сумарните резултати на анкетата содржани се различни мислења. Така некои од анкетираните сметале дека треба да се зголеми фондот на неделните часови од 2 на 3 часови, а во содржините на програмата да се внесе изучувањето на историјата на Грција и Рим. Во однос на националната историја, биле присутни мислења дека националната историја треба уште од VI одделение да се обработува во поширок обем.

Во однос на хронолошката распределба на материјалот одредена по одделенија, некои бараде во VI одделение да се изучува материјата до Крстоносните војни, во VII одделение до 1848 година, а остатокот од материјата во VIII одделение.

При обработката на материјалот, извесен број наставници, наидувале на тешкотии во VI одделение при обработката на Римската историја, преминот на диктатурата на Цезар - Подем на империјата пред времето на Август, а во VII одделение потешко се снаоѓале при обработката на партиите на работничкото движење. Во однос на програмите за VII и VIII одделение од страна на поединци било изразено мислење дека и тие програми, во извесна мера, се оптоварени.

---

[156] Билтен бр. 5, Скопје, ноември 1961, стр. 112.

Меѓутоа, со оглед на нивната куса примена, во тој момент, навистина сѐуште било рано да се даде конечна оценка за нивната вредност. Што се однесува пак до фондот на часовите, тој е утврден со Републичкиот наставен план, односно од страна на Просветниот совет на Југославија на два часа неделно во VI, VII и VIII одделение.

Овие наставни програми, за разлика од поранешните, ја опфаќаат глобално материјата која треба да се обработи во секое одделение. Наставниците се поставени во положба сами да ја планираат својата работа, да ги одредуваат наставните единици и обемот на материјата за секоја наставна единица, како и при изборот на наставниот метод.

Следејќи ја реализацијата на програмата, еден од просветните советници по историја, во својот извештај (од 1961 год.), констататирал дека некои наставници при вршење распределба на материјата по часови во годишните распореди "не се во состојба да го одредат времето и обемот на материјата за одделни теми и содржини".[157]

Во методот на работа и средствата кои се применувале има извесно разнообразие, но и натаму преовладува монолошкиот метод, пред примената на текст методот, употребата на дијафилмови, а во некои случаи, во помала мера било застапена групната работа. Реализирањето на програмата било проследено со некои тешкотии, помеѓу кои позабележливи биле недостатокот на учебници и стручна литература, преоптовареност на наставниците со часови и со други предмети.[158]

Исто така, во некои места наставниците се однесувале несериозно кон овој предмет. Просветниот советник од Битола, меѓу другото, пишува: "Никаде во селските училишта не сретнав планирање на материјалот ниту пак изработување на неделни или понеделни оперативни планови ...

---

[157] Билтен бр. 5, Скопје, 1961, стр. 113.

[158] "Наставникот што предава историја во едно селско училиште покрај овој предмет, предава ЗПО, француски јазик, физика и математика иако нема стручна квалификација за ниту еден од овие предмети. Истиот има 40 часа неделно", пишува просветниот советник од Прилеп, Билтен бр. 5, стр. 114.

Несериозен однос кон предметот историја забележан е во Основното училиште во село Бистрица каде учителот часовите по историја ги заменувал со часови по други предмети".

Од истиот извештај се констатира дека предметот историја се вбројувал меѓу најтешките предмети. За тоа зборува и фактот што успехот на учениците постигнат во основните училишта во НРМ не задоволувал и во просек се движел до 2,70%. Така, на пример, во некои училишта, бил забележан следниот успех: ОУ "Браќа Миладиновци" - Куманово, 2,44%, с. Жван - Битолско: 2,40%, "Кочо Рацин"-Куманово: 2,11%, "Вук Караџиќ-Куманово: 2,38%, "Моша Пијаде"-Гостивар: 2,56%, "Лирија"-Тетово: 2,44% и др.[159]

И покрај инсистирањето на воспитната и идејната компонента на наставата по историја, во практиката било забележано дека извесен број наставници не и посветувале нужно внимание на идејноста во наставата. Истовремено, имало и такви наставници кои што изнесувајќи ја материјата сувопарно и неинтересно, не можеле да ја искористат умешно истата, иако таа давала бројни можности за идејно и воспитно делување врз учениците.

### 4.9. Наставни планови и програми по историја од 1966 год.

Наставната програма по историја за основното образование од 1966 година била изработена од Републичкиот завод за унапредување на школството, врз основа на Основите на наставниот план и програма за основните училишта во СР Македонија, што ги донесе Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија на својата седница од 15.4.1966 година. Овие наставни планови и програми се применувале во сите одделенија на основните училишта во СР Македонија од учебната 1966/67 година.[160]

---

[159] Исто, стр. 115.

[160] Наставен план и програма за основните училишта во Социјалистичка Република

Според овој наставен план и програма, предметот историја по одделенија е застапен од VI до VIII одделение и тоа со по 2 часа седмично.[161]

Во однос на задачите на наставата по историја тие се дадени на почеток, и тоа за сета програма, односно тие важат за сите одделенија во кои таа се изучува (VI, VII, VIII одд.). Затоа задачите се многу општи и релативно, малубројни. И во оваа прогрма воопшто не се говори за цел(и) на наставата. Така, како задачи на наставата по историја се наведуваат:

- да ги запознае учениците со основните епохи на историскиот развиток на човештвото и со силите што го движат тој развиток, за да се појасни и илустрира прогресивниот тек на историјата;

- да формира кај учениците сознание за постојан развиток на човечкото општество, за неговото постепено, незадржливо, движење од пониски кон повисоки форми на општествено-економскиот живот, за постојаната борба на човекот за подобар живот;

- да ги запознае учениците со најзначајните страници од "историјата на нашите народи и нивната борба за слобода, а особено со нашата понова историја", народноослободителната војна, изградбата на социјализмот и да придонесе за развивањето на југословенскиот социјалистички патриотизам и интернационалистичко воспитување на учениците.[162]

Наставните содржини во VI одделение започнуваат предмет на историјата, историските извори и сметањето на времето. Како втора наставна целина е дадено: првобитното општество. Робовладетелското општество е претставено низ најважните содржини од историјата на Стариот Исток (Египет и главните културни придобивки на другите источни народи), Грција и Рим.[163] За разбирање на феудализмот и неговото прогресивно значење во однос на робовладетелското општество, се дадени најважните

---

Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1966, стр. 6.

[161] Исто, стр. 12, види табела бр. 1.

[162] Исто, стр. 206.

[163] Исто, стр. 206-207.

содржини од општата и националната историја како што се: Франската држава, Византија, Југословенските земји во времето на раниот феудализам, Југословенските земји во времето на развиениот феудализам и потпаѓањето на "нашите средновековни држави под турска власт".

Наставните содржини во VII одделение почнуваат со доцниот феудализам и почетоци на новото време и со положбата на народите на Југославија под туѓинска власт. Понатаму се изучува капиталистичко општество и тоа со: Европа при крајот на XVIII век и во првата половина на XIX век; Борбите на југословенските народи за ослободување од туѓинска власт, Ослободителните борби на југословенските народи во втората половина на XIX век и почетокот на XX век.

Во VIII одделение, се предвидени следните наставни теми: Светот пред Првата светска војна, Општа криза на капитализмот - епоха на социјалистички револуции, Светот меѓу двете светски војни, Југославија од 1918-1941 година, Подготовки за Втората светска војна, Втората светска војна и народната револуција во Југославија, Светот по Втората светска војна и развиток на социјалистичка Југославија.[164]

Содржините во ова одделение особено во наставната тема: Втората светска војна и народната револуција во Југославија се дадени по синхронистички распоред и тоа по варијантата полн синхрон распоред. Тоа може да се види од наставните содржини. На пример, кога се зборува за почетокот на Втората светска војна и поразот на Полска и другите настани од 1939-1941 година е предвидена и наставната содржина "Нападот и окупацијата на Југославија" и др. Понатаму следи војната во 1942 година на Источниот фронт, во Северна Африка и на Пацификот, а потоа доаѓа наставната содржина за борбите во Југославија во 1942 година. По изучувањето на војната во 1943 година - "нови порази на фашистичките сили на Источниот фронт и во Северна Африка", доаѓаат наставните

[164] Наставен план и програма, "Просветно дело", Скопје, 1966, стр. 21-212.

содржини за борбите во Југославија 1943 година. Истото е и за војната во 1944 година и крајот на војната, после што доаѓаат борбите во Југославија 1944 година (Десантот на Дрвар, Создавање на единствена југословенска влада и др.).[165]

На крајот, по прегледот на програмираните наставни содржини по одделенија, следи објаснение на програмата. Во ова објаснение се даваат насоки како да се обработува материјалот, при што, особено се бара да се избегнува сé она што претставува оптоварување на програмата и не придонесува за суштинското сфаќање на историските појави и настани.[166]

Тука е присутно барањето при обработката на наставната материја да се користи културно-историскиот материјал и да не се насочува главното внимание само на политичката историја.[167]

Од наставниот материјал од поновата национална историја, особено се бара да ги истакне моментите од заедничките борби и страдања на југословенските народи.

На наставниците им се дава слобода, со текот на времето, да вршат извесни дополнувања на програмата со нови актуелни теми, што ги наметнувал современиот општествен, економски и културен живот.

Отсуството на временската определеност (бројот на наставните часови по теми) за нивна обработка, во оваа програма, не мора да значи дека свесно е направен избор на отворен концепт на програма за да му се даде поголема автономија на наставникот, туку дека не се чувствувала потреба од нормирање на времето за изучување на одделните теми. Тоа, во голема мера, се обезбедувало со учебниците, чие издавање подлежело на одобрување на истиот државен орган кој ги донесувал и програмите.

Оваа програма, може да се рече дека е типичен пример на содржински насочен модел по програмирање.

---

[165] Исто, стр. 211.

[166] Исто, стр. 212.

[167] Исто, стр. 213.

## 4.10. Наставата по историја според наставниот план од 1973 година

Од испитувањата на наставниот план и програми на основното образование во СРМ од страната на Републичкиот завод за унапредување на школството во Македонија, се дошло до заклучок дека има потреба од изменување и дополнување на истите. Таа потреба се објаснувала со импресивните развојни измени и достигања во сите сфери на човечкиот труд и живот. Врз основа на тоа почнаа да се поставуваат нови барања и задачи на основното училиште.[168]

Причините за донесување на новиот план и програма биле неколку, но оние кои заслужуваат да се одбележат се:

- несовршеноста на наставниот план и програма во смисла на недоизграденост или недоволна застапеност на одделни предмети и подрачја,

- отсуство на селективност во изборот на наставните содржини на недоследно програмско концепирање на подрачјата што ги преминуваат рамките на наставни предмети и друго;

- преоптовареноста на учениците со наставен материјал кое значително ги надминува нормите и оптималните рамки и се претвора во фактор што предизвикува бројни негативни последици, како во однос на психофизичкиот развиток на младите, така и во однос на модернизирањето и ефикасноста на воспитно-образовната работа воопшто.[169]

- промените што се одвиваат во потребите, очекувањата и забрзаниот развој на младите генерации "Учениците се чувствуваат многу послободни, далеку подобро информирани, поподвижни и со разновидни афинитети и потреби и ...".[170]

- дотогашните програми биле рамковни и на таа основа дозволувале различно толкување. Не им беше посветено доволно внимание на целите и

---

[168] Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програма, "Просветно дело", Скопје, 1973, во предговорот.

[169] Исто, стр. , 1-2.

[170] Исто, стр. 4.

задачите на одделните предмети. "Во повеќе случаи тие беа воопштени и повеќе декларативни, без соодветна конкретизација и закономерна поврзаност со програмските содржини и постапки.[171]

Пред да бидат усвоени наставниот план и програма од 1973 година, нивниот пред- нацрт бил ставен на широка расправа, во вкупно 573 основни училишта, како и пред бројни стручни здруженија на наставниците, научни институции, општинските заводи за школство, општествено-политички организации и одделни лица кои учествувале со свои мислења. Мислењата и сугестиите од овие распарави, биле разгледани и на соодветен начин вградени во конечниот текст на општата програмска структура на наставниот план и програма.

Наставната програма по Историја е донесена од страна на Републичкиот завод за унапредување на школството на СРМ[172], во согласност со основите на наставниот план и програма за основните училишта во СР Македонија што ги усвои Републичкиот педагошки совет на седницата од 29.06.1972 година, согласно член 39 од Законот за основното училиште.[173]

Според наставниот план за наставните предмети, предметот Историја е застапен од V-VIII одделение. Неделниот фонд на часови по одделенија е следниот V-1; VI-2; VII-2; VIII-2.[174]

И во оваа наставна програма е зачувана структурата како и кај другите претходни наставни програми, со тоа што овде покрај задачите, наставните содржини и објаснувањата за наставникот е вградена и дополнителната програма по историја за основните училишта со албански и турски наставен јазик.[175]

---

171 Исто.

172 Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програма, "Просветно дело", Скопје, 1973;

173 "Службен весник на СРМ", бр. 7/69.

174 Види табела бр. 1.

175 Наставна програма, 1973, стр. 305-307.

Првата структурна компонента - *задачите за настава по историја* е во воведниот дел на програмата, каде се формулирани начелните дидактични поставки, научната и воспитната суштина на предметот кои треба да се реализираат во наставниот процес на конкретните програмски содржини.

Во досегашните наставни програми за основно образование се употребуваат термините цел и задачи. Тоа би било во ред доколку тие имаат јасно определени значења и ако доследно се употребуваат. Во оваа наставна програма оваа структурна компонента стои само како задача но тоа не значи дека задачите кои се наредени не може да се подразбираат и како цел. На пример: некои од задачите според оваа програма се: "... кај нив (учениците) да се развива љубов кон тоа општество и готовност да го чуваат и бранат" или пак: "... кај учениците да развива критичко-историско мислење", да ги оспособи да ги разбираат причинско-последичните односи за да го сфатат закономерниот развиток на општеството.[176]

Според ова, овие наставни задачи може да се подразбираат и како задачи кои треба да се работат, но и како цел што треба да се постигнува односно сакаме да биде вградена во ученикот по обработката на тие задачи.

Задачите во оваа програма се дадени општо за сите одделенија (V-VIII одделенија) а не посебно за секое одделение.[177]

Од нив се гледа дека ученикот треба да се образува и да се воспитува така што ќе биде полезен за општеството, да развие љубов кон тоа општество, чувство на гордост што живее во таа татковина и што му припаѓа на народ кој се борел за слобода и човеково достоинство. Постојано да го

---

[176] Пак таму, стр. 289.

[177] За односот меѓу целите и задачите се занимавале многу научници. Во продолжение ќе цитираме некои од нив: Б. Господинов (1995, стр. 14) вели: "До постигнување на определена конкретна дидактичка цел се менува преку исполнувањето на низа одделни дидактички задачи, бидејќи исполнувањето на секоја следна од нив означува приближување со уште еден чекор кон претходно поставена цел" 9 (Господинов, Б. (1995) За сьщноста и структурата на методите на обучението, педагогика, бр. 2, Софија), или пак, Богнар и Матијевиќ велат: "Целта е обопштена и стегната формулација на дидактичката интенција, а задачите се конкретизација на целта" 10 (Богнар, Л и Матијевиќ М. (1993). Дидактика, Школска книга, Загреб, стр. 109.

негува и развива братството и единството на народите и народностите на СФРЈ и да ја развива свеста за класниот карактер на југословенската заедница како заедница на рамноправни народи.

Втората компонента - наставните содржини, во програмата од 1973 година, исто така, е поразвиена отколку во програмата од 1966 година. И овде содржините се дадени по одделенија - систематизирани по теми, целини или подрачја, но многу подетално се прикажани.

При изработката на оваа програма поголем дел зафаќаат содржините па може да се рече дека носечка компонента на програмата е содржината што значи спаѓа во наставно-содржинска стратегија на програмите.[178]

Наставната програма е поделена на теми и наставни содржини кои претставуваат континуирана целина, односно еден затворен концентричен круг.[179]

Во оваа програма прецизно се формулирани наставните содржини, поделени на наставни теми, со точно утврден фонд на часови за секоја тема и наставна единица, како за обработка на нова содржина, така и за повторување, утврдување и воопштување на обработениот материјал. По сето ова, оваа програма спаѓа во деталните наставни програми.[180]

Наставните содржини за V одделение почнуваат од предисторијата, а се завршува со темата "Римска култура". Предисторијата е предвидено да се обработи за 3 часа, додека Стариот век - Робовладетелско општество (со наставните единици: Стариот Исток, Стара Грција, Старата Македонска држава, Стариот Рим) е предвидено да се работи за 17 часа.

Внесената измена во однос на изучувањето на предметот Историја од V одделение со оваа наставна програма, во однос на претстојната каде овој предмет се изучуваше од VI одделение, се покажало како позитивен чекор.[181]

---

[178] Програмирање на воспитно-образовниот процес, Скопје, 1999, стр. 36.

[179] Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програма, Скопје, 1973, стр. 298.

[180] Исто, 298.

[181] Тоа може да се види и од еден извештај од 1976 година од страна на советникот по

општество. За раниот феудализам биле предвидени - 14 часа за обработка на нов материјал, а за развиениот феудализам - 9 часа. За темата "Потпаѓање на југословенските народи под власта на Османлиската држава" се предвидени 10 часа, а темата "Времето на хуманизмот и ренесансата" требало да се изучува за 7 часа.

Во VII одделение биле планирани содржините од новиот век - капиталистичко општество. Притоа, за темата "Европа кон крајот на XVIII век и во првата половина на XIX век", биле предвидени 8 часа, а за "Националноослободителните движења на југословенските народи" - 11 часа. Темата: "Македонско национално-револуционерно движење" требало да се обработи за 1 час што сметаме дека е премалку ако се земат предвид наставните содржини кои се предвидени да се обработат.[182]

Првата светска војна се препорачува да се обработи за 3 часа додека најновото време - епохата на распаѓање на капитализмот, каде е предвидена наставната содржина: "Октомвриската револуција и создавањето на СССР", за 2 часа.

Во VIII одделение, биле предвидени 6 теми и тоа: Светот меѓу двете светски војни - 3 часа; Југославија меѓу двете светски војни - 6 часа; Втората светска војна - 2 часа; НОВ и народната револуција - 21 час; Светот по Втората светска војна - 3 часа; Југославија во периодот на општественото самоуправување - 5 часа.[183]

Кога ќе направиме споредба во однос на изборот на содржините, може да се забележи огромниот обем на содржините за НОВ, чие изучување се

---

историја од Заводот за унапредување на предучилишното и основното образование од Тодор Трајановски, каде се вели: "Наставната измена во однос на застапеноста на овој наставен предмет од V одделение, за разлика од поранешната пракса, кога историјата како наставен предмет се изучуваше од VI одделение, внесе соодветен интерес кај учениците и наставниците (Т. Трајановски, 1976, стр. 15).

182 Основно училиште... Скопје, 1973, стр. 294.

183 Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програма, Скопје, 1973, стр. 289-297.

преферирало во однос на содржините за национално-ослободителните борби на македонскиот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Третата компонента од структурата на програмата *објаснението на програмата* е дадено на крајот како што било вообичаено во секоја програма.

Според објаснувањата во наставната програма по историја од оваа година, оваа наставна програма била работена врз основа на дотогашната наставната програма по историја што се применувала во VI, VII и VIII одделение во основните училишта во СРМ. Притоа, било извршено преструктуирање, нужната корекција и дополнување со нови содржини, а биле исфрлени некои содржини што непотребно го оптоварувале материјалот.

Исто така, во објаснението, наставниците се упатуваат како да се реализира програмата во однос на изборот на типовите на часови. При тоа, се препорачува 60% од часовите да бидат употребени за реализирање на нов материјал, а 40% за други форми на работа: повторување, утврдување, воопштување.[184]

Тука, исто така, се укажува за важноста на одделни содржини (теми, целини) што е ново во оваа програма, во споредба со претходната: како да се пристапи при обработката на одделни содржини и слично. Во неа има и елементи од образовната технологија, "... во одделни исклучителни случаи може да дојде до повторна употреба на аудиовизуелни средства, користење на уметничка и историска литература, библиотека, музеј, архив, разговор со личноста...".[185]

Во продолжението на оваа компонента на програмската структура, се даваат објаснувања за материјалот од секое одделение посебно и тоа: колкав е фондот на часови во неделата, на што треба да се внимава повеќе, како да

[184] Основно училиште..., 1973, стр. 298.

[185] Основно училиште, стр. 298.

се обработува и каква образовна технологија треба да се употребува, што е ново во оваа прогрма во споредба со другите дотогашни.[186]

Во објасненувањата за VII одделение се додаваат упатства како да се обработуваат содржини кои ги поврзуваат народите во СФРЈ, "Програмата, со склопот на оваа целина, предвидува да се обработат и содржини што се однесуваат на соработката меѓу Албанците и Македонците и создавањето на албанска лига. Со овие содржини се бара да се запознаат учениците со она што ги зближува Македонците и Албанците, нивната заедничка судбина, како и со она што објективно ги разделувало, а нема да остави негативни последици врз самите на учениците".[187]

На крајот од ова објаснување биле дадени содржини како дополнување на наставната програма по Историја за основни училишта со албански и турски наставен јазик, но за содржините, просторот каде треба да бидат сместени и колкав е бројот на овие содржини ќе биде изнесено во делот; "Застапеноста на историјата на националностите".

И покрај сите споменати подобрувања и нови елементи во програмирањето, не може да се каже дека е напуштен класичниот содржински пристап во градењето на моделот на оваа програма, но затоа пак, содржинскиот дел е значително преработен и збогатен со нови содржини. Оттаму и потребата да се определи и обемот на времето (бројот на наставни часови по теми) за нивна обработка. Според оваа програма, од наставниците не се бара да ги операционализираат целите и задачите и врз основа на тоа да ги изберат содржините, туку да ги обработат оние содржини и во оној редослед, обем и длабочина како тие се утврдени со програмата.

Тука наставникот нема никаква слобода, дури, ако си дозволи да прави отстапување може да биде и прекоруван. Затоа, по правило, задачите за практичарите скоро да немаат значење. Тој дел се сфаќа како преамбула на програмата кој има само некое апстрактно значење.

---

[186] Основно училиште, стр. 298-305.

[187] Исто, стр. 301.

Може да се рече дека и содржините како да немаат за нив големо значење за допрецизирање, зошто тие тоа го земаат од учебниците, па така при изработката на распределувањето некои повеќе го користат учебникот од наставната програма.

## 4.11. Наставната програма по историја од 1981 година

Наставната програма по историја е донесена од страна на Републичкиот педагошки совет, на неговите седници одржани на 23.XI 1979 и на 3. XI 1980 година, а издадена од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето на СР Македонија.[188]

При работењето на оваа програма како и за другите предмети, било подготвено и користено и посебно упатство.[189] Во ова упатство, јасно се дефинира структурата на плановите и програмите како дидактички документи и дадени се обилни и конкретни инструкции за тоа како да се обработи секој елемент од овие документи. Со него било предвидено да се работат два вида програмски документи: програмски основи - наменети за широка јавна дискусија и програми за воспитно-образовна дејност. За нив во упатството се вели: "Како работни дидактички документи, програмите за воспитно-образовната дејност треба да бидат разработени до тој степен што да овозможат еднозначно толкување и подготовка за непосредна реализација од страна на сите реализатори, а ниедна да не ја ограничуваат креативноста при обликувањето на воспитно-образовните процеси".

За таа цел, се барало во овие програми да се обезбеди максимална јасност и прецизност во формулирањето на целите и барањата, како и диференцираноста на програмските барања од воспитно-образовните содржини.[190]

---

[188] Наставни програми по географија и историја, "Просветно дело", Скопје, 1981.

[189] Упатство за изработување на планови и програми за воспитно-образовната работа во предучилишното, основното и заедничките основи на средното воспитание и образование, РЗУОВ, Скопје, 1979 год.

[190] Упатство..., стр. 16.

Според оваа програма, предметот историја е застапен од V-VIII одделение со фонд на часови како што следи: V-1 час седмично, VI-2 часа, VII-2 часа и VIII одделение 3 часа.[191]

Според структурата, оваа програма има доста разлика од претходната, од онаа од 1973 година. Таа претставува значаен чекор кон менување на пристапот и моделот на програмирање на воспитно-образовната работа во основното училиште.

Оваа програма ги содржи следните структурни компоненти:

1. Цели
2. Задачи
3. Воспитно-образовни содржини
4. Нормативи за опрема и наставен кадар
5. Глобално методско упатство.

*Целта*, како посебна компонента, за првпат се издвојува и посебно се дефинира во оваа програма. Во почетокот на програмата по историја е дефинирана како општа и тоа се однесува на целата програма - за сите одделенија. Тука, се бара "да се дефинира доминантната воспитно-образовна цел, како и другите цели, што се остваруваат паралелно со неа", односно "при формулирањето на целите да се дефинира нивото на остварување на општоприфатените цели на воспитувањето и образованието".

Според оваа програма целта во основното училиште е учениците да стекнат основни знаења за важните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне нив научно да ги толкуваат.[192]

*Задачите* кои следат веднаш по целта, исто така, се дадени општо за сите одделенија во кои се изучува предметот. Во Упатството се вели дека "при дефинирањето на задачите треба да се води сметка тие да се изведуват од дефинираната цел или дефинираните цели за односното подрачје или

[191] Види табела бр. 1.

[192] Наставни програми по географија и историја, стр. 3

предмет, а не од претпоставените содржини што ќе бидат опфатени (содржините ќе бидат изведени по дефинирањето на целите и задачите и со нив усогласени).

Од содржината на оваа структурна компонента на програмата (задачи), се гледа дека покрај тоа што се бара од учениците да усвојат знаења за историските појави и наставни, нивните причини и развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото, се бара во поголемиот дел тие да ја сфатат потребата од поврзување на југословенските народи и народности; изградувањето на самоуправното социјалистичко општество; запознавање со НОВ и Социјалистичката револуција; идеите на КПЈ и СКЈ во минатото и денес; негување и развивање на братството и единството и др.[193]

Преку овие задачи, покрај индивидуалните цели, кај учениците се сакало да се постигнат и општествените цели, т.е. учениците да се развиваат според потребите и интересите на тогашното општество. По ова се гледа дека, за потребите на тоа општество како и за секое друго, се барало личности со одредени карактеристики.

За воспитно-образовните содржини, според горецитираното Упатство, за овој дел од програмата се вели: "Разработката на содржините треба да биде на такви елементи на наставната материја што може да се обработи во една наставна ситуација, која што, пак претставува микроетапа во усвојувањето на одредено знаење или вештина при еднократна концентрација на вниманието и активноста на ученикот и наставникот. Тоа значи дека разработката треба да слезе на ниво на специфични факти, поими, закони, настани, правила, активности, операции и сл.".[194]

Според оваа програма *содржините* се дадени посебно за секое одделение и по програмски елементи (најчесто по теми), според одреден

[193] Исто, стр. 39.

[194] Упатство..., стр. 38.

редослед и обем. Овде, за секој елемент (тема) е даден бројот на наставните часови за нејзина обработка, слично како и во оние од 1973 година.

Така, за V-то одделение бил предвидено 1 час неделно или вкупно 36 часа годишно. За вовед биле предвидени 2 часа, за предисторија 4 часа, стар век - 24 часа[195].

За VI-одделение биле предвидени - 2 часа неделно односно 72 часа годишно. За наставната тема "Феудалното општество - раниот феудализам" - 30 часа, "Развиениот феудализам" - 18 часа, "Борби против Османлии од средината на XIV до почетокот на XVI век" - 12 часа, "Доцниот феудализам и настанок на капитализмот и времето на хуманизмот и ренесансата" - 8 часа.

За VII-одделение, исто биле предвидени 2 часа неделно, а вкупно 72 часа годишно. За наставната тема "Нашите народи и народности под власта на турците османлии и отпорот" биле планирани - 24 часа, "Југословенските земји под Хабзбурзите и Венеција" - 4 часа, "Дубровничката република" - 2 часа, "Културата во југословенските земји" - 2 часа, "Новиот век - капиталистичко општество - Европа кон крајот на XVIII век и првата половина на XIX век" -16 часа, "Револуционерната 1848 година во Европа и положбата по неа" - 6 часа, "Империјализам" - 6 часа.

За VIII-одделение биле предвидени истиот фонд на часови како претходно - 2 часа неделно[196]. Притоа, било планирано изучување на содржините од националноослободителните движења на југословенските народи и најновиот век - социјалистичко општество[197].

---

[195] И тоа: Стариот Исток - 3 часа, Стара Грција - 8 часа, Стара Македонска држава - 3 часа, Стариот Рим - 9 часа.

[196] Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1981 год. стр. 40-63.

[197] Тука биле планирани: 1. Националноослободителните движења на Србите и Македонците - 12 часа; 2. Македонија во втората половина на XIX век - 3 часа; 3. Србија во почетокот на XIX век и почетокот на XX век - 3 часа; 4. Создавање на самостојна и независна Црногорска држава - 2 часа; 5. Босна и Херцеговина на крајот од XIX век и во почетокот на XX век - 2 часа; 6. Хрватска во XIX и почетокот на X век - 2 часа; 7. Словенија во XIX и почетокот на XX век - 2 часа; 8. Просветата и културата кај југословенските народи од крајот на XVIII до почетокот на XX век - 1 час; 9. Македонското националреволуционерно движење - 10 часа; 10. Национално движење на албанците во XIX и XX век - 1 час; 11. Првата светска војна (1914-1918) - 4 часа; 12.

После секоја образовна содржина, за секое одделение, следеле и оперативните задачи што не било случај во другите претходни програми.

За овој вид задачи во Упатството се вели: "за дефинирање на оперативните задачи треба да се прифати приодот, од нив да се заклучи за особините и способностите што треба да ги стекне ученикот по изучувањето, односно по обработката на содржините од програмскиот документ"[198].

Овој вид задачи во оваа програма (по историја) се дадени за секое одделение посебно. Овој елемент и најмногу ги доближува овие програми до целиот пристап (модел) на програмирање.

*Објаснувањата*, како структурен елемент на програмата, исто така, се дадени за секое одделение посебно, по оперативните задачи. Практично, во нив се вградени барањата на Упатството за дидактичките односи - корелација, предзнаења како и дидактички форми на работа.

Овие програми сѐуште не ги содржеле сите компоненти на една наставна програма, сфатена според дефиницијата на современа програма. Во нив не бил доволно разработен или пак не се спомнува аспектот на образовната технологија.

На крајот од оваа програма, како во претходната од 1973 година, е предвидена дополнителна програма по историја со албански и турски јазик. Овие наставни содржини се предвидени по одделенија со објаснување по која наставна содржина од редовната програма да се обработуваат.[199]

После дополнителната програма е предвидена додатна настава што не е случај со претходните програми. Содржините од овој вид настава, исто така се предвидени за секое одделение посебно.[200]

---

Октомвриската револуција - 1 час; 13. Светот меѓу двете светски војни - 1 час; 14. Југославија меѓу двете светски војни - 5 часа; 15. Втората светска војна и НОВ и Социјалистичката револуција - 12 часа; 16. Светот по Втората светска војна - 2 часа; 17. Изградба на Социјалистичка Југославија - 3 часа; 18. Развојот на науката, техниката и културата во светот и Југославија по Втората светска војна - 2 часа.

[198] Наставна програма ..., 1980, стр. 17.

[199] Наставна програма ..., 1980, стр. 70-71.

[200] Наставна програма, 1986, стр. 72-74.

Програмата завршува со објаснување дадено, општо, за сите одделенија. Во него се дадени неколку карактеристики што оваа програма ја одделуваат од претходните. Така, оваа наставна програма по историја е изработена по единствените основи на основното воспитување и образование во СР Македонија. Таа претставува интегрална целина што го проследува развојот на општеството, изградена врз хронологијата на историските настани. Материјалот е планиран според линеарно-спиралниот принцип, за разлика од дотогашните програми кои биле изработувани врз принципот на концентрични кругови, зачувувајќи го хронолошко-прогресивниот редослед на историските настани почнувајќи од првобитното општество до најново време. Таквиот начин на планирање на содржините го диктираше малиот фонд на часови.[201]

Покрај наведените, би кажале уште неколку одлики на оваа наставна програма како:

- оптовареноста со материјалот по одделенија одговарал на возраста и психофизичките способности на учениците;

- рамномерен однос помеѓу општата историја и националната;

- понагласени се содржините што ги воведуваат учениците во подобро разбирање на југословенските револуцинерни традиции, братството и единството и социјалистичкото заедништво на југословенските народи и народности;

- историјата на албанската и турската народност во Македонија се проткајува низ содржините кои имаат врски и влијанија едни врз други и кои се поврзани со југословенските територии и народи.[202]

---

[201] Radovan Teodosić, Pedagogjia e Pergjithshme, Prishtine; 1954, стр. 33-34.

[202] Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1980, стр. 75.

## 4.12. План и програма за историја за V,VI, VII и VIII одделение од 1989 година

Оваа програма е донесена од Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, по предлог на Републичкиот педагошки совет, на седницата од 5. 07. 1988 година.[203] Таа ги опфаќа сите структурни компоненти и тоа: цел и задачи, воспитно-образовни содржини, оперативни задачи за секое одделение, нормативот за наставниот кадар и дидактичко-методско упатство.[204]

### 4.12.1. Цел и задачи

Според оваа програма, "целта на наставата по историја во основното училиште е учениците да стекнат основни знаења за важните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне научно да ги толкуваат".

Ако се врши споредба со целта на програмата од 1981 година се гледа дека не се разликува во ништо, туку е иста со оваа.[205]

Задачите на наставата по историја во оваа програма се дадени во почетокот, општо, за сите одделенија. Со нив се предвидени степените на знаења кои учениците треба да ги добиваат. Ако се прави споредба на задачите кои се дадени во програмата од 1981 година и оваа, може да се види дека тие се идентични со мали исклучоци[206], освен со местото каде се лоцирани.[207]

---

[203] План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование, Историја за V, VI, VII и VIII одделение,"Просветно дело", Скопје, 1989, стр. 2.

[204] Исто, 3-33.

[205] Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1981 год. стр. 39; План и програма по историја за V, VI,VII и VIII одделение, Скопје, 1989, стр. 3.

[206] Кај некои од задачите по оваа програма е изменета формулацијата на текстот иако задачата е иста, а на крајот во оваа од 1989 година е дадена нова: "да го сфатат (учениците) значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина, во рамките на изучувањето на природните фактори на општествениот развиток.

[207] Во оваа програма се поместени пред програмските содржини, што мислиме дека е

Преку овие задачи, кои по оваа програма се дадени за секое одделение, пред програмските содржини, ученикот треба да се оспособи да ги примени оперативните знаења во практиката самостојно да се стекнува со нови знаења.

Програмските содржини – од редовната настава се систематизираат по одделенија во склад со бројот на часовите пропишани со наставниот план. Овие содржини се дадени по хронолошки прогресивен редослед на периоди: праисторија, стар, среден и нов век, современиот период.

### 4.12.1. Наставни содржини

Според оваа програма, наставните содржини за V одделение се поделени во тематски целини, наставни теми, наставни единици и тези. Тематските целини не се разликуваат од претходната програма ни по формулацијата ни по бројот, освен по фондот на часови.[208] Тука се планира 1 час неделно или вкупно 36 часа годишно за изучување на праисторијата, Стариот Исток, Стара Грција, и Стариот Рим.

Во VI – одделение се планирани 2 часа неделно или 70 часа годишно. Наставните содржини почнуваат со тематската целина "Европа во времето на раниот феудализам". Потоа следат темите: Јужните Словени и нивните соседи во периодот на раниот феудализам; Европа за време на развиениот феудализам; Јужните Словени и нивните соседи за време на развиениот феудализам; Средновековната култура; Османлиското освојување на Балканскиот Полуостров; Зачетоците на капиталистичкото стопанство и култура во рамките на феудалното општество; Југословенските народи инивните соседи под туѓа власт од XVI до крајот на XVIII век.[209]

---

пофункционално, додека во претходната, по програмските содржини.

[208] Така, на пр. за предисторија се предвидени 4+1 час; Стар исток: 3+1; Стара Грција: 8+2 и Стариот Рим: 9+3. (Наставна програма од 1989, стр. 6-8).

[209] Исто, стр. 8-15.

Во оваа програма, содржините се разликуваат по формулациите. Додека во онаа од 1981 година дадени се: Раниот, развиениот и доцниот феудализам општо за сите народи во Европа и кај нас, во ова се употребува формулацијата: Југословенските народи и нивните соседи во одреден историски период, односно во раниот, развиениот и доцниот феудализам.

Во VII – одделение (2 часа недело – 70 часа годишно) биле внесени следните содржини: Капиталистичко стопанство и буржоаско општество; Светот на крајот на XVIII и во првата половина на IX век; Југословенските народи (националноослободителни движења) и нивните соседи на крајот на XVIII и во првата половина на XIX век; Револуцијата од 1848/49 година во Европа, кај Јужните Словени и нивните соседи; Промени во капиталистичкото општество и стопанството во втората половина на XIX век и во почетокот на XX век (4+2); Јужните Словени и нивните соседи на крајот на XIX и почетокот на XX век; Македонското национал-революционерно движење; Работничкото движење во југословенските земји на крајот на XIX век и во почетокот на XX век.[210]

Исто така, и во оваа програма, за VII одделение се направени одредени измени во редоследот на наставните содржини, како на пример по оваа програма се почнува со темата "Светот на крајот на XVIII век", а во онаа од 1981 година оваа тема доаѓа како втора и тоа под наслов: Југословенските народи (националноослободителните движења) и нивните соседи на крајот на XVIII век и во првата половина на XIX век.[211] Потоа, наставната тема "Македонско националноореволуционерно движење" е предвидена со 7+3 часа, додека во наставната програма од 1981 година не е одделена како посебна наставна единица.[212]

---

[210] Исто, стр. 16-24.

[211] Исто, стр. 18.

[212] Исто, стр. 23, односно 52-54.

Содржините во VIII одделение (2 часа неделно – 70 часа годишно) почнуваат со темата: Првата светска војна и Октомвриската социјалистичка револуција. Во оваа тема, посебно се нагласени и наставните единици: Југословенските народи во Првата светска војна, Македонија во овој период и Октомвриската револуција. Понатаму, хронолошки следат содржините: Светот меѓу Првата и Втората светска војна; Југославија меѓу двете светски војни; Втората светска војна и Социјалистичката револуција во Југославија. Оваа тема е доста детално разработена (21+9) и дадена е посебно по години и поважни настани. Материјалот е изнесен хронолошки со настаните во светот во овој перииод, а и кај соседните народи. Во ова одделение е планирано и изучување на историјата по 1945 година со содржините: Светот и Социјалистичка Југославија по Втората светска војна – општите услови во светот по Втората светска војна[213]; Зацврстување на придобивките од револуција и меѓународна афирмација на Нова Југославија; Поим, основни сили и патишта за реализација на општонародна одбрана. Ова последна тема во претходната програма не е предвидена за обработка.[214]

После наставните содржини, како структурен елемент на програмата е и Нормативот за наставен кадар. Со него е предвидено, за предметот Историја во основно образование да може да го предава лице кое има завршено Филозофски факултет – група историја или Педагошка академија - група историја- и географија.[215]

Во дидактичко методското упатство на оваа програма како важен елемент на структурата на програма, се изнесува дека содржините повеќе се однесуваат "на историјата на југословенските народи, проширена со елементи од историјата на народностите како и општиот преглед на општата историја на човештвото".[216]

---

[213] Оваа тема се разликува од претходната програма и по предвидените часови кои се предвидени (4+1) (Програма 1981, стр. 82 и Програма ... 1989, стр. 31).

[214] Исто, стр. 33, односно 63.

[215] Исто, стр. 33.

[216] Исто, стр. 34.

Посветено е поголемо внимание на НОВ и Револуцијата (од најновата историја) како и социјалистичката изградба, како актуелна тематика која имала воспитно значење во тогашниот период.

Оваа наставна програма претставува една целина преку која учениците требало да стекнат општи сознанија за развојот на човечкото општество од најстариот период до денешно време.[217] Во неа е почитувана хронологијата на настаните и на историскиот развој, така што е работена според линеарно (хронолошкиот) прогресивен принцип. "Основна карактеристика на наставната програма по историја во основното образование е доследното почитување на хронолошката марксистичка систематика во следењето историскиот развој. Со ваквиот начин на планирање на програмските содржини напуштен е досегашниот линеарно – спирален - принцип".[218]

Во оваа наставна програма е вградено заедничкото југословенско јадро за наставата по историја за основното образование, а тоа се гледа од наставните содржини во оваа програма.

Исто така, историјата на македонскиот народ и на Македонците во егејскиот и пиринскиот дел е дадена пошироко. Историјата на албанската народност во Македонија и албанскиот народ општо е вградена хронолошки во наставната програма.

Еден од структурните елементи на програмата, претставува опширното упатство за наставникот, во кое тој се упатува како да го планира дадениот материјал (годишно, тематски и непосредната подготовка за наставниот час), кои типови на час да се применуваат, формите (облиците) на работа, методи и користење на разновидни нагледни средства при изведувањето на секој тип на час по историја имајќи ги предвид целта и

---

[217] Исто, 34.

[218] Линеарно-прогресивниот распоред значи наставните содржини да се распоредуваат во согласност со прогресивниот тек на развојот на природните и општествените појави од најстаро време до денес.

задачите на предметот, психофизичките можности на учениците, степенот на претходните знаења, умеења, навики и обврски по другите предмети.[219]

Во продолжение се изнесени важните барања на наставната програма по одделенија, со укажување на наставникот на што да посветува повеќе внимание, на кои наставни содржини за секое одделение итн.[220]

Според оваа програма, е предвидено да се организира дополнителна настава и додатна настава, предвидени се образовните стандарди, следење и вреднување работата на учениците во наставата по историја и на крајот уште некои објаснувања на програмата. [221]

Дополнителната настава се организирала во текот на наставната година и по нејзиното завршување врз основа на утврдена програма што ја донесувал наставничкиот совет на училиштето. Се организира за учениците кои напредуваат побавно во редовната настава.

Додатната настава се организира за развивање на способностите на надарените ученици кои покажуваат извонредна смисла и посебен интерес за историјата како предмет и како наука за минатото на човечкото општество. Оваа настава се организира за сосема мал број на ученици и со нив се работи индивидуално.[222]

Образовните стандарди предвидени по оваа програма произлегуваат од исполнетоста на оперативните задачи кои се дадени пред наставните содржини за секое одделение.

*Следењето и вреднувањето на работата на учениците* во наставата по историја, според оваа програма, е изнесено опширно со сите можни форми и методи, со цел ученикот да се вреднува што пообјективно. Наведени се елементите кои наставникот секогаш треба да ги има предвид при следење и вреднување на работата на учениците. Понатаму, дадени се објаснења на

---

[219] Исто, 34-38.

[220] Исто, 34-38.

[221] Исто, стр. 55-63.

[222] Исто, стр. 55-56.

наставникот што треба да бара односно што треба да знае ученикот за одредена оценка по овој предмет, каква треба да биде оценката и кои критериуми ги применил во давањето на оценката. Особено внимание му се посветува и на прашањата кои наставникот ќе ги поставува при вреднување на знаењата.

Во делот *"Упатте некои објасненија на програмата"*, се дадени содржини од историјата на народностите во Македонија – Албанците и Турците. Така, за Албанците се предвидени 7 наставни часа и 5 целини од V-VIII одделение. Предвидените содржини се инкорпорирани низ целата програма и ќе ги изучува целата ученичка популација во СРМ.[223]

Часовите предвидени во рамките на темите го претставувале вкупниот фонд на часови, при што во текот на реализацијата се барало да се зачува соодносот 70% од часовите да бидат наменети за обработка на нов материјал, а 30% за повторување, утврдување, воопштување.

## 4.13. Измени на програмата за V, VI, VII и VIII одделение во 1990 година

Во 1990 година, наставните програми за основно образование претрпеа извесни измени во однос на целта, задачите, наставните содржини и објаснувања на одделни наставни програми.

Овие измени се направени по предлог на Републчкиот педагошки совет, а ги усвои Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 6. 07. 1990 година.

Според оваа наставна програма за овие измени, земени се предвид сознанијата добиени од искажувањата на наставната практика, следењето на реализацијата и проучувањата на одделни аспекти на наставните програми во основното образование, во целина или во одделни нивни делови, во однос на

---

223 Исто, стр. 62.

обемот, длабочината на наставните содржини, предвиденото време и можноста на учениците. Исто така, досегашните програми биле оптоварени со историцизам и фактографија со кои, учениците не биле во можност да изразат креативност, а сосема малку способност за анализирање, синтетизирање и еволуција на информациите.

Некои наставни содржини не одговарале поради идеолошката насоченост, не биле во согласност со општествено-економските промени: демократизација на општеството, повеќепартискиот систем, плурализмот на сопственоста, пазарната ориентација во стопанството и сл.[224]

Со измените, според оваа програма, се предвидува:

- растоварување на наставните програми, со намалување на обемот и длабочината на одделни наставни теми;

- изземање на одделни наставни теми или нивни делови;

- изземање на содржини со преголема идеолошка насоченост или несоодветност со општествено-еконмските промени. Во таа смисла се опфатени и целта, задачите и објасненијата на одделни наставни програми.

Овие промени во наставните програми почнале да се применуваат од учебната 1990/91 година.

Покрај усвоените измени, содржани во материјалот, дадено е право на наставниците континуирано да ги следат општествено-економските промени што ќе настануваат во иднина и да ги вградуваат во толкувањето на наставните содржини.[225]

Според оваа програма има одредени измени во однос на наставната програма по Историја за V, VI, VII, VIII одделение од 1989 година скоро во сите елементи на програмската структура.

Покрај измените што се предвидени во програмата, исто така, се предлагаат измени и во учебниците по Историја, но за нив нема конкретно,

---

[224] Измени во програмите од V-VIII - Скопје, 1990, стр. 3.

[225] Исто, 3.

за кој учебник се работи и што се менува. Во воведот е внесено дека "промените кои се случуваат кај нас и во светот, а се поврзани со наставата по историја ја наложуваат потребата од интервенција во наставните програми и учебници по историја во основното и средното образование".[226]

Корекциите во наставните програми и учебниците по историја се однесуваат на содржините на историјата на албанската народност во Македонија и Југославија и Албанците воопшто. Се прошируваат содржините кои се однесуваат на исламизираните Македонци, односно за исламизацијата или сродните и блиските содржини до тематиката за исламизацијата и исламизираните Македонци.

Според оваа програма, во целта и задачите на наставата по историја, во однос на претходната (1989) измените се извршени во:

1. Задачата бр. 3 која гласи: "да придонесе во марксистичкото образование на учениците и да развие способност историски да пристапуваат во забележувањето на особеностите на општествениот развиток на одделни епохи и земји како дијалектичко единство на производните сили и соодветните производствени односи".[227] Според Измените во програмите од I-VIII одделение во 1990 година, оваа задача претрпува измена и тоа што се изоставува првата реченица: "да придонесе во марксистичкото образование на учениците...".[228]

2. Во задачата бр. 8 *каде стои*: "да ги запознае со НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија, да ги воспитува на револуционерните традиции од таа борба и со идеите на КПЈ-СКЈ во минатото и денес". Во оваа задача отпаѓаат зборовите: "и денес".[229]

---

[226] Исто, стр. 47.

[227] План и програма..., Историја за V, VI, VII i VIII одделение, Скопје, 1989, стр. 3.

[228] Измени во програмите од I-VIII одделение ..., стр. 3.

[229] Наставен план и програма ..., стр. 47.

3. Задачата бр. 11: "да се запознаат со историскиот развиток на другите народи и да изградува смисла за потребата од солидарна и рамноправна соработка меѓу народите во духот на интерналистичката политка на СКЈ. Оваа задача се преструктуира и гласи: кај учениците да развива Југословенски патриотизам и готовност да ја чуваат југословенската заедница".

4. Во задачата бр. 12 каде стои: "да се запознаат со историскиот развиток на другите народи и да изградуваат смисла за потребата од солидарна и рамноправна соработка меѓу народите во духот на интернационалистичката политика на СКЈ". Во оваа задача се изоставаат последните зборови "Во духот на интерналистичката политика на СКЈ".[230]

5. Задачата бр. 13 се иззема целата, а гласеше: "да го сфатат значењето на заштитата и унапредувањето на животната средина, во рамките на изучувањето на природните фактори на општествениот развиток".[231]

Исто така, имаме измени во задачите за одделни одделенија. Така, на пример, во V - одделение во задачата бр. 11 која гласи: "преку марксистичко учење за класната борба да се воведат во разбирањето на најважните облици на класната борба во робовладетелското општество"[232] зборот "марксистичкото" се заменува со "дијалектичко-материјалистичкото".[233]

Во измените на програмата, покрај измени во формулациите на задачите, се чуствуваат измени во содржините и од терминолошка и од суштинска страна. Содржината "Религијата на Римјаните и ширењето на христијанството" се преформулира и гласи: "Религијата на Римјаните, појавата и ширењето на христијанството".

---

[230] Исто, 47.

[231] Наставен план и програма... 1989, стр. 4.

[232] Наставен план и програма..., 1989, стр. 5.

[233] Наставен план и програми - измени 1980, стр. 47.

Во содржините од Стариот век (точка 3) се изземени наставните единици: Усовршување на орудијата за работа; Приватна сопственост; Почеток на класно раслојување, експлоатација и појава на држави.[234]

Во VI - одделение, во рамките на оперативните задачи имаме промена на задачата бр. 1 која гласи: "да се запознаат со марксистичката периодизација на феудалната-економска формација". Оваа задача е преформулирана во: "да се запознаат со историската периодизација на феудалната економска формација".[235]

Во однос на наставните содржини од VI одделение, се чувствува скратување на изучувањето на одржините за Хрватите, Словенците и Србите. Нивната историја се планира да се обработува во преглед. (т. 3, 4 и 8 од темата: "Јужните Словени и нивните соседи во периодот на раниот феудализам).[236]

Содржината бр. 9, за "Општественото и државото уредување на Југословенските земји во развиениот феудализам" била изоставена. Исто така, се изостава содржината бр. 8: "Колонизацијата на Јужна Унгарија (Војводина)".[237]

Во оперативните задачи од VII - одделение, во првата задача која вели: "да се запознаат со марксистичката периодизација на феудалната и капиталистичката општествено-економска функција" направена е преформулација која гласи: "Учениците да се запознаат со периодизацијата на феудалната и капиталистичката општествено-економска формација".

Во содржината под реден број 8 "Албанците во периодот на раниот и развиениот феудализам" е ставен поголем акцент и пошироко се разработуваат миграциите движења и соработката на Македонските Словени и Албанците од Драчката област, а набележаните тези во наставната програма требало да се обработат во преглед.

---

[234] Наставен план и програма... 1989, стр. 6.

[235] Наставен план и програма..., 1989, стр. 8.

[236] Исто, стр. 10.

[237] Исто, стр. 15.

Во наставната содржина: "Албанците во XV век" е проткаен и потенциран и религиозно-црковниот фактор, посебно кај албанско-османлиските борби во XV век.

Од наставната содржина "Положбата на балканското население под османлиска власт" се изоставени содржините: "Востанија по смртта на Скендербег и формирање на пашалаци во XVIII век", а положбата на Албанците се прикажува заедно со положбата на другите балкански народи.

Во врска со исламизацијата и исламизираните Македонците во програмата за VI одделение се внесени посебни пунктови каде што поголем акцентот е ставен на следните теми: "Османлиската држава од XVI до крајот на XVIII век", "Положбата на балканското население под осмалиска власт" и "Македонија од XVI до XVIII век", и "Културата на југословенските земји од XV до XVIII век".[238]

Во содржините од VII - одделение, за исламизацијата и исламизираните Ммакедонци се истакнува при обработката на темата "Положбата на Османлиското царство на крајот на XVIII и првата половина на XIX век". Поголем акцент се става и на содржината "Културата во Македонија".

Во врска со историјата на Албанците, предвидените содржини "Албанците во првата половина на XIX век и почетокот на XX век" се обработуваат во преглед со поголем акцент на албанската народност во Македонија, миграциите на Албанците и улогата на верскиот фактор. Наставната единица "Албанците во Младотурската револуција" се преформулира и гласи: "Националноослободителни борби на Албанците во почетокот на XX век".

Заради извесно растоварување на обемните наставни содржини, се предлага темата "Францускатa револуција и Европа (1789-1815)" да се обработи во преглед, како и темата "Работничкото и социјалистичкото

[238] Исто, стр. 48; програмата од 1989 година 10, 12, 13.

движење и научниот социјализам", додека наставната содржина за "Првото и второто српско востание" да се обработи глобално, во преглед на еден час, наместо на два часа. Темата "Светот на крајот на XVIII и во првата половина на XIX век", и темите кои се однесуваат на историјата на југословенските народи "Револуцијата од 1848 година" и "Промените на капиталистичкото општество и стопанство во втората половина на XIX и почетокот на XX век", се бара да имаат ист пристап. Изоставена е наставната содржина: "Хабзбуршката монархија на крајот на XVIII и почетокот на XX век".[239]

Во VIII одделение, во однос на опративните задачи не се предвидуваат измени, додека, пак се прават извесни измени во редоследот на наставните содржини. На пример, содржините: "Егејскиот и пиринскиот дел меѓу двете светски војни" се предвидува да се обработат по наставната содржина: "Културата и науката во Југославија меѓу двете светски војни" и да се стави поголем акцент на ВМРО (Обединета), после 7-та тема што значи овие наставни содржини не се менуваат туку само се поместуваат.

Меѓутоа, биле присутни и тенденциите за промена на содржините и тоа:

- да се зајакне содржината за "НОВ во Македонија" и за улогата на Кузман Јосифовски-Питу. Во најголемите битки на НОВ (Неретва и Сутјеска) да се спомне и "Февруарскиот поход во Македонија". Кога се изучува "Второто заседание на АВНОЈ" да се каже и за Македонија во врска со заседанието.

- да се прошири и потенцира, а со тоа да се извлечат заклучоци од содржините кои се однесуваат на Балистичкото движење во Македонија (Џемо и Мефаил) и во Косово.

- кај НОВ во Македонија 1944 година, и првото заседание на АСНОМ да се каже и за Методија Андонов-Ченто.

---

[239] Наставната програма од 1990, стр. 49, наставна програма по историја од 1981 год. стр. 17, 18, 19, 20, 21.

- кога се зборува за "Карактерот и специфичноста на НОВ и Револуцијата" да се каже и потенцира за учеството на исламизираните Македонци, особено од селото Врановци-Велешко.

- во содржините од темата: "Зацврстување на придобивките од НОВ и Меѓународна афирмација на нова Југославија" преку актуелизацијата да се обработат општествено-економските и политичките промени во земјата.

- во наставната содржина бр. 3, "Развитокот на социјалистичкото самоуправување во Југославија зборот "Социјалистичко" да се замени со "работничко" (се мисли на самоуправувањето), па така оваа наставна тема ќе гласи: "Развитокот на работничкото самоуправување во Југославија".

- во лекцијата бр. 4, "Улогата на СКЈ во изградбата на самоуправните социјалистички односи", зборовите "борба против ..." се бришат, а остануваат догматизмот, либерализмот и национализмот.

- наставните содржини од темата: "Поим, основни сили и патишта за реализација на општонародната одбрана" да се обединат во една која ќе ги има следниве тези: поими за војна и критериуми за оцена на нејзиниот карактер (праведни и неправедни војни); основни сили на нашата одбрана; вооружената војна на народот како основен вид на давање отпор на непријателот.

- во содржината "НОВ и Револцуијата во Албанија" да се каже и акцентира за националните права на Македонците, Црногорците и Србите во Албанија и односите Албанија-Југославија да се проследат до 1990.

- во содржината "Положбата на Македонците во соседните земји во Втората светска војна" да се истакне за Македонците од пиринскиот дел 1945-1948 година и во егејскиот дел од Македонија, за македонскиот егзодус.[240]

Во делот *Дидактичко-методско упатство*, исто така, се направени неколку корекции главно во терминологијата со изоставување на некои додавки (на пр. "марксистичка убеденост" итн.).

---

[240] Исто, стр. 50, и Програмата од 1981 год, стр. 24-33.

На крајот од оваа програма стои делот: *Уште некои укажувања.*

Во овој дел, се дава упатство за наставникот како треба да се однесува при обработка на материјалот во новите општествено-економски и политички промени. Историските настани и факти кои ќе ги обработува да бидат верифицирани од науката, а тој да не потпадне под влијание на дневно политичките настани или политичките партии...". Од наведеното може да се извлече генерален заклучок дека наставникот е еден од основните фактори во креирањето, осовременувањето и актуелизирање на наставата по историја.[241]

Измените што се предвидуваат во структурните елементи според оваа програма, исто така, за секое одделение се дадени и за учебниците за сите одделенија, но не конкретно за кои учебници се работи односно не се наведуваат авторите, година на издавање и др.[242]

---

[241] Исто, 5.

[242] Исто, 47-51.

# 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД 1945-1990 ГОДИНА

## 5.1. Структура на наставните програми по историја

За да се дадат општите карактеристики на наставните програми по историја за овој период потребно е да се изврши споредување на споменатите наставни програми (1946, 1948, 1950, 1952, 1959, 1960, 1966, 1973, 1981 и 1989 и измените од 1990 година), да се согледа нивната структура, степенот на разработеност на одделните структурни компоненти во нив, како и основниот пристап во изработката, односно применетиот модел на програмирањето. Тоа треба да покаже каков напредок е направен во програмирањето во основното образование, но и кои слабости биле (и се уште сѐ) присутни на тој план.

Овие наставни програми, имаат наједноставна струкура. Сите тие ги содржат следниве три компоненти: задачи на наставата, наставни содржини и објаснување на програмата.

Првата компонента, задачите на наставата се дадени во почетокот и тоа за сета програма, односно тие важат за сите одделенија во кои се изучува предметот. Оваа важна компонента се проследува од почетокот на сите донесени програми до наставната програма од 1981 година каде се појавува заедно со целта односно: "Цел и задачи", а потоа да продолжи со задачите.[243]

Бидејќи овие задачи се заеднички за сите одделенија, затоа тие се рамковни и релативно малубројни.

---

[243] Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1981, стр. 39.

Ако се врши споредување на овие програми, до 1960 година, задачите скоро се идентични дури и по формулацијата. Во програмата од 1973 година оваа компонента е дадена исто како и во претходните, во почетокот, но таа не е идентична. Тука, меѓу другото се бара "учениците да развиваат критичко-историско мислење, да се оспособат да ги разбираат причинско-последичните односи за да го сфатат закономерниот развиток на општеството; да се запознаат со минатото на македонскиот народ и другите народи и народности во Југославија ...".[244]

Во програмата од 1981 година, оваа компонента е дадена како цел и задачи со тоа што целта е дадена во почетокот и тоа: "Целта на наставата по историја во основното училиште е учениците да стекнат основни знаења за важните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне нив научно да ги толкуваат".

Меѓутоа, без оглед дали се дадени само како цел или само како задачи, тоа е направено во почетокот на секоја програма и тие се однесуваат на целата програма (за сите одделенија во кои се изучува предметот).

Во 1981 година за изработувачите на програмите по сите предмети било подготвено и посебно Упатство.[245] Според ова Упатство јасно била дефинирана стурктурата на плановите и програмите како дидактички документи. Истовремено се дадени обилни и конкретни инструкции за тоа како да се обработи секој елемент од овие документи. Тоа, претставува значаен чекор кон унапредувањето на пристапот и моделот на програмирање на воспитно-образовната работа во основното училиште.

Така во програмата од 1980 години, за прв пат, целта се издвојува како посебна компонента и посебно се дефинира. Таа, исто така е дефинирана во почетокот, како општа цел за сите одделенија. Меѓутоа, тоа значи дека

---

[244] Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програми, Скопје, 1973, стр. 289.

[245] Упатство за изработување на планови и програми за воспитно-образовната работа во предучилишното, основното и заедничките основи на средното образование, РЗУОВ, Скопје, 1979.

доследно не се почитувало Упатството, кое за оваа структурна компонента вели: "да се дефинира доминантната воспитно-образовна цел, како и другите цели, што се остваруваат паралелно со неа".

Задачите на наставата се дадени веднаш по целта и исто така, за сите одделенија во кои се изучува предметот историја. Во упатството, за задачите се вели: "при дефинирањето на задачите треба да се води сметка тие да се изведуват од дефинираната цел или дефинираните цели за односното подрачје или предмет, а не од претпоставените содржини што ќе бидат опфатени (содржините ќе бидат изведени по дефинирањето на целите и задачите и со нив усогласени)".

Според оваа програма, во согласност со погоре цитираното Упатство, се дадени и оперативните задачи кои произлегувале од реализираните содржини, со чие изучување ученикот стекнувал одредени навики, способности и вештини.

Програмата по историја од 1989 година во однос на целта и задачите не се разликува од другите претходни. Тие се дадени исто така во почетокот, општо за сите одделенија. Оперативните задачи се дадени во почетокот на секое одделение што значи изработувачите давале предност на целите што треба да се постигнат со содржините.

### 5.1.1. Наставните содржини како структурна компонента на програмите по историја

Како втор сегмент на структурата на програмите се и програмските содржини. Содржините произлегуваат од редовната настава и тие се систематизирани по одделенија во склад со бројот на часовите пропишани со наставниот план. Притоа, постои разлика од кој принцип тргнувало при нивното програмирање и планирање, но обично во историјата тие содржини се нижат по хронолошко - прогресивен распоред на периоди: праисторија, стар, среден и нов век, современ период. При поделбата на материјалот по

одделенија, се внимавало на тоа учениците подеднакво да бидат оптоварени во согласност со фондот на часови и нивната психофизичка способност.

Заради воспставување некаков ред во распределбата на содржините (наставното материјал) и нивно полесно планирање во процесот на реализација во наставата, тие се групирани во: тематски целини, наставни теми, наставни единици и тези.[246] Во одделни наставни програми (1948, 1950, 1973, 1981, 1989) е определен и бројот на часови за одредена тема или наставна единица.

За разлика од претходните програми, во програмите од 1981 година наставните содржини не се доминантна компонента, а тоа се смета за крупна квалитетна промена во програмирањето на наставниот процес.

Како структурна компонента на програмите, наставните содржини следат веднаш по општите задачи. Тие се дадени по одделенија, а во рамките на одделението се систематизирани по теми или наставни подрачја. Во најголем број програми се презентирани релативно обопштено и глобално, без детален распоред (по тези и сл.). Тоа значи дека обемот на содржините не бил временски димензиран, односно во повеќето програми со содржините не бил даден и бројот на часовите за нивна обработка. Тоа е препуштено на наставниците и авторите на учебниците.

Во некои од програмите (1973, 1981, 1989 година) покрај општите содржини по одделенија, внесени се содржините на дополнителната програма по историја за училиштата со албански и турски јазик.

### 5.1.2 Стручно и дидактичко-методско упатство како структурна компонента на програмите по историја

Стручното и дидактичко-методско упатство претставувало составен дел на наставните програми по историја и со него на наставниците им се давале дидактички и методски инструкции за успешно совладување на

[246] Наставни програми по историја, 1948, 1950, 1952, 1957, 1959, 1960, 1966, 1973, 1981, 1989, 1990.

наставната програма. Овој програмски елемент е даден на крајот, при што неговиот обем е различен од програма до програма - во некои програми тоа е кусо, а во други поопширно.

Од досегашниот преглед на наставните програми, можевме да видиме дека оваа структурна компонента некаде е формулирана како "објаснение на програмата по историја" некаде како "забелешка", а некаде како "упатство за програмата по историја".[247]

Во содржината на овие упатства се дадени најважните образовни и воспитни барања на програмата, во поголемиот дел општо, а во оние од 1981 година се расчленети по одделенија, и тоа веднаш после оперативните задачи. Исто така, овде наставниците се упатуваа на тоа, кои наставни форми и методи да ги применуваат во наставата, кои наставни средства, за начинот на обработката на наставните содржини и сл. Во првите наставни програми оваа комонента е пократка за разлика од оние во 1981, 1989 и 1990 година (измените) каде се додаваат и куси насоки за специфичностите при нивното обработување.

Тргнувајќи од веќе споменатото Упатсво за изработка на наставните програми во 1989 година, ние ќе се обидеме да направиме некои споредувања во однос на специфичностите во изработката на дотогашните програми, а кои отстапуваат од ова Упатство. Од разгледувањето на програмите може како прво, да се види дека структурата на општите елементи во различните програми не е иста со предложената во Упаството.[248]

Од повеќето отстапувања (разлики) ние подолу ќе наведеме неколку:

1. Ниту една програма нема Вовед каков што се бара со Упатството. Овој елемент е сосема изоставен. Со тоа програмите остануваат посиромашни, особено затоа што се лишени од разработката на така значајни идеи какви што за овој елемент се содржани во тезите на упатството.

2. Направено е отстапување и во однос на вториот структурен

---

[247] Наставната програма 1948, стр. 57; 1960, стр. 208; 1966, стр. 211; 1973, стр. 298; 1981, стр. 64; 1989, стр. 33.

[248] Упатство..., Скопје, 1979.

елемент. Имено, наместо само општи цели на наставата по предметот, како што е предвидено со Упатството, во програмите се дадени два елементи (општа) цел на наставата и задачите.

### 5.1.3. Целта на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја

Целта на наставата е дадена во почетокот на програмата (во оние од 1981, 1989 година) како општа цел на целата програма (за сите одделенија во кои се изучува). Тоа би требало да се сфати како цел на предметот во основното образование. Исто така, таа е искажана во една реченица од која може да се види дека се работи за повеќе, а не за една цел. Затоа и не е јасно зошто сите тие елементи не се искажани со посебни реченици. Дадени на овој начин, а и од начинот на дефинирањето, тешко може да се разберат сите цели на предметот.

Ако се гледаат добро целите на спомелатите програми по формулациите тие повеќе личат на задачи, отколку на цели на пр. во наставната програма во Историја од 1989 година стои: "Целта на наставата по Историја во основното училиште е учениците да стекнат основни знаења за важните општествени појави, процеси и настани од минатото и сегашноста и да им помогне научно да ги толкуваат".

Овој елемент е многу важен на секоја наставна програма. Преку целта на програмата, се насочува целокупната активност (работа) и на наставникот и на учениците во текот на воспитно-наставниот процес и претставуват еден вид на критериум за проценка на постапката.

Затоа, и општите цели на предметот мора да бидат колку е можно појасно дефинирани. Од тоа ќе зависи како потоа ќе бидат дефинирани и целите на предметот за секое одделение во кое е застапен, а кои треба да послужат за утврдување и на останатите елементи во програма: содржините, образовната технологија и вреднувањето на резултатите.

### 5.1.4. Задачите на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја

Овој структурен елемент е содржан во програмата. Тие следат веднаш по општата цел (во оние програми каде е предвидена целта како структурен елемент). Бидејќи се однесуваат на целата програма би требало и тие да се сфатат како општи задачи на предметот. За разлика од општата цел, која е дадена во една реченица, овие се побројни и секоја е искажана со посебна реченица преку која се изнесува суштината на предметот кој што треба да има практична реализација, нивниот број варира од програма до програма во зависност од целта што е поставена. На пример до 1960 година тие се движат од 3 до 5. од 1973 година - 8, 1981 год. - 10, 1989 година - 13. Меѓутоа, многу е важно да се знае која е функцијата на овие задачи.

Бидејќи ова прашање е клучно во овие програми, како и за секој друг предмет, ќе споменеме неколку прашања: прво, задачите како структурен елемент не се предвидени со Упатството;[249] второ, дали задачите воопшто, па и овие може и треба да се дефинираат на ист или сличен начин како и целите; трето, може ли воопшто, да се зборува и за општи задачи на една наставна програма (покрај општите цели), доколку се прифаќа дека задачите се дидактички чекори кон целта. Имено, ако задачите се еден вид активности, со чие реализирање се постигнува повеќе од една цел, тогаш може ли да има такви активности кои се толку општи и се дефинирани така што може да важат за целата програма и поради тоа да не се знае кога (во кое одделение) треба да се реализираат. Дури и под претпоставка овие задачи да се прифатат како извесно расчленување и конкретизирање на општата цел на предметот, прашање е дали можат да останат како задачи за целата програма. Всушност, прашање е: може ли една наставна програма да има и општа цел и општи задачи или само општи цели (како цели на предметот во целина).

---

[249] Види Упатство ...., 1979.

Бидејќи секоја програма започнува со задачите и со нив се исполнува целиот тек на наставниот процес сé до постигнување на целта, затоа тој процес пак, не може никогаш да биде општ, туку конкретен и мора да се знае кога почнува, како се одвива и кога завршува.

По формулациите и по своите карактериститки задачите често наликуваат на цели. Затоа можеби би било подобро за секое одделение да бидат предвидени кои цели треба да се постигнат, а потоа и задачите кои треба да се исполнуваат за постигнување на саканата цел.

## 5.1.5 Содржините на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја

Програмските содржини се вториот елемент кај оние програми каде што се започнува со задачите. Според Упатството, треба да се определат на ниво на одделение, и тоа прво само глобално, според логички редослед и ориентационен фонд на часови.

Оваа компонента, без исклучок е застапена во сите одделенија. По секоја тема (целина, подрачје) даден е и бројот на часови за нивна целосна обработка со што, еднакво за сите се определува степенот на продлабочено извршување. Со ова се ограничува автономноста на наставникот, односно со тоа програмите добиваат белег на затворени програми.

Според степенот на разработеност на содржините овие програми се детално прикажани.

Во последните програми, содржините не се доминантна компонента, а тоа е квалитетна промена во програмирањето на наставата по историја.

### 5.1.6. Објаснеија на програмата

Програмската компонента - објаснувањата на програмата по наставните програми е дадена општо во сите програми и тоа после наставните содржии,.

Во програмата од 1973 година, објаснувањето на наставната програма се дава и после секоја содржина за на крајот, после содржините на дополнителната настава на албански и турски јазик да се даде и кратко објасненување за истите.

Во прогрмата од 1980 година после дополнителната настава на албански и турски јазик се презентира додатна настава и објаснение на програмата.[250]

Во наставната програма од 1989 година се гледа дека е направен значаен напредок во однос на обогатување на структурните елементи на програмата. Имено, после содржините на програмата стои и норматив за наставен кадар, а потоа и дидактично-методско упатство, за организација на воспитно-образовната работа. Тука се зборува за наставата, методи и форми на работа и воспитно-образовната технологија за овој вид настава.[251]

Потоа доаѓаат барања на наставната програма по одделенијата.

Во оваа компонента се објаснува за сите содржини по сите одделенија посебно. После овие барања, следи дополнителната и додатната настава, образовните стандарди, следење и вреднување на работата на учениците во наставата по историја и на крајот уште некои објаснувања на програмата.[252]

---

[250] Наставна програма 1973, стр. 305-308, Наставна програма по историја 1981, стр. 40-47.

[251] Наставна програма, 1989, стр. 35-38.

[252] Наставна програма 1989, 38-63.

## 5.2. Принципи во изработката на наставните програми

При изработката на наставните програми треба да се имаат предвид одредени принципи и начела. Постојат повеќе принципи врз основа на кои се изработуваат и оформуваат наставните програми, а ние овде ќе спомнеме неколку најосновни:

1. *Принципот на научна заснованост* или односот на науката и наставната програма (за кој зборувавме претходно, а тука ќе дадеме некои дообјаснувања, поврзани со принципот на научност).

Неспорно е тврдењето дека не е можно сета содржина на науката да се внесе во наставната програма. Но, овде се поставува прашањето: кои и колку содржини треба да се земаат од науката за одредени наставни предмети, односно длабочината и обемот на материјалот кој треба да се избере за изучување во училиштето од определен тип?

За ова прашање има мислење дека наставниот материјал не е и не треба да биде ништо друго освен "шематизирана копија и механичко смалување на науката, или копија, во која се дава целата содржина на науката, со ист редослед, само на обопштена форма...".[253] Приврзаниците на ваквите сфаќања мислат дека на учениците треба или да им се дава науката во целост или ако тоа не е можно, тогаш не треба да им се дава ништо.[254]

Меѓутоа, ваквото гледиште е погрешно и тоа од две причини: прво, од преголемата опширност на науката, која и тогаш кога би се давала во најобопштената форма тешко би можела целата да биде вклучена во наставата, во која постојат низа ограничувања, и второ, од психофизичкиот развој и можности на учениците кои никако не би можеле да совладаат материјал од цела една наука.

Затоа, ние и претходно кажавме дека наставниот предмет не може да се изедначува со науката, ниту да се сведува на буквална копија на науката,

---

[253] Radovan Teodosić, Pedagogija e përgjithshme - pjesa e dytë (Didaktika) Prishtinë, 1954, 26.

[254] Исто, 26.

но истовремено, тоа во никој случај не значи дека тие треба да си противречат.[255] Наставниот предмет треба да произлегува од науката, да ги следи во нејелеметарна форма нејзините достигања и да ја даде основата на науката. Притоа, наставниот предмет се разликува од односната наука: а) по обемот на материјалот; б) од длабочината на осветлувањето на научните поими, закони и теории не може да се дадат во училиштето така како што се дадени во системот на историската наука; в) системот на групирање на знаењата, в) одредената улога што ја има науката и што ја има предметот.[256]

Разликите помеѓу науката и наставниот предмет се толку побројни и поголеми колку што е понизок степенот на образование, кое во никој случај не подразбира дека, наставниот предмет не треба да биде заснован врз соодветната наука.[257] Разликите кои произлегуваат од степенот на училиштето не се однесуваат само во содржините, туку и во самото именување на предметот на пр. запознавање на општеството во IV одделение и историја во повисоко одделение. Овие промени во именувањето носат во себе и диференција во содржините.[258]

Предметите "запознавање на природата и општеството или запознавање на општеството " содржат конкретни појави од околината на ученикот кои учениците ги проучуваат во помали и поголеми комплексни цели. Содржините на овие предмети, главно, се ориентирани кон родокрајната историја и географија. Од друга страна, содржините на предметите историја, географија и др. имаат логички одреден редослед по кој тие предмети според содржините се чекор поблизу до самата наука.[259]

Обемот на материјалот на наставниот предмет зависи од психо-физичката возраст на самите ученици и од нивните предзнаења. Исто така,

---

[255] Педагогија ...., Загреб, 1969, 342.

[256] Исто, 343.

[257] Исто, 26.

[258] Педагогија ..., 393.

[259] Исто, 343.

тоа зависи и од самиот наставен план, бидејќи бројот на часовите го ограничува обемот и длабочината на наставниот предмет. Меѓутоа, тоа не значи дека не треба да се чуваме од вулгаризирање на науката односно од такво толкување на поимите, законите и теориите, што би можело да нѐ одведе на ненаучно третирање, на искривување на науката.

И редоследот на содржините во наставната програма мора во извесна мерка да се разликува од логичкиот систем во самата наука. Избраните содржини и во наставната програма треба да се даваат во одреден систем, но тој не е ист како во науката. Во почетокот на содржините мора да се има предвид и да се води сметка за психологијата на ученикот, неговите можности. Така, при изработката на системот на наставните содржини, потребно е да се води сметка и за субјектот (ученикот), а не само за логичкиот систем на науката.[260]

На крајот, наставниот предмет се разликува од науката и по тоа што науката тежи кон истражување на нови сознанија, а во наставниот предмет се дадени оние кои се научно потврдени, а не хипотетични.

Не треба да се заборави, дека, иако наставниот предмет и науката не се идентични тие не треба да бидат спротивставени. "... Наставниот предмет не пружа цела наука, но секогаш мора да пружи права наука".[261]

2. Друг принцип на кој треба да се придржуваме при изработката на наставната програма е *воспитно образовната вредност на наставните содржини.*

За да се постигне оваа цел, е особено важно, со изборот на содржините да се развива кај учениците морално чувство, свест, позитивните црти на карактерот, формирање на одредени хумани идеали како и останати воспитни компоненти.[262]

---

260 Педагогија..., 344.

261 Исто, 345.

262 Педагогија..., 345.

Нашето училиште не би можело да ги оствари своите воспитни задачи, доколку и во наставните програми не се обезбеди основа за научно изнесување на наставниот материјал.

Задачите на предметот историја, според наставните програми што претходно ги анализиравме, можеме да ги сведеме на основното, а тоа е "да ги запознае учениците... со условеноста на историските настани..., улогата на работничките маси..., со праведната и напредната борба на народните маси, особено со историската борба на нашите народи против угнетувачите; да развие кај учениците љубов кон се она што е напредно и човечно во историјата, а омраза кон се што е нечовечно и реакционерно...".[263]

За да ги оствари ваквите задачи, наставникот мора добро да ја знае нивната вредност и пред се́, да знае со кои содржини од материјалот нив може најдобро да ги реализира, користејќи ги сите можности.

3. Третиот принцип кој важел во изготвувањето на наставните програми е *принципот на одмереноста на материјалот според возраста на учениците.*

Овој принцип тргнува од фактот дека обемот и длабочината на осветлувањето на наставниот материјал мора да одговараат на возраста на учениците. Ако во наставната програма се внесе материјал што го надминува нивото на детската умствена развиеност, материјал кој што е недостапен за детското сфаќање, тогаш со тоа го присилуваме да го учи механички она што според своите способности не го разбира.

Таквото учење не само што не го развива туку го задржува, кочи и спречува развојот на ученикот, а истото се случува и ако во програмите се внесе премногу лесен материјал (под детските можности). Така, при изготвувањето на наставните програми по историја мошне се внимавало да не се падне на некоја крајно педоцентрична позиција или логицистичка концепција, со оглед на тоа што, "педоцентрична концепција смета дека во

[263] Pëdagogija e përgjithjshe (Didaktika) Prishtinë, 1954, 29.

наставата може да се обработуваат само оние содржини кои се врзани со непосредниот интерес на ученикот, односно со детските доживувања..." Од другата страна, пак, "логоцентричната концепција не води сметка за развојните можности на ученикот. По таа логика, ученикот треба да се прилагодува на содржината и логиката на науката, а не содржините да се прилагодуваат на ученикот".[264]

Во неколку предговори на наставните програми или некаде на крајот ваквите согледувања биле наведени како една од причините заради кои се пристапувало кон изработка на нови наставни програми[265]

Притоа, секако составувачите на програмите биле свесни и за тоа дека границите на достапноста не биле апсолутни туку релативни и динамички: она што во еден период било недостапно, веќе или можеби во друг период станува достапно, благодарение на добрата организација и поуспешните методи во обработката на материјалот, но и на напредокот воопшто, во сите сегменти од човековото живеење.

Тоа може да се утврди, пред сé, со анализа на наставните програми, со која може да се испита дали во наставната програма предвидениот материјал за одредено одделение природно се надоврзува на материјалот што треба да се совлада во претходното одделение или пак учениците не располагаат со потребното, претходно знаење што ќе им го олесни разбирањето на новиот материјал. Со анализа на програмата може да се утврди и дали е правилен редоследот во изучувањето на предвидените содржини. За секој случај, прашањето дали наставните содржини одговараат на возраста на учениците или тие ги надминуваат нивните можности, се решава во пракса и тоа од

---

264 Педагогија..., 346.

265 Така, на пример во наставната програма од 1957 год. стои: "... Причината за тоа е да се избегне дидактичкиот материјализам, односно преоптовареноста на програмата. Се тргнало од становиштето да се изберат најважните историски настани и преку нив учениците да се запознаат со карактеристиките на историската епоха. На тој начин учениците ќе бидат ослободени од механичкото и вербалното помнење на големиот број настани, имиња, историски дати и сл.". (Наставни планови и програми за основните осумгодишните училишта, Скопје, 1957, 57).

страна на наставниците, од оние кои непосредно работат и ја применуваат, и тоа "не со праксата на секого, од секој наставник, туку со праксата на најдобрите наставници".[266]

4. Четвртиот мошне важен принцип во изработката на наставните програми е принципот на *врската помеѓу теоријата и праксата.*

Овој принцип, пред сé, подразбира во програмите да се предвиди не само теоретско запознавање на учениците со основата на историската наука, со системот на поими, закони, теории, туку и со низа практични вежби од областа на историјата. Со нив, понекогаш се откриваат нови квалитети на проучувањето на предметот кои не би можеле да се постигнат исклучиво преку теориското учење.[267] Од друга страна, поврзувањето на теоријата со праксата во наставните програми има и пошироко значење.

Принципот на поврзувањето теоријата со праксата се остварува уште со тоа што во самите програми се предвидува решавање на низа задачи во кои доаѓа до примена на стекнатите знаења.

5. *Корелација со другите предмети* е важен принцип кој се применува, пред сé, со поврзување на материјалот од историја со материјалот на некои сродни предмети, особено со: географија, мајчин јазик, музичко воспитание, ликовно и др.

Без познавање на материјалот од еден предмет не може да се разбере материјалот од другиот предмет, бидејќи тоа го олеснува побрзото и потемелното совладување на материјалот од другите предмети.

Преку корелацијата со другите наставни предмети се постигнува и рационализацијата во наставата што "се наложува како неопходност за рационализацијата во наставниот предмет".[268] Ваквото гледање се поврзувало со "... дијалектичкото сфаќање" дека "во природата и општеството нема изолирани појави и настани".[269]

---

[266] Педагогија..., 31.

[267] Педагогија..., 347.

[268] Стручно-методски прилози за наставата по Историја, Скопје, 1979,94.

[269] Исто, 94.

Покрај горе наведените, биле применувани и некои други принципи при изработувањето на наставните програми по историја како:

- наставните содржини да одговараат на потребите кои ги поставува практичниот живот;
- да одговараат на научниот поглед на светот;
- образовната цел на училиштето;
- систематизирани да бидат содржините;
- содржините да бидат актуелни;
- да се води сметка за националните култури на сите народи на Југославија;
- да има и вариабилни содржини, кои ќе се менуваат по потребите на училиштето и др.[270]

**5.3. Планирање (распоред) на наставни содржини**

Покрај изборот на содржините од историјата, според принципите што ги наведовме, нивниот правилен распоред предмет претставува мошне значаен услов за систематско учење и проучување. Во структурирањето на наставните програми распоредот на содржините има суштинско дидактичко значење.

Редоследот на содржините треба да биде така компониран да секоја содржина се надоградува со содржините кои ѝ претходеле, а со можност на разбирање на наредната содржина.[271]

Во наставната практика по предметот историја, во периодот што го истражувавме, различните концепции на распоредот на содржините на наставните предмети можеме да ги поделиме на четири основни типа:

- распоред во облик на концентрични кругови;
- линеарен (линиски, сукцесивен) распоред;
- симболички распоред; и

---

[270] Педагогија II, 345-348.

[271] Педагогија.., Загреб, 1969, 350.

- комбиниран.[272]

Покрај овие основни облици на планирање има и други како што се: аналитичко-синтетички и синтетичко-аналитички распоред, етнографски, биографски, монографски, синхронистички, тематски и екземпларен распоред.[273]

Со програмирањето на наставните содржини во форма на концентрични кругови (циклуси), се започнало уште во XIX век, а тоа станало предоминантен начин на програмирање во почетокот на XX век, како резултат на развитокот на детската психологија и на примената на нејзините резултати во дидактиката. Во цикличното програмирање материјалот на предметот се систематизира во целини зависно од степенот на училиштето така што материјалот од претходниот степен на следниот училишен степен повторно се изучува, но проширено и продлабочено[274]. Ваквиот начин на програмирање на наставата по историја како практика бил забележан во СФРЈ, до реформата на школството во седумдесеттите години (додека постоеле гимназиите како општообразовни училишта) и е вратен во гимназијата во 1990 г. Притоа, како основна предност на цикличното програмирање на наставата по историја, се сматала таа што учениците кои го завршувале основното училиште добивале целосни, иако елементарни знаења за историскиот развиток на човештвото, а оние кои го продолжувале образованието во средните училишта материјалот од основното училиште го проширувале и го продлабочувале, во согласност со психофизичките можности на нивната возраст.

---

[272] Педагогија II, 350; Pedagogija e pirgjitjse (општа педагогија), Prishtinë, 1954, 33-34.3-34.

[273] Н. Димовски, Наставниот план и програма по Историја, Скопје, мај 1999, 3-4 (материјал во ракопис).

[274] Материјалот може да се програмира во концентрични кругови (во форма на наставни циклуси) само доколку постојат следните два важни услова: 1) фондот на часови во следниот циклус да биде поголем од фондот на часови во претходниот, или барем ист и 2) помеѓу изучувањето на определени делови од материјалот во двата циклуса временското растојание да биде доволно големо (3 - 4 години), за да има смисла повторувањето на веќе еднаш поминатиот материјал. Со други зборови, траењето на двата циклуса треба да биде исто (3 - 4 години).

Така, сите историски периоди во еден циклус учениците ги усвојувале приближно со ист степен на длабочина, што им овозможувало и темелно усвојување на историските знаења, навики и умеења.

Во распоредот направен во облик на концентрични кругови, содржината на наставниот предмет е распоредена концентрично, што значи на секој концентричен круг кој често се совпаѓа со одделението, се обработува целиот материјал но само до онаа мерка колку на степен колку што е можно, зависност од психофизичките можности на учениците. [275]

Карактеристично за овој распоред е што, во пошироките кругови кои се однесуваат на постарите одделенија, се опфаќаат наставни содржини од малите кругови, така што со зголемување на радиусот на кругот се прошируваат и продлабочуваат содржините во погорните одделенија. Предноста во овој распоред е во тоа што, со повторувањето на содржини, од предходниот круг се обновува изученото и со тоа се олеснува минувањето на нови содржини, а познатото се надоградува и проширува новото и др.

Негативна страна на овој распоред е, трошењето време поради повторување на претходно обработените содржини што го прави неекономичен. Таа слабост може да се надминува, делумно, со тоа што потесните кругови ќе се повторуваат само во нивните важни и значајни делови, заради континуитет со нови содржини од поширокиот кон центар. Поради тоа, во практиката концентричниот распоред се применува во комбинација со други начини на распоред на содржини - линеарен, комбиниран и сл.

Линеарното програмирање (линиски, сукцесивен распоред) е друг начин (тип, модел) за распоредување на наставните содржини. Тоа се состои во постепено распоредување на наставните содржини од почетното одделение од понизок степен до завршниот клас на средниот степен на училиште (за определен предмет). Целиот материјал е даден во една низа и

---

[275] Педагогија II, 352.

личи на една непрекината линија. Бидејќи градивото се нижи сукцесивно по одреден редослед и без навраќање, ваквиот распоред на наставниот материјал се нарекува и сукцесивен распоред. Ваков начин на програмирање е најсоодветен единствено за десетгодишното училиште, кое постоеше и постои во одреден број земји. Линеарното програмирање одговара на предметите со помал број неделни часови, бидејќи се постигнува значителна заштеда во време, со оглед на фактот што материјалот се изучува само еднаш во текот на целото школување и се зголемува интересирањето на учениците бидејќи во текот на сето школување се изучуваат нови содржини. Но, ваквото програмирање на историјата има два големи недостатока: 1) материјалот по одделенијата се изучува во нерамномерен обем и длабочина, зависно од возраста на ученикот - помалку и послабо во пониските, а повеќе и подлабоко во погорните класови, така што знаењата на учениците се недоволни особено од старата историја (стар и среден век); 2) учениците кои не го завршуваат средниот степен на училиште не изучуваат дел од материјалот, и тоа од поновите историски периоди.

Линеарното програмирање во некои свои варијанти нашло примена при изработката на наставните програми по историја. Линеарниот распоред на содржините се јавува во неколку основни варијанти, како линеарно (хронолошки) прогресивен и линеарно (хронолошки) регресивен.

Со линеарно прогресивниот распоред, наставните содржини се распоредуваат во согласност со прогресивниот тек на развојот на природните и општествени појави од најстаро време до денес. Ваквиот распоред бил применуван во нашето основно училиште. Во основното училиште беше применуван и линеарно регресивниот распоред на наставните содржини, обратен на прогресивниот - што значи дека се поаѓало од она што на учениците им е едноставно, елементарно, темелно и почетно. Ваквиот распоред бил присутен во предметити ЗПО и ЗО и во нижите одделенија на основното училиште, каде се изучува содржините од историјата. Кога учениците ќе се доведат со регресивниот пат до научна едноставност, тогаш од неа, преку прогресивниот пат, се доаѓа до научна сложеност.

Покрај овие две варијанти на линеарно програмирање, постоела и трета варијанта - линеарно спирален начин, кој всушност, претставува комбинација на линеарното и цикличното програмирање и кој ние го издвојуваме како посебен начин на програмирање на наставните содржини по историја.

Спиралното програмирање, како спој на линеарното и цикличното, беше воведено во СФРЈ со училишната реформа од 1976 г. и беше условено со завршниот карактер на основното училиште и малиот фонд на часови за општообразовните предмети во т.н. насочено образование. Во овој начин на програмирање материјалот во основното училиште се структуира линеарно, додека во средниот степен не се дава повторно целиот материјал, туку само се продлабочуваат и прошируваат клучните содржини, слично како во цикличното програмирање. Со ваквото програмирање се настојувало да се задржи од линеарното неговата временска економичност, а од цикличното, неговата прилагоденост на можностите на возраста на ученикот.

Самиот распоред на материјалот во наставните програми мора во голема степен да се усогласувал и со природата на научната дисциплина врз која базирал наставниот предмет. На историјата, како наставен предмет, ѝ соодветствува единствено т.н. хронолошки-прогресивен распоред на материјалот, кој е истоветен со историската наука бидејќи така се одвиваат реалните историски процеси (во времето и просторот). Затоа во почетното (петто) одделение во основното училиште, на пример, се изучува праисторијата и стариот век, а во следните одделенија подоцнежните периоди. Ваквиот распоред на материјалот е во сообразност и со психофизичките можности на учениците бидејќи за учениците од помладата возраст "поедноставни" се историските процеси во поранешните историски периоди, тие им се полесно сфатливи отколку сложените историски процеси од поновото време[276].

---

[276] Педагогија II, 351.

Покрај овие основни начини на програмирање на содржините по историја постоеле елементи и на аналитичко-синтетички и синтетичко-аналитичен распоред, етнографски, биографски, монографски, синхроничен (полн сихрон, делумен синхрон, тематски синхрон), календарски и егземпларен распоред[277].

Секој од наведените распореди на наставните содржини имал свои предности и недостатоци. При тоа, кога се вршело одредување на распоредувањето на наставниот материјал се водело сметка за наставниот предмет, учениците, типот на училиштето, располагањето со времето и др.

Од прегледот на досегашните наставни програми по историја, може да се види дека тие се изработени според неколку типа распореди. Така, наставната програма од 1952 год е изработена по начинот на линеарно-концентрични кругови[278], додека онаа од 1957 год. по линеарно-хронолошки распоред, како и наставните програми од 1948 год. до 1960 год. Во изработката на наставната програма од 1966 год. е присутен линеарно-прогресивен и синхронизиран распоред.[279] Програмата по историја од 1973 год. е изработена по комбиниран распоред. Така, покрај линеарниот прогресивен распоред, се применуваат и затворени концентрични кругови со извесно отстапување од неговото хронолошко подредување со цел тој да биде подостапен за возраста на учениците.[280]

Програмата од 1980 год. е изработена по линеарно спиралниот распоред за разлика од дотогашните програми кои биле изработени врз принципот на концентрични кругови, зачувувајќи го хронолошкиот

---

[277] Во нашите основни и средни училишта распоредот на содржините во наставните програми по историја е комбиниран од повеќе видови и нивни варијанти: од концентрични кругови (циклуси), линерно прогресивен (хронолошки прогресивен) распоред, мали комбинации на аналитичко-синтетички и синтетичко-аналитички распоред, синхронистички, комбинирано од делумен и тематски синхрон (Види: Н. Димовски, *Наставниот план и програма по историја*, "Историја, XXXIV/XXXV, бр. 1-4, Скопје 1998/99, 137-150).

[278] Pedagogjia e pergjishme (општа педагогија... 33)

[279] Наставен план и програм за основните училишта, Скопје, 1966, 213.

[280] Основно училиште, општа програмска структура, Скопје, 1973, 298.

прогресивен редослед на историските настани почнувајќи до првобитното општество до најново време.[281]

Во програмата од 1989 година напуштен е линеарниот спирален принцип и доследно се почитува хронолошка систематика.[282]

---

[281] Историја, Скопје, 1980, 45.

[282] План и програма за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование, Историја за V, VI, VII и VIII одд. Скопје, 1989, 34.

## 6. ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЈАДРА ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Со договор на републиките и покраините на СФРЈ, била постигната согласност за заеднички основи на системот на воспитувањето и образованието, според кој, требало да се работи на усогласување на плановите и програмите на воспитно-образовната работа на предучилишното, основното и на средното образование и воспитание. Овие заеднички основи биле подготвени од постојаната конференција на установите за унапредување на воспитанието и образованието во СФРЈ и Комисијата за програмирање и организација на системот на воспитание и образование. Така, во април 1979 година беа предложени програмските јадра до сите заинтересирани образовно-воспитни фактори во Југославија, а пред сѐ, до постојаната конференција на Заводите за унапредување на воспитанието и образованието. Во нив имаше програмско јадро и за предметот историја за основното образование.

Предлогот за програмските јадра беше даден, со цел, за што пократок рок да се определи заеднички документ кој ќе овозможи во еден подолг период да се усогласат плановите и програмите на воспитно-образовната работа во Југославија.

Сето тоа што се предлагаше со заедничките програмски јадра, како и општите цели и задачи на воспитанието и образованието произлегуваше и се потпираше на Уставот на СФРЈ и уставите на Социјалистичките републики и покраини, програмата на СКЈ и резолуциите за воспитанието и образованието што беа донесени од Сојузното собрание на X Конгрес на СКЈ, а поексплицитно и систематизирано во Законите за основното и средното образование во Југославија.

Улогата на заедничкото програмско јадро беше образложувана со овие појдовни основи:

а) На целото подрачје на Југославија потребно е да се обезбеди поголема присутност на оние воспитно-образовни содржини кои придонесуваат за братството и единството на југословенските народи и народности и за подобро меѓусебно познавање;

б) На целото подрачје на Југославија мора да биде загарантиран таков училишен систем кој би им овозможил на учениците, кога ќе преминат од една Република во друга, непречено натамошно школување;

в) Изедначување на наставните планови требало да придонесе во рационалното опремување на училиштата со наставни средства, без оглед на републичките и покраинските граници и размена на педагошките искуства.

Основните цели на предметот, во јадрата го поставувале барањето на учениците, во прв ред да се запознаат со историјата на народите и народностите на Југославија, а од европската и светската историја да ги изучуваат оние теми кои биле услов или рамка за разбирање на историскиот развој на југословенските народи.[283]

Заедничкото програмско јадро опфаќаше 60-80% од општата југословенска историја, а 20-40% оставен беше простор за специфичностите што ги внесува секоја Република и Покраина.

Новите заеднички основи во основното и средното образование, оформени 1980 година на ниво на Југославија се одликуваа со:

- напуштање на планирањето по концентрични кругови како нерационално,

- единствен наставен план со ист фонд на часови по одделенија и класови,

- усогласување на предметот историја во сите Републики и Покраини,

- еднаква поделба на наставниот материјал по одделенија и класови,

- усогласување на предметот историја со останатите предмети од групата на општественото образование.

---

[283] Настава историје, Загреб, 1980, стр. 148.

За концепцирање на содржините бил земен линеарно-скратениот принцип. Содржините беа планирани линеарно од V одделение до II клас на средното образование, правена е една спирала во VIII одделение, со што се опфаќаше и заокружуваше најновата историја, НОВ и наставниот период во Југославија и светот.

Иако, настојувањата на ниво на Југославија беа да се усогласат наставните програми, да се приближат и воедначат, до 1984 година тоа во целост не беше сторено. Беа присутни разлики во неделниот фонд на часовите, во планирањето на редоследот на програмските содржини, во застапеноста на одделни теми, во заемната застапеност на историјата на југословенските народи и народности итн. Од последното, најзагрозена беше застапеноста на македонската историја во другите Републики и Покраини. Од договорот меѓу Републиките и Покраините, постигнат во 1980 година за линеарно планирање, освен СРМ и СР Хрватска, сите други републики и покраини не го прифатија линеарното планирање и останаа на планирањето на концентричните кругови.

Тоа доведе до потемелни разлики отколку во претходните наставни програми. Ваквата состојба ја намали потребата од нови активности за вградување на заедничките програмски јадра на ниво на Југославија. Глобална согласност се постигна дури есента 1984 година. Новите наставни програми требаше да го напуштат линеарниот принцип на планирање, редоследот на програмските содржини од V одделение до II клас на средното образование, а да бидат конципирани одново во два концентрични кругови, еден од V-VIII одделение и вториот во I-II клас на средното образование. Највредното и позитивното во наставните програми со линеарно-спиралното планирање е тоа што во II клас на средното образование се изучуваше светот и Југославија по Втората светска војна. Таквото изучување на современата историја го немаше во другите републики и покраини.

Со новото програмско јадро од 1984 година и новите наставни програми се овозможи поголемо усогласување со учениковата возраст,

додека во заедничките основи (I и II клас) се дадоа систематизирано клучните процеси и појави од најстарото време до современиот свет. Тоа важеше како за општата историја, така и за историјата на народите и народностите на СФРЈ. Со тоа, материјалот од основното образование се продлабочи, но не со натрупување на фактографијата. Во заедничките основи тежиштето беше на изучувањето законитостите во историскиот развој.

Новите наставни програми во кои беше вградено заедничкото програмско јадро се одликуваа и со тоа што беа растоварени од фактографијата, општите и оперативните задачи беа поприлагодени на реалните услови и можности (материјални и кадровски), во голем степен беше избегнат прекумерниот историцизам, а акцентот беше ставен на националната југословенска и македонска историја. Историските настани, процеси и појави карактеристични за повеќе југословенски народи се изучуваа како целина, а не парцијално за секој народ и народност посебно.

Покрај наведените одлики кои беа позитивно оценети, во новите наставни програми беа забележани и отворени проблеми. Така на пример, неделниот фонд на часови беше мал за да се постигне воспитно-образовната цел и задачи во наставата, а македонската историја не беше застапена во доволна мера. Уште подрастична беше положбата со застапеноста на македонската историја во другите Републики и Покраини. Таму историјата на македонскиот народ се изучуваше низ неколку наставни единици (Самоиловата држава; Преродбата, Илинден и Гоце Делчев и АСНОМ).

Поради тоа, во СРМ беше изготвен предлог на содржини од македонската историја (15 наставни единици) од најстарото време до Втората светска војна кои требаше да бидат застапени во наставата по историја во другите републики и покраини. За жал овој предлог беше само делумно прифатен и покрај присутните барања за подобрување на застапеноста на македонската историја во новите наставни програми, односно во заедничките програмски јадра[284]

---

[284] Н. Димовски, Историја бр. 1, Скопје, 1983, стр. 255; и пишуван материјал од него за "Програмските јадра" во ракопис.

### 6.1. Општиот и југословенскиот карактер на наставните програми по историја

Во наставните програми по историја за основно и средно образование во Македонија од 1945 година па сé до 1990 година, најмногу беше застапена историјата на југословенските народи или општата историја, а најмалку историјата на македонскиот народ, додека пак историјата на националностите до 1961 година воопшто не беше застапена.

Тоа најдобро можеме да го илустрираме низ неколку примери. Така, во наставниот план и програма за историја од 1947/48 година соодносот на засапеноста на историјата изнесува: од вкупно 844 часа од I-VIII одделение (клас) на средните училишта на општата историја припаѓаат 708 часа односно 84%, додека на историјата на југословенските народи вкупно 105 (12%) и на историјата на македонскиот народ 31 (4%). Од тука се гледа дека на општата историја, припаѓале 27 пати повеќе содржини отколку на македонската и 3 пати повеќе од историјата на југословенските народи.

Во програмата од 1989 година за југословенските народи е дадена 46,6%, општата 35,6%, македонската 18,5% и историјата на Албанците 5,3%.

Заедничкото југословенско јадро изнесува 60% од вкупните содржини што се изучува од V-VIII одделение.[285]

Во овие програми преовладува општата историја и историјата на југословенските народи.

Од прегледот на неколку програми може да се види дека фондот на наставните единици кои биле предвидени бил многу мал; на пример во наставната програма од 1948 година во III и IV одделение биле предвидени 11 часа; во 1950 година во III одделение 8 часа, во IV-11 часа; во 1952 година од IV-VIII одделение 18 часа, а во програмата од 1957 година од IV-VIII одделение 17 часа.

---

[285] Н Димовски, Пишуван материјал во ракопис.

Гореспоменатите наставни единици биле предвидени како посебни, а во програмата има случаи кога се спомнуваат наставни содржини вклопувани со други народи.

Од сето ова, произлегува дека во овие програми преовладува општата и онаа од југословенските народи.

Наставните содржини кои се изучувале повеќе биле: Македонска античка држава, Кирил и Методиј, ВМРО - формирање и делување, Илинденско востание и АСНОМ.

За историјата на националностите во Македонија - албанската и турската се вели дека се проткајува низ содржините историските настани кои имаат врски и влијанија едни врз други. До 1961 година, не може да се види дека биле обработувани како посебни наставни содржини[286] во ниту една од програмите, освен во онаа од 1973 година па наваму, каде е предвидено со дополнителната наставна програма за албански и турски јазик.[287]

## 6. 2. Застапеноста на историјата на националностите во основното образование

Наставниот предмет Историја на албанската и турската националност во наставните планови и програми во основното образование во Македонија во почетокот не бил застапен со посебни наставни содржини. Од прегледот на наставните програми до 1973 година[288], нема посебна одделена дополнителна наставна програма за одделни наставни содржини. Од оваа година, во наставните програми има посебни дополнувања на програмите каде на наставниците им се укажува дека тие содржини треба органски да ги

[286] Види Билтен бр. 5, 1961 г., стр. 112, издаден од Заводот за унапредување на школството на Македонија.

[287] Наставни програми од 1948, 1950, 1952, 1957... 1973, 1981, 1989, 1990 година.

[288] Основно училиште, општа програмска структура со наставен план и програма, Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1973, стр. 305-308.

поврзат со заедничката наставна програма по Историја за основните училишта во СРМ.[289]

Меѓутоа, според Билтенот (бр. 5) од 1961 година, издаден од Заводот за унапредување на школството на НРМ, се гледа дека во месец јуни 1961 година Советот за просвета на НРМ ја усвоил дополнителната наставна програма по историја на малцинствата. Програмата е дополнета со извесни поважни моменти од националната историја на шиптарското (албанското), односно на турското малцинство со посебен осврт на оние настани што малцинствата ги сврзуваа со историјата на македонскиот народ. Се сметало дека со новите дополнувања кои се вклопувале во рамките на единствениот републички план и програма, ќе биде остварена целта, учениците да се запознаат со сите оние моменти кои ги сврзуваат малцинствата со македонскиот народ во минатото. Низ наставната материја поврзани се заедничките историски стремежи на македонскиот народ и малцинствата од повеќе зачетоци на заедничкиот живот на Балканскиот Полуостров заклучно со НОБ. Наставната програма претставувала продолжување на заедничката педагошка активност во училиштата, особено во оние кои работеле на територијален принцип, т.е. во заедничко училиште се школувале деца од народностите кои живееле на даденото подрачје.

Ќе наведеме и неколку дополнувања кои биле направени во однос на наставните содржини за народностите, односно во барањето врските во историјата помеѓу различните популации на Балканот. Така, на пример, во поднасловот "Рим" и "Нашите земји во римско време", биле додадени содржините за "Старите жители на Балканскиот Полуостров" (Илири и Тракијци). Потоа, по содржините за востанијата во Македонија во XI век се додава "Шиптарско-словенските односи до XI век", а по паѓањето на "Цариград и јужнословенските држави под турска власт", се додава "Потпаѓање на Албанија под турска власт". Во поднасловот "Нашите народи

[289] Исто, стр. 306-307.

под власта на туѓинците", по наставната материја "Ајдуци и ускоци", се додава "Отпорот на Шиптарите против Турците и соработката на југословенските народи", а по "Босанско-Херцеговското востание" и "Санстефанскиот мир", се додава "Призренска лига" и "Културно-просветен развиток на Шиптарите во II-та половина на XX век", во "Развитокот на НОБ во Македонија" се внесува посебен пасос "Учеството на малцинствата од Македонија во НОБ и нивниот придонес во заедничката борба на народите на Југославија".[290]

Според општата програмска структура со наставен план и програма од 1973 година за основно училиште, издадено од Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, предвидено е дополнување на наставната програма по историја за основните училишта со албански наставен јазик и тоа посебно за секое одделение.

Така, за V одделение се додава наставната содржина "Илирски племиња - распространетост, војни со Римјаните, култура". Оваа наставна содржина според оваа наставна програма е предвидена да се обработи по темата "Старата македонска држава".

За VI одделение се предвидени 6 наставни содржини. Наставната содржина "Формирање на албански народ" се додава по содржината "Востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех". Наставните содржини "Албански самостојни феудалци - Прогон" и "Албанско кралство", се додаваат по содржината "Борби на соседните држави за превласт во Македонија". Наставната содржина "Создавање на албански кнежевини во Албанија" се додава по наставната содржина "Создавање на независни области и држави во Македонија". Наставната содржина "Отпорот на Албанците и Македонците против освојувачите - Скендербег", се поместува по наставната содржина "Потпаѓање на југословенските народи под власт на Османлиската Турција". По наставната содржина "Карпошовото востание",

[290] Билтен бр. 5, 1961 год., издаден од Заводот за унапредување на школството на НРМ, Скопје, 1961, стр. 112.

се иеместува содржината "Востанија на албанскиот народ во тоа време".

За VII одделение се предвидени 2 наставни содржини и тоа "Албанска лига" и "Дејноста на албанските друштва". Овие содржини се предвидени да се поместат на крајот од темата "Руско-турски војни".

За VIII одделение била предвидена само една содржина и тоа "Посебната политика кон Албанците - иселување", која доаѓа по содржината "Македонија во Кралството на СХС".

Според оваа наставна програма, во VIII одделение нема предвидена ниту една наставна содржина во темите " Втората светска војна", "НОВ и народната револуција", "Светот по Втората светска војна" и "Југославија во периодот на општественото самоуправување".

Во краткото објаснување на оваа дополнителна настава, им се објаснува на наставниците како да постапат со овие содржини, при планирање и обработка. Во однос на ова, се вели: "Дополнителните содржини треба да се поврзат во заедничката наставна програма по историја за основните училишта во СР Македонија". Се предлага тие да бидат распоредени како што се дадени, според програмата со тоа што бројот на часовите за реализирање на нов материјал да се зголеми и тоа: во V одделение од 20 на 22 часа; во VI од 40 на 42, а другите две содржини да се вклопат во часовите за темите што им припаѓаат, во VII одделение од 40 на 41 и во VIII одделение содржината да се вклопи во определената тема.[291]

## 6. 2.1. Дополнување на наставната програма по историја за основните училишта со турски наставен јазик

Според оваа наставна програма, во основните училишта со турски наставен јазик, предвидени наставни содржини во VI одделение и тоа по наставната тема "Потпаѓање на југословенските народи под власта на

[291] Наставна програма ... 1973, стр. 306.

Османската Империја", се поместува наставната содржина "Потеклото на Турците, државно и воено уредување на Османлиската држава".

По "Маричката битка" се поместува содржината "Внатрешни борби во Турција по Ангорската битка (1402 година) - Социјалното движење предводено од Шеикот Бедредин (1416 година)".

Во VII одделение, по Грчкото и Негушкото востание, се поместува содржината "Првите обиди за буржуаски реформи - Селим - III"; "Објавување на хатишерерот"; "Реорганизација на војската"; "Отпорот против реформите"; "Мустафа-паша Бајрактар"; "Реформите на Махмуд - II"; "Гилјхеански хатишериф од 1856 година".

Во VIII одделение, на крајот од темата "Светот меѓу двете светски војни", се поместува содржината", "Национално-буржоаската револуција во Турција - реформи на Ќемал Ататурк".

Овие содржини, според оваа наставна програма треба органски да се вклопат во заедничката наставна програма по историја за основните училишта во СРМ. Со овие содржини, фондот на наставните часови се зголемува во VI одделение од 40 на 42 часа, исто така, за толку се зголемува и во VII одделение, а во VIII одделение ќе се оствари со предвидениот фонд на часови по определената тема.[292]

Како консултанти за овие дополнителни содржини за училиштата со албански наставен јазик бил д-р Шукри Рахими - тогашен професор на Педагошката академија во Скопје, а за турски наставен јазик Мустафа Карахасан, просветен советник во Републичкиот завод за унапредување на школството - Скопје.[293]

Дополнителните наставни содржини по историја за основните училишта со турски наставен јазик, според наставната програма од 1981 година, исто така, се предвидени од VI одделение и тоа: по насловот "Паѓање

---

[292] Наставна програма... 1973 г., стр. 306-308.

[293] Исто, стр. 502.

на југословенските народи под власта на Османлиската држава" се доместува наставната содржина "Потеклото на Турците, државно и воено уредување на Османлиската држава - Доаѓањето на Турците -Османлии на Балканот". "Внатрешни борби во Турција по Ангорската битка - 1402 година". "Социјалното дивжење предвидено од Шеикот Бедредин. Културата".

Во VIII одделение, предвидените содржини по број не се разликуваат од претходната програма (1973), со тоа што во неа овие содржини се обработиле во VII одделение.

Наставните содржини кои биле предвидени во ова одделение, според оваа наставна програма (1981 година) се по наставните содржини "Грчкото и Негушкото востание се поместува содржината "Првите обиди за буржоаски реформи - Селим III", "Објавување на Хатишерифот"; "Реорганизација на војската", "Отпорот против реформите"; "Танзимат", "Мустафа-паша Бајрактар", "Реформите на Махмуд - II"; "Галханскиот Хатишериф од 1856 год." Пред содржината Македонија и Младотурската револуција се поместува темата "Младотурската револуција - работничко и социјалистичко движење во Турција", "Култура кај Турците".[294]

### 6.2.2. Дополнување на наставната програма по историја за основните училишта со албански наставен јазик

Според наставната програма по историја, издадена од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието на СР Македонија, во 1981 година, било предвидено дополнуање на програмата по историја за училиштата со албански наставен јазик.[295]

Така, според оваа програма, во V одделение, по темата "Стара македонска држава" се додава содржината "Илирски племиња и сојузи - распространетост, војни со Римјаните, Илирско востание од 6-9 година,

---

[294] Исто, стр. 71.

[295] Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1981 год., стр. 70-71.

против Римјаните и култура на Илирите". Ако се спореди со програмата од 1973 година, во ова одделение нема промени ни во содржината, ниту пак по фондот на часовите.

Во VI одделение се предвидени следните содржини "Заемни влијанија меѓу Словените и Илирите". По востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех, се додава содржината "Драчката област - Формирање на албански народ". Потоа следат содржините "Албански самостојни феудалци - Прогон", "Албанско кралство", "Албанците во границите на Српската држава", "Создавање на албанските кнежевства во Албанија", "Албански кнезови по распаѓањето на Српската феудална држава".

По содржината, "Потпаѓање на југословенските народи под власт на Османлиската Турција", се поместува содржината "Отпорот на Албанците и Македонците против освојувачите - Скендербег", "Културата на Албанците" во овој период.

Во VII одделение, по наставната содржина "Карпошовото востание" се поместува содржината "Востанија на албанскиот народ во тоа време" (оваа настава се обработува во VI одделение); "Миграциони движења на Албанците за време на Австро-турската војна".

Во VIII одделение, предвидени се неколку нови содржини во споредба со оние од наставната програма од 1973 година. Така, кај темата "Преродбата на Македонците" предвидена е содржината "Почеток на преродбата кај Албанците", на крајот на темата "Руско-турски војни и Демирхисарскиот заговор", односно по содржината "Албанска лига", се додава содржината "Дејноста на албанските друштва. Првите албански друштва". Исто така, овде се додава и наставната содржина "Учеството на некои Албанци во снабдувањето на ТМРО со оружје во Илинденскиот период".

По содржината "Македонија во Кралството на СХС", се додава наставната содржина "Посебна политика кон Албанците - иселување".[296]

Во делот "Објаснение на програмата во врска со дополнителната програма за Албанците и Турците во основните училишта по предметот Историја", од 1981 година, се вели дека тоа се претставува низ содржините и настаните кои имаат врски и влијанија едни врз други и кои се поврзани со југословенските територии и народи. Во дополнението на програмите за училиштата со албански и турски наставен јазик се дадени и други содржини по одделенија кои служат поголема светлина на историскиот развој на овие народи.[297]

Иако, овде се наведува дека во дополнителната програма се дадени и други содржини по одделенија кои фрлаат поголема светлина, сепак ако се погледнат наставните содржини по одделенија ќе се види дека освен оние кои се предвидени како достапна, како посебни содржини, нема други.

Во планот и програмата за воспитно-образовната дејност на основното воспитание и образование, историја за V, VI, VII и VIII одделение од 1989 година, историјата на народностите во Македонија - Албанците и Турците се проткајува низ содржините и настаните кои имаат врски и влијанија едни врз други и кои се поврзани со југословенските народи и територии.

Во програмата од 1989 година, историјата на албанската народност во Македонија и Југославија и албанскиот народ воопшто, треба да се обработи преку 7 наставни часа и 5 целини од V до VIII одделение, со што ќе се добие глобален преглед на историското минато на Албанците. Предвидените содржини се инкорпорирани низ целата програма и ќе ги изучува целата популација учеици во СРМ, се вели во оваа наставна програма во делот "Упте некои објаснења на програмата".[298]

---

296 Наставни програми по географија и историја, Скопје, 1981 год., стр. 70-71.

297 Исто, стр. 75.

298 Исто, стр. 62.

Според оваа наставна програма, во V одделение се предвидени следните наставни содржини "Илири", и тоа под темата "Нашите земји под римска власт".

Во VI одделение се "Албанците во периодот на раниот и развиениот феудализам (тема)", каде се предвидува за обработка на следните содржини "Етничко потекло, формирање на албанскиот народ, византиската власт над територијата населена со Албанци. Кнежеството Арберија (Арбаниум) во XII век. Соработката на македонските Словени со Албанците од Драчката област. Албанците под византиската, анжујска и српска власт, формирање на феудални кнежества во XII и XIV век, општествено-економски односи, средновековната култура на Албанците".

Во темата "Османлиско освојување на Балканскиот Полуостров", предвидена е темата "Албанците во XV век", каде се предвидени следните наставни содржини: Отпор на Албанците, Македонците и другите против османлиските освојувачи; паѓањето на албанските територии под осмалиска власт; албанско-османлиски борби во XV век - Ѓерг Кастриот -Скендербег и неговата улога во организирањето на отпорот на Албанците.

Во темата "Положбата на балканското население под османлиска власт" се опфатени наставните содржини "Положбата на Албанците, востанија по смртта на Скендербег, иселување, исламизација, формирање на пашалаци во XVIII век (Скадарски и Јонски).

Во VII одделение по темата "Југословенските народи (националноослободителни движења) и нивните соседи на крајот на XVIII и во првата половина на XIX век се предвидени следните содржини.

"Албанците во првата половина на XIX век", како тема која се предвидени следните содржини: Отпорот на Албанците против османлиските реформи - востанија, Односот на албанските феудалци спрема Портата, Односот на Албанците со соседите и заедничките борби против османлиската власт. Почетоци на народниот препород кај Албанците - општествено-економските услови и првите идеалисти.

Во темата: “Јужните Словени и нивните соседи на крајот на XIX и почетокот на XX век" предвидена е подтемата: “Албанците во втората половина на XIX и во почетокот на XX век", каде ќе се обработуваат овие наставни содржини: Општествено-економските односи кај Албанците, Источното прашање; Призренска лига и нејзиниот карактер, Отпор на албанскиот народ против осмалиската реакција по Призренската лига; Албанско-македонската лига и соработка.

Во рамките на темата: "Македонско-национално револуционерно движење", предвидено да се обработи и темата: Албанците во Младотурската револуција, и тоа следните содржини: Албански востанија во почетокот на XX век; Создавање на албанската држава во 1912 година; Културно-национални услови; Формирање на дружини и клубови.

Во VIII одделение, во темата “Кралството на СХС”, предвидено е да се обработи наставната содржина: Албанската народност во тој период.

Во темата: "Втората светска војна, НОВ и Социјалистичката револуција во Југославија", е предвидено изучување на следните содржини: НОВ на Косово, НОВ и Револуцијата во Албанија, Соработката на КПЈ и КПА какоповремениот период на влошување на односите со Југославија по Резолуцијата на Информбирото.[299]

Во наставниот план и програми, измени во програмите од I - VIII - во 1990 година, во делот за историјата на Албанците има неколку измени. Така, во VI одделение во однос на програмата од 1989 година, се внесува содржината: "Албанците во периодот на раниот и развиениот феудализам", со што е ставен поголем акцент на разработката на миграционите движења и за соработката, на македонските Словени и Албанците од Драчката област. Притоа, се бара набележаните тези во наставната програма да се обработат во преглед "Албанците во XV век", да се проткае и потенцира и религиозно-црковниот фактор, посебно кај албанско-османлиските борби во

[299] Наставен план и програма, Историја за V, VI, VII и VIII одделение, Скопје, 1989 год., стр. 6-33.

XV век. Од наставната содржина "Положбата на балканското население под Османлиската власт" се бара да се изоставаат содржините: Востанија по смртта на Скендербег и формирање на пашалоци во XVIII век, а положбата на Албанците да се прикаже заедно со положбата на другите балкански народи.

Во VII одделение се менуваат или се изоставаат следните наставни содржини: Албанците во првата половина на XIX век; Албанците во втората половина на XIX и почетокот на XX век, се предвидува да се обработат во преглед со поголем акцент на албанската народност во Македонија, миграциите на Албанците и улогата на верскиот фактор.

Наставната единица "Албанците во Младотурската револуција" од програмата од 1989 во 1990 се преформулира и гласи: "Националноослободителни борби на Албанците во почетокот на XX век".

Во VIII одделение, предвидено е наставната содржина "Односите Албанија-Југославија" да се проследат до 1990 година.

## 7. УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Според Педагошкиот речник, под учебник (анг. textbook, фр. manuel scolaire, livre de classe, герм. lehrbuchl schulbucn, рус. учебник), се подразбира - наставно средство, книга која се разликува од книгите за општа употреба, по тоа што во него се изнесени основни научни сознанија според дидактичките менторски потреби, во согласност со наставните планови и програми, задачите на наставата и воспитната цел.[300]

Учебникот не е само техничко средство, "алат за работа", тој е "елемент" во наставниот процес и има своја специфична и значајна функција, основна и најзначајна е придонесот за остварување на задачите на наставата и воспитната цел.

Иако содржината на учебникот "ја конституира општата основа и ја сочинува и е потпора на наставничкото излагање", тој не е само средство за реградирање и усвојување на оние знаења кои учениците ги стекнале во наставниот процес. Тој дава и нови знаења и треба да им овозможи на учениците да го владеат системот на научните факти и во таа основа да формираат научен поглед на свет и др.[301]

Учебникот, за навистина да биде средство за работа на учениците и студентите, треба во неговата содржина нема никаква празнина, или пак апстрактни изрази кои можат да претставуваат оптоварување земајќи ја предвид возраста на учениците, туку да содржи задолжителен материјал соодветен на возраста и одделението каде што се употребува.[302]

Прашањето за учебникот по историја отсекогаш било актуелно и затоа постојано за него се дискутира и пишува. Тој имал и има доминатна улога во воспитанието и образованието на учениците и пошироко.

---

300 Педагошки речник - 2, Београд, 1967, стр. 521.

301 Педагошки речник - 2, Београд, 1967, стр. 521.

302 Fjalor i pedagogjisë, Tiranë, 1983, стр. 676.

За значењето на книгата (и учебниците - С.Е.), пишувале и пишуваат многу автори. Еден од нив, Стефан Звиег, за значењето на книгата вели: "уште ни еден енергетски извор никогаш не подарил толку светлина, како што може во моментот да подари една мала книга... насекаде, не само во посебните услови на живеење, книгата е алфа и омега на севкупното знаење, извор на сите науки". Р. Ескарт, пак, книгата ја споредува со лебот и вели дека книгата е "предмет од ист култ, бидејќи беше духовен леб и голема човекова победа над незнаењето и ропството што го раѓа незнаењето".[303]

Според документите од Светскиот конгрес на книгата, одржан во 1982 година во Лондон, книгата е наједноставното, најразновидното, најбогатото и едно од најефтините средства за пренесување на мислите, значи најпогодниот инструмент за сознание, размислување и истражување, како и неопходно оружје на перманентото образование. Говорејќи за учебниците, како специфичен вид на книга, цениме дека учебникот, во минатото и денес, и во наши и во светски размери има исклучително значење во процесот на воспитанието и образованието, односно за развитокот на човековата интелектуална моќ и способност. Иако се знае, дека учебникот не е и не може да биде единствен извор на знаење, ниту пак единствена книга од која се учи, сепак нему му припаѓа најважното и централното место во процесот на едукацијата. Фактот што учебникот е од големо значење во воспитно-образованиот процес, преструктуирањето на училишните книги и учебници мора да претставуваат посебен дел на секоја школска реформа.[304]

Кога зборуваме за учебникот по историја, како средство за активирање на ученикот во процесот на усвојувањето на знаењата во основните и средните училишта, потребно е да се истакне дека учебникот за наставата по историја е и денеска основен, задолжителен и најважен извор на

---

[303] Историја, Скопје, 1984, стр. 447.

[304] Н. Вученов: Тенденције и правци промене учебника као савременог средства педагошке комуникације, и: учебник као предмет научних истраживања, Београд, 19832,- во Историја, Скопје, 1984, стр. 447.

знаење. Тоа е содржински и дидактички посебно обликувана книга за учење, напишана врз основа на наставните планови и програми, книга која што учениците секојдневно ја употребуваат. За таа цел, учебникот треба да биде добро оформен, дидактички во согласност со структурата на процесот на образованието, првенствено со структурата на наставата.

Успешното дидактичко обликување на учебникот ќе овозможи активирање на ученикот, односно директно комуницирање на ученикот со учебникот, без посредување на наставникот.

Вредноста на современиот учебник се утврдува и според тоа колку и како ги упатува учениците на останатите извори на знаења. Учебникот по историја не е извор на историското знаење, туку е и своевиден водич до останатите книги кои што учебникот ги употребува во своето образование како што се Историската читанка, енциклопедиите, лексиконите, атласите и сл.

За да биде подготвен еден ваков учебник, потребно е да се почитуваат неколку важни барања и стандарди. Говорејќи за овој проблем, мора да се посочи и фактот од потребата од почитување на предвидената законска процедура за изготвување на учебникот.

Во Македонија, зависно од историскиот момент, како и од условите во кои се издавале учебниците имало различни законски процедури, но и побарувања за изготвување на учебни помагала, а во контекст на тоа и по предметот историја. Така, од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието била изготвена, а од Републичкиот педагошки совет на седницата од 18. 09. 1979 година била усвоена општа концепција за обликот на учебникот за основното и средното образование.[305] Исто така, во 1980 година била изготвена уште една, која се базирала на претходната концепција.[306] Врз таа основа учебникот требало да

---

[305] "Просветно дело" - 7-8, Скопје, 1979, стр. 37.

[306] Историја бр. 1, Скопје, 1983, стр. (Концепција за изготвување учебници по историја за основното и средното образование.

ги содржи или задоволува следните барања:

1. Идејно-воспитниот аспект на учебникот;
2. Научно-стручните и методолошки барања при изработување на учебникот;
3. Психолошките барања;
4. Дидактичко методски барања;
5. Јазичките елементи;
6. Принципи за ликовно и графичко решавање.[307]

### 7.1. Видови на учебници

Според функцијата, карактерот и обемот на предметот во последно време, најмногу се користи класифицирањето на учебниците. Земајќи ги предвид горенаведените карактеристики, има неколку видови учебници како класичен, работен, програмиран итн.

Под класичен учебник се подразбира, главно наставно средство во кое е: научно, достапно, систематично, прегледно и јасно изнесен учебниот материјал предвиден во наставната програма од соодветниот предмет за соодветно одделение.

Покрај класичниот постои и работен учебник. Овој учебник во себе содржи, на крајот од помали или поголеми заокружени целини, инструментариум (задачи, прашања и др.), преку кои наставникот, а и самиот ученик, главно добива увид како одделни ученици (или самиот ученик) ја имаат разбрано соодветната содржина.

Во наставната практика по историја кај нас, не бил применуван програмиран учебник со оглед на тоа што главно била изведувана традиционалната настава. Програмираниот учебник, кој одговара на современата настава е таков учебник кој најмногу го стимулира самоучењето, самостојното мислење и напредување на секој ученик според сопственото темпо.

---

[307] Исто, стр. 37-72.

Во него учебниот материјал се распоредува во мали дози - строго логички подредени одломки (чекори) по секоја одломка (чекор) се поместени најпрвин задачи, а потоа одговори на задачите. Со решавање на задачите и читање на одговорите, ученикот сам себе се проверува дали ја научил одломката (чекорот). На учењето на наредната одломка (чекорот), ученикот може да мине само ако ја научил претходната.[308]

Секој од овие видови на учебници може да биде единствен и разгранет учебник (по делови). Единствениот учебник, сета содржина на наставниот материјал (од претходниот), според својот карактер и обем, во содржаен, идеен, психо-педагошки и методски аспект сочинува единствена целина, поради што се издава како една книга.

Разгранетиот учебник по историја овозможува голема активизација на ученикот. Овој не ги пренесува само готовите знаења, туку им овозможува на учениците да се здобијат со оперативно и креативно знаење, учебникот кој ќе ја измени активноста на наставникот во корист на ученикот, односно ќе го научи ученикот да учи. Овој учебник повеќе формира отколку информира, неговото тежиште е преобразување на процесот на едукацијата и самообразување и перманентното образование.[309]

Разгранетиот учебник по историја, опфаќа информативна функција, трансформациска функција, работен бележник, односно работни листови, историска читанка и историски атлас.

Информативната функција на учебникот по историја го опфаќа материјалот пропишан во наставната програма што кој ученикот мора да го научи. Оваа функција треба да одговара на прашањето: што опфаќа од содржината, дали е актуелен, дали придонесува на историската свест на ученикот, дали е примерен во психофизичките можности и дали пробудува интерес кај учениците.

---

[308] Исто, стр. 59.

[309] Историја, Скопје, 1984, стр. 447.

Според гореизнесеното, произлегува дека "одговорноста за информативната вредност на учебникот ја сноси главно наставната програма по историја".[310]

За трансформациската функција на учебникот, како темелна одредница, е одговорен авторот, рецензентите, педагошкиот советник, комисијата за учебници и уредникот. Бидејќи од овие фактори зависи дали учебникот ќе одговори на прашањето како учениците ќе ја усвојат одредена историска содржина, колку ќе придонесува во нивното активирање во наставниот процес и ќе овозможи повеќе да го формира отколку да го информира. Исто така, многу е значајно, дали овој учебник ќе биде во функцијата за самообразување и перманентно образование.

Во овој учебник, особено трансформациската функција се однесува повеќе на методот на учењето. Современ учебник не може да го добие тој атртибут ако не ангажира, односно ако не ја организира мисловната и работната активност на ученикот, неговата критичност и самостојност.

Постои мислење дека вредноста на учебникот по историја се оценува од количината на податоците што ги содржи. Трансформацијата на современиот учебник се одвива во правец на намалувањето, стеснувањето на текстовите кои што биле носители на информациите, а сè поголемо внимание и простор се дава на дидактичкиот, односно методичката апаратура.[311]

Вториот елемент на разгранетиииот учебник е работниот бележник - работни листови, како работен дел на истиот. Овие листови не се нов извор на знаења, туку снаодлив дидактички материјал кој ја опфаќа само содржината на учебникот. Листовите можат да бидат интегрирани во учебникот или во посебна дидактичка придружба на учебникот. Од

---

[310] Благоја Драшковиќ, Разгранет работен учебник по Историја како средство за активирање на ученикот во процесот на усовршувањето на знаењето, Историја, Скопје, 1984, стр. 453.

[311] Исто, стр. 454.

практката, констатирано е дека подобро е овој дидактички материјал да биде обликуван како посебен, поради обемот на учебникот и неговата повеќекратна употреба.

Овој дидактички материјал, по правило не треба да се ползува како облик на домашни задачи, со него главно треба да се служи на часовите по историја, а со него, учениците можат да го самокотролираат добиеното знаење.

Историската читанка е составен дел од разгранетиот работен учебник. Со неа се обезбедува искучително ефикасно и разновидно активирање на ученикот. Работата врз текстовите на читанката му овозможува на ученикот во наставата по историја, да се служи со методите на историската наука и да го истражува и открива она што за него е непознато и ново. Целта на работата на текстовите од читанката не е во тоа, во училиштето да се формираат мали историчари, туку ученикот, најнапред под водство на наставникот, а потоа самостојно, да ги реконструира историските настани, да го развива историското мислење, да работи со документи, да бара важно во мноштво од факти, да ги компарира и синтетизира историските појави, научно да се служи со литература и сл. Содржината на читанката, ќе му помогне на ученикот да добие поцелосна слика за историските настани, ќе му долови живи настани со пластичен јазик, ќе делува на емоциите и фантазијата на ученикот, што ќе му овозможи да го изразува неговото размислување за историските процеси и личности.

Историскиот атлас, исто така, е значајно дидактичко средство кое овозожува вистински одговор на прашањето каде и што се работи, се одиграло, се наоѓало или се случило. Имено, историските настани не се одигруваат само во одредено време, туку се врзани и за определен простор, така што визуелната комуникација, која ја овозможува историскиот атлас е незаменлива при усвојувањето на историските содржини. Атласот придонесува и за развивање на свесната и мисловната активност кај учениците, за правилно мислење и заклучување, за комплексно

разгледување, компарирање, за развиток на историското мислење, за оспособување на ученикот за самообразовање и перманентно образование и за рационализација на наставата по историја.

Историската карта не е ограничена само на локализирање на историските настани, бидејќи со тоа ја намалува нејзината дидактичка вредност. Таа, како наставно средство, помага за активирање на ученикот во процесот на повторување, обработка на новите содржини и систематизирање на материјалот.[312]

Разгранетиот работен учебник, ако е добро дидактички обликуван и ако адекватно се применува во настава, дава исклучително функционални можности за активизација на ученикот во наставниот процес.

При отворањето и развитокот на основните училишта во Македонија во повоениот период, еден од клучните проблеми, покрај другите, бил во недостатокот на потребните учебници.

Ако се види историјатот на учебниците по историјата во овој изминат период, ќе се констатира дека тој е доста разновиден и променлив. Во првите години од повоениот период, речиси не постоеја учебници по историја. Отсуството на учебници и други наставни помагала се надополнуваше со изданија на Главниот штаб на НОВ и ПОЈ на Македонија како што се Билтенот, Манифестот и другите публикации (Збирката Македонски народноослободителнии песни), печатени во партизанската печатница "Гоце Делчев" во Лопушник и во Дебарца.[313]

Во истиот период, наставата по историја се изведуваше по учебници од руски и од југословенски автори, преведени на македонски јазик, но и тие беа во мал број, така што наставата се изведуваше повеќе со диктирање. Преведените учебници биле со многу недостатоци кои негативно се одразувале во воспитно-образовниот процес. Тие не биле базирани на целите

---

[312] Исто, стр. 458.

[313] Воспитание и образование во Македонија (1943-1983), Скопје, 1985, стр. 81.

и задачите, како и на содржините кои произлегувале од наставните прорами и на потребите на нашето училиште.

Ваквата состојба траела до 1961/62 , во основното образование, а додека пак во средното образование до учебната 1968/69 година.[314]

После седумдесетите години веќе се појавуваат наши учебникари и состојбата рапидно се менува. До 1979 и 1980 година учебниците по историја се пишува врз основа на општите начела, односно врз стручни, педагошко-дидактички и методско-психолошките. Тие покрај недоследности и недостатоци од разни аспекти, главно ги задоволуваа основните стручно-педагошките и естетичко технички барања.

За недостатоците и недоследностите во врска со учебниците по историја, шеесеттите години зборуваат и извештаите направени на тогашниот Завод за унапредување на школството на НР Македонија, објавени преку своите билтени.

Така, во Билтен бр. 4 од 1960 г. во врска со учебниците се вели: "Проблемот на учебниците во оваа фаза на развитокот на нашето школство е еден од најактуелните и бара свое итно решение... Немањето на учебници во многу претставува пречка за здобивање на солидни и средни знаења од страна на учениците, особено кога се има предвид дека голем дел од нашиот наставнички кадар и по своите стручни квалификации не е во состојба самостојно да врши избор на наставниот материјал. Посебно треба да се подвлече дека учебниците што ги издава "Просветно дело" и ги дотира Советот за просвета на НРМ по својата техничка опрема, буквите, квалитетот на хартијата, уметничката вредност на илустративиот материјал, не ги задоволуваат основните педагошки и психолошките барања за децата од оваа возраст". (стр. 21.)

Исто така, за оваа проблематика, во Билтен бр. 5 издаден од Заводот за унапредување на школстото во НРМ, пишува: "Изменетите наставни

[314] Н. Димо Димовски: пишан материјал во ракопис.

програми наложуваат потреба од издавање нови учебници по предметот историја за основното училиште. Старите учебници со своите недостатоци во нови услови, не само што не ја помагат, туку и во значителна мера ја отежнуваат наставата. За учебната 1960/61 година, само зас VI одделение имавме приспособен учебник по новата наставна програма, за VII одделение од Т. Чубелиќ. Учебникот за VIII одделение беше исцрпен така што цели околии и комуни останаа без учебници. Во одделенија од над 40 ученици се среќаваа по 2 - 3 учебника за VIII одделение.

Од друга страна и наставниците, особено помладите и со неоформено образование, се ставени во прилично деликатна положба, тие треба да ги надоместуваат, решаваат и избегнуваат недостатоците на учебниците и литература што ја користат.

Непотценувајќи ја позитивната улога, која споменатите учебници ја одиграле во свое време во подигање степенот и квалитетот на наставата, значителното олеснување во работата на наставниците, тие во посовремените услови не одговараа на новите наставни програми.

На распишаниот конкурс од страна на Советот за просвета на НРМ за учебници за VI, VII и VIII одделение, прифатени се и дадени во печат учебниците за VI и VII одделение, кои учебници секако во текот на овој месец ќе излезат од печат. За VIII оддеелние за оваа година и понатаму останува во употреба учебникот од Т. Чубелиќ. Учебниците секако ќе послужат корисно како на учениците, така и на наставниците во однос на нивната ориентација околу изборот на наставниот материјал.

Училишните библиотеки во најголем број училишта не располагаат со помошна историска литература, што би им помогнало на учениците донекаде да им го заменат учебникот ... (стр. 117).

Учебниците во овој период, освен што не беа во доволен број, тие и не ги задоволуваа барањата од концепциите од 1979 до 1980 год. Советникот по историја, Н. Димовски, за оваа проблематика во својот пишуван материјал вели: "Мораме да нагласиме дека учебниците, концепциски не ги

задоволувале сите потребни барања за пишување на современ - модерен учебник по историја. Не ни достасуваше теоретска основа - платформа за учебниците за стручно и дидактичко оформување. Немавме и немаме сè уште Закон за учебници,[315] како што има во многу земји, во кои би биле предвидени начелата и стандардите на кои ќе се потпира учебникот, процедурата, квалитетот, рецензирањето, одобрувањето, условите за издавање итн.

Рецензирањето на учебниците при издавачките куќи и Педагошкиот совет е посебно прашање заедно со рецензентите, тоа е сведено на формална процедура без да се води сметка за стручноста и способностите на рецензентите и квалитетот на она што го рецензират. Скоро ниту еден учебник по историја кај нас не бил подвргнат на пробно-експериментална употреба, како што се практикува во многу земји со развиено образование. За ниту еден учебник не е издадено дидактичко-методско упатство - прирачник за наставниците како да го кристи учебникот во практичната работа.

Поради наведените недостатоци и недоследности во процедурата на издавањето учебници, како и во нивниот квалитет имаше многу недостатоци на сите наведени релации што во крајна линија негативно се одразува на наставната работа по историја. Иако од 1945-1990 година се постигнати значајни резултати и во издавачката дејност на учебниците - историските читанки во нашата држава, ние не успеавме да издадеме современ - модерен учебник кој ќе ги афирмира резултатите на новите теории во науката, наставата и учењето.

Скоро сите учебници по историја ги издаваше издавачката куќа "Просветно дело" - од Скопје, која распишувала Конкурс, определувала рецензенти и таа одлучувала кој учебник ќе биде издаден по претходно добиена согласност од Педагошкиот совет.

---

[315] Денеска оваа проблематика е опфатена во Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/97), член 80 и 80-а, б, в, г, д, ѓ, е, ж, з, ѕ.

Од седумдесетите години, наваму, се појавија македонски автори. Тие беа практичари, професори на Филозофскиот факултет, Педагошките факултети, педагошки советници и мал број автори беа од Институтот за национална историја.

Тие сметаа дека таа активност нема голема вредност што на научникот му одзема време и се оддалечува од научната работа. Но, ако објективно се суди, наведените автори на учебници ја одиграа позитивната пионерска улога на оваа дејност.

Учебниците што се издадоа за основно образование беа од типот класични со елементи на современи и работни одлики. Нив ги издаваа одделни или групи автори, сите историчари. Не се создаваа тимови од: историчари, педагози, психолози, социолози, јазичари и сл. Тој недостаток се провлекуваше од 1945 година до денес, кое нешто секако имаше одраз на квалитетот на учебниците. Значајно беше прашањето за рецензентите на учебниците. Не секогаш се бираат компетентни и соодветни стручњаци за рецензенти што и тоа секако имаше одраз врз квалитетот на учебниците. Се бараа такви стручњаци за рецензенти кои никако не се занимавале со пробемот на учебникот или некој негов аспект. Историските читанки, кои меродавно се издаваа ги оформуваа авторите на учебниците. Посебно прашање е употребата на учебникот во наставната работа од страна на ученикот и наставникот. На тој план, имаше методолошки недоследности: стриктно држење само на учебникот, покрај присутноста на учебникот диктирање и белешкарство, употреба на стари учебници, употреба на повеќе учебници, на несоодветни учебници печатени во други југословенски републики, заменување на историските читанки и др."[316]

Учебници за учениците што ја следеа наставата на албански и турски јазик, во повоениот период немаше. Определбата за создавање на учебникарски фонд на јазиците на националностите (народностите) во еден

---

[316] Н. Димовски, пишуван материјал во ракопис.

период кога бројот на учителскиот кадар одвај броеше неколку десетици, со оскуден интелектуален потенцијал и др.

Во почетокот се започна со преведување на учебниците од македонски јазик на јазиците на народностите, со тоа што, беше дозволено со преведување на учебниците да се отпочне најдоцна една година по издавањето на учебникот на македонски јазик. Во последно време овој став се ревидира, со тоа што се инсистира на едновремено издавање на учебниците на трите јазици.

За оваа цел, беше ангажиран и оспособен голем број преведувачки кадар, со што се постигнуваше да се оствари доверената задача.

Од 1964 до 1972 година, учебниците за училиштата на албански јазик за СР Македонија и САП Косово ги издаваше Заводот за учебници во Приштина, според посебен договор кој стапи во сила во 1964 година. Во овој период, снабденоста на учениците со учебници не беше редовен, поради тоа што учебниците не се преиздаваа на време, или пак се печатеа во недоволен тираж, што значително ја отежнуваше нормалната работа во основното училиште. Овие учебници се користеа селективно во зависност од наставната програма. Од 1972 година се пристапи кон додатни содржини во учебниците од историја на албански и турски јазик согласно наставната програма.[317]

После шеесетите години, на ниво на тогашна Југославија, постоела идеја за изработување на "југословенски" учебници по историја. Таков учебник не е издаден, а причините за неиздавањето на истиот според Војо Кушевски, се: "доволна или недоволна застапеност на некои партии од историјата на нашите народи, што е несомнено важно за согледување, на специфичностите во нивниот историски развој. Бидејќи ова прашање не ќе може да се изостави, истото може да се реши со пишување на еден дополнителен прирачник, како прилог кон општиот учебник, а во кој ќе бидат поопширно изложени одделните карактеристични партии што се предвидени во наставните програми за историја на дотичниот народ.[318]

---

[317] Воспитание и образование - 1943-1983, Скопје, 1985, стр. 117.

[318] Војо Кушевски: Околу прашањето за единствен југословенски учебник по историја,

Од библиографијата на издавачката куќа "Просветно дело" - Скопје, во периодот од 1945-1985 година, по години се издадени следните учребници по историја:

- Во 1952 година - Историја на стариот век за V одделение и I клас гимназија, од Петаурер Леополд и Бинтер Бодан;

- Историја за VIII одделение на осмолетките и IV клас на гимназиите - Соларик Гојко.

- Во 1953 година Историја за IV одделение од Димевски Јордан и Спасе Чучук;

- Историја за VII одделение на осмолетките и III клас на гимназиите - од Прлевиќ Драгутин, Соларик Гојко;

- Историја за VIII одделение осмолетка и IV клас гимназија од Соларик Гојко.

- Во 1954 година Историја на старито век за I клас гимназија и V одделение на осумгодишните училишта од Шоптрајанов Тодор.

- Историја за VIII одделение од Соларик Гојко.

- Во 1956 година Историја за V одделение од Јордан Димевски, 1958 година историја за IV одделение - Јордан Димевски и Панговски Трпко, Историја за VIII одделение од Чубелиќ Томо;

- 1959 година Историја за IV одделение од Јордан Димевски (преиздаден)

- 1960 година Историја за VIII одделение од Чубелиќ Томо;

- 1961 година Историја за VII одделение од Дине Ристов, Димовски Ѓорѓи и Кочанковски Јован;

- 1968 година Историска читанка за VII одделение, од Динев Ристо, Димовски Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи;

- 1969 година Историја за VII одделение од Димов Ристо, Димовски Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи;

---

Историја, Скопје 1965, стр. 93-94.

- 1970 година Историска читанка за VIII одделение од Димевски Јордан, Кушевски Војо;

- Историска читанка за VII одделение од Динов Ристо, Димовски Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Танковски Ѓорѓи;

- 1973 година Историја за VI одделение од истите автори како 1973 година;

- Историја за V одделение од Тодоровски Миле, Тодоровска Милка;

- 1975 година - Историја за VI одделение од Димовски Јордан;

- 1978 година Историја за V одделение од Тодоровски Миле и Тодоровска Милка (преиздавање);

- 1985 година Историја за VIII одделение од Динев Ристо, Димовски Цолев Ѓорѓи, Кочанковски Јован, Ганковски Ѓорѓи.[319]

Во овој период како автори на учебниците по историја се следните:

Љубен Лапе, Јордан Димевски, Ристо Динов, Ѓорѓи Генковски, Јован Кочанковски, Ѓорѓи Димески - Цолев, Владо Картов, Дамјан Лепчерски, Наум Димовски, Александар Атанасов, Бранко Цветковски, Миле Тодороски, Војо Кушевски, Константин Должикоски, Милка Тодоровска, Светозар Наумовски, Трпко Пaнговски, Љубомир Траковски, Ѓорѓи Глигоров, Симо Младеновски, Новица Велјановски, Стојан Киселиновски, Бранко Попов, Владимир Дунимагловски, Спасо Чучук, Благоја Чукарски и др.

Преведени учебници биле од руски автори и југословенските републики: Рела Новаковиќ, Јован Нешиќ, Јулијана Брчинац, Марија Врбетиќ, Новица Лекиќ, Благоја Драшковиќ и др. [320]

---

[319] Библиографија на издавачкото претпријатие "Просветно дело" (1945-1970), Скопје 1970 и 1970-1985 година, Скопје, 1985.

[320] Пишан материјал од Н. Димовски, во ракопис.

# 8. НАСТАВЕН КАДАР

## 8.1. Извори на наставен кадар

### 8.1.1. Учителските школи како извор на наставен кадар

Завршувањето на Втората светска војна, Македонија ја затекна само со 337 учители и околу 160 професори, главно Македонци, додека од другите народности – Албанци, Турци и други, имаше мошне мал број учители и професори[321].

Во овој период околу 9.000 деца требаше да тргнат во основните училишта, за чија едукација потребни беа над 2.500 учители. Затоа, потребно беше нивно изградување, методологија и одговорна работа за решавање на овој проблем земајќи ги предвид условите во овој временски период.

За изведување на наставата во новоотворените училишта, покрај малиот број квалификувани учители, беа ангажирани лица со разновидни училишни квалификации и разновидни степени на образованието. Во прв ред беа ангажирани студентите и завршените матуранти од гимназиите, потоа гимназијалци со V, VI, VII или VIII клас гимназија, или некоја друга средна школа, потоа лица со мала матура и други.

Во училиштата со албански и турски јазик, во недостиг на лица со повисоки квалификации беа ангажирани лица со мала матура, со понекој клас гимназија, средна школа или медреса, а имаше и голем број лица со завршено четиригодишно училиште. Во прво време, во Скопје, Битола,

[321] Школувањето на наставничкиот кадар за основните училишта, "Просветно дело", Скопје, 1983.

Прилеп, Куманово, Тетово, Штип и Струмица, за овие лица беа организирани куси петнаестодневни и едномесечни курсеви, на кои што им се даваа елементарни педагошко-методски познавања од дидактиката и методиката. Во јануари 1945 година, над 1.800 привремени учители се најдоа на учителска должност. Во февруари 1945 година, паралелно со мерките за обезбедување учители, во Скопје се отвори првата македонска учителска школа. Во ова училиште, учеа ученици од сите краишта на Македонија во сите класови. Бидејќи мрежата на основните училишта секоја учебна година се ширеше, единствената учителска школа не можеше да ги задоволи потребите, па затоа, учебната 1945/46 година отворена е и втората учителска школа во Битола, а 1946/47 година и третата во Штип. Истата учебна година, при учителската школа во Скопје "Никола Карев" се отворија паралелки на албански и турски јазик. Подоцна, во учебната 1950/51 година, паралелките на албански јазик прераснаа во самостојна учителска школа, прво под името "Лирија" во Тетово, а потоа е преместена во Скопје и го доби името на познатиот револуционер “Зеф Љуш Марку”[321a] . Во овие учителски школи се работеше перманентно, преку целата година и зиме и лете. Ниту професорите, ниту учителите–курсисти не знаеја за одмор. По завршувањето на наставата, учителите–курсисти веднаш се вклучуваа во курсевите, едни во почетните, други во завршните, и така години наред. Курсевите беа од разновиден карактер и со различно времетраење во зависност од училишните квалификации на кандидатите; за студентите и гимназијалците со матура се изведуваа само преку еден летен распуст; потоа преку два, и на крајот за оние со најниски квалификации, во текот на три летни периоди. Во 1945 година, во учителската школа "Никола Карев", на крајот од првиот летен курс, дипломираа 412 учители, од кои 369 Македонци, 13 Албанци и 30 Турци. Следната година дипломираа и првите 19 учители по редовен пат и 276 курсисти[322] .

---

321a Монографија, гим. “Зеф Љуш Марку”-1950-2000, Скопје, 2000 год.

322 Исто, стр. 2

Покрај интензивното школување на учителите во овие четири учителски школи, тие пак не можеа да го следат динамичниот развој на основното школство. Затоа, учебната 1958/59 година, при гимназиите во Куманово и Охрид, формирани се учителски паралелки, кои што подоцна прераснаа во учителски школи. При учителската школа во Куманово, отворени се паралелки и на албански јазик.

Во овој период, формирани се учителски паралелки и при некои други гимназии (во Велес, Кичево, Струмица, Берово, Кочани, Радовиш, а во Тетово со паралелки на албански јазик)[323].

Овие учителски школи, 1953 година, со Уредба од Извршниот совет на НРМ, работата со петодишно времетраење. Така, две генерации го завршија школувањето со пет години. Ова траеше до учебната 1957/58 година, а потоа пак да продолжуваат со четири години сѐ до нивното укинување, односно до преорентирањето на педагошките школи во педагошки академии во учебната 1963/64 година. Учителската школа на албански јазик и паралелките на турски јазик, продолжија уште некоја година да работат.

Општата оценка на стручните служби, професорите од учителските школи и самите учители што завршија во овие училишта во Република Македонија, за овие училишта беше висока во однос на структурата на наставните планови и програми и морално професионалната одговорност на наставниот кадар[324].

Од основањето на овие воспитни-образовни установи, па сѐ до укинувањто на истите, дипломираа 11.042 основни училтели, од кои 8.357 Македонци, 2.354 Албанци и 331 Турци[325].

Дел од овој наставен кадар од почетокот на отворањето на четиригодишните училишта, седумгодишните, потоа и осумгодишните го предаваа предметот историја.

---

323 Исто, 14,

324 Исто, стр. 5

325 Исто, стр. 5

### 8.1.2. Виши педагошки школи - педагошки академии

#### 1. Педагошка академија во Скопје

Паралелно со мерките и напорите за школувањето на учители за основните четиригодишни училишта, преземани се акции и мерки за школувањето на наставнички кадари за предметна настава во вишите одделенија на основните училишта.

Учебната 1945/46 година, формирани се специјални курсеви (едногодишни), во ранг на виша педагошка школа. Пред тоа, отворени се две школи за школување стручни учители во седумгодишните, односно осумгодишните училишта.

Бидејќи, ширењето на мрежата на седумгодишните, односно осумгодишните училишта беше динамично, се укажа потреба за отворање на Виша педагошка школа за школување на оваа категорија наставници.

Првата Виша педагошка школа "Климент Охридски" во Скопје, почна со работа во ноември 1947 година, според Уредбата бр. 7852 од 10.09.1947 година на Владата на НРМ. Истата година, покрај другите студиски групи, формирана е и групата: историја – географија – македонски наставен јазик. Студиите траат една година (два семестра).

Во 1953 година, се формираат уште четири еднопредметни студиски групи, меѓу кои и групата: Историја. Наредната година, од практични причини, се укинуваат еднопредмените групи, па така и групата по историја и се трансформира повторно во група историја-географија.

Во 1961 година, согласно Законот за високошколските институции во Македонија, именувањето Виша педагошка школа, се заменува со Педагошка академија.

Учебната 1965/66 година се отвораат студиски групи за подготовка наставен кадар и на албански јазик по сите предмети, што се застапени во

наставниот план за осумгодишно основно училиште. Така, од оваа година овде се образуваат и наставници по историја за настава на овој јазик.

Вишата педагошка школа, односно Педагошката академија со студиските групи, образувала наставен кадар по предметот историја до 1982 година, кога групите за предметна настава преминуваат на наставничките факултети (освен групата: математика-физика, која преминува подоцна, односно 1990 година)[326].

Наставниот кадар кој што завршил на оваа Виша школа поради недостаток на кадар предавал и во средните училишта.

Во периодот од основањето до укинувањето на групата: Историја-географија, во Вишата педагошка школа, односно Педагошката академија дипломирале 1.037 студенти.

Во учебната 1959/60 година, во Штип е отворена и втората Виша педагошка школа во нашата Република. Оваа школа одигра голема улога за еден поширок регион, како во школувањето на наставниците, така и за бројни акции за унапредување на наставата и за стручно и педагошко-методско усовршување. И во оваа школа постоеше групата историја-географија и тоа од учебната 1971/72 година до 1982/83 учебна година во кој период дипломирале 182 студенти[327].

Заради обезбедување наставен кадар за основно образование, односно нивното докфаливикување, учебната 1964/65 година во Република Македонија се отвори и трета Педагошка академија во Битола. За кусо време во неа имаше над илјада студенти, како за предметната, така и за одделенската настава. Во оваа Виша школа – Педагошка академија, на групата историја-географија до нејзиното постоење дипломирале 318 студенти[328].

---

[326] Педагошка академија, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", Скопје, 1998, стр. 35 – 46.

[327] Податокот е земен од архивата на Педагошката академија во Штип.

[328] Архив на Педагошката академија во Битола; Известие бр. 03-61 од 17. 04. 2000 год., Битола.

Доколку направиме еден општ преглед ќе видиме дека за 40 години од постоењето на учителските школи и педагошките академии, дипломирале 25.375 наставници, од кои 25.106 Македонци, 3.832 Албанци и 437 Турци. Напоменуваме дека извесен број од овие кадри, особено првите 10 години, што се школуваат во овие институции, беа и од други места надвор од нашата Република, а најмногу од Србија и Косово[329]. Дел од нив се вработија во училиштата во нашата земја.

Најзначајна високо-школска установа која подготвува кадри и за основно и за средно образование е Филозофскиот факултет, основан 1946 год., при Универзитетот "Кирил и Методиј" – Скопје[330]. Во оваа Установа од 3 декември 1946 година беа формирани семинарите за народна и општа историја. Истите подоцна прераснаа во Катедра за историја. Оваа Катедра односно Институтот во времето од нејзиното постоење, па сѐ до 1990 година, израсна во важен центар за наставна и научна дејност од областа на општата и националната историја. Таа, до денес игра значајна улога на наставно-научен план од областа на историската наука во Републиката. На оваа Катедра од 1946 – 1990 година дипломирале 1.535 студенти и тоа: од 1946 – 1976 година – 868 студенти[331], а од 1976 до 1990 година 667 студенти[332]. На овие виши и високи школи и факултетот се добива иницијално образование на наставните кадри по историја.

## 8.2. Стручно усовршување на наставниот кадар по историја во основното образование во Република Македонија

Воспитно-образовниот процес како општествена активност има и своја општествена специфичност, па според таа специфичност се бараат и

---

329 Велковиќ, Д. "Живот и образование", Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1996 год, стр. 17.

330 Филозофски факултет – 1946 – 1976, стр. 9

331 Исто, стр. 109

332 Филозофски факултет, Скопје, 1996 год.

средства и методи за ефикасно и резултатно усовршување (обука) на наставничкиот кадар, со цел да му се помогне на овој кадар во разултатното вршење на наставничката функција. Со други зборови, стручното усовршување на наставниот кадар произлегува пред сé, од постојниот развиток на науката и техниката, од развитокот и достигањата во одделни наставни дисциплини што се изучуваат во одделни видови училишта и потребата од нивната актуелизација во воспитно-образовниот процес. Знаењето, во однос на стручното и педагошкото-методското образование, што го добиваат наставниците во своето школување, не може да биде доволно за успешно вршење на наставничката функција, ако перманентно не се проширува, продлабочува, обновува и оплодува, ако не се учи низ животот.

Во изминатиот период, односно после Втората светска војна, стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше низ задолжителните стручни испити и низ разни форми на перманентното стручно, педагошко и идеолошко политичко усовршување. Оваа задолжителна форма на стручното и педагошко-методско усовршување (обука) низ стручните испити, всушност е и најстарата, традиционална форма на стручното усовршување наменето само за наставници – почетници. Овој испит се одржуваше согласно Законот ("Службен весник на ФНРЈ" бр. 29, 1951 год, член 9) и Упатството за полагање на стручен испит за учители[333] .

Овие стручни испити, како задолжителна форма за усовршување на наставниот кадар, се полагаа после втората година од првото вработување на наставникот. За овие две години, тој беше приправник[334] .

Оваа форма на усовршување, останува до учебната 1968/69 година, кога се укинува стручниот испит[335] , со интенции да се замени со нови и посовремени форми на усовршување обука, на наставниците со еден модерен

---

333 A. Mustafa, Zhvillimi i Shkollës Fillore Shqipe ne Republikën e Maqedonisë – 1945 – 1975, str. 134 – 135.

334 Исто, 135

335 Со измените на Законот за основното училиште во 1968 година.

и современ систем, во рамките на системот на образованието на наставниот кадар[336].

После укинувањето на стручниот испит, се воведе задолжително перманентно усовршување на наставниците. Според концепцијата што е усвоена во нашата Република, за периодот од укинувањето на стручниот испит до повторното воведување, со периодичното задолжително усовршување (низ семинари), била опфатена одредена категорија наставници до определен период од стажот во струката, и покрај тоа што потреба од усовршување (обука) имале сите наставници.

## 8.3. Изградување на системот и организацијата на стручното и педагошкото усовршување на наставниците

Во изградувањето на овој систем беа поставени и некои проблеми и прашања како што се кој треба да биде носител на усовршувањето (обуката) на наставниците; основните насоки на структуирањето на програмата за усовршуање, кога треба да почне задолжителното усовршување; до која година од стажот во струката; колку треба да трае и во кој временски период од учебната година треба да се организира усовршувањето; низ кои форми треба да се одвива усовршувањето; дали е оправдано проверувањето на резултатите од усовршувањето на наставниците; дополнителното педагошко образование; формирањето и организацијата на усовршувањето на наставниците[337].

---

336 Овие нови форми остануваат сé до 1995 година, кога со Законот за основно образование, повторно се воведе полање на стручниот испит (член 72, 73 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95) и Правилникот за полагање на стручен испит за утител, наставник, стручен работник и воспитувач во основно училиште ("Службен весник на РМ" бр. 27/96).

337 Драгослав Велковиќ, Системот за усовршувањето на наставниците во основните и

Носители и организатори на усовршувањето (обуката) на наставниците биле установите за образование на наставниците и просветно-педагошката служба. Во конкретниот случај за предметот Историја тоа биле Филозофскиот факултет, Катедрата по историја и педагошките академии во Скопје, Битола и Штип, Републичкиот завод за унапредување на школството со општинсктие и меѓуопштинските заводи. Исто така, овде треба да ги спомнеме и стручните друштва и здруженија. Сите овие субјекти, при оваа активност се јавувале како соработници на Републичкиот завод за унапредување на школството.

Усовршувањето на наставниците било изведувано согласно програмата, која секогаш ја опфаќала конкретната наставна програма на соодветната наставна дисциплина, која ја реализираат наставниците. Присутни се и најновите достигања на научната и наставната област, како и најновите достигања во дидактиката (теорија) и методологијата (практика).

Како форми на задолжително усовршување на наставниците во практиката на овој период доминирале семинари и советувања, поретко курсеви, стручни конференции и други форми.

Со општиот Закон за школството и Законот за просветно-педагошката служба, подоцна Законот за организирање на дејност за унапредување на образованието и воспитањето, како и Правилникот за организација на стручното и педагошкото усовршување на наставниците од основното училиште и за средно образование, на стручното и педагошкото усовршување на наставничкиот кадар беа задолжени да работат покрај другите организации, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието и општинските, односно меѓуопштинските заводи за унапредуање на предучилишното и основното воспитание и образование[338].

---

средните училишта и другите воспитно-образовни институции во СР Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1971, бр. 5 – 6, стр. 262 – 263.

338 25 години Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 61.

Овој орган, веднаш по неговото основање (1956 година), за оваа цел, изготви посебен елаборат кој беше усвоен од Републичкиот совет за просвета со заклучок да се почне со работа во 1957 година, за што во рамките на Заводот се формира Центар за стручно усовршување на наставниот кадар. Центарот почна со работа од 9 декември 1957 година во основното училиште "11 Октомври" во Скопје, а престана со работа во 1966 година, поради просторни проблеми. После оваа година, Заводот ја презеде оваа функција, кој за одржување на семинари, советување и други форми на стручното усовршуање користеше простории во различни училишта. Од основањето на Центарот до 1980 година, Заводот организираше 387 семинари со 23.154 посетители и 178 советувања со 10.591 посетители, значи, во овој период се одржани: 565 семинари и советувања на кои учествуваа: 33.675 наставници, воспитувачи и раководители на училишта.

На овие семинари и советувања, меѓу темите кои се обработувале биле и структурата на воспитанието и образованието во СФРЈ и СРМ; Интенциите на реформата на основното воспитание и образование во 1959 година; Усовршување на структурата на основното воспитание и образование во 1964 година; Новата програмска структура на предучилишното, основното и средното образование и воспитание во СР Македонија, базирана врз Резолуцијата за развојот на воспитанието и образованието врз самоуправна основа донесена од Сојузното собрание во 1970 година и Законот за средно образование и воспитание на СРМ донесен во 1970 година; Задачите на наставниците во реализирањето на Резолуцијата за самоуправната социјалистичка преобразба на воспитанието и образованието, донесена на X-конгрес на СКЈ во 1974 година; Развивање и усовршување на системот на самоуправувањето во училиштата и во ученичките домови и друго[339].

339 Исто, стр. 63

Како предавачи на овие семинари, советувања и кусеви беа ангажирани стручни работници од Републичкиот завод и од општинските заводи за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитание, наставници од вишите школи и факултети, истакнати наставници од училиштата и од другите организации на здружениот труд, како од Републиката, така и од надвор од неа.

### 8.3.1. Перманентно усовршување на наставниот кадар

Стручното усовршување на наставничкиот кадар од основното и средното образование, до донесување на Правилникот за организацијата на стручното и педагошкото усовршување на наставниците на основното и средно образование[340], се одвиваше преку:

- полагање на стручни испити и

- повремени оперативни стручни семинари, своетувања и други форми организирани од просветно-педагошките служби на општините и од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, а порано и од Советот за просвета на СРМ и стручните здруженија[341]. Во периодот од 1976 – 1980 година, на семинарите присуствуваа над 2.700 наставници. На семинарите по посебниот студиј на ПА во Скопје минале 316 посетители, од кои 27 по предметот Историја. На семинарите во организација на факултетите минаа 736 посетители, од кои филозофско-историски – Историја на еден семинар, присуствувале 75 посетители.

Ваквото оперативно и перманентно стручно и дидактичко методско усовршување на наставничкиот, воспитувачкиот и раководниот кадар, овозможи тој да биде во тек со сите современи текови и промени во науката

---

340 "Службен весник на СРМ" бр. 21/71

341 25 години Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981, стр. 70

и техниката, општеството, воспитно-образовниот систем во СФРЈ и СРМ, како и со успех да ги применуваат во воспитно-образованата работа.

Од расположивата документација во Педагошкиот завод на Македонија, може да се види дека 1960 година одржан е семинар за наставата по историја. На истиот се обработени наставни содржини по историја со коментари на наставната програма по одделенија[342].

Во 1961 година, исто така, е одржано советување "За проблемите на општествените науки во основното училиште". За предметот историја, се обработени наставни содржини по одделенија, како и проблемите од наставата по историја во основното училиште[343].Во 1962 година имало советување во врска со наставата по историја во основните училишта предвидени со дополнителниот дел од наставната програма[344]. Семинари и советувања од страна на Заводот биле организирани и при секоја нова реформа и донесување на преднацрт на нова наставна програма по предметот историја.

Во однос на стручната квалификација на наставниот кадар по предметот историја, може да се рече дека таа не задоволува. Од 1945 година наставниците, поголемиот дел дури немале завршено ни средно образование Во тоа време средните училишта, исто така, беа во формирање, а предметот историја го предаваа и во III – IV одделение од основното образование.

Од документацијата на Педагошкиот завод на Македонија, постојат непотполни податоци за квалификационата структура на наставниот кадар. Така, во учебната 1960/61 година, од вкупно 338 наставници, 46 се со Филозофски факултет, 86 со ВПШ, 147 учители и 59 ученици со завршена гимназија или студенти[345].

---

342 Билтен бр. 1/60, "Материјали од одржаниот семинар за наставата по Историја, Скопје, 1960, стр. 1 – 118, - издаден од Заводот за унапредување на школството на НРМ.

343 Билтен бр. 5/61, стр. 1 – 173; бр. 2-3/64, стр. 105 – 106.

344 Посебна публикација, Скопје, 1962, стр. 163

345 Билтен, бр. 5, Скопје, 1961, стр. 118

Ако се разгледа оваа структура по тогашните околии ќе видиме дека во Охридската околија имало 34 неквалификувани наставници, Битолска 41, Штипската 31 и Тетовска – 29.

Во истиот извор се наведува дека слабостите на наставниците по историја, кои во голема мера се повторуваат се недоволната конкретизација на наставата и слабото планирање на наставниот материјал, неадекватното определување на обемот и длабочината на наставните содржини и методската обработка на наставниот материјал и вонучилишната активност со учениците. Како причина за сите методски недостатоци се наведува недоволната стручност, а во прв ред дидактичко методска подготовка на наставниот кадар.

Исто така, како фактори кои влијаат за слабиот успех се споменува флуктацијата на наставните кадри преку конкурси што резултираат со чести промени на наставниците, подобрување на нивните животни прашања, како и давање на стручна помош од стручните институции особено на помладиот наставнички кадар[346].

## 9. НАДЗОР - КОНТРОЛА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Надзорот претставува едно од најсуптилните подрачја во системот на образованието. Тој е како круна на сé она што се прави во било која сфера на животот, па така и во образованието. Тој е еден циклус во кој доколку само еден степен погрешно биде поставен, крајниот резултат во образованието би бил дефектен.

Со организирањето на основното образование во Р. Македонија, надзорот бил организиран од страна на Поверенството за просвета и тоа од страна на училишните инспектори (обласни и околиски).[347] Овие лица

346 Исто, стр. 118 – 119.

347 Н. Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990, стр. 67.

заедно со обласните прочелници биле носители, спроводници и одговорни фактори на просветната политика во подрачјето каде делувале. Ваквата поставеност на надзорот сѐ до 1956 год. веројатно била потреба и на тогашното време, кое се карактеризира со отворање на нови училишта, со екстензивен развој на образованието, неквалификуван наставен кадар и без сопствено искуство за современо образование.[348] Лицата, кои вршеле надзор се викале просветни инспектори кои ги реализирале двата надзора, стручниот и нормативниот.[349]

За просветни инспектори биле ангажирани стручни лица, со педагошка пракса, а нивната работа повеќе се однесувала на целокупната работа на училиштата, унапредувањето на наставата, перманентното усовршување на наставниот кадар, слободните активности, како и на проблемот на образованието на народните маси.[350]

Со Решение на Извршниот совет на НРМ од 11 август 1955 год. беше основан Завод за унапредување и проучување на школството, за вршење просветно-педагошка служба под раководство и надзор на Советот за просвета на НРМ. По извршените подготовки, Заводот започнува со работа на 1 јануари 1956 год. Формирањето на Заводот се совпаѓа со започнувањето на темелните подготовки и интензивирање на првата реформа на образованието 1958 год. Овој Завод својата работа ја започна како орган на Управа во рамките на Советот за просвета на НРМ.[351]

При формирањето и работата на оваа стручна установа, се појави потреба од нејзино изградување и насочување како самостојна институција која ќе предлага мерки за подобрување на квалитетот на образовно-воспитната работа. Така, во 1960 година, е донесен Законот за просветно-

[348] К. Попоски, Успешен наставник, Скопје, 1998, стр. 13.

[349] Исто, стр. 13.

[350] D-r. Mustafa, Zhvillimi i shkollës fillore shqipe në R Maqedonisë 1945-1975, Shkupi, 1998, str. 130.

[351] 40 години, педагошки завод на Македонија (1956-1996), Скопје, 1996, стр. 7.

педагошката служба на НРП[352] со кој беа формирани и околиски заводи во Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Т. Велес, Тетово, Берово, Струмица, Гостивар и Куманово.[353] Заводите, од тој период, работат како самостојни установи, но во рамките на органите на управата.

Позначајна трансформација на просветно-педагошката служба настанува со Законот за организирање дејност за унапредување на образованието и воспитанието од 1974 год.[354] што престанува да важи со донесувањето на Законот за органите на Управата од 28 септември 1990 год.[355]

Со овој Закон, доаѓа до поделба на надзорите. На овој орган му остана само стручниот надзор. Така, од овој период, контролите не се нарекуваат инспекциски надзори туку непосреден педагошки увид, а дотогашните инспектори стануваат педагошки советници.

Педагошките увиди во овој период се сведувале на инструктивно-советодавна работа, дури и без можност да се предложат мерки, туку само со обврска да се известат надлежните органи, а на нив останувало дали и какви мерки воопшто ќе преземат за констатираните слабости.

Во практиката таа стана доминантна форма во дејствувањето, особено на општинските и меѓуопштинските заводи за унапредување на предучилишното и основното воспитание и образование.

На прв поглед овој модел на надзор е многу привлечен (и многу ветува) но, во пракса тој ги покажа своите слабости. Имено, и овој надзор не се вршел во договор и по барање на училиштата и наставниците, туку според слободно наоѓање или некаков план на советникот и некогаш однапред најавен, а некогаш не, што значи без претходен договор на двата субјекта. Ваквите надзори наставниците не ги доживуваат како своја потреба во врска

---

352 "Сл. весник на НРМ" бр. 16/1960

353 Исто, стр. 8.

354 "Службен весник на СРМ" бр. 17/74.

355 40 години Педагошки завод на Македонија, Скопје (1956-1996), Скопје, 1996, стр. 8.

со некој проблем во работата, туку како вистински надзор. Во ваквите случаи наставникот не е мотивиран да си го презентира својот проблем за кој би сакал да добие и стручен совет, туку настојува да се покаже во најдобра светлина, за да не биде прекоруван поради евентуалните слабости.

Надзорот и контролата во наставата по историја од постоењето на образованието кај нас се вршеше во неколку форми, и тоа: индивидуални увиди во работењето на наставниците, групни и општи педагошки увиди во училиштето, преку кои се следеше и согледуваше целокупната активност во наставата по историја. Често пати се обработуваа одредени теми преку кои се согледуваа конкретни активности. Се вршеа истражувања и тестирања во наставата по историја преку кои, исто такви се добиваа податоци.

Надзорот во наставата по историја се одвиваше од интерни и од надворешни органи. Интерниот се изведуваше од страна на директорот на училиштето, кој повеќе се однесуваше на методолошкиот аспект на наставата отколку од стручниот бидејќи за таков надзор директорите не беа подготвени. Надворешниот се изведуваше од страна на вработените во специјализирани установи, кои увидите ги вршеле согласно својата стручност и компетентност. Лицата кои го вршеле овој надзор биле примени преку конкурс, според Законот за просветно-педагошката служба, кои требало да исполнуваат повеќе стручни, методско-педагошки и морални квалификации. На стручен план, стручните работници советниците во Педагошкиот завод на Македонија (ПМЗ) стекнуваа стручни звања зависно од нивното севкупно напредување и успехот во работата. Звањата биле: стручен работник, педагошки советник и самостоен педагошки советник по историја, како највисоко звање.

## 9.1. Видови на надзори

### 9.1.1. Интерен надзор

Многумина автори признаваат дека стручниот надзор во наставата воопшто, па и во наставата по историја е најспорната работа. Затоа тој има потреба да се проблематизира, а не да се шематизира, да не биде еднократен чин, туку континуиран процес што се остварува во сите фази од работењето. Поради неможноста за континуиран надзор, треба да се појде прво од самоконтролата и од интерниот надзор. Така, ова треба да започне од секој наставник по историја, а тоа ќе биде првата алка од синџирот на контролниот систем во наставата по историја.

Друга форма на интерниот надзор треба да бидат - меѓусебните посети (хоспитации) на часови, договарање, консултирање или споредување на сопствената работа со работата на останатите. Понатаму, овде влегува и работата околу надзорот, на класните раководители, стручните работници кои се постојано во училиштето и можат да имаат улога на внатрешен советник.

Не помалку е значајна улогата на директорот на училиштето. Нему и Законски му е должност да врши надзор во работењето на сите кадри во установата со која раководи. Со самоконтролата и контролата, од страна на училиштето не значи дека општеството (државата), односно надлежните органи се откажуваат или го редуцираат својот надзор туку надзорот со тоа се актуелизира и се дава можност одговорноста да не се префрла само на надворешните извршители на надзорот, туку се укажува дека во изменетите општествено-економски и политички услови секој субјект мора сам да понесе многу поголема одговорност за сопствената работа.

### 9.1.2. Екстерен надзор

Надворешниот стручен надзор (екстерен) треба да се врши од Педагошкиот завод на Македонија или друга овластена специјализирана установа. Овој надзор би се извршил по барање на училиштето, Министерството за образование, друг надлежен орган или по укажана потреба, а по оценка на установата која врши надзор. Овој надзор треба да се врши преку педагошки непосредни увиди (прегледи) кои имаат советодавен карактер врз основа на принципите на доброволна соработка.

Од оваа установа, може да се организира и супервизорската работа на стручните работници со поединци, работни групи или тимови во установата, заради поддршка и помош за квалитетна саморефлексија, како и давање на повратни информации и помош во разрешувањето на комплексни професионални ситуации.

# 10. ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ АСПЕКТ

# НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

## 10.1. Форми и методи на работа

За организирање на наставниот процес по сите предмети, се применуваат најразлични организациони форми на работа. Од досегашната пракса, може да се вели дека од 1945 година па до 1990 година во примена биле неколку форми на работа при изведувањето на наставата.

Која форма ќе се применува зависи од дидактичката состојба, кој вид на помош ќе биде најадекватна за наставниот процес, односно во некој дел од наставниот процес.

Според улогата на наставникот во наставниот процес и според начинот на давањето на процесот може да се разликуваат два вида, директна и индиректна форма.[356]

Директниот облик на наставата е тоа кога наставникот им го пренесува или го утврдува материјалот на учениците. Во оваа смисла наставникот делува со помош на различни методи.

Дека оваа форма на работа била најраспростреанета и најефикасна зборува и тоа дека сите досегашни оспорувања за вредноста на оваа форма не можеле да ја надоместат нејзината ефикасност.[357]

Со оваа форма се постигнува ефикасност во наставата и поради тоа што наставникот може да го наоѓа најкраткиот пат, бидејќи ги знае резултатите и ги води учениците преку најлесниот пат до новите сознанија.

Под индиректна форма се подразбира таа форма преку која наставникот не ги води учениците непосредно за целиот наставен процес, т.е. кога учениците сами работат, или повторуваат, вежбаат или добиваат нови знаења.

---

[356] Педагогија II, 3, Загреб, 1969, стр. 354.

[357] Исто, 356.

Улогата на наставникот е во оваа форма на работа на друг начин. Но, оваа настава, со оваа форма не се изведува без наставник, туку овде неговата улога е редуцирана. Тој на учениците им ги кажува изворите, им дава наставни средства, упатство во работа, тој не ги корегира, туку ги контролира.

## 10.2. Дидактички форми во наставата по историја

Во наставниот процес, работата со учениците и работата на самите ученици во периодот од 1945 до 1990 год. се појавува во три облика: 1) фронтална работа, 2) индивидуална, 3) групна. Во последно време се организира и работа со парови.[358]

1) **Фронтална работа** е онаа работа во која наставникот работи истовремено со целото одделение, со сите ученици. Ваквата колективна работа овозможува учениците да постигнуваат резултати кои инаку не би можеле да ги постигнуваат со индивидуалната работа. Од сознанијата што ги имаме, се констатира дека согласно целите и задачите на наставните прорами по историја, како и условите за работа во сите училишта, во овој период, повеќе се користела оваа форма на работа, која всушност претставува директна работа на наставникот со сите ученици.[359] Покрај позитивните страни на оваа форма, истата има и свои недостатоци, кои се одразувале на квалитетот на наставата по историја. Меѓу нив се:

- немање можност ученикот сам критички да размислува;
- неможност да дојде до напредување на учениците, а особено на просечните;
- учениците се поставуват во пасивен однос, и др.[360]

Поради тоа, не се применувала само оваа форма на работа, туку и други.

---

[358] Исто, 359.

[359] Историја, бр. 1-2, Скопје, 1999, стр.129.

[360] Педагогија - 3, Загреб, 1969, стр. 368.

## 2) Индивидуална форма на работа

Оваа форма на работа спаѓа во индиректната настава, може да се јавува како работа во различни ситуации. Истата може да биде изолирана т.е поединечна работа, како што се домашните задачи од различни видови, во одделението, кога на секој ученик му се дава поединечна работа која е врзана со заедничката задача и заедничкиот резултат во наставата по историја, во основното образование. Може да се рече дека самостојната, индивидуална работа со учениците е потребна како фаза за дезинтеграција на заедничката фронтална работа.[361] Наставничката улога во оваа форма на работа е редуцирана. Оваа форма на настава по историја до 1990 год. е доста присутна.

И оваа форма има свои негативности, бидејќи, со неа до голема степен не се развива другарство помеѓу учениците, меѓусебно и несебично помагање и другите особини на колективната работа и живот, а тие се една од важните карактеристики на човекот.

## 3) Групна форма на работа

Оваа форма се јавува, како новитет, во подоцнежната дидактика и таа претставува реластивно најмлада форма на работа која се применувала најпрвин во Америка и Европа. За прв пат е употребена во Германија од педгогот Херман Пиц, но значајни се уште Васбурн и Петерсен. Преку оваа форма, значајно е тоа што доаѓа до израз образовниот ефект на поединецот. Групна форма на работа не подразбира само поделба на одделнието на помали групи во кои поединецот ќе работи сам за себе. Предноста на групата е ако се работи колективно и ако секоја задача произлегува од колективот и сите резултати се во колективот".[362]

Со оваа форма на работа се овозможува:

- стекнување пошироки знаења за историските настани;
- поголеми индивидуални актинвости и ставање во целосна функција на

[361] Исто, стр. 360.

[362] Историја, Скопје, 1994, стр. 130.

интелектуалните способности;

- поголема соработка, заедничко другарство и колективна работа;
- непосредно стекнување на пошироки историски знаења и развивање на историско критично мислење, со посебен акцент на откривањето на причинско-последичните врски и односи.

За да се организира поуспешно оваа форма на работа, наставникот потребно е да го планира уште од почетокот која наставна содржина ќе се изведува со оваа форма на работа.

Групите можат да се обликуваат по различни критериуми, еднократно, слободно обликувани групи, диригирани групи, по интереси и групи врз основа на симпатијата или пријателство.[363]

### 4) Работа во парови (тандеми)

Оваа форма на работа од индиректната настава прв ја вовел А. Симон.[364]

Работа во парови се препорачува за многу предмети, а во наставата по историја поголем ефект може да дава при изработување на наставни средства, историски контроли и др.

Успехот во оваа форма од индиректната настава зависи, исто така и до адекватните наставни средства (прирачниците, речниците, енциклопедиите, наставните ливчиња, експерименталните прибори и др.[365]

---

[363] Педагогија - 3, ... стр. 362.

[364] A. Simon Portnerschaft im Unternicht, Oldinburg, München, 1956.

[365] Педагогија - 3, стр. 366.

## 10.3. Наставни методи во наставата по историја

Наставата по историја има задача на учениците да им го прикаже развитокот на општеството од најстарото време до денес. Таа, треба јасно и научно да го проучи развитокот на класите и класните борби, како се изградувало општественото уредување и како дошло до денешно време.

За да се постигне оваа задача, наставникот треба да го избере начинот на кој учениците треба да учат и да ги усвојуваат знаењата.

Од педагошката литература може да се види дека поимот "наставен метод" има различни толкувања. Некои го ставаат во наставните средства, други во артикулацијата на наставата, во распоредот на наставата, во дидактичките принципи, во видовите на настава или пак го нарекуваат наставна форма.[366]

Според некои зборот "метод" значи пат, начин.[367]

Наставните методи се начини на работа на наставникот и учениците со кои се постигнуваат воспитно-образовните задачи на наставата по историја и усвојување на нови знанија под водство на наставникот.

Наставните методи ја опфаќаат активноста на наставникот и ученикот. Тие не се трансмитивни средства на наставникот, туку бараат активно учество во процесот на наставата и на самиот ученик, максимален развој, секогаш во пораст (од едно одделение во друго) на креативните сили, самостојно добивање на нови знаења основани на научна база. Методите на наставата по историја, се одредуваат од принципите на наставата, од задачите и содржината на наставата по историја, од возраста на ученикот и од нивото на претходните знаења.

Една од задачите на наставникот е да ги револуционализира наставните методи, да ги ликвидира апстрактните изразувања, да го активизира вниманието на ученикот.

---

[366] Педагогија - 3, Загреб, 1969, стр. 366.

[367] Tod i Dhoma: Metodika e dhenies se historisë ne shkolie, Tiranë, 1971, str. 112.

Во основното училиште, наставникот треба на достапен начин да им ги објасни на учениците поимите како што се: род, племе, класи и класни борби, антагонистички спротивности, да им укаже на учениците да прават разлика помеѓу поимите борба, бунт, востание, војна, револуција, феудализам, капитализам и др.

Во повеќето случаи на учениците од основното училиште тешко може тоа добро, односно достапно за нив, да се објасни. Во секој случај, тоа зависи од стручната и педагошко-методска подготовка на наставникот, од неговите познавања не само на материјалот, туку и на психологијата на учениците од таа возраст.

При изведувањето на наставата по историја, главно се применуваат овие методи: монолошка, разговорна, демонстративна, метод со книга (текст метода), групен метод и екскурзија како посебна форма на организацијата на наставната работа на која се комбинираат некои методи кои ги спомнавме.[368]

Заедничката цел на сите наставни методи е учениците со помош на наставникот правилно да ги усвојат новите сознанија.

### 10.3.1. Монолошкиот метод (акроматски метод)[369]

Овој метод е еден од најстарите методи за проучување и вежбање. Усменото излагање на наставникот е сигурно една од најстарите облици на пренесување и стекнување на знаењата кај младата генерација. Усменото излагање му овозможува на наставникот по историја, да ја конкретизира содржината на наставниот материјал, "живото" изложување, конкретното им помага на учениците да добиваат јасни претстави за историското минато. Овој метод ги учи учениците да мислат. Излагањето на наставникот ги тера учениците од табелите и фигурите на историското минато, да ги откриваат

---

368 Pedagogija e Pergjithshme (Didaktika), Prishtine, 1954, стр. 54.

369 Акроаматска метода, Педагогија - 2, стр. 371.

законите на историскиот процес. Тој е најсилното средство кое влијае кај ученикот во смисла на воспитанието. Бидејќи наставниот материјал се усвојува од наставникот, тој треба да ги знае главните точки на своето излагање на материјалот. Во каква форма ќе биде излагањето на наставникот, зависи од карактерот на материјалот, особеностите на наставата по историја итн. Изложувањето треба да биде систематско и кохерентно. При тоа, наставникот не набројува само историски настани и нивна поврзаност, туку ги објаснува фактите и главните феномени, ги насочува учениците во правец на усвојување на најзначајните историски концепти, ги учи да мислат, да образложуваат, да работат самостојно. Така, изложувањето на наставникот за учениците треба да биде модел на добро логичко изложување, со кое треба да се откриваат врските помеѓу фактите и феномените кои што се учат, обопштување кое доаѓа после фактите како резулат на анализата на материјалот.

Други барања кои се однесуваат на изложувањето на наставникот се јасното и осмислено зборување кое ќе одговара на возраста на учениците, точното и разбирливо изразување и др.

Монолошкиот метод во изложувањето на наставникот опфаќа неколку форми и елементи, како на пример:

- наративната форма преку која учениците се запознаваат со субјектот на историските настани,

- фигуративно опишување на животот на луѓето од одреден период или на нивните културни елементи.

- Кратко изложување е она изложување со кое општо се претставуваат неколку историски феномени и настани кои се задолжителни, пред сѐ, за поврзување на главите факти со што учениците добиваат целосна претстава за развитокот на историските процеси.

- Карактеризацијата е описна варијанта. Карактеристиката на еден историски феномен е бројот на суштинските особини, со внатрешно поврзување. Карактеристиката може да биде куса и опширна. Кусата

карактеристика е кога се дава карактеристика на една историска индивидуа, а опширната се однесува на опишување на особините пошироко, на пример, карактеристиката на капитализмот.

- Објаснувањето се употребува кога наставникот сака да открива нови концепти, односно историски феномени и настани. Објаснувањето е анализа на феномените и насловените концепти, откривање на причинските односи на историските настани што се учат.

- Образложението, е кохерентен развиток на принципите, потврдувањата, што ги тера учениците да донесуваат заклучоци за одредени историски феномени или настани. Образложението им овозможува на учениците да откриваат теоретски заклучоци, а може да биде кратко или опширно, но само тогаш кога доминира теоретски материјал.

### 10.3.2. Метод на разговор (дијалошки метод)

Методот на разговор (дијалошки метод) зафаќа едно значајно место во наставните методи во наставата по историја. Овој метод бара голема умешност од наставникот, можеби поголема отколку монолошкиот. Наставникот раководи со разговорот и не треба да дозволи учениците да негодуваат, да предвидуваат и сл.[370]

За изведувањето на наставата по историја со овој наставен метод наставникот треба да има солидни и широки познавања, не само од соодветната методска единица, туку и целокупниот материјал. Применувањето на овој наставен метод зависи од подготовката на наставникот и учениците, од природата на методската единица, од возраста на учениците, како и од личното социјално искуство, од знаењата што ги имаат од порано. Голема улога, овој метод игра при контрола на знаењата од наставниот материјал. Разговорот се води во вид на прашања и одговори, а

[370] Дамјан Лепчески: "Стручно-методски прилози за настава по Историја", Скопје, 1979, стр. 79.

може да даде резултати ако методски добро се организира. Затоа е потребно, наставникот да размислува добро за организирање на разговорот. Прашањата треба да бидат јасно формулирани, разбирливи, како и да одговараат на возраста на учениците.

Во текот на разговорот, учениците бараат поводи и причини, прават споредби и го определуваат карактерот на наставата.[371]

Во наставата по историја обично се употребува прашањето за повторување, обопштување и за усвојување на наставниот материјал. Разговорот за повторување се организира врз наставната содржина која е претходно работена или пак на некоја поширока наставна тема на пример: темата: "Атика - како јака робовладетелска град-држава".

Во разговорот во врска со повторувањето на оваа тема, може да се поставуваат прашања како: - Каде беше сместена Атика? Како влијаат природните богатства на Атина во занимањето на народот? На колку групи беше поделен народот на Атина? Каква беше положбата на селаните во VI век п.н.е.? Се разбира дека може да даваат уште дополнителни прашања, на пример: Што е Акропол? Што е полис? На крајот од разговорот, материјалот се обопштува од страна на наставникот по што се донесуваат заклучоци, со активно учество на учениците. На часовите каде се повторува или обопштува материјалот, разговорниот метод е главната работа. Организирањето на ваков разговор, се разликува од разговорот на една тема или наставна содржина која само се утврдува.

При тоа, наставникот избира значајна наставна тема која открива значајни моменти на историскиот процес, што ги тера учениците во правец на откривање на развојните закони на општеството. На ваквите часови, наставникот би требало, да бара да се повторува детално целиот материјал.

Системот на разговорот на наставните часови за повторување т.е обопштување има свои особености. На овие часови прашањата се обопштени

---

[371] Исто, стр. 79.

и ги насочуваат учениците во правец на објаснување на главните врски кои довеле до некој историски настан.

Овој метод често се нарекува и "сократов метод", по грчкиот филозоф Сократ и по неговите разговори што ги водел тој со своите ученици.[372]

Во средниот век, исто така, овој метод бил во употреба и тоа повеќе за повторување на наставните содржини, како и за памтење за истите. Таквите содржини биле расчленувани на повеќе прашања. Во XVIII век се појавува нов облик на овој метод и тоа хеуристички разговор, при која форма учениците по поставените прашања сами доаѓале до потребните заклучоци.[373]

Бидејќи пред сé, една од задачите на наставата по историја е и тоа, наставникот да успее да го ангажира целото одделение во работа, да ги држи сите ученици во една напрегната мисловна состојба, да ги издигне на едно повисоко стапало на разбирање на историските настани, да ги научи учениците правилно историски да мислат и да можат најцелисходно да ги ползуваат знаењата со кои веќе располагаат, препорачливо е примената на разговорниот метод во наставата по историја.

За да се постигне тоа, наставникот треба претходно да размисли за прашањата што треба да им ги даде на учениците и да ги предвиди одговорите што би ги добил од нив.

Во спротивно може да западне во површност и во чист формализам бидејќи ништо не се постигнува ако се задаваaат такви сугестивни прашања на кои може да се одговори со "да" или "не". Истото важи и во случај кога се задаваат сугестивни прашања, кои веќе со самото поставување го одредува одговорот. Во ваквиот начин на примена на разговорниот метод се кријат и други опасности како прикривање кај учениците, дезориентација кај наставникот во поглед на знаењата на учениците, често излишно губење време и сл.

При споредувањето, наставникот треба да внимава да се споредуват

---

[372] Педагогија - 2, Загреб, 1969, стр. 374.

[373] Исто, стр. 374.

историски настани што се од ист или сличен карактер, или по време не многу оддалечени. Не може, на пример, да се споредува востанието на Матија Губец во Хрватска, со востанијата во 1941 година во Југославија и сл.

При примената на секој метод дозволено е учениците да поставуваат прашања, а ако тие не можат добро да ги формулираат, тогаш наставникот треба да им помогне. Наставникот со овој метод треба да ги навикнува учениците да одговараат за еден историски настан на овие прашања: што, кој, кога, како, зошто, каде и од нив да се бара чист и конкретен одговор.

Со ваквиот метод на работа, наставникот истовремено ќе може да ги оценува учениците и тоа јавно, со што ќе развие колективна одговорност во одделението, па и во училиштето. Разговорот може да се води врз основа на личното искуство на децата, врз основа на претходните знаења на учениците, а секогаш да се има предвид од учениците да се бара одговор за поводот и причините за настанот. Како основа за овој метод на работа, може да послужи учебникот, слика, карта или разговор со живи учесници во соодветниот историски настан.[374]

### 10.3.3. Текст метод (метод со книга)

Работата со книгата има големо значење и во другите дејности во училиште. Книгата и воопшто печатениот материјал претставува извор на знаења и информации, не само во училиште, туку и во современиот живот воопшто.[375]

Со применувањето на овој метод, учениците добиваат нови знанија, го култивираат својот говор, развиваат чувства и ги утврдуваат своите знаења. Со овој метод, учениците се учат како да ја употребуваат и учат како да се служат со книгата.

Книгата може да се употребува во сите форми на наставата, иако се мисли дека поефикасно е кај индиректната форма на наставата. Методот со

---

[374] Дамјан Анчески, "Стручно-методски прилози за наставата по историја", Скопје, стр. 1979, стр. 80.

[375] Педагогија - 2, Загреб, 1969, стр. 386.

книгата се употребува поретко, а во повеќето случаи во почетокот на годината, а за да ги привикне учениците на ваков материјал, наставникот ги учи учениците како да се служат со учебникот по историја. Во почетокот од страна на наставникот се читаат неколку лекции, а потоа се бара суштината на истите.[376]

За да се изведе наставниот час со овој метод, бездруго треба да се изврши грижлива подготовка за тоа. Пред сѐ, треба да се обезбедат пригодни книги каде што има одбрани историски текстови, како историските читанки и други книги каде можат да се најдат содржини на одредени историски настани. Но, учениците можат да се упатуваат на некои историски извори со соодветна историска содржина и надвор од историската читанка: дневници, зборници на документи, биографии, списанија, весници и сл. Учениците можат да се служат и со некое уметничко дело со историска тематика: роман, расказ, тема и сл. За изведување на настава со овој метод можат да послужат и соодветни историски карти, шеми, дијаграми, историски слики и сл. Откако би се снабдиле сите потребни материјали за разработката на наставниот час по историја, се започнува нивното читање и анализирање. Потоа, стапка по стапка се издвојува тоа што е најважно за темата на часот, а тоа што е од споредно значење се изоставува. На крајот, се и конструирање на целиот час.

Со оваа постапка, може да се обработи нова наставна содржина и како домашна задача. Разликата е во тоа што на час со помош на наставникот се конструира, додека дома учениците самостојно работат.

При применувањето на овој метод, работата што треба да ја вложи наставникот за подготовка на ваквиот начин не е мала. Тој треба не само да ја пронајде нужната литература што ќе помогне за што потполно осветлување на темата од новиот час, туку тој треба да одреди колку и од каде учениците треба да прочитаат за да ја постигнат поставената цел. А за да можат тоа да го сторат, учениците наставникот треба и самиот претходно

[376] Дамјан Анчески, "Стручно-методски прилози за наставата по историја", Скопје, стр. 1979, стр. 80.

да ги прочита тие материјали. Тоа е нужно, за да не се случи на учениците да им препорача, за одредено време, да прочитаат толку опширна литература, што тие физички не би биле во состојба тоа да го постигнат и да дојдат во ситуација да се оддалечат од темата до таа мерка, што после да не можат да се снајдат.

Покрај тоа, наставникот треба претходно да го има составено планот на новиот час, па врз основа на тоа правилно да ја насочува работата на учениците.

Со ваквиот начин на работа се постигнуваат неколку цели, помеѓу кои се и следните:

- Се активираат сите ученици од одделението;
- Учениците се запознаваат и со друг историски материјал (освен со учебникот) и со тоа нивниот круг се проширува, а интересот кон историјата се зголемува.
- Кај учениците расте желбата и самите да собираат или да се снабдуваат со историски докуметни и литература, бидејќи со овој метод тие во поголема мера од порано стануваат заинтересирани за историска литература и историски документи, како и за нивното значење.

Со примената на оваа форма на работа се оспособуваат и самите ученици за самостојна работа со употреба на помошни изворни материјали.

За да се изведе нов час на овој начин, бездруго учениците треба да се подготвуваат, без што може да настапи излишно талкање кај учениците. За да не се случи тоа, наставникот не само што ќе ја соопшти темата, туку на учениците ќе им ги даде и главните контури, еден вид план на наставната содржина.

### 10.3.4. Демонстративен метод

Со цел, историските настани и појави да се прикажат во интуитивна форма, за време на нивните објаснувања се употребуваат цртежи, фигури, карти, модели, апарати и др.[377]

---

[377] Pedagogija e përgjitshue (Didaktika), Prishtine, 1954, стр. 66.

Начинот на работата во употребата на овие средства во наставата се разликува од другите наставни методи, па затоа овој метод се нарекува демонстративна метода.

Ниту едно "живо" излагање на наставникот не може да побуди толку претстави кај учениците како што можат да бидат претставите, добиени преку презентирањето на материјалните остатоци на минатото, фигурите и другите материјали врзани за еден историски настан.[378]

Во конкретизацијата на наставата по историја учествуваат материјалните извори од минатото, местата каде се одвивале историските настани, уметничките дела од минатото, оригинални предмети од минатото кои се изложени во музеи, историските слики, историските наставни таблоа, илустрациите, слики, портрети, карактерот, киноматографски документарни и наставни филмови, како и макетите. На крајот, во конвенционална (вообичаена) употреба се и картите, скеатизирани планови, диаграмите, графикони и др.

Сите овие објекти како и фигури, кои се употребуваат директно на часот по историја се наставни средства и помагала. Применувањето на наставните средства, им овозможуваат на учениците да ја прецизираат и конкретизират историската претстава за минатото.

Со овој метод, односно со демонстрирањето на наставата преку овие средства им се овозможува на учениците да го откриваат феноменот, а со тоа им се олеснува познавањето на суштината на историските феномени. Има наставници кои не употребуваат наставни средства со образложение дека им недостасува време, бидејќи се губи многу време употребувајќи ги нив.

Меѓутоа, праксата покажува дека со употреба на средствата се добива во време. Често една обична скица, диаграм или некое друго средство, дава поголема можност за полесно и подобро осветување на историскиот настан, а без употреба на истите ќе има потреба од поголемо време и труд.

---

[378] Metodika e dhënies së historisë në'shkolë, Tiranë, 1971, стр. 189.

Средствата за демонстрирање во наставата се материјален систем, кој му помага на наставникот да ги тера учениците од перцепција на оригиналните споменици на историското минато во една обопштена форма, апстрактна која помага да се открива суштината на историските феномени. Овој систем се состои од неколку видови на конкретни материјали сместени според степенот на обопштувањето на историските факти и тоа:

- материјалните споменици од историското минато, материјали на археолошките ископини, експонати во училишниот музеј;
- илустрациите со документарен карактер, слики на современици, документарни фотографии, фотопортрети и документарни филмови;
- историски слики, портрети на значајни историски лица, уметнички кинематографски дела;
- карикатури и нивна симболичка претстава;
- скематизирани планови и историските карти;
- дијаграми, графикони и скици и др.

Иако е докажано дека со употребата на овие наставни средства на наставникот и ученикот им се олеснува работата за постигнување на целта, сепак, наставникот треба да почитува некои правила при применување на истите, а тие се:

- не треба на настава да има многу наставни средства и колку тие да се интересни, бидејќи со ова вниманието на ученикот ќе се насочува во нив, а не во главната содржина на наставата;
- изборот на материјалот за демонстрирање треба добро да се студира, да се избира оној што е потребен, позначаен во аспектот на воспитанието и образованието, материјалот треба да биде сфатлив од учениците во однос на содржината и прилагоден за гледање.
- наставникот треба да ги подготви учениците за перцепција на материјалот и за негова конкретизација.

Праксата покажува дека една обична демонстрација на материјали поврзани со наставната содржина, без претходно објаснување има мал ефект.

Објаснувањето на наставникот, го насочува набљудувањето, ја обогатува и ја прецизира фигурата во свеста на ученикот. Со ова, на ученикот му се помага да го гледа главното, суштинското во средството кое се демонстрира. За тоа, демонстрацијата на средствата се придружува со објаснувањето на наставникот.

Учениците треба да се поучуваат вниманието да го насочат пред сé кон она што е главно во предметот, во целина, а после да поразмислуваат за деталите, да се постават односите на деловите од целината, а на тој начин учениците полесно и подобро ќе ја разберат целината.

Најзначајно место во конкретизацијата на наставата по историја заземаат: ѕидните слики, илустрациите во учебникот, репродуцирани слики, дописните карти со слика, фотографиите, исечоци од новини и др.[379]

Употребата на илустративниот материјал има големо значење во воспитно-образовниот процес. Затоа, речиси нема историска училишна книга која нема илустрација.

Историските слики можат да бидат по својот карактер различни - слика-документ и слика-композиција. Исто така, во сликите каде е претставен еден настан кој само еднаш се случил, таа слика се вика епизодична, додека сликите каде се претставува типична појава на одредено историско време, тие се типолошки слики.[380]

"Сликите имаат своја специфична вредност".[381]

Илустративниот материјал претставува визуелна потпора на настанот кој помага во конкретизација на наставата. Тој може да се употребува и како информативен материјал. Може да се употребува на секој тип на часот.[382]

Портретите на историските личности заземаат едно значајно место во наставата по историја, во учебниците има многу интересни и наменски

379 И. В. Гитис, Методика основне наставе историје, Београд, 1946, стр. 74.

380 Metodika e dhenies së historise në shkolë Tiranë, 1971, стр. 201.

381 Педагогија - 2, стр. 378.

382 Metodika e dhenies se historise në shkole, Tiranë, 1971, стр. 201.

портрети, при што портретот на една историска личност, кај учениците влијае воспитно. Портретите служат како добро дополнување на информациите за една историска личност, за нивниот живот, мислите и работата.[383] Големото значење на портретите е и во тоа што има историски настани кои го добиле името или се идентификуваат со одредена личност. Често пати ние велиме, востанието на Петар Делјан, востанието на Матија Губец итн., иако знаеме дека тие востанија биле само под нивно водство. Тоа од друга страна значи дека тие личности толку многу го карактеризирале настанот, што ние и без да сакаме ги идентификуваме со самиот настан. Според тоа, покажувањето на сликата на одредена личност во време кога се предава за неа, тогаш тоа ќе стави поголем впечаток кај учениците. Но, нема сомневање дека сликата на таа личност треба да биде таква што ќе одговара на онаа карактеристика што ја дал, или треба да ја даде наставникот за таа историска личност.

Симболичните слики карикатурите, исто така, заземаат значајно место во наставата по историја. Спротивно на историските слики кои погоре ги спомнавме во наставата по историја може да се употребуваат и симболичките слики и карикатурите. Разликата на овие е во тоа што симболичките слики и карикатурите се направени, така што на сатиричен начин претставуваат еден настан и личност, изразувајќи ги кај нив повеќе оние особини кои се карактеристични за него. Со помош на карикатурата, наставникот подлабоко и појасно го потврдува во меморијата на ученикот самиот историски факт и неговата вредност. Политичката карикатура е едно остро средство кое служи за објаснување и популаризирање на една политичка идеја.

Симоболичките слики и карикатурите можат целосно да се разберат само ако се познаваат фактите кои се во нивната основа од одреден настан или личност. Тие не можат да се вклучат во почетокот на излагањето на

---

[383] И. В. Гитис. Методика основне наставе историје, Београд, 1946, стр. 84.

наставникот без претходно познавање на учениците со настанот или личноста.[384] Избраната карикатура од страна на наставникот треба да ги исполнува овие барања:

- да ја открива суштината на општествениот феномен;
- да биде сватлива за учениците;
- од уметничката страна да биде експресивна (изразина) конкретна и лесна за одредување. Нејзината идеја треба да биде изразена со самиот цртеж.

Карикатурата не треба да се открива пред наставниот час, а набљудувањето и анализата на карикатурата бара многу малку време. Цртежот е обичен, но суштинските особености се големи и изразени, па затоа, покажувањето на карикатурата не го прекинува изложувањето на наставникот, туку таа се поврзува органски со излагањето. Употребата на карикатурата во наставата овозможува организирање на секој вид самостојна работа со учениците.

Потполна условна слика на историската реалност даваат графичките илустрации - шемите и плановите. Со помош на шемата, може да се претстави државото уредување на една држава, класната поделба итн. Шемата може да се употребува при излагањето на наставникот или на часовите за обопштување на материјалот. Една од шемите е и "Лента на времето", средство за изучување на хронологијата. Ова лента е закачена на ѕид.

Во редот на графичките илустрации се и плановите на историските објекти или настани. На пример, план на Кеопсовата пирамида; "Акропол", др. Во основното образование се даваат мал број на вакви планови.[385]

Во овие графички илустрации спаѓаат и хронолошките таблици, синхроничните, дијаграми, графикони и др.

---

[384] И. В. Гитис. Методика основне наставе историје, Београд, 1946, стр. 84.

[385] Исто, стр. 89.

Конкретното знаење на било кој историски факт, задолжително го содржи знаењето на времето и на местото каде се одвивал настанот. "Одговор на прашањето каде е задолжителен елемент на конкретото историско знаење".[386] За изучувањето на историјата, на историските факти, задолжително е и познавањето на историската географија.

Локалитетот во наставата по историја е еден важен елемент во изучувањето на историјата, бидејќи ако ученикот нема поим за географската положба на територијата на која се одвивале настаните што се проучуваат, тогаш неговото учење ќе биде без темел, не ќе може правилно и трајно да го сфати она што го учи.

При изведувањето на наставата по историја, се изнесуваат и другите фактори што се од примарно значење за објаснување на соодветиот историски настан. За да се исопушти истакнувањето на гоеграфскиот фактор тој ќе се илустрира со употребата на КАРТАТА. На неа можат да се видат и физичките особености на територијата, нејзините природни богатства, географската полжба и т.н., а сето тоа може да се објасни зошто некои народи се развиваат порано, други подоцна, зошто едни се развиваат побрзо, други побавно, инт. Затоа употребата на картата треба да биде неразделно поврзана со самото учење на историјата. Во пракса обично се употребуваат општи, збиени, тематски, контурни (неми) историски карти.

*Општите карти*, опфаќаат многу податоци за границите на државите, распространетоста на народите, патиштата, центрите и на местата на историските настани. Една ваква карта може да опфаќа мал број на географски податоци (реки, езера, мориња и др.). Општата историска карта ги претставува историските феномени.

Збиените историски карти, рефлектираат историски настани со многу територијални измени во еден одреден период, рефлектираат неколку кохерентни моменти на еден историски момент кој се учи.

---

386 Исто, стр. 96.

Тематските карти се оние карти кои им се посветуваат на настаните, на проблемите или посебните страни на историскиот процес и се растоварени од деталите, кои немаат врска со темата.

Шематизирана карта или карта - скица е една посебна варијанта на тематската карта. Овие се разликуваат од другите, бидејќи овие се ограничени само со скици за одредени настани со контури на земјата или границите.[387]

Контурни (неми) карти можат да имаат различни форми. Главно е оваа да биде оспособена да се пишува во неа со креда, бидејќи е обоена со црна боја, на неа се повлечени границите на копното, реките и главните градови на оние територии на кои живеат народите чија историја се проучува. Градовите и реките не се именувани, или се именувани само најглавните, колку да се олесни ориентацијата на картата. На часот по историја, со разнобојни креди, се подвлекува или се бележи она што треба да се покаже на учениците.

Покрај ѕидната карта, учениците за демонстрација на наставата по историја се употребува и историскиот атлас, чија употреба е од големо значење. Така, картите што ги има во атласот, наставникот може да им ги покажува на учениците.

## 10.4. Корелација на наставата по историја со другите наставни предмети

Поврзувањето на предметите во наставниот процес претставува значаен правец во општиот систем на поврзувањето на науката со животот и работата, за кои се создаваат најповолни услови за разновидните работни активности на ученикот.

Почнувајќи од пижите одделенија, ученикот преку изучувањето на наставните дисциплини доаѓа до сознанија на одредени групи на природни и општествени закони.

---

[387] Todi Dhama: Metodika e dhenies se historise ueshkovie, Tirane, 1971, стр. 207-208.

Разликите на наставните предмети во целиот период на наставата од почетните одделенија до најстарите се оправдува со тоа што на училиштата им се овозможува длабинско и целосно познавање на нештата кои нас нѐ опкружуваат.

Воспоставеноста на врската помеѓу предметите е условена од три фактори:

1. Користењето на знаењата од една наставна дисциплина кога се изучува друга дисциплина, поради сестрано запознавање на појавите кои се изучуваат, а се поврзани директно или индиректно;

2. Комплексното применување на знаењата за време на извршување на практични задачи;

3. Натамошната перспектива на учениците кои или ќе ја изучуваат таа област или ќе бидат вклучени во работа за која овие знаења ќе бидат потребни.[388]

Врската помеѓу предметите има своја основа во наставните програми. Програмите се изработени така што изучувањето на системот на знаењата од еден предмет се потпираат врз целокупното знаење на другите дисциплини.[389] Затоа од страна на наставникот се бара аналитичко проучување на наставните програми, со цел, да ги открива позначајните врски помеѓу различни наставни предмети, т.е. "меѓупредметната содржина". Првата задача на наставникот е од секој посебен предмет да го издвои оној дел кој може да биде реализиран во наставниот процес. Друга задача е и тоа што дидактички ќе ја обликува одделената содржина, со цел, да одговара на методите и на наставните форми кои ќе придонесат за полесно совладување на наредната тема на друг наставен предмет. Избраните методи треба да бидат директно насочени кон реализацијата на поврзаноста помеѓу предметите на наставниот процес.

---

[388] Čas u osmogodišnjoj školi, priručnik za nastavnike, Sarajevo, 1972, стр. 106.

[389] Исто, стр. 107.

При примената на поврзаноста (корелацијата) помеѓу предметите, наставникот треба во процесот на предавањето на својот предмет (дисциплина) систематски, во општи црти да укажува на нејзиното перспективно значење за изучување на другите науки: За време на предавањето на одредена дисциплина, прибира, систематизира и чува документарни метеријали (графикони, шеми, цртежи, збирки, извештаи од екскурзиите, писмени состави и др.), мислејќи на тоа дека тој материјал ќе биде потребен за изучување на друг наставен материјал.

Исто така, доста придонесуваат и периодичните информации за времетраењето на однапред планираниот наставен процес. Овие информации се реализираат преку директни разговори помеѓу наставниците, реципрочното посетување на часовите, како и преку посебни извештаи на заедничките состаноци на стручните активи по предмети или други стручни органи во училиштето.

Собраниот дидактички материјал од страна на наставникот во претходниот наставен процес, за реализирање на задача во друга дисциплина добива друга смисла, научна обработка и интерпретација во светло на нови поими и нови законитости за кои веќе учениците имаат познавање. Овие познавања од страна на ученикот можат да бидат површни, несистематски во зависност од тоа од каде ги добиле (од научно-популарната литература, радио или телевизиски емисии и др.). Затоа, тука е наставникот којшто, за реализирање на овој процес треба да исполни максимум активности. При реализирањето на директната врска, наставникот е организатор на наставната работа. Ако се постигне обратна врска, тежиштето на активноста паѓа врз наставникот, бидејќи тој располага со максимумот на информациите за можните врски помеѓу наставните дисциплини.

### 10.4.1. Методските постапки за остварување на корелација помеѓу наставните предмети

За да се оствари врска помеѓу наставните предмети во основното училиште не се задолжителни посебни методи. Задачата на наставникот е да ги применува тие методи кои најдобро одговараат на содржината на врската помеѓу поставените содржини од одредени предмети, точно да ја одреди длабочината на врската, како и местото и времето на сместувањето на специфичната содржина во контекст на главната содржина на наставниот процес.

Во секој случај, во однос на оваа проблематика наставникот треба да се придржува на содржините на дппирните дисциплини, кои се употребуваат во наставниот процес од одреден предмет; ангажирање на знаењата од допирните дисциплини треба да придонесуваат за длабоко откривање на појавите кои се обработуваат и со тоа се дава смисол на усвојувањето на поимите и законите на одредена наставна дисциплина.

Прва форма која се применува при реализацијата на поврзаноста помеѓу содржините од наставните предмети се состои во долготрајната работа на стекнување на знаењата, собирање и обработка на материјали кои наставникот ќе ги употребува.

Втората форма - делумно се засновува на успешно решавање на тековните задачи на одреден наставен час.

Со корелацијата помеѓу наставните содржини од предметот историја со други предмети успешно се остварува и рационализација на наставата. За да се постигне ова, потребно е колективно планирање на воспитно-образовната работа со смислено планирање на наставната програма што ќе ја предвиди внатрешната интеграција.[390] Во втората фаза на ова планирање би дошло она што ќе ги предвиди по стручните групи врските меѓу предметите и содржините, а индивидуалното планирање треба да води сметка кога, на што и каде, преку овој процес, да се рационализира.[391]

---

[390] Стручно методски прилози за наставата по историја, Скопје, 1979, стр. 94.

[391] Исто, 94.

Предметот историја најмаксимална корелација може да воспостави со општествената група на предмети како што се социологија, политичка економија, јазиците, а и со географијата, иако не спаѓа во општествената група предмети и др.

Уметничката литература, особено може да послужи за воопштување на историските појави и откривање на наставната суштина и законитост.[392]

Лектирата која е придружна литература со наставната програма, особено дава можност за остварување на корелацијата.

Разните раскази или други дела на најдобар начин можат да ја отсликаат положбата на народот, во одреден историски период, кој се учи на часовите по историја.

Оваа помошна литература успешно може да помогне само ако е добро и на време планирана и ако се извршат сите подготовки. Така, треба добро да се знае што и кога ќе се користи, на што ќе се внимава повеќе, а тоа ќе може да се оствари ако се знае што треба да се постигне.

Поврзаноста (корелацијата) помеѓу предметите не се врши за задоволување на некои формални барања, да се троши времето без некој ефект, туку напротив, за постигнување максимален ефект во работата.

Целта на корелацијата помеѓу предметите е јасен и едноставен, секоја минута од даденото време да биде целисходно искористена и содржајно исполнета.[393]

### 10.5. Екскурзиите во наставата по историја

Една од важните дополнувања на работата што се одвива во образованието се и екскурзиите. Преку историските екскурзии учениците во поголема мерка се интересираат за минатото.

---

[392] А. А. Вагин и Н. В. Сперанскаја, Основна питања наставе историје", Сарајево, 1968.

[393] Милорад Крстиќески, "Некои можности за реализацијата на наставата". Одбрани педагошки ставови, Скопје, 1974, стр. 41.

"Екскурзијата е излегувањето на одделението (училниците) за непосредно набљудување на објектите врзани со изучувањето на историските факти под водството на наставникот."[394]

Набљудувањето може да се врши во разни музеи, историски места, историски споменици и историско-животни комплексии. Педагошката вредност на екскурзијата се состои во тоа што, со неа материјалот се конкретизира и помага да изучениот историски факт учениците "историски да го доживеат", а ова чувство се јавува кога тие доаѓаат во допир со оригиналните историски споменици. Друго значење е "Моторност" кога, на пример, учениците одат по патеките на борците на некој поход. На ваквите програмски екскурзии можат да се организираат сите видови на часови по историја, само методот на работата треба да се менува.[395]

За да се изведе успешно една екскурзија, наставникот и учениците треба добро да бидат подготвени. Во големите центри, во музеи и други историски места ангажирани се и водичи, или кустоси, но тоа не го ослободува наставникот претходно да биде подготвен за тоа што со учениците ќе треба да видат.

За да биде успешна екскурзијата треба претходно да се:

- одреди темата на екскурзијата (содржината и поставената цел што треба да се постигнува, потоа изборот на материјалот кој ќе се набљудува (во музеите има многу експонати);
- количината на експонатите (екскурзијата е програмирана и се знае за 60' колку може експонати да се видат).

После овие подготовки, особено внимание наставникот треба да му посвети на методот на изведувањето за екскурзијата да биде успешна.

Во секој случај за екскурзијата наставникот треба убаво да се подготви, претходно да прочита или да се запознае со материјата - со

---

[394] Гитис, Методика ..., стр. 108.

[395] Исто, стр. 116.

објектите што ќе бидат предмет на екскурзијата. Убаво е дури наставникот да им препорача на учениците и самите тие да се подготват, за да не појдат целосно незапознати со она што ќе треба да го видат на екскурзијата.

Во подготовката влегува упатувањето на учениците на правилата на однесување во тие објекти, а тоа ќе го стори наставникот претходно.

После екскурзијата, исто така, од голема важност материјалот добиен од неа да се систематизира и утврдува. На следниот час, учениците се прашуваат за впечатоците, може да се ангажираат до тоа и во писмена форма да го направат.

## 10. 6. Значењето на локалната (родокрајна) историја

Согласно наставните програми по историја, на наставниците им е дозволено кога е во прашање родокрајната историја да посветат поголемо внимание, со тоа им се дозволува да го зголемат фондот на часовите во текот на наставната година и да ги прошират и изготват наставните содржини.[396]

Пред да ја обработиме оваа материја, треба прво да видиме што е суштината на наставата од локалната историја, дали постои потреба од нејзината употреба, кога и во колкава количина се употребува, кои воспитно образовни задачи треба да се реализираат преку оваа историја, дали е потребно да се опфати целата историја од најблиската околина или само најзначајните моменти?

Според Златибор Поповиќ, методичар, локалната историја има потреба да се изучува од нашиот млад човек за да го поврзи минатото со сегашноста на својот крај, тешкотиите и задачите на неговиот понатамошен развиток - што ќе му биде една од основните граѓански должности за согледување и решавање кога ќе порасне.[397]

[396] Историја, Наставна програма и упатство за реализација од V до VIII одделение, Скопје, 1985, стр. 51-52.

[397] "Неки проблеми наставе локалне историје", Историјски преглед, Београд, 1962, бр.2.

За ова прашање има и спротивни мислења, во однос на тоа, дали треба да се воведе оваа настава како посебен предмет или пак не треба да се изучува од помладата генерација, но ни од постарата возраст. .

Историчарот Дамјан Лапчевски, од анализата на некои распределенија на наставниците по историја во градовите Куманово, Скопје, Берово, Прилеп, Битола, Охрид и др. вели дека не можел да забележи дека била планирана ваквата настава.[398]

Изговорот на наставниците во однос на оваа настава е дека нема време, дека програмата е обемна или пак нема литература за истата. Напротив, со изучувањето на ова настава на учениците ќе им се помогне за изучување на историјата воопшто, затоа што родокрајната историја дава конркетна содржина, ги подига непосредните перцепции, а тоа е добра подлога за борба против формализмот и вербализмот во историската настава.[399]

Локалната историја, гледано од педагошката страна, придонесува кај учениците да се зголеми воспитниот момент. Во некои училишта правилно се применува локалната историја. На пр. во Битола, кога се изучува античката историја, вели Лапчески, посебно внимание ѝ се посветува на Хераклеа. Во Куманово и Кумановскиот крај или преку редовните часови или преку историската секција се изучуваат средновековните културни споменици: Матејче, Осоговскиот манастир. Наставниците од Скопје, можат посебни часови да одделат за историјата на Скупи, Камениот мост, спомениците од земјотресот во 1963 година, аквадуктот и др. Така во сите населени места каде има училиште, учениците имаат можност да ја изучуват локалната историја. Оваа настава може да се реализира за време на наставната година, но може и после реализација на наставната програма.

---

[398] Дамјан Лапчевски, "Стручно-методски прилози за наставата по историја", Скопје, 1979, стр. 82-86.

[399] Исто, стр. 83.

Литературата за овој вид настава може да се обезбеди од архивите, музеите, историските споменици, зачуваната историска документација во училиштата или други институции во градот. При изборот на содржините од оваа настава, треба да се внимава на тоа каков ќе биде тој материјал, прилагодувањето на истиот на возраста на учениците и нивниот интерес.

На крајот, сметаме дека има потреба од изучување на оваа историја (локалната) на тоа да биде проткаена со другите содржини од програмата и се работи во зависност од историските настани во местото каде се наоѓа училиштето.

Учењето на локалната историја (родокрајната) од страна на учениците е од социјален аспект, психолошки, дидактички, педагошки и др.[400]

Колку е значајна оваа настава, зборува и фактот што некои педагози бараде уште одамна, оваа настава да стане посебен предмет, или пак дидактички принцип на програмата по историја. Бидејќи се знае дека секој граѓанин има потреба да го знае минатото на својот крај, произлегува дека локалната историја не може да биде предмет на слободните активности на учениците, бидејќи на оваа настава учествуваат само дел од учениците кои се заинтересирани за овој вид настава, па затоа локалната историја треба да биде дел од задолжителната програма за сите ученици. Оваа настава е специфична, врзана за одреден простор каде се наоѓа училиштето, затоа, оваа настава секое училиште треба да ја одреди врз своите локални услови и прилики.

Локалната историја, може да се применува од одделенската настава во основното образование и тоа преку предметот "Основи на природа и општеството", а во предметна настава преку предметот "Историја". Во предметот историја, оваа настава се реализира преку содржините на општата и националната историја како дополнување.

---

[400] Методика наставе историје, Београд, 1955, стр. 105.

Едно од значајните прашања за оваа настава е тоа како да се врши изборот на материјалот од оваа настава? Како потпрашање е и тоа: дали да се учи целото историско минато на својот крај или делови од него? На ова прашање може да се одговори дека: оваа настава доаѓа како дополнување, па затоа би требало да се работат само делови важни за оние содржини кои се дополнуваат, бидејќи "долгото задржување на историјата на најблиската околина може лесно воспитувањето на младиот човек да го однесе во тесноградеи локален патриотизам".[401]

Во врска со оваа настава, значењето, состојбата во училиштата од Охрид и околните села, во 1976 година, тогашниот педагошки советник по историја, проф. Тодор Трајановски, вели: "... наспроти тоа, факт е дека многу наши ученици, меѓу нив и тие во завршните одделенија на осумгодишните училишта, не знаат речиси ништо, или знаат мошне малку за своето место и крај: за личноста чие име го носи нивното училиште и улицата каде се наоѓа, улицата во која што станува како и со што тие личности не задолжиле, за значајните луѓе на местото и крајот во којшто живеат и важните настани од неговата историја за установите и останатите објекти во местото и крајот, итн., а од друга страна, често пати повеќе знаат за далечните и непознатите места и краеви, отколку за своето место и својата општина, или пак подобро го познават одамнешното минато, отколку она што се случило вчера и она што се случило денес".[402]

Од сето ова и другите сознанија може да се заклучи дека локалната историја е важна настава за учениците, но таа треба да се планира од страна на наставниците, да се има посебен пристап кој треба програмски да се изведува доколку се сака таа да биде во целост успешна.

---

[401] Исто, 108.

[402] Билтен - Охрид, 1976, стр. 80-94.

# 11. МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ АСПЕКТ

# НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

## 11.1. Простор

Наставата воопшто, па и наставата по историја до 1990 год. просторно е решена со класични училници и специјализирани кабинети, опремени со разни видови нагледност т.е. наставно-технички помагала и друга современа опрема за наставата по историја.

Наставата по историја организирана во училишен објект, се изведува во простории (училници) направени за таа цел според одредени нормативи кои ги изготвува специјализирана стручна институција. Ваквата просторија најчесто била класична училница т.е универзална училница каде учениците од одредено одделение се сместени и држат настава по сите предмети. Постојат и специјализирани училници, кои се соодветни простории за оваа настава бидејќи се опремени со сите потребни нагледно-технички средства и помагала за овој предмет.[402a] Овие простории ги поседуваат сите нужни уреди за поуспешно изведување на таа настава, а сите тие одредени според критериуми и нормативи.

"Исто како што ученикот пак, ги одбира бојата, формата и материјалот и ги средува во интерес на практичната употреба и убавина, така и наставникот мора, да ја одбере и подреди физичката околина на просторот, времето и материјалот за да предизвикува максимално реагирање на учениците.[403]

Во основното образование, уште од отворањето на училиштата во Р. Македонија, наставата по историја се изведувала во универзални - класични училници, иако многу од нив не одговарале на педагошките стандарди.

Овие училници се простории каде се сместени сите ученици од едно одделение или комбинирана од две и повеќе, доста е голема и собира повеќе ученици.

---

[402a] Наум Димовски, Нагледноста во наставата по историја, Скопје, 1999, стр.4.

[403] Алис Мајл, "Креативност у настави, Сарајево, 1968, стр. 138.

Предноста на овие училници е во тоа што ученикот има свое место, има место за својот прибор, не шета од просторија во просторија зависно од распоредот на часовите. Негативни страни на класичната училница се: наставните средства се прибрани на повеќе места - канцеларии, кабинети, библиотеки, училници, ходници, магацини и слично, што секако претставува тешкотија и недостаток околу евидентирањето, ракувањето и одговорноста на наставникот за исправноста и функционалноста на тие средства.[404]

Универзалната училница не може да одговара на сите барања, го спречува наставникот да ја унапредува наставата по својот предмет, да води грижа за збогатување на материјално-техничката база, како еден важен фактор за поуспешно решавање на повеќе психолошки, социолошки и методски проблеми на наставата. Од психолошки аспект овие училници се еднолични и проследени се со специфичниот феномен - монотонија.[405]

Терминот кабинетска настава се однесува на наставата која се одржува во посебна просторија опремена за настава по одреден предмет, во која работи посебно стручно лице. Овој термин потекнува од Хелен Паркурст-американска учителка, творец на Далтоновиот план.[406] Во основното образование кај нас до 1990 год. речиси немало кабинети каде се одржува наставата по историја. Кабинети денес се викаат тие простории сместени помеѓу две училници од одделни предмети, каде се сместени наставите средства, чест насредени, и наставникот од соодветниот предмет. Во случајот овие простории се специјализирани училници по одделен предмет, а не кабинети, бидејќи овде се сместени сите ученици, а наставникот од просторијата - кабинет ги носи наставните средства за одредена наставна содржина.

---

404 Н. Димовски, "Специјализирана училница за наставата по историја, Историја, Скопје, 1997, стр. 139.

405 Преподавание историйе в школе бр. 6. Москва, 1978, стр. 79.

406 Н. Димовски, "Специјализирана училница за наставата по историја, Историја, Скопје, 1997, стр. 141.

Во специјализираната училница по историја не треба да стои сé и се-што. Ова училница не смее да стане магацин, музеј, изложба, туку смислено, организирано и опремено работно место за наставникот и ученикот.[407]

Во овие простории многу успешно може да се постигне рационализација во наставата.

Кабинетот по историја, како наставен објект во училишната зграда е просторија која е посветена на подигањето на квалитетот на наставата по историја. Тука се чуваат, а делумно се прават и се поправаат наставните средства по историја, кои можат да се прават и во училишната работилница.

Овие простории многу придонесуваат за елиминирање на вербализмот и формализмот во наставата по историја.[408]

Во нашите училишта до пред 20 години речиси и не се знаело за вакви простории. Наместо овие простории, се одделувал еден ќош во канцеларијата на наставниците или во ходникот на училиштето (а и денес има многу такви училишта), каде се чувале наставните средства, карти заедно историски и географски. И стручната литература била сместена во ученичката библиотека. Што се однесува до другите наставни средства тие ги носел наставникот од дома или од некоја друга установа.

Кабинетот по историја според искуството на најдобрите училишта, треба да располага со библиотека, збирка на наставни средства, училишен музеј. Од историската литература, во кабинетот треба да има научна и научно-популарна литература со историска и педагошка содржина; збирки на документи; мемоари, автобиографии, патописи; учебници за осумгодишните, средните и вишите училишта и универзитетот, историски и географски атласи и други книги по историја, методики и историски списанија.

Збирката на наставни средства треба да содржи: историски и географски атласи, ѕидни карти, плакати со текст, хронолошки табели,

---

407 Исто, стр. 142.

408 Златибор Поповиќ, Методика наставе историје, Београд, 1971, стр. 201.

временска лента, речнички картички, збирка на историски ѕидни слики, историски албуми, проекциони апарати за филм, спидиаскоп, микрофилмотека, копии на портрети на значајни историски личности, ТВ-приемник, магнетофон, грамофон, макети, модели, збирка на оружја, нумизматичка и филантелистичка збирка (колекција) и др.[409]

Снабдувањето на кабинетот по историја зависи од финансирањето на училиштето од страна на Министерството за образование, буџетот на училиштето и правење на истите сами од учениците, како и собирање на истите од други установи.

Кабинетот по историја кога е снабден со потребната опрема, задача на учениците и наставникот е систематски да го дополнуваат, а тој да одговара и за вонучилишна настава. Покрај кабинетот, има и сала за историја. Овие сали служат за одржување на такви часови по историја каде се дебатира за некоја историска тема. Во неа се сместува цела потребна опрема, нагледност, учениците прво ги разгледуваат експонатите, разговараат меѓу себе за темата, го анализираат изложениот материјал, а по тоа се почнува со работа.[410]

Наставникот по историја и сите ученици, треба во изобилство и правилно да го користат кабинетот по историја. Особено, ѝ користи на историската група, која треба во кабинетот да развие сестрана активност бидејќи за тоа постојат најповолни услови.

Во некои училишта (каде има простор) има работилница за изработка на наставни средства. Овие работилници треба да бидат снабдени со материјал соодветен за изработката на тие наставни средства. Меѓу аставните средства кои можат да се изработуваат можат да бидат и

[409] Според нормативите за опрема на основните училишта со мебел, наставни средства и учебни помагала, издаден од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Скопје, 1975 год. за предметот историја во Р. Македонија се утврдени видовите наставни средства и технички помагала за основно училиште по предметот историја. Во однос на количината е одредено колку треба да има стандардно, а колку оптимално, Види прилог бр. 2.

[410] Златибор Поповиќ, Методика наставе историје, Београд, 1971, стр. 203.

историските цртежи, разните шеми, хронолошките и синхронистичките табели, временските ленти, дијаграмите, графиконите, историските календари и др.[411]

## 11. 2. Нагледноста во наставата по историја

Нагледноста во наставата по историја има специфичен карактер бидејќи историјата ги изучува настаните, појавите и процесите од минатото, а некои и од сегашноста, кои не можат непосредно да се набљудуваат а уште помалку да се вршат експерименти како што е случајот со наставата по некои други наставни предмети.

Во изучувањето на историските настани, појави, не е доволно само наставноковото изложување. Таа работа не е проста и лесна, бидејќи ученикот треба да се запознае со оние збиднувања што се случиле во далечно време од неговата современост, а тој за нив нема или има недоволни познавања.[412]

Со нагледноста во наставата се занимавале, одделни автори уште во античко време. Така, Аристотел мислел дека на учениците треба да им се прикаже предметот за кој се зборува и дека зборот треба да се поврзе повеќе со претставата за предметот. Леонардо Да Винчи исто така, препорачувал нагледна настава. Јан Амос Коменски (17 век) познатиот дидактичар, го поставил "Златното правило" со кое бара активност на сите сетилни органи.[413] Исто така, и Песталоци ѝ посветил големо внимание на нагледноста. Тој набљудувањето го издигнал на "степен на уметност", а и го сметал за извор на нашите знаења.[414] Ушински пак, за нагледноста во

[411] J. Demarin, Nastava Povijesti u osnovnoj školi, Zagreb, 1961, стр. 106.

[412] К. Џамбазов, "Нагледноста и нагледните средства во историската настава", "Просветно дело", 2, Скопје, 1951, стр. 21.

[413] Д-р Ј. Ѓорѓевиќ, д-р Н. Поткоњак, Педагогија, "Научна књига", Београд, 1983, стр. 270.

[414] М. А. Данилов, Б. П. Јесипов, Дидактика, "Веселин Маслеша", Сарајево, 1964, стр. 158.

наставата мисли дека преку неа се обезбедува патот од конкретното кон апстрактното, од претпоставките кон мислите.

Ако не сакаме учениците да го изучуваат историското минато во облик на апстрактни формули, а сепак да можат да го сфатат реалниот историски процес, потребно е на различни начини да го репродуцираме минатото. Поради тоа, се наложува потребата од широко користење на разновидни реконструкции на минатото, со разновидни нагледни средства од и за минатото, за да може во извесна мера да им се даде жива претстава на учениците.

Од психолошки аспект, треба да се истакне дека преку користењето на нагледните средства во образовниот процес се вклучуваат сите психички активности како што се: чувствата, помнењето, перцепции, т.е мислењето и др.

При употребата на нагледните средства, постои разлика од еден предмет во друг предмет, што произлегува од природата на самиот материјал кој се изнесува пред учениците. Не е исто, да се изнесува за набљудување материјал кој се употребувал пред 1 век и да се добие претстава за некој историски настан, како што може да се запознае непоредно со предметите во природната група предмети.[415]

***Аудитивни*** - каде спаѓаат училишните радио-емисии, сите видови звучни материјали и сл.

***Аудио визуелни*** - наставниот филм, ТВ-емисии и друго.

***Внатрешна нагледност*** - која го опфаќа живиот збор на наставникот, начинот на изложувањето на наставните содржини, емотивноста и заснованоста на учениковите претстави, а со учество на детската фантазија која врши синтеза.

415 Нагледноста и нагледните средства во историската настава, "Просветно дело", Скопје, 1951, стр. 22.

Како посебни видови нагледност уште се третираат мултимедиските или повеќеизворните комплети, работа со систем на комуникатори и специјализираните училници со нивната опрема.

Компјутерите се најсовршените и најадаптивните машини за учење, особено во програмираната настава. Тие најмногу можат да придонесат во индивидуализираната настава. Со него може, меѓу другото, да се работи на синхронизираната работа.

Мултимедискиот комплет го сочинуваат: текстуални наставни средства, визуелни, аудитивни, аудиовизуелни, лабораториски наставни средства, апарати за учење, техничка опрема и помагала.[416]

Пред употребата на нагледните средства во наставата по историја, потребно е наставникот да внимава на две важни прашања:

а) Нагледните средства да одговараат на историската проблематика која се работи, на пр. историскиот документ, треба да биде точен и вистинит кој ќе го одразува моментот што се обработува на час;

б) Потребно е наставникот добро да се запознае со содржината на материјалот што се обработува на тој час, како и содржината на нагледните средства кои ќе ги употребува.

### 14.2.1. Видови нагледност, наставно-технички помагала и друга современа опрема за наставата по историја

За наставата по историја постојат повеќе видови нагледни средства и помагала. Според педагошко-методската литература тие се класифицираат на различни начини: според потеклото, функцијата, материјалот од кој се изработени итн.

416 Н. Димовски, Нагледност во наставата по историја, Историја, Скопје, 1999, стр. 4.

## 11.2.2. Нагледни средства кои се употребуваат во наставата по историја и нивната поделба

**Визуелни** во кои спаѓаат разни видови историски карти, историски атласи, албуми, планови, дијаграми, графикони, шеми, слики, портрети, фотографии, дијапозитиви, дијафилмови, елемент филмови, илустрации, карикатури и плакати, дела од историското сликарство, модели и макети, разни видови реконструкции, материјали и споменици, материјали од археолошките ископувања, експонати од музеите, значајни места на историските настани, хронолошки таблици, цртежи на училишна табла, кредна илустрација, апликации и др.

Ваков комплет за историја за V одделение, издаде пред неколку години "Школска књига" од Загреб, кој се состоеше од 14 елементи: учебник, читанка, работна тетратка, прирачник за наставникот, упатство за наставникот, историски атлас, ѕидни слики во боја, апликации, ѕидни карти, дијаслики во боја, елемент филмови, лента на времето, историски модел и магнетофонска лента.[417]

Наставно техничките средства и помагала се групираат како:

- Визуелни помагала: дијапроектор - универзален и автоматски, компјутер, графоскоп и епипроектор, епиматеријали, дијафилмови, дијапозитиви, цртежи на фолии, неозвучени филмови, поларизирани транспаренти, проекциони комплети и др.

- Аудитивни - грамофон, магнетофон и радиоприемик.

- Аудиовизуелни помагала - дијапроектор со магнетофон, тонски кинопроектот, телевизор, електронска училница, компјутери, апарати за умножување и копирање и др.

Од периодот 1945-1990 год. во однос на снабденоста со нагледни средства во наставата по историја може да се каже дека, таа растела сукцесивно во зависност од стопанската развиеност на државата.

---

417 Исто, стр. 4.

Во почетокот, не можело да се замисли друго наставно средство освен малата учениковa табличка, кредата и учебникот, којшто бил редок. Со развивање на мрежата на основното образование, постепено почнало да се набавуваат и неколку нагледни средства кои во почетокот наставниците, сами ги изработувале. Така, во ова време, како наставни методи преовладуваат монолошкиот, дијалошкиот и текст методот и фронталниот облик на наставата, а запоставени биле другите методи и облици. Ваквата состојба влијае и диктира наставата по историја во основното образование да се изведува вербално, шаблонизирано, формално, а од сето тоа последиците беа големи за воспитно-образовниот процес.

За ваква состојба може да се зборува до учебната 1960/61 година, бидејќи освен во градските училишта каде постоеја некои средства, во селските осумгодишни училишта освен некоја карта, за други посовремени нагледни и технички средства не може да се зборува.

Оваа состојба ја потврдуваат и некои извештаи на просветни советници, во кои зборуваат за општите проблеми по одредени предмети. Така на пр. во Билтенот бр. 2-3 издаден од Заводот за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, 1964, во делот: "Резултати и проблеми во реформата на основното училиште" на стр. 103 за предметот историја се вели: "... И покрај значајните постигања во наставата по историја, кај значителен број наставници се среќаваат потешкотии во реализација на програмата. Тие се од различен карактер ... Во голем број училишта нема ни основни нагледни средства". Исто така, во Билтен бр 5, Скопје, 1961 год. (Материјали од одржаното советување за проблемите на општствените науки во основното училиште) на стр. 117 се вели: "... училиштата треба да се снабдат со основна историска литература: учебници, историски карти, атласи, албуми, слики и портрети на историски личности, истории, енциклопедии, речници (митолошки), уметничка и историска литература, историски романи и др."

Недостатокот на финансиските средства во извесен број училишта, а делумно и не разбирањето покажувано од одделни директори на училиштата за набавка на најосновна литература, многу ја отежнувале наставата по

историја во основните училишта. Тој недостаток наставниците по историја можат во извесна мера да го решат во заедничка борба со учениците со изработка на нагледни средства, цртање на историски карти и собирање историски документационен материјал, изработка на албуми, макети и др.

Од извештајот на самостојниот педагошки советник по историја, Тодор Трајановски при Заводот за унапредување на предучилишното и основно воспитание и образование - Охрид, "Состојби во наставата по историја во основните училишта на подрачјата на општините: Охрид, Струга и Кичево", од 1987, се гледа дека опременоста со нагледни средства во наставата по историја не ги задоволува стандардите според нормативот за опременоста на училиштето со наставни нагледни средства од РЗУОВ-Скопје.

"Кога станува збор за опременоста на училиштето со нагледни и наставни средства, скоро во сите училишта, со ретки исклучоци, располагаат со по некоја историска карта" - вели тој. Од картите имало од Римската империја, Југословенските земји од XII-XIV век, Југословенските земји во XIX и НОБ во Југославија.

"Паѓа во очи дека некои училишни карти се амортизирани, упропастени и поради тоа како наставно средство тие се непогодни". Исто така, тој зборува за недостаток на слики и друг материјал. Историските албуми биле во мал број на училишта, а други пак, ги изработуваат самите наставници.

Состојбата на опременоста со дијафилмови е слична, а мал број училишта располага со нешто поголем број на дијафилмови по историја.

Советникот заклучува дека и тие нагледни средства кои што се купени и тие кои се изработени наоѓаат слаба практична примена, па така "се наоѓаат во зафрлена состојба или ги покрила прашината со кое може да се стекне заклучок за нивната употреба".[417a]

---

[417a] Тодор Трајановски, Состојбата во наставата по историја во основните училишта на подрачјата на општините Охрид, Струга и Кичево, Охрид, 1987, стр. 6.

Кога станува збор за употребата на дијафилмовите по историја, вели дека тие ги има во мал број, додека има училишта кои воопшто не поседуваат дијафилмови. За практичната употреба, вели, е уште понезавидна бидејќи "... низ увидите не само што немав можност некаде да наидам на практична употреба на дијафилмот во настава, туку ни документација за таква употреба, а уште помалку планирање на употребата". (стр. 6). Другата апаратура која ја има по училиштата (ретко) како: спископ, графаскоп, ротопроектор, магнетофон и сл. во некои училишта е неисправна и не функционира.

### 11.3. Воннаставни активности по историја

### Значење, карактер и организација на воннаставните и вонучилишните активности

Иако воспитно-образовната работа се изведува на наставниот час во одделението, сепак, оваа работа може да се реализира и вон училишната врата. Оттука, наставникот е должен да го организира овој вид настава, преку која на жив и интересен начин учениците ги дополнуваат и ги прошируваат своите историски знаења, со што се будат нивните творечки способности кои не дошле до израз за време на училишната настава. Оваа настава спаѓа во слободните активности и се заснова врз интересирањето, индивидуалната склоност и соработката помеѓу наставникот и ученикот.[418]

Карактерот на оваа настава кај учениците во наставата по историја се одредува според барањата кои ѝ се поставуваат на оваа настава. Такви барања се: воспитната цел кај учениците, проширување и продлабочување на историските знаења, развивање на љубов кон историјата како предмет, како и создавање на навики за самостојна работа на учениците. Со оваа работа треба да се опфатат сите ученици, а не само дел од нив, односно оние кои

[418] Златибор Поповиќ, Методика наставе историје, Београд, 1971, стр. 204.

покажуваат особен интерес за историја. Иако во основно училиште не постојат услови за формирање на историски кружоци, наставникот ќе се труди да се формира широк актив, со разни форми на вонш колски активности од масовен карактер, развива историски интерес кај сите ученици и ги активира.

Вредноста на оваа форма на работата зависеле од изборот на темата, содржината и начинот на обработката на истата. Предност имале ослободителните борби, револуционерните борби како и економскиот, општествениот и политичкиот развиток на општството.

Според карактерот на работата, зависи и името на групите на учениците. Таквите најчесто се: "млади историчари, историска секција за историја, клубот на пријателите на Антиката, ученичка организација на љубителите на минатото и др."[419]

Како активности кои можат преку оваа форма да се работат можат да бидат изработка на наставни средства; индивидуално и колективно читање на публикации со историска содржина и разговор за нив, пишување на реферати, слушање на радио, гледање телевизија, употреба на магнетофон, составување на радио-монтажи; посета на историски места, споменици, музеи, архиви, библиотеки, изложби, театри, прикажување на дијафилмови, филмови, театарски сцени, драматизирање на историски настани; организирање на минијатурни изложби на училишни музеи; водење на меѓуучилишни писма; разговор со учесниците во историски настани, употреба на историски документи, подучување на локалната историја.[420]

Во вонучилшната настава, треба да дојде до израз интересот на ученикот за прашања врзани за историските настани. Со смисленото комбинирање и поврзување на вонучилишната настава и редовните часови по историја во одделението се постигнуваат значајни резултати на воспитно-

---

[419] Исто, стр. 205.

[420] Metodika, Zagreb, 1965, str. 107-110.

образовен аспект, бидејќи учениците ќе ги утврдуваат своите историски знаења, кај нив ќе се развие љубов и интерес за минатото на нашите народи, а исто така ќе стекнуваат и навики за самостојна работа. За сé ова, потребно е наставникот да внимава како ја води оваа настава со учениците. Не треба таа да се води стихијски бидејќи се појавуваат доста недостатоци во работата на учениците. Ако на пример, при изработка на реферати од страна на учениците може да има материјални грешки, или пак изборот на литературата да не одговара на возраста на учениците, неправилно користење на историски извори, некритички се однесуваат кон искажувањата на сведоците на минатото и др.

# ЗАКЛУЧОК

Уште пред завршување на Втората светска војна, во Македонија, со АВНОЈ-ските и АСНОМ-ските одлуки, беа удрени темелите на новото школство.

Така, уште тогаш е утврдено дека нашето основно образование во траење од седум години е задолжително и бесплатно за секој граѓанин без разлика на верата и национална припадност.

Во целиот развој на школство од овој период, од фундаментално значење беше донесувањето на македонската азбука и правописот.

Училиштата, со првиот Устав од 1946 година, станаа народни институции одделени од црквата.

Иако тогашните просветни органи се судруваа со проблеми од сериозна природа, како последица на политката на предвоената големосрпска хегемонистичка власт (неписмено население 67,5%, разрушените училишни згради, немање на наставен кадар и други), потпомогнати од органите на народната власт, најдоа излез од оваа состојба и беа постигнати евидентни резултати во реализирањето на новата просветна политика.

За релативно кусо време е зголемен бројот на основните училишта, и тоа не само на четиригодишните, туку и на седумгодишните, а со тоа и бројот на учениците што подлежат на задолжително школување. Така, 1944/45 учебна година, во Македонија имало вкупно 927 основни четиригодишни училишта со 83.097 ученици, а бројот на наставниците бил 1.856.

За обезбедување на потребите од наставен кадар, просветните органи во овој период организираа голем број краткотрајни, потоа редовни

тримесечни учителски курсеви, а по што се појавија и воспитно-образовни институции, преку кои се обезбедуваше наставниот кадар за одделенска и предметна настава во основното образование.

Историјата спаѓа во општестените науки, преку која се изучува сé она што им се случило во минатото на одделни народи, а имало влијание врз развојот на општеството. Тоа е историјата во објективен смисол. Најпосле, историјата значи "субјективен одраз на објективниот развој во нашата свест." Денеска, историјата се смета за наука индикативна, дескриптивно-експликативна, а не нормативна, бидејќи го испитува она што било, а не она што треба да биде. Нејзин предмет на изучувањето е движењето т.е. менувањето на човечкото општество.

Историјата од основањето на школството, кај нас е воведен како наставен предмет и во основното образование. Овој предмет, како и секој друг е поврзан со соодветната наука, меѓутоа се разликува по методот на работата, како и резултатите.

Значајно е наставникот по историја да владее со методологијата на овој предмет и не само да влезе длабоко во суштината на историските појави, туку треба да ги познава случувањата и процесите, затоа што истражувачките методи делуваат на наставните методи, со кои ученикот треба постепено да го внесе во теоретските и практичните односи на методологијата.

Од голема важност е изучувањето на предметот историја, бидејќи преку овој предмет учениците се образуваат, и се воспитуваат. Познавајќи ги историските факти и појавите, на учениците им се овозможува подобро расудување на минатото, сегашноста и појасно гледање кон иднината.

Правилно изведување на наставата по историја на учениците им дава можност да ги анализира историските настани, да ги објаснуваат нивните причини и последици и од нив извлекуваат нужни заклучоци.

Преку оваа настава се зајакнува моралната снага и карактерните особини кај учениците. Ова нешто може да се постигне со примери на дејствување на историските личности.

Како главни задачи на наставата по историја во основното образование се:

- Усвојување на историските знаења, формирање на научен поглед кон светот и развивање на историското мислење. За еден историски настан, не е доволно учениците да знаат само историски факти, туку и да ги разбираат истите.

- Наставата по историја треба да се организира на тој начин што учениците треба да ги "пренесеме" да ги оживуваат историските факти и настани, да според својата снага да можат да се оспособат за оценување на историската реалност. Оваа работа многу зависи од ставот на наставникот, познавањето на предметот, како и од применувањето на разновидните наставни средства.

За успешно изведување на наставно-воспитниот процес, покрај другите фактори, значаен е и учебникот како наставно средство. Со него се придонесува за остварување на задачите на наставната и воспитната цел. Тој треба да биде јасен, обилен, да нема никакви празнини или пак апстрактни изрази кои можат да претставуваат оптоварување на учениците, земајќи ја предвид нивната возраст.

Прашањето за учебникот по историја, отсекогаш било актуелно и поради тоа постојано за него се дискутира и пишува. Тој има доминантна улога во воспитанието и образованието на учениците и пошироко. За значењето на книгата, пишувале и пишуваат многу атвори. За пример ќе наведеме еден од нив (Стефан Звиег), кој за книгата вели: "Уште ни еден енергетски извор никогаш не подарил толку светлина, како што може во моментот да подари една мала книга... насекаде, не само во посебните услови на живеење, книгата е алфа и омега на севкупното знаење, извор на сите науки."

Кога зборуваме за учебникот по историја, како средство за активирање на ученикот во процесот на усвојувањето на знаењата во основните и средните училишта, треба да се истакне дека учебникот за

наставата по историја е и денеска основен, задолжителен и најважен извор на знаење. Вредноста на учебникот се утврдува и според тоа колку и како ги упатува учениците на останатите извори на знаења. Тоа значи дека учебникот не е само извор на историското знаење, туку и своевиден водач до останатите книги кои што ученикот ги употребува во своето образование: историската читанка, енциклопедија, лексинонот, атласи и др.

Со цел учебниците да бидат комплетни, треба да се почитува предвидена законска процедура за изготвување на учебникот.

За таа цел, во нашата Република од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието и РОЗТ за учебници и на тавни средства "Просветно дело" – Скопје, изготвена е општа концепција на учебник за основно и средно образование во 1979 и втората 1980 година. Според овие концепции, учебникот треба да ги содржи или исполни следните барања: идејно-воспитниот аспект, научно-стручниот и методолошките, психолошките, дидатичките, јазични, приницпи за ликовно и графичко решение. Според функцијата, карактерот и обемот во последно време, најмногу се користи, класифицирањето на учебниците по историја и тоа: класичен учебник, работен и програмиран учебник по историја.

Отворањето и проширената мрежа на основните училишта во Македонија, во повоениот период како еден од клучните проблеми го имаше речиси недостатокот на потребните учебници. Во овој период, скоро не постоеја учебници по историја.

Отсуството на учебниците се дополнуваше со изданија на Главниот штаб на НОВ и ПОЈ на Македонија. Во тој период во употреба беа учебници од руски и други југословенски автори преведени на македонски јазик, но и тие беа во мал број, така што наставата се изедуваше повеќе со диктирање. Преведените учебници беа со многу недостатоци кои негативно се одразуваа во воспитно-образовниот процес. Тие не беа базирани на целите и задачите, како и на содржините кои произлегуваа од наставните програми и од потребата на нашето училиште.

Оваа состојба траела до 1961/62 година во основното образование. После седумдесеттите години, веќе се појавуваат наши учебникари и состојбата рапидно се менува.

Иако почнаа да се пишуваат учбеници од наши автори, сепак и тие имаа доста слабости што се потврдува со искажувањата на наставниците кои работеле со нив, а се евидентирани во документи на Педагошкиот завод за дотичниот период. Учебниците во овој период, освен што не ги задоволуваа барањата според концепцијата за учебник, не беа и во доволен број.

Скоро сите учебници по историја ги издаваше издавачката куќа "Просветно дело" – Скопје.Како автори на учебниците на македонски јазик беа професори на Катедрата за историја при Филозофски факултет, советници од Педагошкиот завод и мал број автори од Институтот на национална историја. Учебниците, кои беа издадени, биле од класичен тип со елементи на современи и работни одлики.

Учебници за учениците што ја следа наставата на албански и турски јазик, во повоениот период, немаше. Во почетокот се започна со преведување на учебниците од македонски јазик, со тоа што било дозволено да се започне најдоцна една година по издавањето на учебникот на македонски јазик. За оваа цел, беше ангажиран и оспособен голем број преведувачи, така што се постигна успех во доверената задача.

Од 1964 – 1972 година, за училиштата со албански јазик во Македонија и САП Косово ги издаваше Заводот за учебници во Приштина. Овој договор стапи во сила 1964 година. Снабденоста на учениците беше нередовна, поради тоа што тие не се преиздаваа на време или пак се печатеа во недоволен тираж, што значително ја отежнуваше нормалната работа во основното училиште. Овие учебници се користеле селективно во зависност со наставната програма.

Од 1972 година се пристапи кон додатни содржини во учебниците по историја на албански и труски, согласно наставната програма.

Според библиографијата на "Просветно дело" во периодот од 1945 – 1970 и 1970 – 1985 година, како македонски учебникари по историја за

предметот Историја се појавуват околу 30 од нив (во прилог бр. 2, учебници по историја за основно образование).

Биле преведувани учебници од автори на руски јазик и од југословенските републики.

Завршувањето на Втората светска војна, Македонија ја затекна само со 337 учители и околу 160 професори, главно Македонци, додека од другите народности, Албанци, Турци и други, имаше мал број.

Во февруари 1945 година, паралелно со ширењето на мрежата и отварањето на основните училишта се водеше грижа за обезбедување наставен кадар. Во почетокот беа ангажирани студенти и завршени матуранти од гимназиите, или друга средна школа, потоа лица со мала матура и други.

Во училиштата со албански и турски јазик, во недостиг на лица со повисоки квалификации беа ангажирани лица со мала матура, со по некој клас гимназија, средна школа или медреса, а имаше и голем број лица со завршено четиригодишно училиште.

Од почетокот, за наставниците кои беа ангажирани во настава беа организирани педагошки курсеви и семинари, за потоа, во февруари 1945 година паралелно со отварањето и првите учителски школи во Македонија, да претставуваат прв редовен извор на наставен кадар во Македонија.

Вакви училишта се отворија во Скопје, Битола, Штип, а подоцна и во доста гимназии во цела Македонија со учителски паралелки. За настава на албански и турски јазик, прво се отворила паралелка во Скопје. Потоа таа работела во Тетово, а од учебната 1950/51 година прерасна во учителска школа под името "Лирија" во Тетово, која подоцна се пренесе во Скопје - "Зеф Луш Марку".

Од основањето до укинување на овие установи дипломирале 11.042 учители, од кои 8.357 Македонци, 2.354 Албанци и 331 Турци.

Паралелно со мерките и напорите за школувањето на учители за основните четиригодишните училишта, преземени се акции и мерки за

школувањето на наставничкиот кадар за предметна настава во вишите одделнија на основните училишта.

Учебната 1945/46 година, организирани се специјални курсеви (едногодишни) во ранг на Виша педагошка школа.

За обезбедување на предметни наставници 1947 година, формирана е првата Виша педагошка школа во Скопје, 1959/60 учебната година отворена е втората во Штип и 1964/65 учебна година е отворена и третата, во Битола.

Овие Виши педагошки школи, а потоа педагошки академии покрај другите студиски групи, имаа и група историја-географија и до нивното постоење, во нив (во трите) дипломирале 1.537 студенти. Во Педагошката академија во Скопје се едуцирал наставен кадар по овој предмет и за наставата со албански јазик.

Ако се прави еден општ биланс, ќе се види дека за 40 години од постоењето на учителските школи и педагошките академии, дипломирале 25.375 наставници, од кои 25.106 Македонци, 3.832 – Албанци и 437 – Турци.

Друг извор на наставен кадар по предметот историја од неговото постоење (декември 1946 година), е Катедрата по историја при Филозофскиот факултет. Оваа катедра, од нејзиното постоење, па сѐ до 1990 година, израсна во важен центар за настава и научна дејност од областа на општата и националната историја. Таа, до ден денес игра значајна улога на наставно-научен план од областа на историската наука во Републиката. На оваа катедра од 1946 – 1990 година, дипломирале 1.525 студенти.

Покрај завршеното образование, наставниците по историја, како и за сите други предмети, биле задолжени стручно да се усовршуваат. Ова усовршување се организираше преку разни задолжителни форми кои одеа преку Заводот за унапредувањето на школството во Македонија.

Овие форми на усовршување се организира преку Центарот за стручно усовршување на наставниот кадар, кој почнал со работа уште 1957 година, една година после формирањето на Заводот. Од основањето на овој

Центар па сé до 1980 година беа организирани 565 семинари и советувања на кои учествуваа 33.675 наставници.

Во периодот од 1976 – 1980 година, на одржаните семинари по предметот историја присуствувале 27 историчари. На семинарите во организација на Факултетите минале 736 слушатели, на кои присуствувале 75 историчари. Вакви семинари и советувања се организрале при секоја измена или донесување на нова наставна програма.

Исто така, до 1968/69 година усовршувањето на наставниот кадар се одвиваше и преку полагање на стручен испит кои го полагаа новопримените наставници.

Наставните планови и програми по предметот историја, во текот на периодот 1945 – 1990 година, неколкукратно се менувале во зависнсот од целокупниот образовен систем во поранешната СФРЈ, при што доаѓало и до извесна модификација на содржините, додека целите и задачите се менувале повеќе во однос на вокабуларот, отколку во однос на нивните трајни барања – изградба на марксистички поглед на свет.

Наставниот план воопшто се изработува во вид на табела (преглед) во кој се дадени наставните предмети, подрачја и другите видови воспитно-образовни активности, кои се застапени во одреден вид и степен на образование и тоа по одделенија (класови) и со неделниот годишен фонд на часови. Според планот определено е кои предмети (задолжителни, задолжително-изборни и факултативни) и други активности, по кој редослед, во кој обем и колку долго ќе се изучуваат во одреден вид на училишта, а сé друго, детално е разработува со програмите.

Наставната програма е документ со кој се утврдуваат целите (и задачите) содржините, образовната технологија и вредновувањето на постигањата.

Разгледувајќи ги наставните програми по историја во основното образование во периодот од 1946 – 1990 година (1946, 1948, 1950, 1952, 1957, 1959, 1960, 1966, 1973, 1981, 1989 и 1990 година), може да се констатира дека

имаат наједноставна структура. Главни компоненти на овие програми се: задачи на наставата, содржини и објаснувања на програмата (особен до 1973 година).

Првата компонента, задачите на наставата се дадени во почетокот и тоа за сета програма, односно тие важат за сите одделенија во кои се изучува предметот. Оваа компонента се проследува од почетокот на сите донесени програми до наставната програма до 1981 година, каде се појавува заедно со целта односно "Цел и задача". Бидејќи овие задачи се општи за сите одделенија, за тоа тие се општи и релативно, малубројни.

До 1960 година, задачите. скоро се идентични дури и по формулацијата. Програмата од 1973 година, е иста како и предходните, но со различни формулации.

Во програмата од 1981 година, оваа компонента е дадена како цел и задачи. И во оваа програма тие се дадени за сите одделенија во кои се изучува предметот. Така, во оваа програма, за прв пат целта се издовјува како посебна компонента и посебно се дефинира, но тоа значи дека не се почитувало доследно Упатството кое за оваа структура компонента вели "да се дефинира доминантната воспитно-образовната цел, како и другите цели, што се остваруваат паралено со неа".

Според оваа програма во согласност со погоре цитираното Упатство, дадени се и оперативни задачи кои произлегуваат од реализираните содржини, со кои ученикот стекнува способност за изучување, односно за обработката на одреден комплекс на содржини.

Содржините произлегуваат од редовната настава кои се систематизирани по одделенија, во склад со бројот на часовите пропишани со наставниот план. Содржините во сите програми се нижат по хронолошки прогресивен распоред на периоди: праисторија, стар, среден и нов век, современ период.

Тие во овие наставни програми се групирани во тематски целини, наставни теми, единици и тези.

Во одделни наставни програми (1948, 1950, 1973, 1981, 1989) е определен и бројот на часови за одредена тема или наставна единица.

Во некои програми (1973, 1981, 1989), покрај општите содржини по одделенија, дадена е дополнителна програма по историја за училиштата со албански и турски јазик.

Стручно и дидактичкото Упатство на наставните програми е составен дел на истата и со него на наставниците им се даваат диактички и методски инструкции за успешно совладување на наставната програма. Овој програмски елемент е даден на крајот, како и задачите и сé што се однесува на сета програма. Во некои програми тоа е кусо, а во други поопштирно. Од прегледот на досегашните програми оваа компонента е формулирана како "Објаснение на програмата по историја", некаде како "Забелешки", а некаде како "Упатство за програмата по историја" (1948, 1960, 1966, 1973, 1981, 1989).

Во содржините на овие Упатства, дадени се најважните образовни и воспитни барања на програмата, во поголемиот дел општо, а во оние од 1981 година се распоредени по одделенија и тоа веднаш после оперативните задачи. Исто така, овде се упатуваат наставниците кои наставни форми и методи да ги применуваат во наставата, наставни средства, начинот на обработка на наставните содржини и слично. Во првите програми, оваа компонента е покусо за разлика од оние во 1981, 1989, а измената и дополнувањата на наставна програма во 1990 година, даваат куси насоки за специфичностите при нивното обработување.

Од разгледувањето на програмте се гледа дека структурата на општите елементи не е иста со предложеното упатство. Кога се работи за целта на оваа настава, тие мора да бидат колку е можно појасно дефинирани. Од тоа ќе зависи како потоа ќе бидат дефинирани и целите на предметот за секое одделение во кое е застапен.

Секоја програма почнува со задачите со кои се исполнува целиот тек на наставниот процес, сé до постигнувањето на целта. Затоа тој процес, пак не може никогаш да биде општ, туку конкретен и мора да се знае кога

почнува, како се одвива и кога завршува. По формулациите, по своите карактеристики тие наликуваат и како цели. Затоа можеби би било подобро за секое одделение да биде предвидено кои цели треба да се постигнат, а потоа и задачите кои треба да се исполнуваат за постигнување на саканата цел.

Содржините се вториот елемент кај овие програми каде што се почнува со задачите според Упатството. Оваа компонента без исклучок е застапена во сите одделенија. По секоја тема кај некои програми, даден е и бројот на предвидени часови, за нивна целосна обработка, со што тие програми добиваат белег на затворени програми, а се ограничува и автономноста на наставникот.

Во последните програми, содржините не се доминантна компонента туку тоа е квалитетна промена во програмирањето на наставата по историја.

Принципи при изработката на овие наставни програми се: односот на науката со наставниот предмет, воспитно-образовната вредност на наставните содржини, одмереноста на материјалот според возраста на учениците, врската помеѓу теоријата и праксата, корелација со другите предмети и др.

Редоследот на наставните содржини е значаен услов за систематско учење и проучување. Во структуирањето на наставните програми, ова има суштинско дидактичко значење. Овие наставни програми имаат различни концепции на распореди и тоа: во облик на концентрични кругови, линеарен (линиски и сукцесивен), симболичен и комбиниран. Покрај овие основни планирања има и аналитичко-синтетички и синтетичко-аналитички распоред, етнографски, биографски, монографски, синхронистички, тематски и предметен распоред.

Со договор на Републиките и Покраините на СФРЈ беше постигната согласност за заеднички основи во системот на воспитувањето и плановите и програмите на воспитно-образовната работа на

предучилишното, основното и средното образование, подготвени од постојаната конференција на установите за унапредување на воспитанието и образованието во СФРЈ. Истата комисија во април 1979 година, ги препрати програмските јадра до сите заинтересирани образовно-воспитни фактори во Југославија. Со цел за што пократок рок да се определи заеднички документ кој ќе овозможи во еден подолг период да се усогласат плановите и програмите на воспитно-образовната раота во Југославија беше донесено заедничкото програмско јадро, кој опфаќаше 60 – 80% од општата југословенска историја, а 20 – 40% оставен беше простор за специфичностите што ги внесуваше секоја Република и Покраина. Покрај позитивните страни на оваа концепција, истата имаше и недостатоци во однос на малата застапеност на историјата на македонскиот народ, додека на националостните беше минимална.

Од разгледувањето на наставните програми по историја, од 1945 – 1990 година, може да се види дека тие имаат југословенски карактер. Во нив најмногу беше застапена историјата на другите народи на Југославија, додека за историјата на националностите во Македонија до 1961 година не била предвидена. За истата, во објасненијата на програмите, се вели дека таа се проткајува низ содржините кои имаат врски и влијанија со содржините од другите историски настани.

Историјата на националностите (албанска и турска) во програмата по историја од 1945 година скоро не била застапена, туку поедини настани се изучувале заедно со другите настани, кои биле поврзани било тоа просторно или временски, или пак, влијале во конкретниот настан.

Програмски содржини од историјата на овие националности биле предвидени во 1961 год. (за албанската) и сè до 1990 год. (измените) каде како дополнение биле предвидени проткаени со другите содржини.

Надзорот претставува едно од најсуптилните подрачја во системот на образованието. Тој е како круна на сè она што се прави во било која сфера на животот, па така и во образованието.

Надзорот во наставата по историја во основното образование, од почетокот, било организирано од Повереништвото за просвета и тоа од страна на училишните инспектори (обласни и околиски). Оваа состојба траела до 1956 година, односно до основањето на Заводот за унапредувањето на школството, кога се формира стручна служба за стручен и регулиран надзор. Од 1974 – 1990 година при заводите постојат советници по историја која ја вршеле оваа служба со Закон. Овде мора да напоменуваме дека Заводот не бил комплетен со советници, па така и стручните надзори не биле редовни.

Во изведувањето на наставата по историја за периодот од 1945 – 1990 година, биле применувани форми и соодветни методи за изведување на наставата.

Формите и методите кои биле во примена, биле условени од развиеноста на образовната технологија по училишта и тоа по разни развојни периоди. Најраспространета форма била монолошката, дијалошката, а не отсуствувала комбинираната.

Корелацијата на наставата по историја со другите предмети, секогаш била актуелна и применета во зависност од стручната подготвеност на наставниот кадар. Се разбира, во почетокот таа не била во кој знае каков степен, но со обезбедувањето на квалификуван наставен кадар и од тоа не се отстапувало.

Екскурзиите како форма на работа за дополнување на наставата по историја е значајна во наставниот процес. Не случајно оваа форма се планира во училишните програми. За истата наставникот игра важна улога од почетокот на истата до крајот на реализирањето на истата. Не е изоставена во овој период и застапеноста на изучувањето на локалната (родокрајната) историја.

Материјално-техничкиот аспект на нстaвата по историја во почетокот на образованието, после Втората светска војна, неможеме да кажеме дека задоволувала кога се знае во каква состојба биле училишните

згради, а да не зборуваме за нагледните средства. Тоа, впрочем го потврдуваат и доста извештаи од просветните советници кои и вршеле надзор.

Меѓутоа, со време, овие услови од ден на ден се оделе кон обезбедување на овие услоги. Така, до 1990 година можело да се зборува за кабинетска настава, специјализирани училници (во некои училита во поголемите центри), а се разбира и такви каде многу отежанто се изведува наставата.

Нагледноста, од почетокот оскудевала. Скоро немало ништо од потребното за оваа настава, освен по некоја стара карта која била стара и неодговорала ниту на програмата.

Со време, и со оваа образовна технологија, доста училишта се снабдиле, но никај пат по нормативот за нагледни средства. Овде мора да напоменеме, а тоа се потврдува и од доста советници по историја, дека досега наставници и тие малкубројни нагледни средства не ги употребувале и ги чувале во несоодветни места во училиштето.

Училиштата, освен редовната настава, организирале и воннаставни активности по историја во зависнсот од нивниот интерес. И овде, како и во секоја настава, наставникот игра голема улога.

Во последниве години од нашето живеење, во светот, а и кај нас, се одвиваат мошне длабоки општествено-политички промени, Во овој транзитивен период извршени се значајни промени и во сферата на образованието, вклучувајќи ја тука наставата по историја. Наставата по историја се вбројува во онаа група наставни предмети, кои се изложени н апочесто критичко преиспитување и редефинирање. Тоа е разбирливо, ако се има предвид фактот дека оваа настава е во најтесна врска со општествените промени. Како последица на тие промени, дојде до пропаѓање на системите во сите социјалитички земји, резултат на тие промени се и преминот од еден начин на стопанисување во сосема поинаков. Овие промени доведоа до значајно приближување и подобрување на одосите меѓу

до вчера спротивставение сили и слободно можеме да речеме дека од длабоко поделената Европа, речиси не остана ништо.

И токму поради сите овие промени, од образованието се очекува да ги следи промените и да соодветствува на современите потреби.

Тргнувајќи од овие аспекти потребно е да истакнеме дека историјата, а особено наставата по историја, и порано, а особено последниве години, е предмет на интересирање и на Советот на Европа. По иницијатива на ова тело, се одржани или во тек на одржување се повеќе конференции и семинари, на кои се водат широки дискусии по многу прашања поврзани со наставата по историја.

# ПРИЛОЗИ

## ИСТОРИЈА

| **Ред. Бр.** | **Видови наставни средства и технички помагала** | Количина **Стандардно** | **Оптимално** |
|---|---|---|---|
| 1. | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Карта за наоѓалишта од првобитната заедница | 1 | |
| 2. | Карта на робовладетелскиот свет (Египет, Месопотамија, Грчка, Рим) | 1 | |
| 3. | Развиток на римското царство | 1 | |
| 4. | Географски откритија | 1 | |
| 5. | Првите југословенски држави | 1 | 2 |
| 6. | Карта на Македонија | 2 | 3 |
| 7. | Самуилово царство | 2 | |
| 8. | Југословенските земји од XII-XIV век | 2 | |
| 9. | Југословенските земји во II половина на XIV век | 2 | |
| 10. | Југословенските земји од XV-XIX век | 2 | |
| 11. | Карта на I и II српско востание | 1 | |
| 12. | Карта од периодот на националните движења и ослободителните војни на југословенските народи во XIX век | 1 | |
| 13. | **Карта на Илинденското востание** | 1 | 2 |
| 14. | Карта од балканските војни и поделбата на Македонија | 1 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | Македонските грбови во минатото | 1 | |
| 16. | Југословенските земји во XIX и почетокот на XX век | 2 | |
| 17. | **Првата светска војна** | 1 | 2 |
| 18. | Втора светска војна | | |
| 19. | Карта на поделена Југославија по окупацијата од 1941 година | 2 | |
| 20. | Окупирана Македонија во Втората светска војна | 2 | |
| 21. | Карта на востанијата и ослободената територијата во 1941 година | 1 | 2 |
| 22. | Ослободената територија во крајот на 1941 година | | 1 |
| 23. | Ослободената територија во 1943 година | 1 | |
| 24. | Ослободената територија во 1944 година | 1 | 2 |
| 25. | Операциите за ослободување на Македонија | 1 | 2 |
| 26. | Ослободена Југославија | | |

**II. ДИЈАФИЛМОВИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | *Животот на луѓето во првобитната заедница* | 1 | |
| 2. | Времето на празаедницата | 1 | |
| 3. | Стар Исток | 1 | |
| 4, | Грција | 2 | |
| 5. | Рим | 2 | |
| 6. | Културата на античкиот свет | 1 | |
| 7. | Остатоци на античката култура во нашата земја | 1 | |
| 8. | Робовладетелска антика | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Развиток на градовите и големите географски откритија | 1 | |
| 10. | Хуманизам и ренесанса | 1 | 2 |
| 11. | Положбата и востанијата на селаните во XV и XVI век | 1 | |
| 12. | **Нашите народи под власта на туѓинците** | 1 | 2 |
| 13. | Учество на нашите народи во востанијата против Турците од XVI-XVIII век | 1 | |
| 14. | **Ајдутството во Македонија** | 1 | 2 |
| 15. | Данок во крв во Македонија | 1 | 2 |
| 16. | Животот на луѓето во феудалното време | 1 | |
| 17. | Феудализам I II дел | | |
| 18. | Југословенските земји во време на раниот феудализам | 1 | |
| 19. | Србија во време на развиениот феудализам | 1 | |
| 20. | Босна во времето на развиениот феудализам | 1 | |
| 21. | Појавата на Турците и паѓањето на нашите средновековни држави | 1 | 2 |
| 22. | Културата на нашите народи до XV век | 1 | |
| 23. | Црквата Св. Климент во Охрид (XIII век) | 1 | |
| 24. | **Слика во Базиликата во Стоби** | 1 | |
| 25. | Даут-пашин амам во Скопје XV век | 1 | |
| 26. | Куршумли ан во Скопје | 1 | |
| 27. | Задужбината на Исајбег во Скопје | 1 | |
| 28. | Најзначајните културни споменици од | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | црковната архитектура во Македонија (манастирот "Св. Јован Бигорски", Лесновски манастир, "Прохор Пчински" и др.) | | |
| 29. | Француска буржоаска револуција I и II дел | 1 | 2 |
| 30. | **Прво српско востание** | 1 | 2 |
| 31. | Второ српско востание | 1 | |
| 32. | Илирското движење кај хрватите и народната преродба кај Словените | 1 | 2 |
| 33. | 1848 година | 1 | |
| 34. | Индустриска револуција, животот и работата на работничката класа во првата половина на XIX век | 1 | |
| 35. | Меѓународното работничко движење пред империјализмот | 1 | 2 |
| 36. | Животот и работата на К. Маркс и Ф. Енгелс | 1 | 2 |
| 37. | Париска комуна | 1 | 2 |
| 38. | Србија во времето на уставобранителите и Кнез Михајло | 1 | |
| 39. | Србија на крајот на XIX и почетокот на XX век | 1 | |
| 40. | Босанско-Херцеговачко востание 1975 година и ослободителните војни 1865-1878 година | 1 | |
| 41. | Босна и Херцеговина на крајот крајот на XIX и почетокот на XX век | 1 | |
| 42. | Хрватска на крајот на XIX и почетокот на XX век | 1 | |
| 43. | Словенија на крајот на XIX и почетокот на XX век | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 44. | Ситуацијата во Македонија по Берлинскиот конгрес до создавањето на ТМРО | 1 | |
| 45. | ТМРО и дејноста до Востанието | 1 | |
| 46. | Илинденско востание | 1 | 2 |
| 47. | Стари македонски градови: Солун, Скопје, Битола, Кукуш , Крушево | 1 | |
| 48. | Нашите средновековни градови (Дубровник и др.) | 1 | |
| 49. | Мануфактура | 1 | |
| 50. | Предавањето на Белград | 1 | |
| 51. | Од војните 1876-1878 година | 1 | |
| 52. | Мартовските демонстрации во Србија | 1 | |
| 53. | Прва светска војна | 2 | |
| 54. | Македонија во периодот на Првата светска војна | 1 | |
| 55. | Ленин | 1 | 2 |
| 56. | Октомвриска револуција | 2 | |
| 57. | Револуционерното вриење во кралството СХС | 1 | |
| 58. | Работничкото движење во Македонија од Обзнаната до 1941 година | 1 | |
| 59. | Југославија од 1921-1936 година | 1 | |
| 60. | Југославија 1937-1941 година | 1 | |
| 61. | Втора светска војна | 2 | |
| 62. | Нашите народи за време на Втората светска војна | 2 | |
| 63. | Капитулација на Југославија и востанијата на нашите народи | 1 | |
| 64. | Развитокот на НОБ и создавање на слободна | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | територија 1941-1942 година | | |
| 65. | Распаѓањето на Југославија и доаѓањето на окупаторот | 1 | |
| 66. | Партизанско движење во Македонија | 1 | |
| 67. | Народно востание во Македонија | 2 | |
| 68. | Развитокот на народната власт | 1 | 2 |
| 69. | Офанзивите (четврта, пета, шеста, седма) | 1 | |
| 70. | Сутјеска | 2 | |
| 71. | Партизански печатници | 1 | |
| 72. | Февруарски поход | 2 | |
| 73. | Пролетна офанзива | 2 | |
| 74. | Прво заседание на АСНОМ | 2 | |
| 75. | Првата македонска бригада | 2 | |
| 76. | Третата македонска бригада | 1 | |
| 77. | Јосип Броз Тито | 2 | |
| 78. | Мирче Ацев | 1 | |
| 79. | Кузман Јосифовкси-Питу | 1 | |
| 80. | Христијан Тодоровски Карпош | 1 | |
| 81. | Цветан Димов | 1 | |
| 82. | Крсте Мисирков | 1 | |
| 83. | Ѓорѓи Пулески | 1 | |
| 84. | Димитар Чупоски | 1 | |
| 85. | Ослободување на Југославија | 2 | |
| 86. | Ослободување на Скопје | 2 | |
| 87. | Ликовна уметност во НОБ | 1 | |
| 88. | Обнова и изградбана Југославија | 2 | |
| 89. | Обнова и изградба на Македонија | 2 | |
| 90. | Развиток на Социјалистичка Југославија | 2 | |
| 91. | Сојузот на комуистите на Југославија | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 92. | Колонијализмот и борбата на поробените народи за слобода | 1 | |
| 93. | Борбата за мир и улогата на СФРЈ | 1 | |
| 94. | Меѓународно работничко движење по Втората светска војна | 1 | |
| 95. | Развиток на науката во повоените години | 1 | |

## III. СЛИКИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Човек-собирач на плодови и ловец | 1 | |
| 2. | Дивјаштво | 1 | |
| 3. | Варварство | 1 | |
| 4. | Создавање на класно општество (појава на занаети и размена) | 1 | |
| 5. | Храмовски посед во Египет | 1 | |
| 6. | Средновековие на замок | 1 | |
| 7. | Животот на феудалците (лов и свечености) | 1 | |
| 8. | Животот на кмет | 1 | |
| 9. | Развиток на градовите | 1 | |
| 10. | Замок и околината на замок | 1 | |
| 11. | Животот и работата на старите Словени | 1 | |
| 12. | Преселување на Словените | 2 | |
| 13. | Нападите на Солун од македонските словени | 1 | |
| 14. | Охрид-заштитен клуч од X век | 1 | |
| 15. | Караѓорѓе Петровиќ | 11 | |
| 16. | Станоје Главаш | 1 | |
| 17. | Хајдук Вељко | 1 | |
| 18. | Милош Обреновиќ | 1 | |
| 19. | Васа Чарапиќи др. слики од ајдуци и борци од | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | борбите против Турците на нашите народи | | |
| 20. | Доситеј Обрадовиќ | 1 | |
| 21. | Вук Караџиќ | 1 | |
| 22. | Људевиќ Гај | 1 | |
| 23. | Франц Прешерн | 1 | |
| 24. | Петар Петровиќ-Његош | 1 | |
| 25. | Иван Цанкар | 1 | |
| 26. | Петар Кочиќ | 1 | |
| 27. | Теодосие Синаитски | 1 | |
| 28. | Димитар и Константин Миладиновци | 1 | |
| 29. | Партение Зографски | 1 | |
| 30. | Кузман Шапкарев | 1 | |
| 31. | Марко Цепенков | 1 | |
| 32. | Григор Прличев | 1 | |
| 33. | Рајко Жинзифов | 1 | |
| 34. | Ѓорѓи Пулески | 1 | |
| 35. | Крсте Мисирков | 1 | |
| 36. | Димитрие Чуповски | 1 | |
| 37. | Ињо Војвода | 1 | |
| 38. | Димитар Поп Георгиев-Беровски | 1 | |
| 39. | Гоце Делчев | 1 | 2 |
| 40. | Ѓорче Петров | 1 | 2 |
| 41. | Даме Груев | 1 | 2 |
| 42. | Јане Сандански | 1 | 2 |
| 43. | Никола Карев | 1 | 2 |
| 44. | Пере Тошев | 1 | |
| 45. | Питу Гули | 1 | |
| 46. | Ѓорѓи Сугаре | 1 | |
| 47. | Јордан Пиперката | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 48. | Васил Главинов | 1 | 2 |
| 49. | Димо Хаџи Димов | 1 | |
| 50. | Димитар Влахов | 1 | |
| 51. | Даме Груев (убиен) | 1 | |
| 52. | Јане Сандански (убиен) | 1 | |
| 53. | Александар Турунџев (обесен во Битола) | 1 | |
| 54. | Соединетите чети под раководство на Даме Груев | 1 | |
| 55. | Крушевската чета под раководство на Питу Гули | 1 | |
| 56. | Четата на Ѓорче Петров | 1 | 2 |
| 57. | Четата на Ѓорѓи Сугаре | 1 | 2 |
| 58. | Четата на Јане Сандански | 1 | 2 |
| 59. | Штабот на востанието во Крушево | 1 | 2 |
| 60. | Востаничката чета на Христо Чернопеев и други слики од преродбата и револуционерното минато на македонскиот народ и другите народи на Југославија | 1 | |
| 61. | Македонија по Илинденското востание | 1 | |
| 62. | Ширење на социјалистички идеи во Македонија – Васил Главинов | 1 | |
| 63. | Балканските војни и Македонија | 1 | 2 |
| 64. | Собир во Чикаго (Први мај) | 1 | 2 |
| 65. | Работа на деца во фабрики | 2 | |
| 66. | Животот на капиталистите | 1 | |
| 67. | Животот на капиталистите (начин на живеење) | 1 | |
| 68. | Работничка населба-животот на работниците | 1 | |
| 69. | Маркс и Енгелс | 1 | |
| 70. | Ленин зборува | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 71. | Напад на рускито пролетаријат на Зимскиот дворец | 1 | |
| 72. | Битка од источниот фронт (Волгограска битка) | 1 | 2 |
| 73. | Битка од западниот фронт (втордел) | 1 | 2 |
| 74. | Судењето на воените злочинци во Нирнберг | 1 | |
| 75. | Збирка од слики "Југославија меѓу двете војни" (избор на слики од книгата "40 години борба за социјализам") | 1 | |
| 76. | Збирка на слики од НОБ (избор од книгата "Рат и Револцуија народа Југославије" 1941-1945" и "Тито -живот и рад") | 1 | |
| 77. | Збирка слики: "Југославија у обнови и изградњи" (избор на слики) | 1 | |
| 78. | Збирка слики: "Југославија у борби за мир" | 1 | |
| 79. | Штрајкови и демонстрации | 1 | |
| 80. | 27 Март | 1 | |
| 81. | Бомбардирањето на Белград | 2 | |
| 82. | Капитулација на Југославија | 2 | |
| 83. | Прва востаничка пушка во Македонија | 2 | |
| 84. | Второ заседание на АВНОЈ | 2 | |
| 85. | Козара | 2 | |
| 86. | Неретва | 2 | |
| 87. | Сутјеска | 2 | |
| 88. | Формирање на баталјонот "Мирче Ацев" | 1 | |
| 89. | Формирање на Првата македонска бригада | 2 | |
| 90. | Втората македонска ударна бригада во Февруарскиот поход | 2 | |
| 91. | Првото заседание на АСНОМ | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 92. | Партизанска колона | 1 | |
| 93. | Десантот на Дрвар | 2 | |
| 94. | Ослободување на Белград | 2 | |
| 95. | Ослободувањето на Скопје | 2 | |
| 96. | Ослободувањето на Кичево | 1 | |
| 97. | Пробојот на Сремскиот фронт | 2 | |
| 98. | Обновата и изградбата | 2 | |
| 99. | Белградска конференција | 1 | |
| 100. | Кочо Рацин | 2 | |
| 101. | Орце Николов | 1 | |
| 102. | Цветан Димов | 1 | |
| 103. | Вера Циривири-Трена | 1 | |
| 104. | Ибе Паликуќа | 1 | |
| 105. | Лазо Трповски | 1 | |
| 106. | Страшо Пинџур | 1 | |
| 107. | Мирче Ацев | 1 | |
| 108. | Кузман Јосифовски-Питу | 1 | 2 |
| 109. | Христијан Тодоровски-Карпош | 1 | |
| 110. | Стив Наумов | 1 | |
| 111. | Бошко Бухга | 1 | |
| 112. | Иво Лола Рибар | 1 | |
| 113. | Сава Ковачевиќ | 1 | |
| 114. | Владимир Назор | 1 | |
| 115. | Седумте секретари на СКОЈ | 1 | |
| 116. | Стеван Филиповиќ под бесилката | 1 | |
| 117. | Жикица Јовановиќ-Шпанац и други слики од прославени борци-херои, одреди, бригади и друго од НОБ | 1 | |

## IV. АЛБУМИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Албум на предисториското време, издавање на Земаљски музеј во Сарајево (слики, цртежи, орудија и др. од младото и старото камено време) | 1 | |
| 2. | Споменици на египетската, грчката и римската култура | 1 | |
| 3. | Нашите средновековни споменици на културата (манастири, споменици, печатници, рески и др.) | 1 | |
| 4. | Македонски револуцинерни преродбеници од минатото | 1 | |

## V. ФИЛМОВИ СО ИСТОРИСКА ТЕМАТИКА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Антички Рим | 1 | |
| 2. | Епохата на откритијата | 1 | |
| 3. | Животот на стариот Египет | 1 | |
| 4. | Занимањата на нашата слава | 1 | |
| 5. | Значењето на феудализмот | 1 | |
| 6. | Илинден 1903 година | 1 | |
| 7. | Пештерски луѓе од камената епоха | 1 | |
| 8. | Средновековен свет | 1 | |
| 9. | Стара Грција | 1 | |
| 10. | Церска битка | 1 | |
| 11. | Барам леб | 1 | |
| 12. | Луѓето од Неретва | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Мајката, синот, внукот, внуката | 1 | |
| 14. | Октомвриска револуција | 1 | |
| 15. | Права на живот | 1 | |
| 16. | Утро | 1 | |
| 17. | Проштевање | 1 | |
| 18. | Селидби | 1 | |
| 19. | Културно богатство во урнатини | 1 | |
| 20. | Козара | 1 | |
| 21. | Неретва | 1 | |
| 22. | Сутјеска | 1 | |
| 23. | Македонска крвава свадба | 1 | |
| 24. | Мис Стон | 1 | |
| 25. | Фросина | 1 | |
| 26. | Република во пламен и други | 1 | |

| Година | Наслов ~~Име~~ на учебникот и за кое одделение е | Име на издавачот и каде е печатен | Автор или автори | Превод | Одобрен за употреба | Дополнет и Кое издание е |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1952 | - Историја за VI одд. На осмолетките и II-клас на гимназија | Државно книгоизда-Делство на НРМ, 1952,Скопје | Момчило Поповиќ<br>Смилија Живковиќ<br>Љубица Чубриловиќ | Марија Најческа | Совет за просвета НРМ-1951 | |
| | - Историја за VII одд. На осмолетките и III клас на гимназија | Државно книгоизда-телство на НРМ, 1952,Скопје | Миодраг Раичиќ<br>Драгутин Прлјевиќ<br>Гојко Солариќ | Марија Најческа | -“ – | |
| | - Историја за VIII одд. На осмолетките и IV клас на гимназија | Државно книгоизда-Телство на НРМ, 1952, Скопје | Гојко Солариќ | Димитар Најчевски | - “ - | |
| 1953 | Historia për kL e. VI për tetvjecaret | Просветно дело Скопје, 1953 | Јордан Димевски<br>Спасе Чучук | Лутфи Руси (корегиран од него) | Совет за просвета Наука и култура НРМ-193 | |
| | Historia e kohes se vjetër per ki e V të tetvjecareve dhe ki e I gjimnaz | Државно книгоизда-Телство на НРМ-1953 | Леополд Петауер, Богдан Бинтер | Ремзи Пустина | -“- | |
| | - Историја за IV-одд. | “Просветно дело” 1953 | Јордан Димевски<br>Спасе Чучук | | Совет за просвета Наука и култура 1953 | |
| | - Историја за VII одд. За осмолетките и III клас за гимназиите | Државно книгоизда-Телство на НРМ 1953 | Драгутин Прлевиќ<br>Гојко Солариќ | Марија Најчевска | Совет за просвета Наука икултура 1953 | |
| | - И сторија за VIII одд. На осмолетките и IV клас на гимназиите | Државно книгоизда-Телство на НРМ 1953 | Гојко М. Солариќ | Димитар Најчески | -“- | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Историја (Тарих) за VII одд. и III клас гимназија (на турски јазик)<br><br>Тарих за VI одд. и II клас гимназија<br><br>- Тарих – за VIII одд. и IV клас гимназија<br><br>-Тарих за IV одд. | "Просветно дело" 1953<br><br>"Просветно дело" 1953<br><br>"Просвето дело" 1953<br><br>"Просветно дело" 1954 | Драгутин Карлевиќ<br>Гојко Солариќ<br><br>Момчило Поповиќ<br>Смила Живковиќ<br>Љубиша Чубриловиќ<br><br>Гојко М. Солариќ<br><br>Јордан Димчевски<br>Спасе Чучук | Ејуп Хусни Кемал<br><br>Зејнел Стацимир<br><br>(Зејнел) Зунел Страцимир<br><br>(Зејнел) Зунел Страцимир | -"-<br><br>-"-<br><br>Совет за просвета наука и култура 1953<br><br>Совет за просвета наука и култура 1953 | |
| 1954 | - Историја за VI одд. и II-клас гимназија<br><br>- Историја за VII одд.и III клас гимназија<br><br>- Историја за VIII одд. и IV клас гимназија<br><br>Historia për kl. E. VII dhe kl.e.III-gim naz<br><br>- Historia për kl.e.VIII, dhe kl.e. IV gjimnaz | "Просветно дело" 1954<br><br>"Просветно дело" 1954<br><br>"Просветно дело" 1954<br><br>"Просветно дело" 1954<br><br>"Просветно дело" 1954 | Љубиша Чубриловиќ<br>Смиља Живковиќ<br>Момчило Поповиќ<br><br>Гојко Солариш<br>Драгутин Прлевиќ<br><br>Гојко Солариќ<br><br>Драгутин Прлевиќ<br>Гојко Солариќ<br><br>Гојко Солариќ | Марија Најческа<br><br>Димитар Најчески<br><br>Мехмед Али Хоџа<br><br>Мехмед Хоџа | Совет за просвета Наука и култура 1953<br><br>Совет на просвета наука и култура 1953<br><br>Совет за просвета На НРМ<br><br>Совет за просвета На НРМ<br><br>Совет за просвета На НРМ | Иван Катарџиев III-издание<br><br>Љубен Лапе III изд.<br><br>Љубен Лапе |
| 1955 | - Историја за VI одд. на осмогодишните школи | "Просвето дело" 1955 | Љубица Чубриловиш<br>Смила Живковиќ<br>Момчило Поповиќ | | Совет за просвета Наука и култура НРМ 1954 | Иван Катарџиев |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Historia për klase ne VI dhe kl.II-ghimnaz | “Просветно дело” 1955 | Љубица Чубриловиќ<br>Смиља Живковиќ<br>Момчило Поповиќ | Лутфи Руси | Совет за просвета Наука и култура НРМ 1954 | Иван Катарџиев |
| 1956 | - Историја за VII-одд.<br>- Историја за III-клас на гимназија | “Просветно дело” Скопје 1956 | Драгутин Прлевиќ<br>Гојко Солариќ | Марија Најчевска | Совет за просвета на НРМ | |
| 1957 | Historia për e V dhe kl.e.I gjimnaz | “Просветно дело” Скопје, 1957 | Тодор Д. Шоптрајанов | Мехмед Али Хоџа | Совет за просвета на НРМ 1956 | |
| 1958 | - Историја за VIII одд. | “Просветно дело” Скопје, 1958 | Томо Чубелиќ | | Совет запросвета на НРМ- 1958 | |
| 1960 | - Тарих (Историја) за VIII-одд. (на турски јазик) | “Просветно дело” Скопје 1960 | Томо Чубелиќ | Фахри Каја | Совет за просвета - НРМ 1958 | |
| 1961 | -Историја за VII одд. | “Просветно дело” Скопје 1961 | Ристо Динев<br>Ѓорѓи Димовски<br>Ѓорѓи Танковски<br>Јован Кочанковски | | Совет за просвета НРМ 1961 | |
| 1962 | - Историја за VI одд.<br><br>- Тарих (Историја) за VI одд.<br><br>- Тарих (историја) за VII одд. | “Просветно дело” Скопје 1962<br><br>“Просветно дело: Скопје, 1962<br><br>“Просветно дело” Скопје 1962 | Миле Тодоровски<br>Митре Куксоновски<br><br>Миле Тодоровски<br>Митре Куксоновски<br><br>Ристо Динев<br>Ѓорѓи Диневски<br>Ѓорѓи Танковски<br>Јован Кочанковски | Факри Каја<br><br><br><br>Факри Каја | Совет за просвета НРМ 1961<br><br>Совет за просвета НРМ 1961<br><br>Совет за просвета НРМ 1961 | II-издание |
| 1963 | Историја за VIII одд. | “Просветно дело” Скопје 1963 | Јордан Димевски<br>Војо Кушевски | | Совет за просвета на НРМ 1962 | |
| 1969 | Историја за VIII одд.<br><br>- Historia për kl.e VII për | “Просветно дело” Скопје 1969<br>“Просветно дело: Скопје 1969 | Јордан Димчевски<br>Војо Кушевски<br>Р. Динев<br>Ѓ. Д.Цолев | Љутфи Руси | Совет за просвета 1969<br>Совет за просвета На НРМ 1969 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | tetvjecoret | | Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Танковски | | | |
| 1971 | Историја за VI одд | "Просветно дело" Скопје 1971 | Миле Тодоровски<br>М. Ќуксиновски<br>М.Тодоровски | | РСОНК-1971 (Републички секретаријат за образование, наука и култура | |
| 1972 | Историја за VII одд.<br><br>- Историја за VIII одд.<br><br>- Historia për kl.e VI rë<br><br>- Historia për kl.e.VII | "Просветно дело" Скопје, 1972<br><br>"Просветно дело" Скопје, 1972<br><br>"Просветно дело: Скопје 1972<br><br>"Просветно дело" Скопје 1972 | Р. Динев<br>Г. Д. Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Г. Ганковски<br>Јордан Димковски<br>Војо Кушевски<br><br>М. Тодоровски<br>М. Ќуксановски<br>М. Тодоровска<br><br>Р. Динев<br>Ѓ. Д. Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Танковски | Љутфи Руси<br><br>Љутфи Руси | РСОНК-1971 (Републички секретаријат за образование, наука и култура<br><br>РСОНК<br><br>РСОНК-1971<br><br>РСОНК-1969 | V издание<br><br>III изд. |
| 1973 | - Историја за VI одд.<br><br>- Историја за VI одд.(Тарих на турски јазик)<br><br>- Историја за VII одд.на (турски јазик)<br><br>- Историја за VIII одд. (Тарих на | "Просветно дело" Скопје 1973<br><br>"Просветно дело" Скопје 1973<br><br>"Просветно дело" Скопје, 1973<br><br>"Просветно дело" | М. Тодоровска<br>М. Ѓуксановски<br>М.Тодоровска<br><br>М.Тодоровска<br>М. Ќуксановски<br>М.Тодоровска<br><br>Р.Динев<br>Ѓ.Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Ганковски<br>Јордан Димевски | Хусамедин Мехмед<br><br>Низаметин Асим | РСОНК-1971<br><br>РСОНК-1971<br><br>РСОНК-1971 | IV-изд.<br><br>II-изд. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | турски јазик) | Скопје, 1973 | Војо Кужевски | Низаметин Асим | РСОНК-1969 | |
| 1974 | - Историја за VI одд.<br><br>- Историја за VII одд.<br><br>- Historia për kl.e. V | "Просветно дело" Скопје,1974<br><br>"Просвето дело" Скопје, 1974<br><br>"Просветно дело" Скопје 1974 | М. Тодоровски<br>М. Ќуксоновски<br>М.Тодоровска<br><br>Р.Динев<br>Ѓ.Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Генковски<br><br>М. Тодоровски<br>М.Тодоровска | <br><br><br><br><br><br><br><br>д-р Али Алиу | РСОНК-1971<br><br>РСОНК-1969<br><br>Педагошки совет 1974 | III-изд.<br><br>IV изд. |
| 1976 | Историја за VI одд. | "Просветно дело" Скопје, 1976 | Јордан Димевски<br>Војо Кушевски | | РСОНК-1969 | V-издание |
| 1977 | (Збирка на учебници за V одд.) (Tutam-okuma kitabi sinif-v-)<br><br>- Историја за V-од.<br><br>- Историја за VI одд.<br><br>- Historia për kl.e.VI<br><br>- Историја за VIII одд.<br><br>- Historia për kl.e VIII | "Просветно дело" Скопје, 1977<br><br>"Просветно дело" Скопје 1977<br><br>"Просветно дело" Скопје 1977<br><br>"Просветно дело" Скопје 1977<br><br>"Просветно дело" Скопје 1977<br><br>"Просветно дело" Скопје | Фахри Каја<br><br>М.Тодоровски<br>М.Тодоровска<br><br>Ј. Димевски<br><br>М.Тодоровски<br>М.Тодоровска<br><br>Јордан Димвоски<br>Војо Кушевски<br><br>Јордан Димовски<br>Војо Кушевски | Лутфи Руси<br><br>Лутфи Руси | РСОНК-1968<br><br>Педагошки совет 1974<br><br>Педагошки совет 1975<br><br>Педагошки совет 1975<br><br>РСОНК-1969<br><br>РСОНК | IV-изд. Со дополна<br><br>IV-изд.<br><br>III-изд.<br><br>II-изд.<br><br>VI-изд.<br><br>IV-изд. |
| 1978 | Historia për kl.e V | "Просветно дело" Скопје,1978 | М. Тодоровски<br>М.Тодоровска | д-р Али Алиу | Педагошки совет 1974 | V-изд. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | "Просветно дело" Скопје, 1978 | М. Тодоровски<br>М.Тодоровска | | Педагошки Совет 1974 | III-изд. |
| 1974 | Историска читанка за VII одд. | "Просветно дело" Скопје, 1974 | Р. Динев<br>Ѓ. Димовски-Чолев<br>Ј. Качанковски<br>Ѓ.Танковски | | РСОНК-1969 | |
| 1974 | (Тарих) Историја за V одд.(на турски јазик) | "Просветно дело" Скопје, 1975 | М.Тодоровски<br>М.Тодоровска | Нисал Бајрами<br>ЏелалТуна | Педагошки совет 1974 | |
| 1975 | - Историја за V одд.<br>- Историја за VI одд.<br>- Historia për kl.e.VIII<br>- Историја за VI одд. (на турски јазик) | "Просветно дело" Скопје, 1975<br>"Просветно дело" Скопје, 1975<br>"Просветно дело" Скопје 1975<br>"Просветно дело" Скопје 1975 | М.Тодоровски<br>М.Тодоровска<br>Јордан Димевски<br>Јордан Димевски<br>Војо Кушевски<br>Јордан Димчевски | Нисал Бајрами<br>Џелал Туна<br>Лутфи Руси<br>Низамедин Асим | Педагошки совет 1974<br>Педагошки совет 1975<br>РСОНК-1969<br>Педагошки совет 1975 | II-изд.<br>III-изд. |
| 1976 | - Историја за V одд<br>- Историја за VI одд.<br>- Историја за VII одд.<br>- Historia për kl.e.VII | "Просветно дело" Скопје 1976<br>"Просветно дело" Скопје 1976<br>"Просветно дело" Скопје<br>"Просветно дело" Скопје | М. Тодоровски<br>М. Тодоровска<br>Јордан Димевски<br>Р. Динев<br>Ѓ.Д. Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Танковски<br>Р. Динев<br>Ѓ. Д. Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Танковски | Љутфи Руси | Педагошки совет 1974<br>Педагошки совет 1975<br>Педагошки совет Скопје, 1976<br>Педагошки совет<br>Pedago{ki sovet | III-изд.<br>I – изд. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Тарих (историја за VII одд. на турски) | “Просветно дело” Скопје | Низаметин Асим | Низаметин Асим | | |
| 1978 | - Историја за VI одд.<br><br>- (Историја за VI одд. на турски јазик)<br><br>- Историја за VII одд.<br><br>- Historia për kl.e. VII | “Просветно дело” Скопје, 1978<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1978<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1978<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1978 | Јордан Димевски<br><br>Јордан Димевски<br><br>Р.Динев<br>Ѓ.Цолев<br>Ј. Кочанковски<br>Ѓ. Ранковски<br><br>Р. Динев<br>Ѓ. Цолев<br>Ј.Кочанковски<br>Ѓ. Ранковски | Низаметин Асим<br><br>Љутфи Руси | Педагошки совет 1975<br><br>Педагошки совет 1975<br><br>Педагошки совет 1976<br><br>Педагошки совет 1976 | IV-изд.<br><br>II-изд.<br><br>III-изд.<br><br>III-изд. |
| 1979 | - Историја за V одд.<br><br>- Историја за V одд.<br><br>- Историја за VII одд.<br><br>- Historia për kl.e. VIII | “Просветно дело” Скопје 1979<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1979<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1979<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1979 | М. Тодоровски<br>М. Тодоровска<br><br>Ј. Димчевски<br><br>Ј. Димевски<br>В. Кушевски<br><br>Ј. Димевски<br>В. Кушевски | Вахид Емии | Педагошки совет 1974<br><br>Педагошки совет 1975<br><br>Педагошки совет 1979<br><br>Педагошки совет 1979 | IV-изд.<br><br>V-изд.<br><br>V-изд. |
| 1980 | - Историја за ВИ одд.<br><br>- Тарих (Историја) за VIII одд.(на турски јазик) | “Просветно дело” Скопје, 1980<br><br>“Просветно дело” Скопје, 1980 | Ј. Димевски<br><br>Ј. Димевски<br>В. Куќевски | Лутфи Руси<br><br>Низаметин Асим | Педагошки совет 1975<br><br>Педагошки совет 1979 | III-изд. |
| 1980 | Историја за VI одд. | “Просветно дело” | Ј. Димовски | | Pedago{ki sovet | VI-izd. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Скопје, 1980 | | | 1975 | |
| 1981 | Historia për kl.VIII | “Просветно дело”<br>Скопје, 1981 | J. Димевски<br>В. Кушевски | | Педагошки совет<br>1979 | II-изд. |
| 1982 | Историја за VI одд.<br><br>Historia për kl.e.VI | “Просветно дело”<br>Скопје, 1982<br>“Просветно дело”<br>Скопје, 1982 | д-р М. Тодоровски<br>М. Тодоровска<br>J. Димевски<br>Б.Чукарски<br>В. Дунипогласки | м-р Хаки Имери | Педагошки совет<br>1974<br><br>Педагошки совет<br>1981 | IX изд. |
| 1985 | - Историја за VI,VII и VIII (Сепарат за настава на српскохрватски јазик во основни школи СРМ) | “Просветно дело”<br>Скопје, 1985 | м-р Димитар Мицковски<br>J.Димевски<br>Војо Кушевски | Бера Данова | Педагошки совет<br>1984 | |
| 1987 | - Историја за VI одд.<br><br>- Историја за VI одд.<br><br>- Историја за VII одд.<br><br>- Историја за VIII одд. | “Просветно дело”<br>Скопје, 1987<br><br>“Просветно дело”<br>1987<br><br>“Просветно дело”<br>1987<br><br>“Просветно дело”<br>1987 | J. Димевски<br>Б. Чукарски<br>В. Дунимагловски<br><br>J.Димевски<br>Б. Чукарски<br>В. Дунимагловски<br><br>Р.Динев<br>Ѓ. Димовски-Цолев<br>J. Кочанковски<br>Ѓ. Танковски<br>J.Димевски<br>В. Кушевски | Низаметин Асим | Педагошки совет<br>1985<br><br>Педагошки совет<br>1985<br><br>Педагошки совет<br>1983<br><br>Педагошки совет<br>1984 | II-изд.<br><br>III-изд.<br><br>III-изд. |
| 1988 | - Историја за V одд. | “Просветно дело”<br>Скопје, 1988 | Благоја Драшковиќ<br>Иво Макек | | Педагошки совет<br>1983 | IV-изд. |
| 1990 | - Историја за VIII одд.<br><br>- Historia për kl.e. VIII | “Просветно дело”<br>Скопје, 1988<br><br>“Просветно дело”<br>Скопје, 1990 | Иван Маневски<br><br>Иван Маневски | Славка Билјановски | Педагошки совет<br>1983<br><br>Педагошки совет<br>1989 | II-изд.<br><br>II изд. |
| | - Работни листови по | “Просветно дело” | Иван Маневски | | Педагошки совет | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | историја за VIII одд. | Скопје 1990 | | | 1990 | |

# ЛИТЕРАТУРА

- Ачоска Виолета, "Нови методолошк особености во проучувањто на најновата историја на Македонија" (Актуелни проблеми во македонската историографија и наставната програма), Скопје, 1996;

- А.А. Вагин, Н.В. Спернаскаја, "Основна питања наставе историје", Сарајево, 1968,

- L.A. Vagin, "Metodika nastave istorije", Sarajevo, 1965,

- Aspekte te mësimdhénjes, Tirané, 1997;

Berić, Krešimir, "Metodika nastave prirode i društva", Zagreb, 1975;

- Воспитанието и образованието во Македонија (1943 – 1983), "Просетно дело", Скопје, 1985;

- Врбетиќ, Марија, "Настава повијести у теорији и пракси", Загреб, 1968;

- Гитис, И.В. "Методика основе натаве историје, Београд, 1956;

- Делетиќ, Здравко, "Прилози методици наставе историје", Приштина, 1997;

- Дамјановиќ, Василије, "Улога наставе историје у воспитању ученика нижих разреда осмогодишњих школа, "Педагошка стварност_, 1985, стр. 6;

Demarin, Josip, "Nastava povijesti", Zagreb, 1961;

Demarin, Josip, "Metodika nastave istorije", Beograd, 1956;

Demarin, Josip, "Metodike u natavi povijesti, "Pedagoški rad" 1 – 2, Zagreb, 1958;

- Dhama Todi, "Metodika e dhënies së historise neshkollë", Tiranë, 1971;

- Едвард Халст Кар, "што е историјата", Скопје, 1990;

- Život i škola, 9 – 10, Osijek, 1961

- Jelovć, F. "Didaktičke osnove nastave", Zagreb, 1995

- Јурукова, Нада, "Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990;

- Јовановиќ Марија, "Просветно-ополитичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983;

- Карцов В., "Методика наставе повјести у основној школи, 1947;

- Камберски Киро, "Од буквар до Унверзитет", Скопје, 1994;

- Лепчески Дамјан, "Стручно-методски прилози за наставата по Историја", Скопје, 1979;

- Matković, H., "Metodika diskusije u natavi historije", "Historiski pregled" 1, Zagreb, 1957;

- Макек, Л., "Metodska upatstva za povjesnu nastavu, Zagreb, 1976;

- Mustafa, Avzi:, Zhvillimi i shkollës fillore Shqipe në Republikën e Maqedonisë", 1945 – 1975, Shkup, 1998;

- Мандиќ, Петар, Иновации во наставата, "Светлост", Сарајево, 1977;

- Наумовски Светозар, "Методски прирачник за наставата по историја (Методика на наставата по Историја), "Просветно дело", Скопје, 1991;

- Наумовски Светозар, "Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918 – 1941), Скопје, 1992;

- Поповиќ Златибор, "Неки проблеми наставе локалне историје", "Историски перглед", Загреб, 1962, бр. 2;

- Поповиќ Златибор, "Методика наставе историје", Београд, 1972;

- Petkonjak Nikola, "Od etatističke ka samoupraavnoj socijalističkoj osnovnoj školi", Beograd, 1977;

- Nastave istorije u osnovnoj školi", Beograd, 1964;

- Prvi Jugloslovenski simpozium o nastavi istorije, Novi Sad, 1972;

- Nastava istorije u osnovnoj školi, Beograd, 1948;

- Публицистика и документација – 1945 – 1970, Скопје, 1970 (Завод за статистика);

- Перовиќ Милутин, "Методика наставе историје, Завод за уџбенике у наставна средства, Београд, 1995;

- Pedagogjia e përgjuthshme, pjesa e dytë (Didaktika) Prishtinë, 1954;

- Pedagoški rad, 3 – 4, Zagreb, 1973;

- Просветен гласник, Службен орган на Советот за просвета и Советот за култура на НРМ )регистар 1955 – 59);

- Pedagoški rad – 9 – 10, Zagreb, 1950;

- Pedagoška stvarnost, 3, 7, Novi Sad, 1975;

- 25 години Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981;

- Pedagoški rad, 5 – 6, Zagreb, 1973;

- Modernizacija osnovnog obrazovanja, Beograd, 1970;

- Osnovno obrazovanja odrasli, Beograd, 1961;

- Историја на новиот век (1870 – 1918), Скопје, 1953;

- Актуелни проблеми во Македонската историографија и наставата по историја, Скопје, 1996;

- Revija školstva i prosvjetna dokumentacija, br. 2, 1, Beograd, 1975;

- Historа pér Kl. E III-téshkollés fillore, Prishtiné, 1952;

- Čas u osmogodišnoj školi (priračnik za nastavnike_, Zavod za izdavanje uđbenika, Sarajevo, 1972;

- Актуелности бр. 10, 1964 (Завод за школство при Собранието на Охридска околија);

- Актуелности бр. 1. 1963 (Завод за школство при Собранието на Охридска околија);

- Svetozar G.Čamović, "Specifični problemi nastave u školama Kosova i Metohije", Priština, 1957;

- Теодосиќ, Радован, "Настава историје у основној школи, "Савремена школа", 1948 (бр. 2 – 3, 81);

- Стражев, "Методика настае историје", Сарајево, 1965;

- "Савремена школа", београд, 1964, 219;

- Ćirić, H. "Metodika i tehnika pisanja i referata i domaćiH radova iz istorije", Sarajevo, 1965;

- Стефановиќ, Марко, "Иновације у наставној пракси", "Просветни преглед", Београд, 1982;

- Тодоровски Глигор, Осврт за верскиот и општествениот живот на муслиманите меѓу двете светски војни и по ослободувањето. Гласник на ИНИ, Скопје, 1996.

- Херцег Јелена, "Како сам обрадила историју завичаја", "Просветни преглед", Београд, 1957, бр. 32;

- Џамбазов К., "Нагледноста и нагледните средства во историската настава", "Просветно дело", бр. 2, 1951;

- Franković (ur) i dr., "Enciklopediski čiječnik, Matica Hrvatska, Zagreb, 1963;

- Poljak, V. "Didaktika za pedagoške akademije", Zagreb, 1970;

- Filipović, S.N., "Didaktika", "Svjetlost", Sarajevo, 1988;

- Potkonjak, N. i dr., "Pedagoška enciklopedije", 1, 2, Beograd, 1989;

- Prodanović, T. i Ničković. P., "Didaktika, Svetlost, Sarajevo, 1974;

- Bakovljev, M. "Didaktika", "Naučna kniga", Beograd, 1984;

- Širec, J. "Koj je kurikulum?, Sobovna pedagogika, br. 7 – 8, Ljubljana, 1983;

- Colin J.Marchi, "Kurikulum, temeljni poimovi, Edica, Zagreb, 1994;

- Развиток и реформата на воспитанието и образованието во СР Македонија, Скопје, 1979;

- Целта на воспитанието и образованието во досегашните програмски

документи (пишуван материјал од ПЗМ);

- Педагошки речник, 2, Београд, 1967;
- Fjalori i Pedagogjisé – Tirané, 1983;
- Општ закон о школству, Београд, 1958;
- За надзорот, Скопје, 1994;
- Попоски К. "Успешен наствник", Скопје, 1998;
- Закон за просветна педагошка служба ("Службен весник на НРМ" бр. 16/60, Скопје;
- Закон за организирање на дејноста за унапредување на образованието и воспитанието ("Службен весник на СРМ" бр. 17/74);
- Закон за основно образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95);
- 40 години Педагошки завод на Македонија 1956 – 1995. Скопје, 1996;
- Јерцег Ј., "Како сам обрадила историју завичаја", Просветни преглед", Београд, 1957;
- Malić, J., "Koncepcija suvremenog udžbenika u funkcii samoupravljanja (dokt.disertacija), Zagreb, 1982;
- Вученов., Н., "Тенденција у правцу промена учебника кон сувременог средства педагошке комуникације у учебник као предмет научних истраживања, Београд, 1982;
- Escort, R., "Revolucije Knige, Prosvjeta, Zagreb, 1972;
- Savremeni udžbenik i problemi rada na njemu, stolna konferencija Jugoslovenskih izdavača udžbenika, 1970
- 25 години Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1981;
- Георгиев, В., "Македонската револуционерна организација во учебниците за основно и средно образнование (Актуелни проблеми во македонската историографија и наставната програма), Скопје, 1996;
- Савев, Н., "Наставата по Историја, Надзорот и нивното издигнување", (Актуелни проблеми во македонската историографија и наставната програма), Скопје, 1996;

- Историја, Програмски документи за воспитно-образованата дејност во средното образование, Скопје, 1988 год.;
- Развитокот и реформата на воспитанието и образованеито во СР Македонија, (Книга II), Скопје, 1979 год.;
- Наставен план и програм за основните училишта, Историја и Географија, Скопје, 1971 год., (издаден од Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија);
- Историја, наставна програма и упатство за реализација од V до VIII одделение, Скопје, 1995 год.;
- Попандонов, Епаминонда, "За идејноста на наставата во нашите училишта, Скопје, "Просветно дело", бр. 5 – 6, Скопје, 1952;
- Шоптрајанов, Тодор, "Значењето на г.распоред на материјалот по историја, "Просветно дело" бр. 5 – 6, Скопје 1953;
- Тошев Крум, (за наставната програма во средните учиишта", "Просветно дело" бр. 1 – 2, Скопје, 1954;
- Шешиќ, Богдан, "Проблеми на идеологијата денеска", "Просветно дело", бр. 1 – 2, Скопје, 1954;
- Кушевски, В., "Осврт врз идејно-воспитната страна на одделни наставни содржини од историјата на Ослободителната војна и револуцијата (на примерот на Востаничката 1941 година 1);
- Лепчески, Д., "Богатење со знаење и развивање на критичко мислење – два моменти во единство во наставата по историја, Историја бр. 2, Скопје, 1974;
- Историја, Програмски документи за воспитно-образовната дејност во средното образование, Скопје, 1988 г.,
- Dr.Hamza. N., "Ekskuzzionet në mësimin e historisë, Përparimi nr. 5, Prishtinë, 1966;
- Plani dhe programa mësimore për lëndët e mësimit të shkollave tetëvjecare Shqipe, "Mustafa Bakia", Prishtinë, 1954;

- Plani mësimi e Programë për shkollat fillore, Ministria e arsimit e P.P.M, shtëpija botuese e shtetit të R.P.M., Shkup, 1948;

- Наставен план и програма за основните училишта, Министерство за просвета на Н.Р. Македонија, Држзвно книгоиздателство на НР Македонија, Скопје, 1950;

- Наставен план и програм за основните четиигодишни училишта и нижите одделенија на основните осумгодишни училишта, Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија, Скопје, 1952;

-Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Совет за школство на НР Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1957;

- Наставни планови и програми за основните члилишта во НР Македонија, I – V одделение, Завод за унапредување на школството на НРМ, "Просветно дело", Скопје, 1959;

- Наставни планови и програми за основните члилишта во НР Македонија, Завод за унапредување на школството на НРМ, "Просветно дело", Скопје, 1960;

- Наставен план и програма за основните члилишта во Социјалистичка Република Македонија, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Издавачко претпријатие "Просветно дело", Скопје, 1966;

- Основно училиште, општа програмска струтура со наставен план и програми, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1973;

- План и програма за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето на СР Македонија, Историја за V, VI, VII и VIII одделение, "Просветно дело, Скопје, 1989;

- План и програма за воспитно-образовната дејност во основното воспитание и образование, Измени во програмите од I до VIII одделение, Републички завод за унапредување на образованието и

воспитувањето на СР Македонија, "Просветно дело, Скопје, 1990;
- Наставна програма по Историја – Географија, Педагошка академија во Скопје, "Климент Охридски", Скопје, 1968 г.;
- Филозофски факултет, 1946 – 1976, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1976;
- Педагошка Академија 1947 – 1995; 1995 – 1998, Скопје, 1998;
- Норматив за опрема на основните училишта со мебел, наставни средства и учебни помагала, Скопје, 1975;
- Димовски, Наум: Некои аспекти за проблемите на учебниците по Историја, бр. 1 – 4, Скопје, 1995, 96;

## ДОКУМЕНТИ:

1. Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија, 1941 – 1945, Том I, книга седма, Скопје, 1983;
2. АСНОМ – Документи (Архив на Македонија) Том I, книга 1, Скопје, 1984;
3. АСНОМ – Документи (Архив на Македонија) Том I, книга 2, Скопје, 1984;
4. Документи, Том I, книга 4, 1944 – 1994, Скопје, 1994

## СПИСАНИЈА:

1. Povijest – Zagreb;
2. Jugoslovenski istorijski casopis (JIC) - Beograd;
3. Nastava povijesti – Zagreb;
4. Историја – Скопје;

5. Просветно дело – Скопје;
6. Nasa skola – Sarajevo;
7. Jehona – Shkup;
8. Përparimi – Prishtinë;
9. Pedagoska stvarnost – Novi Sad.

**С О Д Р Ж И Н А**

**Вовед** 2

**1. Просветните прилики во вардарскиот дел од Македонија 1918-1944** 5

1.1. Просветната политика на Кралството СХС - Кралство Југославија во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 5

1.2. Образованието и просветата во текот на Втората светска војна 12

**2. Просветната политика во асномските документи, и во другите законски прописи до првата реформа** 16

2.1 Организацијата на просветните органи на власта 25

**3. Место и улога на наставата по историја во основното образование** 28

3.1. Историјата како наука и како наставен предмет 28

3.2. Историјата како наставен предмет во основното образование 31

**4. Наставни планови и програми** 36

4.1.Општо дефинирање на наставниот план и наставната програма 36

4.2 Времен план за настава 41

4.3. Наставен план и програма по предметот историја за основните учиишта, 1948, год. 44

4.4. Наставен план и програм по историја во одделенска настава за III-IV одд. од 1950 год 49

4.4.1. Принципи врз кои е изработена наставната програма од III-IV одд. од 1950 год 54

4.5. Наставен план и програма за основните четиригодишни училишта и нижите одделенија на основните осмогодишни Училишта 1952 год 56

4.5.1. Наставните програми по историја за вишите одделенија на основните осмогодишни училишта и за гимназиите 1952 год 60
4.6. Наставен план и програма од 1957 год 65
4.6.1. Наставни содржини во програмата од 1957 67
4.7. Наставни планови и програми во одделенската и предметната настава во основното образование 73
4.7.1. Наставата по Историја преку предметите на ЗПО и ЗО во одделенската настава 1959 год 74
4.7.2. Застапеноста на Историја преку предметот ЗО во IV-V одделение во наставните планови и програми од 1959 год 78
4.8. Наставата по Историја во VI, VII,VIII одд. од 1960 год 81
4.9. Наставните планови и програми по историја од 1966 г 87
4.10. Наставата по историја, според наставниот план и програма од 1973 год 91
4.11. Наставната програма по историја од 1981 год 98
4.12. Наставен план и програм за предметот историја од V, VI,VII и VIII одд. од 1989 год 104
4.13. Измени на програмата по историја за V,VI,VII и VIII одделение од 1990 год 110
5. Карактеристики на наставната програма по историја од 1945-1990 год. во основното образование. 119
5.1. Структурата на наставните програми по историја 119
5.1.1. Наставните содр5жини како структурна компонента на програмите по историја 121
5.1.2. Стручно и дидактичко методско упатство како структурна компонента на програмите по историја 122
5.1.3. Целта на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја 124

**10. Дидактичко-методски аспект на наставата по историја** **190**

**10.1. Форми и методи на работа** **190**

**10.3. Наставни методи во наставата по историја** **194**

**10.4 Корелација на наставата по историја со другите наставни предмети** **209**

10.4.1. Методски постапки за остварување на корелацијата 212

10.5. Екскурзии во наставата по историја 213

10.6. Значењето на локалната (роднокрајна) историја 215

**11. Материјално-технички аспект на на тавата по историја** **219**

11.1 Просторот 219

11.2. Нагледноста на наставата по историја 223

11.2.1.Видови нагледност, наставно-технички помагала и друга современо опремена за наставата по историја 225

11.2.2. Нагледни средства кои се употребуваат во наставата по историја и нивната поделба 226

**11.3. Вонннаставни активности по историја** **229**

Заклучок 232

Прилози 247

Литература 260

5.1.4. Задачите на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја 125
5.1.5. Содржините на наставата по историја како структурна компонента на наставната програма по историја 126
5.1.6. Објасненија на програмата 127
**5.2. Принципи во изработката на наставните програми 128**
**5.3. Планирање (распоред) на наставни содржини 134**
**6. Југословенски јадра во наставните програми по историја во основното образование 141**
**6.1. Општиот и југословенскиот карактер на наставните програми по историја 145**
**6.2. Застапеноста на историјата на националностите во основното образование 146**
6.2.1. Дополнување на наставната програма по историја за основните училишта со турски наставен јазик 149
6.2.2. Дополнување на наставната програма по историја за основните училишта со албански наставен јазик 151
**7. Учебниците по историја во основното образование 157**
7.1.Видови учебници 160
**8. Наставен кадар 172**
**8.1. Извори на наставен кадар 172**
8.1.1. Учителските школи како извор на наставен кадар 172
8.1.2. Виши педагошки школи - Педагошки академии 175
**8.2. Стручно усовршување на наставниот кадар по историја во основното образование во Република Македонија 177**
**8.3. Изградување на системот и организацијата на стручното и педагошкото усовршување на наставниците 179**
8.3.1. Пермaнантно усовршување на наставниот кадар 182
**9. Надзор - контрола во наставата по историја 184**
9.1. Видови на надзор 188